РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Број 1048
Скопје, 15 февруари 2013 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1048 од 15 февруари 2013 година


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје (**Христина Митевска, Срѓан Тасиќ, Мартина Данова, Гордана Петрова, Боро Илковски, Калина Велевска, Јета Жута, Катерина Рамбабова, Љубица Топќ, Маријана Јовановска, Јелена Ристиќ, Татјана Цветковска, Маја Пиньо-Талевска, Марија Дојчиновска, Моника Костиќ, Мартин Моневски, Сенка Манева, Сања Костиќ, Ивица Донев, Марија Чулакоска, Елита Исахи, Татјана Димов**)............................1-4

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Филозофскиот факултет во Скопје (**Антонија Делева Рампова, Милена Симјановска, Јордан Поповски, Адријана Рашиќ, Миле Трајков, Анита Јовановска, Лозана Петрушевска, Татјана Стојановска, Викторија Нешковска, Магдалена Мојсовска, Љупчо Јованов, Каменко Аврамоски, Славица Тасевска Симоновиќ**)..........................................................................5
2. Реферат за избор на наставник во сите звања за научните области (дисциплини): методологија на социолошките истражувања 1, методологија на социолошките истражувања 2, методологија на општествените истражувања, методологија на НИР, истрражувачки практикум, општествени нееднаквости, статистика и социологија на Филозофскиот факултет во Скопје (**д-р Весна Димитриевска**)...........................................6-16

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на виш лектор по предметот англиски јазик на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**м-р Билјана Грујоска-Трајковска**).......................................17-25
2. Реферат за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите: албански реализам 2, албанска книжевност меѓу двете светски војни и академско пишување 1 и 2 на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Мирлинда Крифца Беќири**)..............................................................................................................................26-37

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Орална хигиена** од **авторите Мирјана Поповска и Вера Радојкова-Николовска,** пријавен на Стоматолошкиот факултет во Скопје...................38-51

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Историскиот преглед на исламските верски објекти во Република Македонија опфатени со Законот за заштита на културното наследство,** изработена **м-р Шипази Мемеди**, пријавена на Институтот за национална историја во Скопје.........................................................................................52-54

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во научната област заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје (**д-р Димитри Козинаков**)..................55-69

**ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област овоштарство (генетика и селекција) на Земјоделскиот институт во Скопје (**д-р Мелпомена Поповска**)..........................................................................................................70-88

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на еден доцент по наставната област англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје (**д-р Калина Малеска-Гегај**)....................89-99
2. Рецензија на докторската дисертација **Супституцијата и елипсата како кохезивни средства во современиот македонски јазик**, од **м-р Благојка Здравковска-Адамова**, пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје....................100-104

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Модели на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал**, изработена од **м-р Тања Милошевска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................105-111

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Состав и динамика на технолошки значајните микроорганизми при изработката на бисното сирење произведено на традиционален начин**, изработена од **м-р Весна Левков**, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје....................112-120

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Современи концепти на финансирање на системот за осигурување на депозити и адекватност на премијата за осигурување на депозити**, од **м-р Весна Мицајкова**, пријавена на Економскиот институт во Скопје....................121-125

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Глобализациските процеси, мирот и безбедноста**, изработена од **м-р Горан Зенделовски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................126-130

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Мирјана Пауновска Стојановска, д-р Стефановски Сашо, д-р Јулија Заркова**)....................131

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Реферат за избор на наставник на научното поле општествени науки во научната област економика на јавни служби на Економскиот институт во Скопје (**д-р Елена Давитковска**)....................132-144

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Ана Този Кумбараџи, Маја Добревска-Ристовска, Теодора Трпковска, Бојана Младеновска, Милка Кокорманова, Јана Ѓорѓинска, Шенај Селими**)....................145

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Медицинскиот факултет во Скопје (**м-р Роберт Величковски, м-р Наталија Дечовски, м-р д-р Валентина Симоновска, м-р Роберта Митревска, м-р д-р Угор Спироски, м-р д-р Рина Хоџа, м-р д-р теута Агаи-Демјаха, м-р д-р Данче Гудева-Николовска, м-р д-р Антигона Дервишај-Укехаџај, м-р д-р Марија Кишман-Христовска, м-р Лолита Митевска**)....................146-147

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор редовен професор по предметите: семејна педагогија, за студиските групи: одделенска настава и предучилишно воспитание на албански наставен јазик; предучилишна педагогија за групата на предучилишно воспитание на албански наставен јазик, училишна педагогија за студентите на групата одделенска настава на албански наставен јазик, на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Ѓулумсере Касапи)**........................................148-159

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(Елизабета Сековска, Верица Спасова)**....................160

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Пенологија-наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија**, од авторите **проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски**, пријавен на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........................................161-172

**МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ**

1. Реферат за избор на научен соработник во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали на Македонската академија на науките и уметностите во Скопје **(д-р Игор Томовски)**........................................173-187

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор на доцент по предмети од областа на чешкиот јазик и чешката книжевност Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Јасмина Делова-Силјанова)**........................................188-210

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Реферат за избор во научно звање за работното место истражувач на фолклорот и етнологијата на ромскиот народ во Р. Македонија, во Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(д-р Трајко Петровски)**........................................211-219

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Снежана Прескакулова, Слободан Левковски, Маја Лазевска, Ивана КаракушеваИгор Јовановски, Горан Лазаревски, Соња Николовска, Мирјана Сеизова, Анита Пешова, Ивана Ивановска, Николче Трајчески, Станко Коруновски )**.................220

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Оптимирање на процесот на согорување на јагленов прав во ложиште на енергетски котел**, изработена од **м-р Лидија Јолеска Буреска**, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........................................221-225

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа**, изработена од **м-р Кирил Митиќ**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................226-234
2. Рецензија на докторската дисертација **Стилови на разрешување на брачни конфликти**, изработена од **м-р Хатиџе Ислами**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........................................235-239

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден наставник во сите звања на Институтот за етнологија и антропологија, по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Природно-математичкиот факултет во Скопје **(д-р Љупчо Ристески, д-р Викторија Момева Алтипармакова)**........................................................................240-273

# ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје
Наставно-научен совет – 31.01.2013 година

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Христина Митевска | Училиштето и малолетничката деликвенција | Д-р Гордана Бужаровска |
| Срѓан Тасиќ | Улогата на полицијата во предистражната постапка | Д-р Гордан Калајџиев |
| Мартина Данова | Лишување од слобода во новите казнено процесни законодавства на Хрватска и Македонија | Д-р Гордан Калајџиев |
| Гордана Петрова | Разработка на пресуда за делото убиство по порачка | Д-р Никола Тупанчески |
| Боро Илковски | Обвинителен акт и оценка на обвинителниот акт | Д-р Гордана Бужаровска |
| Калина Велевска | Правото на правично судење низ судската практика на Основниот суд Скопје 1 | Д-р Гордана Бужаровска |
| Јета Жута | Резервите на меѓународните конвенции | Д-р Љубомир Фрчкоски |
| Катерина Рамбабова | Поништување на арбитражна одлука според UNCITRAL-Модел законот за меѓународна трговска арбитража | Д-р Тони Дескоски |
| Љубица Тоиќ | Меѓународно-правни аспекти на трговија со луѓе | Д-р Татјана Петрушевска |
| Маријана Јовановска | Модерно и ефикасно управување на јавната администрација како клучен услов за европска интеграција на | Д-р Борче Давитковски |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Македонија | |
| Јелена Ристиќ | Принципот на заштита на човековите слободи и права во јуриспруденцијата на Европскиот суд на правдата | Д-р Татјана Петрушевска |
| Татјана Цветковска | Односите со јавност во дипломатијата со посебен осврт на брендирање на држави | Д-р Денко Малески |

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| Маја Пињо - Талевска | Улогата на претпристапната помош во подготовката за пристапување во Европската унија на земјите кандидати: студија на случај – Република Македонија (The role of pre-accession assistance in the preparation for EU accession of candidate countries: Case study – Republic of Macedonia) | **доц.д-р Васко Наумовски** |
| Марина Дојчиновска | Земјите од Југоисточна Европа по падот на Берлинскиот ѕид – случајот на Република Македонија | **проф.д-р Билјана Поповска** |

# П Р Е Г Л Е Д

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје

| **Кандидат** | **Тема** | **Ментор** |
|---|---|---|
| **Моника Костиќ** | **Корпоративна општествена одговорност на акционерските друштва според Законот за трговски друштва** | **доц.д-р. Александар Климовски** |
| **Мартин Моневски** | **Правна регулатива на обновливи извори на енергија и feed-in (повластени) тарифи како средства за стимулирање на инвестиции** | **проф.д-р. Димитар Гелев** |
| **Сенка Манева** | **Појавата на пиратеријата, влијанието и предлог мерки за нејзино спречување** | **проф.д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |
| **Сања Костиќ** | **Објективна кумулација на тужбени барања во парничната постапка** | **проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска** |
| **Ивица Донев** | **Погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба како причина за жалба во парничната постапка** | **проф. д-р Татјана Зороска – Камиловска** |
| **Марија Чулакоска** | **Општо за родителското право** | **проф. д-р Дејан Мицковиќ** |
| **Едита Исахи** | **Вршење на родителското право по развод на брак во македонското право** | **доц.д-р Ангел Ристов** |
| **Татјана Димов** | **Договор за осигурување во корист на трето лице** | **Јадранка Дабовиќ Анастасовска** |

**ПРЕГЛЕД НА ПРИЈАВЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

**на XXXIV СЕДНИЦА одржанана 23.01.2013 година**

| Ред. бр. | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ | ТЕМА | МЕНТОР |
|---|---|---|---|
| 1. | Антонија Делева Рампова | Квалитетот на живеење на корисниците во Специјалниот завод Демир Капија после процесот деинституционализација | проф. д-р Ристо Петров |
| 2. | Милена Симјановска | Социјална интеграција на лицата со инвалидност | проф. д-р Ристо Петров |
| 3. | Јордан Поповски | Менаџирање на кризи предизвикани од терористички напади врз критичната инфраструктура | проф. д-р Марина Митревска |
| 4. | Адријана Рашиќ | Разузнавачките информации и нивното значење во спроведување на превентивни антитерористички мерки | проф. д-р Оливер Бакрески |
| 5. | Миле Трајков | Соработката на воените и полициските сили на соседните држави во борбата против тероризмот и нивното вооружување | проф. д-р Ванчо Кенков |
| 6. | Анита Јовановска | Методолошки специфики на истражувањата во училница | проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска |
| 7. | Лозана Петрушевска | Стратешкиот развој на организациите и потребата од обука | проф. д-р Анета Баракоска |
| 8. | Татјана Стојановска | Бизнис инкубаторите и нивната улога во обуката и развојот на човечките ресурси | проф. д-р Јован Пејковски |
| 9. | Викторија Нешковска | Улогата на волонтерството во кариерниот развој на човечките ресурси во Република Македонија | проф. д-р Зоран Велковски |
| 10. | Магдалена Мојсовска | Воспитните аспекти на програмата за животни вештини во основното училиште | проф. д-р Сузана Миовска Спасева |
| 11. | Љупчо Јованов | Геополитичките аспекти на односите на Русија и САД кон Народна Република Кина | проф. д-р Тони Милески |
| 12. | Каменко Аврамоски | Искуства и предизвици во справувањето со еколошките закани во воена средина | проф. д-р Тони Милески |
| 13. | Славица Тасевска Симоновиќ | Интеграција на Ромите во Европската унија и Република Македонија | проф. д-р Милева Ѓуровска |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): МЕТОДОЛОГИЈА НА СОЦИОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА 1, МЕТОДОЛОГИЈА НА СОЦИОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА 2, МЕТОДОЛОГИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ИСТРАЖУВАЊА, МЕТОДОЛОГИЈА НА НИР, ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАКТИКУМ, ОПШТЕСТВЕНИ НЕЕДНАКВОСТИ, СТАТИСТИКА И СОЦИОЛОГИЈА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во рамките на распишаниот конкурс, објавен во весникот „Дневник" на 22.12.2012 годин, за избор на еден наставник (во сите звања) за следниве научни области: методологија на социолошки истражувања 1, методологија на социолошки истражувања 2, методологија на општествени истражувања, методологија на НИР, истражувачки практикум, општествени нееднаквости, статистика и социологија, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXXIV редовна седница одржана на 23.1.2013 година, определи Комисија во состав: проф. д-р Панде Лазаревски, проф. д-р Милева Ѓуровска и проф. д-р Марија Доневска. Комисијата утврди дека на распишаниот конкурс се јави само еден кандидат – проф. д-р Весна Димитриевска, досегашен професор на Институтот за социологија на Филозофскиот факултет во Скопје.

По направената анализа на достапниот материјал, Рецензентската комисија има задоволство да го поднесе следниов

## ИЗ В ЕШТАЈ

Проф. д-р Весна Димитриевска е родена на 20.3.1960 година во Тетово. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во 1984 година дипломирала на Филозофскиот факултетво Скопје на ННСГ за социологија. Постдипломските студии ги завршила во 1993 година на Правниот факултет во Скопје, насока: криминологија, на тема „Невработеноста и криминалитетот". Докторирала на Филозофскиот факултет во Скопје, во 2002 година, на тема „Причините и општествените последици на сиромаштијата во Република Македонија".

Во поглед на работната кариера, покарактеристични се следниве податоци: по завршувањето на додипломските студии по социологија во 1984 година се вработи во Институтот за социолошки и политички

истражувања во Скопје како помлад асистент. Во 1987 година се вработила како помлад асистент на Филозофскиот факултет на ННСГ по социологија. Следната година, по магистрирањето на горeспоменатата тема е избрана за асистент по предметите методологија на социолошките истражувања и статистика во социологијата. Во 2000 година е реизбрана во звањето асистент по предметите методологија на социолошки истражувања 1 и 2, методологија на социјалните истражувањаи, основи на статистика и статистика во социологијата. Во 2003 година е избрана за доцент по предметите методологија на социолошките истражувања 1, методологија на научноистражувачката работа и социологија. Во 2008 година проф. д-р Весна Димитриевска е избрана за вонреден професор по предметите: методологија на социолошките истражувања 1 и 2, методологија на социјалните истражувања, квалитативни и квантитативни истржувања, методологија на НИР, истражувачки практикум, општествени нееднаквости и сиромаштија, општа социологија.

Наставната работа со студентите проф. д-р Димитриевска ја реализира со ентузијазам и нови идеи, што значително влијаеше врз осовременувањето на планирањето, организацијата и реализацијата на наставата по предметите за кои е бирана. Сите активности поврзани со наставната дејност проф. д-р Димитриевска ги завршува со задоволство, точно и компетентно. Особени заложби направи во изготвувањето нови предмети во студиската програма по социологија. Тука би го изделиле предметот социолошки истражувачки практикум.

Извршувајќи ги своите обврски во рамките на научните области во кои е бирана, истовремено учествува и на стручно-научни домашни и меѓународни симпозиуми, конференции, тематски расправи, семинари, проекти, комисии и ТВ-емисии. Досегашниот работен ангажман ѝ овозможиле на проф. д-р Весна Димитриевска да стекне драгоцено искуство кое успешно го користи во својот професионален развој. Изборот за редовен професор се одвива по редовна постапка.

## Научно-образовна дејност

Од вработувањето до денес, проф. д-р Весна Димитриевска успешно ја реализирала наставата од прв циклус со студентите на матичниот Институт, на Институтот за социјална работа и социјална политика, како и на Институтот за одбранбени и мировни студии. Исто така успешно ја изведува наставата од трет циклус. Евидентен е големиот ангажман во реализацијата на повеќе предмети од прв и втор циклус на студии, што укажува на потребата од поинтензивни консултации и комуникации секој семестар со голем број на студенти. Во функција на наставниот ангажман што го има, проф. д-р Весна Димитриевска постојано подготвува пакет материјали за предметите кои ги предава со што се овозможува студентите успешно да ги совладаат наставните

содржини. Ваквиот пристап, кој го применува проф. д-р Димитриевска, е компатибилен со барањата на современата академска настава и ЕКТС.
Проф. д-р Весна Димитриевска во изминатиот период била ментор и член на многу дипломски трудови, магистерски и докторски трудови.
Во коавторство има напишано универзитетски учебник „Сиромаштија состојби во Република Македонија".

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно- научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и методи" во Скопје, Табела 1, може да се констатира дека проф. д-р Весна Димитриевска од областа наставно-образовна дејност освоила 137,4 поени. Со оглед на постигнатото, евидентно е дека во изминатиот период проф.д-р Весна Димитриевска со нејзините стручни компетенции била интензивно посветена кон наставата и студентите и дала значаен придонес во реализацијата и осовременувањето на наставно-образовната дејност на институтите каде што била ангажирана.

## Научноистражувачка дејност

Во делот на научноистражувачката дејност, во изминатиот период проф. д-р Весна Димитриевска покажа извонредни постигнувања во научната област каде што е избрана. Најголем ангажман е насочен кон неколку глобални подрачја кои се одраз на нејзиниот растеж како научник од областа на социолошките науки. Од поголемиот број на објавени трудови ќе ги изделиме оние што го презентираат фокусот на нејзиниот научноистражувачки интерес и имаат оригинални научни резултати.

Димитриевска,В. (2008): *Влијанието на образованието врз ставовите на сиромашните семејства и факторот образование,* Годишен зборник, Филозофски факултет – Скопје.
Димитриевска,В. (2010): *Сиромаштијата и маргинализацијата на Ромските семејства,*Годишен зборник, Филозофски факултет Скопје
Димитриевска,В. (2011): *Животниот стандард на младите брачни паровикорисници на социјална парична помош во Р.Македонија,* Филозофски факултет – Скопје.
Димитриевска,В.*Социологија нееднаквости и сиромаштва,* Социолошки преглед, год.VLVI (2012), бр. 3-4 (Посебно издање), ст. 1184-1191, УДК 316.1 (497.11), ISSN0085-6320, COBISS.SR-ID 932111.

Во текот на академскиот развој, кандидатката учествувала во многу проекти, тука би го изделиле националниот проект „Подобрување на следењето и превенцијата за ХИВ/СИДА/СПБ", финансиран од Глобал фонд и Проценка на политики/програми и буџети од родова перспектива, финансиран од UN Women канцаларијата во Скопје.

Во периодот меѓу 2008-2012 година, апликантката учествувала на домашни и меѓународни собири на кои имала пленарни предавања.
На покана на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб, проф. д-р Димитриевска одржа предавање на студентите по социологија и секцијата за квалитативни истражувања при Институтот за социологија.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно- научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, може да се констатира дека проф. д-р Весна Димитриевска од областа научноистражувачка дејност освоила 58,0 поени.

## Стручно-апликативна дејност

Во периодот 2008-2012 година, проф. д-р Весна Димитриевска го фокусира своето внимание и во стручно-апликативната дејност при што била рецензент на средношколски учебник по социологија, претседател на комисии за државни натпревари по социологија, учесник во промотивни активности на Факултетот и матичниот Институт. Проф. д-р Димитриевска е претседател на Социолошката асоцијација на Р.Македонија. Активен член е во комисијата за научноистражувачка работа при Филозофскиот факултет. Член е во Советот за статистика на Р.Македонија.
Проф. д-р Весна Димитриевска, како научник, ја красат чесност, истрајност, инвентивност, систематичност и одговорност.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапките за избор во наставно- научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, може да се констатира дека проф. д-р Весна Димитриевска од областа стручно-апликативна дејност освоила 9,0 поени.

## Заклучок и предлог

Врз основа на гореизнесените оцени за наставно-образовниот, научноистражувачкиот и стручно-апликативниот ангажман на проф.д-р Весна Димитриевска, може да се заклучи дека станува збор за изграден универзитетски наставник и веќе афирмиран научен истражувач со потврдени квалитети и компетенции во областите во чии рамки долги години е ангажирана во сите досегашни наставно-научни звања. Приложените трудови и документи претставуваат повеќе од доволни аргументи за дијапазонот на нејзиниот научноистражувачки интерес, професионален развој, ентузијастичка посветеност во наставата и стручно-апликативната дејност.

Во заклучокот на нашата евалуација сакаме уште еднаш да го нагласиме научноистражувачкиот придонес на проф.д-р Весна Димитриевска, посебно во социолошките истражувања и преголемата ангажираност во реализацијата на наставата, посебно по предметите метогологија на социолошките истражувања и социолошкиот истражувачки практикум.

Според тоа, Рецензентската комисија со задоволство констатира дека кандидатката проф. д-р Весна Димитриевска во целост ги исполнува условите од конкурсот и ги задоволува критериумите предвидени со Правилникот за стручни и соработнички звања на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје.

Ни претставува особена чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје **да ја избере д-р Весна Димитриевска во звањето редовен професор** по научните области (дисциплини): методологија на социолошки истражувања 1, методологија на социолошки истражувања 2, методологија на општествени истражувања, методологија на НИР, истражувачки практикум, општествени нееднаквости, статистика и социологија.

Скопје,
28.1.2013

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Панде Лазаревски, с.р.

Проф. д-р Милева Ѓуровска, с.р.

Проф. д-р Марија Доневска, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Весна Томислав Димитриевска**

**Институција:** **Филозофски факултет - Скопје, Институт засоциологија студии**

**Научна област:** **методологија на социолошките истражувања 1, методологија на социолошките истражувања 2, методологија на општествените истражувања, методологија на НИР, истражувачки практикум, општествени нееднаквости, статистика и социологија**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од I циклус студии** | |
| 1. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2008/9 | 2,4 |
| 2. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2008/9 | 2,4 |
| 3. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/1), лет. сем.2008/9 | 1,2 |
| 4. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2008/9 | 0,6 |
| 5. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбрамбени студии 3+2), зим. сем. 2008/9 насока мир | 1,8 |
| 6. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбрамбени студии 3+2), зим. сем. 2008/9 насока одбрана | 1,8 |
| 7. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. Политика 3+1/3), зим. сем. 2008/9 | 1,8 |
| 8. | Квалитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2008/9 | 1,2 |
| 9. | Квантитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2008/9 | 1,2 |
| 10. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2009/10 | 2,4 |
| 11. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2009/10 | 2,4 |
| 12. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/1), лет. сем.2009/10 | 1,2 |
| 13. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2009/10 | 0,6 |
| 14. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2009 /10 насока мир | 1,8 |
| 15. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2009/10 насока одбрана | 1,8 |
| 16. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 3+1/3), зим. сем. 2009/10 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | Квалитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2009/10 | 1,2 |
| 18. | Квантитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2009/10 | 1,2 |
| 19. | Методологија на социолошки истражувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2010/11 | 2,4 |
| 20. | Методологија на социолошки истражувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2010/12 | 2,4 |
| 21. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/1), лет. сем.2010/11 | 1,2 |
| 22. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2010/11 | 0,6 |
| 23. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2010/11 насока мир | 1,8 |
| 24. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2010 /11 насока одбрана | 1,8 |
| 25. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. Политика 3+1/3), зим. сем. 2010/11 | 1,8 |
| 26. | Квалитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. Политика 2+1/3), лет. сем. 2010/11 | 1,2 |
| 27. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2011/12 | 2,4 |
| 28. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2011/12 | 2,4 |
| 29. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/1), лет. сем.2011/12 | 1,2 |
| 30. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2011/12 | 0,6 |
| 31. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбрамбени студии 3+2), зим. сем. 2011/12 насока мир | 1,8 |
| 32. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбрамбени студии 3+2), зим. сем. 2011/12 насока одбрана | 1,8 |
| 33. | Методологија на социјалните истражувања со статистика(ФФ/ Институт за соц.работа и соц. Политика 3+1/3), лет. сем. 2011/12 | 1,8 |
| 34. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2012/13 | 2,4 |
| | | |
| | | |
| | **Одржување на настава од I I циклус студии** | |
| 35. | Методологија на социолошки истражувања(ФФ/Институт за социологија) , **30** часа 2008/9 | 1,5 |
| 36. | Методологија, статистика и информатика(ФФ/Институт за социологија , насока европски студии за интеграција) **15** часа 2008/9 | 0,75 |
| 37. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока безбедност ), **30** часа 2008/9 | 1,5 |
| 38. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока мир иразвој ), **35** часа 2008/9 | 1,75 |
| 39. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока одбрана), **30** часа 2008/9 | 1,5 |
| 40. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика , **30** часа 2008/9 | 1,5 |
| 41. | Методологија на истражување на криминалитетот (Универзитет "Св Климент Охридски"-Битола, Факултет за безбедност- Скопје) **10** часа 2008/9 | 0,5 |
| 42. | Методологија на социолошки истражувања(ФФ/Институт за социологија) , **10** часа 2009/10 | 0,5 |
| 43. | Методологија, статистика и информатика(ФФ/Институт за социологија , насока европски студии за интеграција) **10** часа 2009/10 | 0,5 |
| 44. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока безбедност ), **15** часа 2009/10 | 0,75 |

| | | |
|---|---|---|
| 45. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока безбедност ), 15 часа 2009/10 | 0,75 |
| 46. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбрамбени студии, насока одбрана), 15 часа 2009/10 | 0,75 |
| 47. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика, насока соц.работа) 15 часа 2009/10 | 0,75 |
| 48. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. Политика, насока соц. Политика), 15 часа 2009/10 | 0,75 |
| 49. | Планирање на научно истражување (ФФ/МЧР), 9 часа 2009/10 | 0,45 |
| 50. | Методологија на истражување на криминалитетот (Универзитет "Св Климент Охридски"-Битола, Факултет за безбедност- Скопје) 15 часа 2009/10 | 0,75 |
| 51. | Методологија на социолошки истражувања(ФФ/Институт за социологија) , 10 часа 2010/11 | 0,5 |
| 52. | Истражувачки дизајн(ФФ/Институт за социологија , насока европски студии за интеграција) 10 часа 2010/11 | 0,5 |
| 53. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока: безбедност ), 15 часа 2010/11 | 0,75 |
| 54. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока: безбедност ), 15 часа 2010 /11 | 0,75 |
| 55. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии, насока: одбрана), 15 часа 2010/11 | 0,75 |
| 56. | Истражувачки методи (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика, насока: соц.работа) 15 часа 2010/11 | 0,75 |
| 57. | Истражувачки методи (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика, насока: соц.политика) 15 часа 2010/11 | 0,75 |
| 58. | Планирање на научно истражување (ФФ/МЧР), 9 часа 2010/11 | 0,45 |
| 59. | Методологија на НИР(ФФ/ Институт за мировни и одбрамбени студии, насока: безбедност ), 15 часа 2011/12 | 0,75 |
| 60. | Истражувачки методи (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика, насока соц.работа) 15 часа 2011/12 | 0,75 |
| 61. | Истражувачки методи (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика, насока соц.политика) 15 часа 2011/12 | 0,75 |
| 62. | Планирање на научно истражување (ФФ/МЧР), 9 часа 2011/12 | 0,45 |
| 63. | Одржана теренска настава во учебната 2010/11 и 2011/2012 по еден месец | 0,3 |
| | | |
| | **Одржување на вежби** | |
| 64. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2008/9 | 0,9 |
| 65. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2008/9 | 0,9 |
| 66. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/), лет. сем.2008/9 | 0,45 |
| 67. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2008/9 | 1,8 |
| 68. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2008/9 насока мир | 0,9 |
| 69. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2008/9 насока одбрана | 0,9 |
| 70. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 3+1/3), зим. сем. 2008/9 | 0,9 |
| 71. | Квалитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2008/9 | 0,9 |
| 72. | Квантитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2008/9 | 0,9 |
| 73. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2009/10 | 0,9 |
| 74. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2009/10 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| 75. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/), лет. сем.2009/10 | 0,45 |
| 76. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2008/9 | 1,8 |
| 77. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2009/10 насока мир | 0,9 |
| 78. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2009/10 насока одбрана | 0,9 |
| 79. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 3+1/3), зим. сем. 2009/10 | 0,9 |
| 80. | Квалитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2009/10 | 0,9 |
| 81. | Квантитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2009/10 | 0,9 |
| 82. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2010/11 | 1,8 |
| 83. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2010/11 | 1,8 |
| 84. | Социологија на нееднаквоста и сиромаштија (ФФ/Институт за социологија 2+1/), лет. сем.2010/11 | 0,45 |
| 85. | Истражувачки практикум (ФФ/Институт за социологија 1+2/2), лет. сем.2008/9 | 1,8 |
| 86. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2010/11 насока: мир | 0,9 |
| 87. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2010/11 насока: мир | 0,9 |
| 88. | Методологија на социјалните истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 3+1/3), зим. сем. 2010/11 | 0,9 |
| 89. | Квалитативни истражувања (ФФ/ Институт за соц.работа и соц. политика 2+1/3), лет. сем. 2010/11 | 0,9 |
| 90. | Методологија на социолошки истажувања 1 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2011/12 | 1,8 |
| 91. | Методологија на социолошки истажувања 2 (ФФ/Институт за социологија 4+2/2), лет. сем.2011/12 | 1,8 |
| 92. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2011/12 насока: мир | 0,9 |
| 93. | Методологија на НИР (ФФ/ Институт за мировни и одбранбени студии 3+2), зим. сем. 2011/12 насока: мир | 0,9 |
| 94. | Методологија на социолошки истражувања 1(ФФ/Институт за социологија 4+2/2), зим. сем.2012/13 | 1,8 |
| | **Подготовка на нов предмет** | |
| 95. | Социологија на нееднаквостите и сиромаштија (предавање и вежби) | 1,5 |
| 96. | Социолошки истражувачки практикум (предавање и вежби) | 1,5 |
| | **Консултации со студенти** | |
| 97. | Консултации со студенти 2008/9 просек од сите групи, **115** студенти | 0,2 |
| 98. | Консултации со студенти 2009/10 просек од сите групи, **151** студенти | 0,3 |
| 99. | Консултации со студенти 2010/11 просек од сите групи, **181** студенти | 0,4 |
| 100. | Консултации со студенти 2011/12 просек од сите групи, **169** студенти | 0,3 |
| 101 | **Ментор на диплимска работа** 9 студента | 1,8 |
| 102 | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** - 10 студенти | 5 |
| 103 | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** - 14 студенти | 4,2 |
| 104 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** - 72 студента | 0,7 |
| 105 | **Позитивно резензиран универзитетски учебник** 1 коавтор | 6,0 |
| 106 | Пакет матерјали за методологија на НИР, методологија на социолошки истражувања | 2 |
| | | |
| | **Вкупно** | 137,4 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерски и докторски трудови** | |
| 107 | Ментор на 4 кандидати Јованка Тренчевска, Марија Златева, Лилјана Манова и Катерина Симјановска | 4 |
| 108 | **Учество во национален научн проект** | |
| 109 | Учество на национален проект: Проценка на политики/програми и буџети од родова перспектива, насочен кон проценка на политиките за социјална заштита на локално ниво; UN Women канцеларија Скопје 2012/13 год. | 3 |
| 110 | Учество во меѓународен научен проект: Подобрување на следењето и предвидувањето за ХИВ/СИДА,/СПИ; Глобал фонд,2005-2008 год. | 3 |
| 111 | Координатор на студенски проект (2008) Влијанието на алхохолизмот врз појавата на семејно насилство /ФФ - Скопје | 1 |
| 112 | Координатор на студенски проект (2009)Ставовите на студентите од институтот за социологија во однос на изборот на професијата социологија, /ФФ - Скопје | 1 |
| 113 | Координатор на студентски проект (2010)Ставовите на граѓаните на Скопје за легализацијата на проституцијата /ФФ - Скопје | 1 |
| 114 | Координатор на студенски проект (2011), Детска сиромаштија,/ ФФ - Скопје | 1 |
| | **Трудови со оргинални научни резултати** | |
| 115 | Социологија нееднаквости и сиромаштва, Социолошки преглед,, год.VLVI (2012), бр. 3-4 (Посебно издање), ст. 1184-1191, УДК 316.1 (497.11), ISSN0085-6320, COBISS.SR-ID 932111. | 6 |
| 116 | Влијанието на образованието врз ставовите на сиромашните семејства и факторот образование, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, 2008. | 4 |
| 117 | Сиромаштијата и маргинализацијата на Ромските семејства, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, 2010. | 4 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник** | |
| 118 | Животниот стандард на младите бачни парови корисници на социјална помош во Р. Македонија, Социологијата и општествените промени, 2011, Скопје | 2 |
| 119 | **Пленарно предавање** на тема „Последиците од сиромаштијата во Р. Македонија", на трибина „Борба против сиромаштијата и социјалната исклученост", Економски факултет - Скопје 15.3. 2010. | 2 |
| 120 | **Пленарно предавање** на тема „Квалитет на живот на сиромашните сеемејства во Р. Македонија", на трибина „Македонска платформа против сиромаштијата МППС", Скопје 12.12. 2010. | 2 |
| 121 | **Пленарно предавање** на тема „Родот и пазарот на трудот-перспектива на сиромашната чена", Ден на Европа , Штип 5.05.2011 г | 2 |
| 122 | **Пленарно предавањ** на тема „Планирање на научно истражување", јуни 2011 Скопје, Филозофски факултет. | 2 |
| 123 | **Пленарно предавање** на тема „Детска сиромаштија", организатор ФИЦЕ Македонија, март 2012. | 2 |
| | **Пленарно предавање** на научен/стручен собир со меѓународно учество | |
| 124 | Влијанието на глобализацијата и состојбата на сиромаштија врз статусот на жените | 3 |
| 125 | Социолошките аспекти во истражувањето на детската сиромаштија | 3 |
| 126 | Социологија нееднаквости и сиромаштво | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 127 | **Оджано предавање** по покана на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Загреб, март 2011/12, **3 предавања** | 9 |
| | **Вкупно** | **58,0** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 128 | Рецензент на средношколски учебник по социологија | 0,5 |
| 129 | Преседател на на Комисија за државен натпревар по сооциологија; Куманово, 2010 | 1 |
| 130 | Член на државен натпревар по европска интеграција, 2011, Куманово | 1 |
| 131 | Претседател на Комисија за државен натпревар по социологија; Скопје, 2012 | 1 |
| 132 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот: Младите социолози истражуваат, 18.5. 2011 | 0,5 |
| 133 | Член на Комисија за самоевалуација на Филозофскиот факултет во Скопје, 2007-2011 | 0,5 |
| 134 | Член на Комисија за научноистражувачка работа, при Филозофскиот факултет, за периодот 2011-2015 | 0,5 |
| 135 | Член во Советот на статистика на Р. Македонија, 2008-2011 | 1 |
| 136 | Член во Советот на Европското здружение на РМ, 2010/11 | 1 |
| 137 | Претседател на социолошката асоцијација на Р. Македонија од 2011 | 1 |
| 138 | Член во организационен или програмски одбор на меѓународен научен/ стручен собир | 1 |
| | **Вкупно** | **9,0** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **137,4** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **58,0** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **9,0** |
| **Вкупно** | **204,4** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Панде Лазаревски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Милева Ѓуровска, член, с.р.
3. Проф. д-р Марија Доневска, член, с.р.

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ВИШ ЛЕКТОР ПО ПРЕДМЕТОТ АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата триесет и втора редовна седница одржана на 28.11.2012 година, не избра за рецензенти во врска со пријавата на м-р Билјана Грујоска-Трајковска на конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" и „Лајме" од 12.10.2012, за избор на виш лектор по предметот современ англиски јазик. Откако ги прегледавме приложените материјали, чест ни е да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Билјана Грујоска -Трајковска**

**Родена:** 16.1.1948, Битола

**Гимназија:** „Јосип Броз Тито", Скопје
Четврта гимназија, Белград
**Матура:** Јосип Броз Тито, Скопје

**Скопје, октомври 1966 – јуни 1971:**
Ги завршила студиите по англиски јазик и книжевност, како прв изборен предмет и историја на уметноста, како втор изборен предмет, на Филозофскиот факултет во Скопје.

**Скопје, октомври 1970 – февруари 1991:**
Работела како професор по англиски јазик во ученички групи (до 1973) и со возрасни слушатели (во текот на останатите работни години) во Центарот за странски јазици, Скопје.

**Единбург, Велика Британија, октомври 1973 – јуни 1974:**
Како стипендист на Британскиот совет, ја минала учебната година на постдипломски студии од областа на лингвистиката и методологијата во наставата по англиски јазик (*Linguistics and English Language Teaching*) на Moray House College of Education. Во текот на овој образовен престој следела настава по два вониспитни предмета: Sociolinguistics и Micro-Teaching а, пак, по завршувањето на студиите, со успех ги положила испитите: Languae Teaching, Applied Phonetics, Linguistics, Psycho-Linguistics и English Grammar и се здобила со **POST-GRADUATE DIPLOMA IN LINGUISTICS AND ENGLISH LANGUAGE TEACHING.**

**Бангор, Велика Британија, јули/август 1980:** Учествувала на летниот семинар за наставници по англиски јазик „Теми во наставата по англиски јазик" (*Themes in English Language Teaching*), одржан на Универзитетскиот колеџ на Северен Велс.

**Скопје, октомври 1983:**
Со решение на Републичкиот секретеријат за правосудство и управа, била определена за постојан судски преведувач за англиски јазик при основните судови Скопје 1 и Скопје 2.

**Јуни 1984:**
Институтот за англиски јазик при Универзитетот во Ен Арбор, Мичиген, САД, ја назначил за официјален испитувач на MELAB-тестот, што претставува испит за активно познавање на англискиот јазик, а притоа била индивидуален испитувач (за Македонија, Црна Гора и Косово) на лица од разни стручни области кои се пријавуваа за специјализација во САД.

**Скопје, февруари 1991:**
Се вработила, како предавач по англиски јазик, на Одделот за настава на нематичните факултети при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет.

**Рединг, Велика Британија, август 1993:**
Учествувала на летниот семинар за наставници по англиски јазик во струката, „Англискиот јазик преку театарот" (*ESP: English Through Theatre*), одржан на Универзитетот во Рединг. Присуството на овој семинар се смета за особено вредно со оглед на фактот што тогаш веќе изведувала настава по англиски јазик на Факултетот за драмски уметности.

**Скопје, февруари 1994:**
Била избрана во звањето виш предавач по англиски јазик на нематичните факултети, а наставата ја изведувала за сите оддели на Факултетот за ликовни уметности (во текот на две учебни години), за сите оддели на Факултетот за драмски уметности (во текот на две учебни години) и за студентите на институтите за математика, физика и математика-физика на Природно-математичкиот факултет (во текот на една учебна година).

**Скопје, јули 1997:**
Била преизбрана во звањето виш предавач за настава по англиски јазик на нематичните факултети.

**Скопје, октомври 1999:**
На собирот *Англискиот јазик во струката на универзитетите во Република Македонија*, во организација на Здружението на англисти во Македонија, настапила со рефератот *Именските определби на бојата во англискиот и македонскиот јазик*, истражување поттикнато во текот на нејзината наставна дејност на Факултетот за ликовни уметности, при што се споредува бројноста и, се разбира, преводливоста на македонски јазик на англиските именки чијашто воопштена референтност е бојата.

**Скопје, 2000:**
Била преизбрана во звањето виш предавач за настава по англиски јазик на нематичните факултети.

**Ханиа, Крит, ноември 2000:**
На покана на Европскиот центар за современи јазици, со седиште во Грац, учествувала на регионалната конференција за универзитетски наставници по англиски јазик на нематичните факултети под работен наслов „Востановување на центар за учење на јазикот преку помошни средства: обликување и надоградување на помошните средства" (*Setting up a language resource centre: designing and building up resources*).

**Охрид, мај 2001:**
Учествувала на семинарот за универзитетски наставници по англиски јазик во струката, организиран од страна на Амбасадата на Соединетите Американски Држави во Скопје.

**Битола, март 2002:**
Учествувала на научниот собир „Македонско-британските врски", со реферат насловен *Една можност за приближување на јазичното преку видливото*, при што потврдила дека ликовноуметничките творби можат да дејствуваат како поттик при градбата на англискојазичен говорен исказ.

**Скопје, март-јуни 2002:**
Изведувала наставни вежби по англиски јазик од областа на сликарството и архитектурата по предметот артефакти кај студентите по британски студии, во рамките на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**Соединетите Американски Држави, април 2002:**
Како гостинка на Американската влада, присуствувала на меѓународната конференција TESOL (Teaching English to Students of Other Languages) во Salt Lake City. Во текот на ова патување посетила и голем број универзитети во градовите Washington, Philadelphia и Baltimore.

**Битола, јуни 2002:**
Учествувала на стручниот семинар што се одржал под раководство на г-ѓа Kathryn Koop од Њујорк, а во организација на Амбасадата на Соединетите Американски Држави од Скопје, при што – самостојно – ги извела завршните подготовки за објавување на *Работната тетратка по граматика на англискиот јазик како јазик во струката за студентите по ликовни уметности и историја на уметноста* (***Workbook for Art History and Fine Arts Students***).

**Струга, јуни 2004:**
Учествувала на наставно-стручната работилница што повторно се одржала под раководство на г-ѓа Kathryn Koop од Њујорк, а во организација на Амбасадата на Соединетите Американски Држави од Скопје. На оваа работна средба (во самостојно авторство) ја ревидирала и содржински ја надополнила претходно објавената *Работна тетратка по граматика на англискиот јазик како јазик во струката за студентите по ликовни уметности и историја на уметноста* за да биде објавена под името ***Grammar +: Review Practice for Art History and Fine Arts*** и користена за потребите на сродни студентски групи во повеќе земји од светот.

**Скопје, ноември 2004:**
Била избрана во звањето лектор по англиски јазик на нематичните факултети.

**Торонто, Канада, 2005 – 2007:**
Го придружувала својот сопруг додека ја извршувал функцијата генерален конзул и шеф на мисијата на Република Македонија во Канада.

**2007 - 2009:**
Како лектор по англиски јазик, во функција на струката на нематичните факултети, изведувала настава според ЕКТС на одделите за сликарство, вајарство и графика при Факултетот за ликовни уметности, како и на институтите за филозофија, психологија, социологија, социјална работа и политика, педагогија, дефектологија, историја, архивистика, родови студии, одбранбени и мировни студии, класични студии, археологија и историја на уметноста на Филозофскиот факултет.

**Торонто, Канада, август 2008:**
Обезбедила пристап во референтната библиотека на Универзитетот во Торонто, каде што се занимавала со истражувачка работа за претстојната одбрана на магистерскиот труд.

**Скопје, септември 2008:**
Присуствувала на Меѓународната конференција по повод прославата на 50-годишнината од постоењето на Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**Скопје, октомври 2008:**
Присуствувала на Петтата меѓународна конференција на ЕЛТАМ.

**Скопје, октомври 2008:**
Го одбранила магистерскиот труд по име ***Англискиот јазик во ликовните уметности***. Тезата се засновува на прашањето за суштината на универзитетскиот предмет по име *ESP: Pictorial Arts* (*Англиски за посебни цели/намени: ликовни уметности*), во рамките на студиите врзани за ликовните уметности, со особена нагласка на збогатувањето на зборовна ликовноуметничка изразност на англиски јазик, а се наметнува од комуникативните потреби на луѓето со исти – ликовноуметнички – или сродни – ликовноисториски, односно археолошки професионални определби. Истражувањето се занимава со изработка на еден вид англиско-македонски толковник = описник, преглед на дел од ликовно-уметничката лексика, вклучувајќи ги семантичките стручни и функционални особености, како и можностите за објаснување, толкување и преводливост. Истовремено, мора да се подвлече дека приодот кон ова прашање се должи на долгогодишното искуство во улогата на наставник по англиски јазик во областа на ликовните уметности и историјата на уметност/археологијата, бидејќи во ваквото образовно подрачје имала задача да замисли и спроведе настава според таканаречената *content-based* (= *содржински втемелена*) програма.

**Скопје, април 2009:**
Била избрана во звањето виш лектор по англиски јазик.

**Скопје, октомври 2010:**
Присуствувала на Шестата меѓународна конференција на ЕЛТАМ.

**Охрид, јули 2012:**
Присуствувала на Осмата македонско-северноамериканска конференција.

**Скопје, септември 2012:**
Присуствувала на Меѓународната конференција *Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето*, во организација на Катедрата за превод и толкување при Филолошкиот факултет.

**Учебна 2009/2010 - :**
Изведувала настава по предметите современ англиски јазик 1 и современ англиски јазик 2, како и академско пишување 1 и академско пишување 2 при Катедрата за англиски јазик и книжевност.

**НАСТАВНА ДЕЈНОСТ**
Во текот на работната дејност, ја насочува сета своја умешност и долгогодишното искуство кон поквалитетна, покреативна, обука во рамките на англискиот јазик како јазик во струката на нематичните факултети, но и англискиот јазик како избрана професионална определба на матичната катедра.

Имајќи ја предвид разновидноста на стручниот англиски јазик, мора да се нагласи и податокот дека не постојат многу соодветни учебници, или наставни помагала, што, пак, подразбира прибирање и подготвување материјали што ќе бидат сосем погодни за наставата во одделни, различни студиски групи.

За потребите на продолжителните курсеви по англиски јазик во струката со студентите од сите оддели при Факултетот за ликовни уметности, коишто го изучувале англискиот јазик, според ЕКТС, во прва и втора година, како и за студентите од институтите за историја на уметноста и археологија и Институтот за класични студии при Филозофскиот факултет, го изработила основниот учебник по англиски јазик во струката, првпат објавен во јули 1998 година, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Книгата *ESP: Art and Artists* опфаќа теми од историјата на уметноста, од пештерската, сé до денешната, модерна уметност, а содржи бројни јазични, граматички и комуникациски вежби, како и посебен, уметничкостручен вокабулар претставен како *Glosary*: еднојазичен, англиско-англиски речник на стилски и технички термини од сите области на ликовните уметности.

Додека (во текот на две учебни години) изведувала настава по англиски јазик, според ЕКТС, на студентите од сите институти на Филозофскиот факултет во Скопје, го подготвила и успешно го спровела основниот материјал во вид на збирка релевантни текстови од областите филозофија, психологија, социологија, социјална работа, историја, архивистика, педагогија, дефектологија, родови студии и одбранбени и мировни студии, а вклучила и јазични вежби, со особен осврт на англиските терминолошки посебности во овие научни полиња. Од друга страна, со студентите по историја на уметноста, археологија и класични студии, го користела авторскиот учебник *ESP: Art and Artists*, како основен материјал, а

авторското издание *Workbook for Art History and Fne Arts Students* како придружни вежби. При сето тоа, како наставник, се обидувала да стави особена нагласка на градбата на индивидуалната изразност по пат на англискиот, како странски јазик, за комуникациски потреби.

Како постојан член на Катедрата за англиски јазик, изведува лекторска настава, според ЕКТС, по предметите современ англиски јазик 1 и современ англиски јазик 2, како и по академско пишување 1 и академско пишување 2. Притоа, непрекинато обезбедува дополнителни материјали за говорни и писмени јазични вежби, во постојан обид да го осовремени одвивањето на наставата по современ англиски јазик.

**ЗАКЛУЧОК**

Од гореизложеното се гледа дека м-р Билјана Грујоска-Трајковска може со успех да изведува настава по англиски јазик не само на Катедрата за англиски јазик и книжевност, туку на повеќе наставно-образовни институции, ангажман што бара добра стручна подготовка за солидно да одговори на сложените наставни задачи и предизвици. Таа солидно ја запознала стручната терминологија од областа на филозофијата, психологијата, педагогијата, историјата на уметноста, а особено од сликарството. Исто така, дел од своите работни обврски им посветила на публикување на стручни прирачници што им овозможуваат на студентите подетално да се запознаат со стручната терминологија на својата струка на англиски јазик.

Имајќи ја предвид горната констатација и вреднување на нејзините активности, чест ни е да му предложиме на Наставно-научниот совет да ја избере м-р Билјана Грујоска-Трајковска во звањето виш лектор по предметот современ англиски јазик.

Скопје, 29.1.2013

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.
3. М-р Марија Маџар-Рибар, виш лектор, с.р.

**ПРИЛОГ 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Билјана Трајче Грујоска Трајковска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: англиски јазик**

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | **2008/2009 летен семестар** | |
| | Англиски јазик во струка – ФзФ (0+2), 5 групи (10x15x0,04=6) | **6** |
| | Англиски јазик во струка – ФЛУ (0+2), 2 групи (4x15x0,04=2,4) | **2,4** |
| | **2009/2010 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 1 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Англиски јазик во струка – ФЛУ (0+2), 2 групи (4x15x0,04=2,4) | **2,4** |
| | **2009/2010 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 2 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Англиски јазик во струка – ФЛУ (0+2), 2 групи (4x15x0,04=2,4) | **2,4** |
| | **2010/2011 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 1 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Академско пишување 1 – ФлФ (0+2), 1 група (2x15x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2010/2011 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 2 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Академско пишување 2 – ФлФ (0+2), 1 група (2x15x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2011/2012 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 1 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Академско пишување 1 – ФлФ (0+2), 1 група (2x15x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2011/2012 летен семестар** | |
| | Современ англиски јазик 2 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Академско пишување 2 – ФлФ (0+2), 1 група (2x15x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **2012/2013 зимски семестар** | |
| | Современ англиски јазик 1 – ФлФ (0+6), 2 групи (12x15x0,04=7,2) | **7,2** |
| | Академско пишување 1 – ФлФ (0+2), 1 група (2x15x0,04=1,2) | **1,2** |
| | **Вкупно бодови за одржување настава од прв циклус студии** | **69,6** |
| 2. | **Консултации со студенти** | |
| | 2008/2009 зимски семестар (552+65=617x0,002=1,234 | **1,234** |
| | 2008/2009 летен семестар (542+63=605x0,002=1,21 | **1,21** |
| | 2009/2010 зимски семестар (70+22=92x0,002=0,184 | **0,184** |
| | 2009/2010 летен семестар (47+21=68x0,002=0,136 | **0,136** |
| | 2010/2011 зимски семестар (70+35=105x0,002=0,21 | **0,21** |
| | 2010/2011 летен семестар (52+28=80x0,002=0,16 | **0,16** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2011/2012 зимски семестар (65+32=97х0,002=0,194 | **0,194** |
| | 2011/2012 летен семестар (43+23=66х0,002=0,132 | **0,132** |
| | 2012/2013 зимски семестар (69+35=104х0,002=0,208 | **0,208** |
| | **Вкупно бодови за консултации со студенти** | **3,668** |
| 3. | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа** | |
| | 4 кандидати х 0,1 = 0,4 | **0,4** |
| 4. | **Практикум во употреба на универзитет во странство, автор** | |
| | 3 земји х 4 = 12 | **12** |
| 5. | **Изменето и дополнето издание на практикум, автор** | **3** |
| 6. | **Изменето и дополнето издание на основен учебник, автор** | **4** |
| 7. | **Интерна скрипта за вежби** | |
| | 2008/2009 ФзФ х 3 = 3 | **3** |
| 8. | **Промена и дополнување на пакет материјали за одреден предмет** | |
| | 2009/2010 за современ англиски јазик 1 и 2 | **1** |
| | 2010/2011 за современ англиски јазик 1 и 2 | **1** |
| | 2011/2012 за современ англиски јазик 1 и 2 | **1** |
| | 2012/2013 за современ англиски јазик 1 | **0,5** |
| | | |
| | **Вкупен број бодови за наставно-образовна дејност** | **99,168** |

## II. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Магистерски труд** (во печат) | **8** |
| 2. | **Труд објавен во зборник на трудови** (Годишен зборник на ФлФ, 2009) | **2** |
| 3. | **Учество во научен/стручен собир без реферат** | |
| | 5х0,5=2,5 | **2,5** |
| 4. | **Учество во научен/стручен собир во странство** | |
| | 2х1=2 | **2** |
| 5. | **Учество во научен/стручен собир со реферат** | **2** |
| 6. | **Усна презентација на научен/стручен собир** | **1** |
| 7. | **Труд објавен во зборник на трудови од научен собир** | **2** |
| | **Вкупен број бодови за научноистражувачка дејност** | **19,5** |

## III. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Р.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| До | Филолошки факултет „Блаже Конески" | Скопје |
| 2. | Превод од македонски на англиски јазик на прирачник за настава | |

| | | |
|---|---|---|
| | според ЕКТС на ФЛУ | 1,5 |
| 3. | Член на комисија за избор во звање | 0,2 |
| | | |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 1. | Постојан судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно акредитирана од Министерството за правосудство на РМ од 1984 год. | 4 |
| 2. | Акредитиран испитувач на тестот MELAB при Универзитетот Ен Арбор, Мичиген, САД | 4 |
| | | |
| | **Вкупен број бодови за стручно-апликативна дејност** | **10,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА БИЛЈАНА ГРУЈОСКА ЗА РЕИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ВИШ ЛЕКТОР | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **99,168** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **18,5** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **10,7** |
| **Вкупно** | **128,368** |

Скопје, 29.1.2013

Рецензентска комисија

1. Д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор, с.р.
2. Д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, вонреден професор, с.р.
3. М-р Марија Маџар-Рибар, виш лектор, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК (ВО СИТЕ ЗВАЊА) ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АЛБАНСКИ РЕАЛИЗАМ 2, АЛБАНСКА КНИЖЕВНОСТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ И АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ 1 – 2 НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата триесет и трета редовна седница, одржана на 17. 12. 2012 година, Наставно – научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје нé избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Мирлинда Крифца Беќири за избор во звањето редовен професор по предметите: албански реализам 2, албанска книжевност меѓу двете светски војни и академско пишување 1 и 2. По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во весникот “Дневник“ од 4 декември 2012 година, се пријави само кандидатката д-р Мирлинда Крифца Беќири, вонреден професор по предметите албански реализам 2, албанска книжевност меѓу двете светски војни и академско пишување 1 и 2 при Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

### I. Биографски податоци:

Д-р Мирлинда Крифца Беќири е родена на 24.1.1969 година во Дебар. Основното образование го започнала во родниот град, а потоа го завршила во Скопје. Средното образование го завршува во УСО "Зеф Љуш Марку" со одличен успех. За исклучителниот успех што го постигнала во основното и средното образование, добитничка е на повеќе републички награди. Во учебната 1987-1991 година ги следела студиите по албански јазик и книжевност на Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Скопје, кои ги завршила во предвидениот рок со висок просечен успех 9,77.

Како првенец на генерацијата д-р Мирлинда Крифца Беќири е добитник на двете најголеми награди на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје, и тоа: наградата "26-ти јули", која се доделува од средствата на Френк Марнинг од Лондон на најдобрите студенти од Архитектонскиот, Филозофскиот, Филолошкиот, Правниот и Факултетот за ликовни уметности, каде што го делеше првото и второто место, и – Пофалницата за постигнатиот среден успех (9,77) на Филолошкиот факултет за учебната 1990/1991 година, кадешто од преку 20 најдобри студенти на сите факултети и академии го делеше третото и четвртото место.

По завршувањето на факултетот, д-р Мирлинда Крифца Беќири го продолжила нејзиното натамошно усовршување на постдипломски студии. Така, во 1993 година се запиша на постдипломски студии на групата книжевност при Филолошкиот факултет во Скопје. Сите предвидени испити на овие студии ги положи со одличен успех, пројавувајќи силни заложби за книжевната наука. На 2.12.1998 година успешно го одбрани магистерскиот труд под наслов: “Поезијата на Ласгуш Порадеци“ и се здоби со звањето магистер по филолошки науки. Треба и во оваа пригода да се забележи дека Ласгуш Порадеци, клучна фигура на албанската книжевност, со трудот на Крифца Беќири доби нов и оригинален толкувач, за што сведочи и топлиот прием во научните албанолошки кругови.

По повеќе годишни опсежни и задлабочени истражувања и студии, д-р Мирлинда Крифца Беќири, на 5.7.2001 година успешно го одбрани својот докторски труд под

наслов: „Интертекстуалноста во албанската поезија меѓу двете светски војни“ и се здоби со звањето *доктор на филолошки науки.*

Во октомври 1994 година д-р Мирлинда Крифца Беќири, се вработи на Филолошки факултет, при Катедрата за албански јазик и книжевност, како помлад асистент, по предметот историја на албанската книжевност. По магистрирањето во 1998 година е избрана во звањето *асистент* и ги држи вежбите по предметот историја на албанската книжевност 5-8. По успешната одбрана на докторскиот труд во 2001 година е избрана во звањето *доцент* по предметот историја на албанска книжевност; и во 2006 во звањето *вонреден професор* по истиот предмет, при истоимената Катедра на Филолошкиот факултет, кадешто и понатаму е на постојан работен однос.

Пред вработувањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ работела една година во Македонско радио – секција на албански јазик, како надворешен соработник (1991/1992); една година во Soros International House – професор по албански јазик за Неалбанци (1993/1994); и две година во Гимназијата „Зеф Љуш Марку“ (1992/1994) во Скопје, како професор по албански јазик и книжевност.

Освен на Филолошкиот факултет во Скопје, својата наставно-образовна дејност д-р Мирлинда Крифца Беќири успешно ја надградувала и на други високообразовни институции во земјава. На задоволство на студентите и на наставниот кадар, таа во периодот од учебната 2001/2002 до 2007/2008 година била ангажирана со предавања по предметите: албански јазик за почетници (за овој предмет е автор на програмата); светска книжевност; и академско пишување (и за овој предмет е автор на програмата) на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, како Part time profesor.

Следејќи ги современите светски стандарди во наставата по книжевност и со цел да се активира комуникативната способност кај студентите, д-р Крифца Беќири постојано се залага за вклучување на современи методи, како и за вклучување на најнова литература во предавањата и вежбите по горенаведените предмети. Со цел на студентите да им го олесни изучувањето и подготовката за полагање на испитите, во својата научна апликативна актива објавува низа студии, статии и прилози за книжевните појави и автори од албанската книжевност, кои се предвидени со наставната програма. Во текот на нејзиното работење како помлад асистент, асистент, доцент и вонреден професор д-р Мирлинда Крифца Беќири успешно се вклопи во наставниот процес, воспостави солиден однос со студентите и покажа посебен интерес кон воспитно-образовната работа и кон сопственото стручно и научно усовршување.

За тоа докажува објавувањето на три книги студии, две од кои се од монографски карактер, додека една е книга студии и прилози (за кое подетално ќе се зборува подолу). Од монографските научноистражувачки студии, една се однесува за интертекстот во поезијата на Лазгуш Порадеци (објавено во 2000 година), а другата за интертекстот во албанската поезија меѓу двете светски војни (објавено во 2005 година).

## II. Дејности од поширок интерес

Натамошното стручно усовршување го продолжува со студискиот едносеместрален престој во Велика Британија (1997), како стипендист на Birbeck College, University of London; како и учеството во разни семинари од национален и меѓународен карактер, како што се научната работилница на тема *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморијата*, одржан на 25. 11. 2009 година; во Семинарот за албански јазик, книжевност и култура од Приштина; Семинарот за албанологија од Тетово; како и во домашни и меѓународни научни симпозиуми и конференции одржани во Скопје, Тетово, Приштина, Корча, Елбасан и др.

Д-р Мирлинда Крифца Беќири учествува како член во разни проекти, како оној на Национален советодавен комитет за проектот на ОЕЦД ПИСА + Република Македонија (2000 година) и координатор по предметот *Вештини на читање и пишување*, во рамките на Програмата за преод – 3 (2003-2004 и 2004-2005 година); била ангажирана и како член на Експертската комисија за подготовка на тестовите за екстерно оценување за средните училишта во Бирото за развој на образованието на Република Македонија (1999-2004 година); член на групата за составување на наставните планови и

програми за средните училишта (насочено образование); член на Комисијата за издавачка дејност при Министерството за култура на Република Македонија (2002 година); член на Советот на министерот за култура на Република Македонија, Благоја Стефановски (2003-2004 година); член на жирито за избор на најдобра поетска збирка помеѓу двете струшки вечери на поезијата 2003-2004 година и доделување на наградата "Браќа Миладоновци"; и како составувач на програмата по предметот *академско пишување* како задолжителен предмет на УЈИЕ во Тетово (2005-2006 година); член на уредувачкиот одбор на научните списанија *Studime Albanologjike* (2010) и *Vizione* (2006); член на факултетската Комисија за евалуација; член на рецензентски комисии за избори во наставнички звања (на Агим Лека, Исмет Османи и Зејнепе Алили-Рецепи); рецензент за универзитетски учебници (Нехас Сопај и Агим Лека) и на книги од поширок интерес (*Албански јазик и книжевност* за 6, односно 7 одделение), на монографската студија (*Ликот на жената во делото на Миѓени и Флобер* од Зејнепе Алили-Рецепи) и на предлог-проектот: *Родови паралели во македонската и албанската култура во Македонија* (2008).

Од разновидната активност на д-р Мирлинда Крифца Беќири вреди да се спомне и нејзината заложба во преведувачката дејност. Освен нејзината ангажираност како симултан и консекутивен преведувач, таа има преведено од македонски на албански јазик и книги за потребите на воспитно-образовниот процес. Од сферата на преведувачката дејност на Крифца, вреди, пред се, да се спомнат преводот од македонски на албански јазик на делото *Еко сексион* (ОХО, Скопје) на Александра Младеновска и преводот од албански на македонски на збирката есеи *Дон Кихот меѓу Албанците* (Култура, Скопје 2003) на Али Алиу.

## III. Наставно-образовна дејност

Од вработувањето на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје, па се до денес, со голем опит и посветеност изведува настава во трите циклуси (додипломски, магистерски и докторски) на високообразовниот процес на Филолошкиот факултет, Катедра за албански јазик и книжевност.

Во додипломскиот циклус ги предава (предавања и вежби) следниве предмети: (1) албански реализам 2; (2) албанска книжевност меѓу двете светски војни; и (3) академско пишување (1, 2). Во овој процес на универзитетското образование се истакнува и како раководител на дипломски трудови. Под нејзино менторство досега се дипломирани 22 кандидата.

Непосредно по изборот во звањата доцент и вонреден професор се вклучила во наставата на постдипломските студии, на насоката книжевност, група за албанска книжевност изведувајќи курсеви по интертекстуалноста во албанска книжевност меѓу двете светски војни. Паралелно со наставата на постдипломски студии, д-р Мирлинда Крифца Беќири се истакнува и во раководење на магистерски трудови. Под нејзино менторство досега магистрирале тројца (магистранди).

Како успешен наставник и раководител на наставно-образовни и научни проекти, д-р Мирлинда Крифца Беќири се истакнува и во третиот циклус на високото образование. Во циклусот за докторски студии ги предава курсевите по интертекстуалноста. Значајно е да се истакне дека под нејзино менторство досега докторирале пет (5) новооформени научни кадри – доктори на филолошки науки.

Д-р Мирлинда Крифца Беќири се истакнува и како член на комисии за одбрана на додипломски, магистерски и докторски трудови. Како член на комисија за одбрана на дипломски трудови учествувала во 19 комисии; за одбрана на магистерски трудови во три (3) комисии; и како член за одбрана на докторски трудови во 8 (осум) комисии.

## IV. Научноистражувачка дејност

Паралелно со нејзината наставна дејност, која почива врз силни афинитети кон наставата, втемелени врз нејзината солидна педагошко-дидактичка и методичка подготвеност, д-р Крифца Беќири перманентно работи на своето научно издигнување.

Во првите трудови на д-р Мирлинда Крифца Беќири се назира јасниот и логичен пристап кон книжевната материја, во нејзиниот теориски и историски контекст, кои подоцна ќе евалуираат кон двата клучни научни монографски труда.

Научноистражувачкиот интерес на д-р Мирлинда Крифца Беќири е, пред се, насочен кон проблематиката поврзана со прашања од проучувањето на книжевноста, во прв план на интертекстуалноста воопшто и интеретекстуалноста во албанската книжевност посебно. Во поширокиот делокруг на нејзината истражувачка дејност, таа истражува теми од интертексуалноста во албанската книжевност, особено кај автори од првата половина на 20 век. Во поново време, од изборот во звањето вонреден професор освен што продолжува со нејзината специјаност – интертекстот, се повеќе се осврнува и на прашања поврзани со мошне интересни сфери од поновите теории на истражувањето на книжевноста, како што се прашањата поврзани со теорија на меморијата, културологијата, постмодерната и понатамошниот живот на книжевниот артефакт во денешните дни на интернетско создавање книжевни текстови. За изнесеново сведочат нејзините најнови публикации, произлезени од многубројните учества во домашни и меѓународни научни конференции.

Како позначајни претставителни научни и значајни прилози од посочената научно истражувачката дејност на д-р Мирлинда Крифца Беќири заслужува да се издвојат некои од нејзините статии и реферати претставени пред академската јавност во научните конференции во Скопје, Приштина и Корча:

(1) *Femra në poezinë shqipe të decenieve të para të shekullit XX* (Жената во албанската поезија од првите децении на 20-иот век), во *Studime albanologjike,* Институт за духовно и културно наследство на Албанците, Скопје 2009, бр. 1, стр. 131-152.

(2) *Intertekstualiteti në poezinë e Lasgush Poradecit* (Интертекстот во поезијата на Ласгуш Порадеци) во *Kritika letrare* (Книжевна критика) (изб. Али Алиу), Микена, Битола 2008, стр. 131-148; англиски превод: *The intertextuality on the poetry of Lasgush Poradeci,* во *Literary criticism* (selection Ali Aliu, превод на Арјан Ндони), St. Clement of Ohrid, National nad University Library - Скопје, 2011, стр. 121-134.

(3) *Letërsia si vend i estetizimit të memories individuale dhe kolektive,* статија прочитана на научната конференција "Трети меѓународен семинар по албанологија", Скопје, 23-27 септември 2009 година.

(4) *Ѓеѓ Елез Алија во албанската книжевна традиција,* статија прочитана во Научната работилница на тема *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморијата,* во рамките на европско научно-истражувачкиот проект за поетика и херменевтика *Интерпретации,* одржана на 25. 11. 2009 год. во МАНУ.

(5) *Teksti letrar si ndërtim intertekstual,* статија прочитана во научната конференција на 4. Меѓународен семинар по албанологија, ДТУ, Тетово, 12-14 октомври 2010 година.

(6) *Dialogu letrar në veprën e Ernest Koliqit,* статија прочитана во научната сесија на 30-иот Меѓународен семинар по албански јазик, книжевност и култура, одржан во Приштина на 26-27 август 2011 година.

(7) *Quo vadis, letërsi (postmodernia dhe pas saj),* статија прочитана во научната конференција *Недела на науката во Косово,* Приштина, 17 мај 2012 година.

(8) *Çështja e variacioneve dhe variantave në poezinë e Nolit,* статија прочитана во научната конференција посветена на 130-годишнината од раѓањето на Фан С. Ноли, одржана на 30-31 мај 2012 во Универзитетот "Фан С. Ноли" во Корча.

(9) *Karakteristikat e postmodernies / postmodernizmit* (Карактеристиките на постмодерната/постмодернизмот), статија прочитана во научната конференција на 7-та научна меѓународна средба на Институтот Алб-шкенца, одржана на 29-31 август 2012 година во Скопје.

Од нејзината библиографија во периодот на последниот избор (2006-2012), која ја доставува како прилог кон пријавата, може да се установи дека се работи за содржајна, значителна и квалитетно-професионална продукција која е спроведена во четири области: (1) истражување и проучување прашања од интертекстуалноста во албанската

книжевност, (2) од теоријата на меморијата, (3) културологијата, како (4) и прашања од понатамошниот од на книжевниот артефакт во услови на современиот живот на глобализација и интернетска книжевност на постмодерната. Во првата група прашања за интертекстот, кандидатката ги продолжува проучувањата на својата специјалистичка оформеност – интертекстуалноста како можен начин на проучување на книжевните остварувања, додека другите три области се во контекст на поновите современи проучувања на книжевниот артефакт.

Во списокот на објавени трудови се наведени 12 обемни наслови, меѓу кои една книга, 11 студии и прилози (научни трудови) кои се објавени во научните списанија и зборници на научни конференции и собири со национален и меѓународен уредувачки одбор. Несомнено меѓу нив содржински позначително и поквалитетно место зазема обемната студија *Постмодерна/постмодернизмот*, која им претходи на другите статии објавени во книгата *Книжевни студии* (Скопје, 2012).

Како посебно научно пореализирани остварувања се издвојува книгата *Книжевни студии* (Ватра, 2012 Скопје), во која се собрани шест одделни прилози со заедничка поврзувачка нит- истражување и проучување прашања од интертекстуалноста, односно книжевниот дијалог на поезијата и прозата на оделни автори од албанската книжевност, особено од периодот меѓу двете светски војни во два контекста: во контекст на светската книжевност и во контекст на албанската книжевност; како и прашања кои се поврзуваат со постмодернизмот и современите трендови на книжевните пројави.

Во последните години д-р Мирлинда Крифца Беќири е преокупирана со постмодерната како книжевна стилска формација на кое во спомнатава книга му посветува околу 80 страници. Студијата покажува дека кандидатката е во дослух со најновите и најактуелни светски трендови на книжевните истражувања, карактеристични за поширок културолошки контекст, европски и балкански. Студијата е поделена на четири групи прашања, кои опфаќаат секое по една опсежна целина: *карактеристики, теми, техники* и *што по постмодерната*. Во нив ги појаснува карактеристиките на постмодерната, кои ги согледува во спрега со модерната најобработливите и најпосаканите теми, и начинот на нивните оформувања со помош на техничката апаратура која ја наложат современите услови на животот, како и постојаното поставено прашање: *како понатаму*? Студијата е конципирана како интерпретација и посочување на позначајните теориски постапки, поврзани со феноменот на интертекстуалноста. Тоа е истовремено и еден нов начин за исчитување на литературното теориско и филозофско искуство на книжевниот артефакт, кое авторката го илустрира со "книжевноста на исцрпеноста" на Џ. Барт или "јазичните игри" на Лиотар, односно "археолошката теорија" на Фуко, "секундарната меморија " на К. Улих, или "хиперреалноста" на Бодријар, "иновативното писмо" на Епштејн. Во целокупната студија на д-р Мирлинда Крифца Беќири се чувствува доблесната склоност кон прифаќање на определбата на Л. Хачион и нејзиното објанување и толкување на проблематиката според кое и посочениов научен прилог е насловен.

Во овие трудови д-р Мирлинда Крифца Беќири покажува не само солидни теориски познавања од сферата на книжевноста и книжевно-теориската наука, служејќи се успешно со компаративниот пристап и разглед, туку ги наложува и своите јасни стратегиски ориентири во осветлувањето на значајни книжевни автори и периоди, врз еден модерен пристап, од големо значење за албанолошките стуии во Македонија.

Стручно научно гледано, д-р Мирлинда Крифца Беќири, со оваа книга значајно придонесува да се расветлат низа прашања, кои се поврзани со современите стремежи за проучувањето на книжевниот артефакт, кои на некој начин се соодветни на примената на нејзиниот постмодернистички методолошки пристап.

Д-р Мирлинда Крифца Беќири во својот научен пристап осврнувајќи се врз современите интертекстуални и културолошки гледишта како од теоријата на меморијата во проучувањето на книжевниот артефакт, поткрепен со обемно користена соодветна и професионална литература, докажува дека е оформен во трудољубив научник со широки дострели, кој со своите афинитети кон ваков вид истражувања и проучувања значај-

но придонесува за нивниот развиток не само на нашиве простори, туку и пошироко во балкански контекст.

Без сомнение, научната актива на д-р Мирлинда Крифца Беќири во албанската книжевна наука воопшто претставува респектабилен придонес и новина токму од аспект на нејзиниот аспект на истражувања и проучувања на книжевниот артефакт, кое, од друга страна, не се ограничува само на албанската книжевност од периодот меѓу двете светски војни, туку својот видокруг го проширува со таа од преродбата, како и современата, кои ги става во рамките на европскиот контекст. Бидејќи нејзините истражувања се меѓу првите од таков вид проучувања, во албанолошките книжевни истражувања, воедно, служат и како пример за примена на интертекстуални и културолошки истражувања во проучувањето на албанската книжевност.

**V. Стручно-апликативна дејност**

Во рамките на стручно-апликативната дејност, д-р Мирлинда Крифца Беќири пројави висока професионалност во извршувањето на наставните активности. Таа континуирано вршела значајни и многубројни должности на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје. Член е на Наставно-научниуот совет, Наставно-научниот колегиум, Одборот на докторски студии за научната област албанска книжевност и на Одборот за магистерски студии по албанска книжевност на Факултетов. Била член и на организациони одбори на значајни настани не само на Филолошкиот факултет, туку и пошироко во Републикава, како што се Струшките вечери на поезијата.

Наставно-научната дејност на д-р Мирлинда Крифца Беќири, поведено од повеќегодишното перманентно следење на нејзиниот развој како наставник и научник се потврдува со изборот во звањето вонреден професор за наведените предмети. Во досегашната наставно-образовна и научна дејност во нејзината личност се забележителни неколку карактеристики, кои ги красат нејзините дострели, меѓу кои се квалитетот на научните публикации на национален и меѓународен план, ефикасноста и амбициозноста во научниот потфат, подготвеноста за постојан придонес во подемот на наставно – научното ниво на Филолошкиот факултет во Скопје, одговорното однесување и ангажман во унапредување на истражувањата интересни и значајни прашања во проучувањето на книжевниот феномен воопшто и во албанската книжевност посебно.

Згора на сé треба да се истакне дека д-р Мирлинда Крифца Беќири својата афирмација како научник на национален и меѓународен план редовно и во континуитет ја потврдува со своите учества на голем број научни конференции, симпозиуми, семинари и работилници во земјава и во странство, збогатувајќи го притоа националниот и меѓународниот научен дискурс со актуелни прилози по пат на презентација на матичниот Факултет, односно УКИМ во и надвор од нашава држава.

Таа со несебична енергија и ентузијазам прифаќа дополнителни часови, при што должност ни е да подвлечеме дека има постигнато извонредни резултати со студентите. Сево ова укажува дека кандидатката д-р Мирлинда Крифца Беќири со својата продукција придонесува за афирмација на научната мисла. Кандидатката со својата наставно-воспитна, научноистражувачка и научно-апликативната актива не само покажа, туку и докажа несомнена компетентност, стручност и способност како во наставниот процес, така и на планот на научноистражувачката дејност, не само за иницирање на интересни прашања во идентификација на книжевниот артефакт, туку и за нивното објаснување и толкување.

Нејзиниот увид и компетенција врз албанската книжевност, чувството за анализа на книжевниот феномен во интердисциплинарен контекст, нејзината широка и мултидисциплинарна култура, нејзината примерна трудољубивост и моќна комуникативност, ќе бидат сигурно од посебно значење во успешниот тек на педагошкиот процес на Катедрата но и пошироко на Филолошкиот факултет. Како ретко кој друг, д-р Мирлинда Крифца Беќири остварува успешна осмоза помеѓу својата педагошка и научно истражувачка вокација во доменот на албанската книжевност и култура. Како што можеше да се види од погоре посоченото, нејзините две монографски студии (за поезијата на Ласгуш Порадеци и за интертекстуалноста во албанската поезија меѓу двете све-

тски војни), како и обемната студија за постмодерната и на книжевната меморија, претставуваат бележит резултат во албанистиката, не само во Македонија, туку и воопшто во албанолошките студии.

Д-р Мирлинда Крифца Беќири има природен и континуиран развој во своето формирање како наставник и научник, каков би посакувале да имаат бројни универзитети. Како брилијантен ученик, студент, асистент, сега и со наставнички задолженија, д-р Мирлинда Крифца Беќири и припаѓа на новата генерација амбициозни носители на Катедрата за албански јазик и книжевност. Таа успешно како помлад асистент и асистент, потоа како доцент и вонреден професор беше вклучена во изведувањето на вежбите и предавањата по историја на албанската книжевност. Методична, педантна, редовна, дисциплинирана и трудољубива во изведувањето на наставата (предавања и вежби), д-р Мирлинда Крифца Беќири веќе се има здобиено со углед кај своите студенти и колеги.

Чувствуваме потреба да истакнеме дека д-р Мирлинда Крифца Беќири, од посочената наставно-образовна, научноистражувачка и научно апликативна дејност, претставува комплетно профилиран кадар, кој со својата актива многу сериозно ја гради својата цврста позиција во наставно-образовниот процес на Катедрата за албански јазик и книжевност, како и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, односно на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во прилог на сето искажаното оди и образецот приложен кон овој извештај.

**Заклучок и предлог**

Следејќи го континуираниот наставно-образовен и научен развој на д-р Мирлинда Крифца Беќири, откако ги завршува студиите по албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, па се до денес, можеме да посочиме исклучителен пример на континуиран и успешен развој на еден извонреден педагошки профил и, без претерување може да се рече, научник кој сигурно ќе биде од големо значење за натамошниот развој на Катедрата за албански јазик и книжевност.

Врз основа на сите изнесени констатации за професионалните, научните и педагошките квалификации на д-р Мирлинда Крифца Беќири, истакнуваме дека таа во целост ги исполнува пропишаните услови за избор во звањето во кое конкурира. Комисијата го дели заедничкото чувство дека се работи за исклучителен кандидат кој со својата досегашна работа и постигнати наставно-образовни и научни резултати, потекнувајќи од овој Факултет и Катедра, претставува еден вид негова идентификација. Затоа,имаме посебна чест и особено задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да ја избере д-р Мирлинда Крифца Беќири во звањето ***редовен професор*** по предметите: албански реализам 2, албанска книжевност меѓу двете светски војни и академско пишување 1, 2.

Скопје, 20.1.2013 година

Рецензентска комисија

1. Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.
2. Д-р Нехас Сопај, редовен професор, с.р.
3. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.

**ОБРАЗЕЦ**

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: МИРЛИНДА КРИФЦА - БЕЌИРИ**
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методј", Скопје**
**Научна област: книжевност**

Од областа: историја на албанската книжевност, академско пишување на албански јазик и современ албански јазик 3, 4 (немајчин)

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | **2007/2008 зимски семестар** | |
| 1. | Албанска книжевност 3 (романтизам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90; | 3,3 |
| 2. | Албанска книжевност 5 (реализам) (4+2) 4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90; | 3,3 |
| 3. | Албански јазик 1 ( за почетници УЈИЕ) ( 2+ 2) 2x15 =30 x 00,4= 1,2 + 2x15 = 30 x0,03 = 0,9 | 2,2 |
| 4. | Академско пишување на албански јазик (УЈИЕ) (2+1)2x15 = 30 x 0,04 = 1,2 + 1 x 15 = 15 x 0,03 = 0,45 | 1,65 |
| | **2007/2008 летен семестар** | |
| 5. | Албанска книжевност 4 (романтизам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 6. | Албанска книжевност 6 (реализам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 7. | Албански јазик 2(за почетници УЈИЕ) ( 2+ 2)2x15 =30 x 00,4= 1,2 + 2x15 = 30 x0,03 = 0,9 | 2,2 |
| 8. | Академско пишување на албански јазик (УЈИЕ) (2+1)2x15 = 30 x 0,04 = 1,2 + 1 x 15 = 15 x 0,03 = 0,45 | 1,65 |
| | **2008/2009 летен семестар** | |
| 9. | Албанска книжевност 4 (романтизам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 10. | Албанска книжевност 6 (реализам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| | **2009/2010 зимски семестар** | |
| 11. | Албанска книжевност 5 (реализам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 12. | Албански јазик 3 (немајчин) (0+4) (4×15=60×0,003 = 1,8) | 1,8 |
| | **2009/2010 летен семестар** | |
| 13. | Албанска книжевност 6 (реализам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 14. | Албански јазик 4 (немајчин) (0+4) (4×15=60×0,003 = 1,8) | 1,8 |
| | **2010/2011 зимски семестар** | |
| 15. | Албанска книжевност 5 (реализам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 16. | Албански јазик 3 (немајчин) (0+4) (4×15=60×0,003 = 1,8) | 1,8 |
| | **2010/2011 летен семестар** | |
| 17. | Албанска книжевност 6 (реализам) (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 18. | Албански јазик 4 (немајчин) (0+4) (4×15=60×0,003 = 1,8) | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **2011/2012 зимски семестар** | |
| 19. | Албански реализам 2 (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 20. | Албански јазик 3 ( немајчин) (0+4) (4×15=60×0,003 = 1,8 | 1,8 |
| | **2011/2012 летен семестар** | |
| 21. | Албанска книжевност меѓу двете светски војни (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 22. | Албански јазик 4 ( немајчин) (0+4) (4×15=60×0,003 = 1,8 | 1,8 |
| | **2012/2012 зимски семестар** | |
| 23. | Албански реализам 2 (4+2) (4×15=60×0,004 = 2,4 + 2 x15 = 30 x 0,03 = 0,90 | 3,3 |
| 24. | Академско пишување на албански јазик (2+2) 2 x 15 = 30 x 0,04 = 1,2 + 30 x 0,03 = 0,9 | 2,1 |
| **2** | **Настава од втор циклус на студии** | |
| 1 | Албанска книжевност во европски контекст (УЈИЕ) 15 x 0,05 = 0,75 | 0,75 |
| 2 | Албанска книжевност на 20 век (албански реализам 2) 8 x 0,05 = 0,4 | 0,4 |
| 3 | Албанска книжевност на 20-иот век (Албанска книжевност меѓу двете светски војни) 8 x0,05 = 0,4 | 0,4 |
| **3** | **Консултации со студенти**<br>2007/2008 околу 80 студенти по семестар; 2 x 80= 160<br>2008/ 2009 еден семестар околу 80<br>2009/2010 околу 70 студенти по семестар 2 x70 = 140<br>2010/2011 околу 70 студенти по семестар 2 x 70 = 140<br>2011/2012 околу 80 студенти по семестар 2 x 80 = 160<br>2012/2013 еден семестар околу 80 студенти | 1,52 |
| **4** | **Ментор на дипломска работа**<br>Ментор на дипломската работа на кандидатите: *Ајнур Амети (2009), Семран Муаремова (2009), Лулзим Селмани (2009), Ајнур Камбери (2009), Фатмир Дасхи (2009), Арсим Лесковица (2009), Нурие Зенуни (2009), Мавие Мемети (2010), Емине Лазумова (2010), Сејлан Мустафа (2010), Назам Халими (2010), Нермина Хасани (2010), Јетмира Ајрадини (2010), Мевлан Ибрахими (2011), Мирсад Мемети (2011), Семир Алими (2012), Ајнур Нухиу (2012), Ќефсере Ќазими (2012), Нуран Нухиу (2012), Зекирја Мустафи (2012), Мирицан Арифи (2012), Филизе Сакипи (2012)* 22 x 0,2 = 4,4 | 4,4 |
| | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа**<br>Член на комисија за одбрана на дипломска работа за кандидатите: *Ресмие Адеми (2009), Заде Адеми (2009), Мухамет Топојани (2009), Висар Сопај (2009), Бесаре Сејди (2009), Фериназе Фазли (2009), Емине Салих (2011), Шкелзен Зенуни (2011), Цеврије Хасани (2011), Мерита Мемеди 92011), Таибе Асани (2012), Осман Зендели (2012), Ведије Салих (2012), Хатиџе Халими (2012), Нериман Салији (2012), Џејлане Даути (2012), Адифет Лесковица (2012), Суеда Фетау(2012), Семијет Реџепи (2012)* 19 x 0,1 = 1,9 | 1,9 |
| **5** | **Член на комисија за оцена или одбрана на докторат** | |
| 1 | Илир Мухареми: *Експресионизам, апсурд, егзистенцијализам и лудизам: четири албански драми / претстави* (2009) | 0,5 |
| 2 | Шасим Мемеди: *Култот на градбата во прозата на Исмаил Кадаре* (2009) | 0,5 |
| 3 | Шефќет Зеколи: *Прозата во албанската литература за деца од 1945-200* (2010) | 0,5 |
| 4 | Блерина Старова Златку: *Италјанскиот егзил на Арберешите и книжевното дело на Кармине Абате* (2010) | 0,5 |
| | Емине Шабани: *Наратолошките стратегии на делото „ Една ноќ е две зори„ на П. Марко* (2010) | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 6 | Селајдин Салиу: *Поетиката на прозата на Мурат Исаку* ( 2011) | 0,5 |
| 7 | Вјоллца Дибра: *Општествената и уметничката контекстуалност на двајца ликови (компаративна студија за романите „Нокта на месечината„ од Исмаил Кадаре и "Изгубената чест на Катерина Блум„ од Хајнрих Белт* (2011) | 0,5 |
| 8 | Хуреме Гура: *Придонесот на албанската дијаспора во културните и духовните вредности на англо-саксонското општество* (2012) | 0,5 |
| **6** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура** | |
| 1 | Емине Усеини: *Лексичките отстапки во драмите на Шекспир-Хамлет, Отело, Макбет и Јул Цезар и нивното пренесување во албанскиот превод на Фан Ноли* ( 2008) | 0,3 |
| 2 | Шпреса Мемети: *Влијанието на екзистенцијализмот во романот "Зошто" на Стерјо Спасе* (2009) | 0,3 |
| 3 | Јехона Рушити: *Интертекстуалноста в делата на А.З. Чајупи, Фан Ноли и Етхем Хаџиадеми* (2009) | 0,3 |
| | **Рецензент за универзитетски учебник** | |
| 1 | Нехас Сопај, *Интерпретација на поезијата* Филолошки факултет „Блаже Конески, УКИМ, Скопје, 2010 | 1 |
| 2 | Агим Лека, *Semantika e dramës shqipe (Семантика на албанската драма)*, Арбериа десинг, Тетово, 2012 | 1 |
| 3 | Агим Лека, *Значенскиот состав на романот „Времето на козите„*, Ватра, Скопје, 2012 | 1 |
| 4 | Агим Лека, *Letërsi e huaj 1 (Светска книжевност 1)*, Албас, Тетово, 2012 | 1 |
| | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| 1 | Албански реализам 2 | 1 |
| 2 | Албанска книжевност меѓу двете светски војни | 1 |
| 3 | Академско пишување на албански јазик | 1 |
| | *Вкупно* | 84,77 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Р. Бр | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Ментор на магистерска работа** | |
| 1 | Мерал Шехаби: *Книжевниот дијалог на делото на Наим Фрашери со ориенталната книжевност* (2010) | 1 |
| 2 | Ментор на магистерската работа на Сејлан Мустафа: *Карактерот на ликовите во прозното дело на М. Кутели* и на Зелије Халими: *Односот на делото на М. Кутели со фоклорот и албанската традиција* (прва година) 0,5 + 0,5 = 1 | 1 |
| | **Ментор на докторска дисертација** | |
| 1 | Зејнепе Алили Рецепи: *Карактерот на женскиот лик во делото на Миѓени и Флобер* (2010) | 3 |
| 2 | Теута Винца-Кафеџоли: *Хронотопот во прозното дело на Митруш Кутели (2012)* | 3 |
| 3 | Ментор на докторската дисертација на тема: *Катарзата и дискурсот во прозното дело на Митруш Кутели, Ернест Колиќи и Касем Требешина* на Алиса Велај (трета година) | 1 |
| 4 | Ментор на докторската дисертација на тема: *Аспекти на интертекстуалноста во албанската книжевност на преродбата* од Мерал Шехаби (втора година) | 1 |
| 5 | Ментор на докторската дисертација на тема: *Интертекстуалноста в делата на А. З. Чајупи, Фан Ноли и Етхем Хаџиадеми* од Јехона Рушити (втора година) | 1 |
| | **Монографија** | |
| 1 | Книжевни студии, стр. 200, Ватра, Скопје, 2012. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Дел од монографија** | |
| 1 | "The intertextuality on the poetry of Lasgush Poradeci", vo *Literary criticism* (селецтион, избор на Али Алиу, превод Арјан Ндони), St. Clement of Ohrid, National and University Library-Skopje, 2011 стр.121-134. | 4 |
| 2 | "Intertekstualiteti në poezinë e Lasgush Poradecit" vo *Kritika letrare (Книжевна критика),* (изб. Али Алиу), Микена, Битола, 2008, стр. 131 - 148. | 4 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/ научно списание** | |
| 1 | "Femra në poezinë shqipe të decenieve të para të shek. XX", (Жената во албанската поезија во првите декади на 20-иот век), во *Studime albanologjike (Албанолошки студии),* Скопје, 2009, стр. 131- 152. | 3 |
| | **Трудови со оригинални научни / стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1 | "Letërsia si vend i esteizimit te memories intelektuale dhe kolektive", студија прочитана на Научната конференција, организирана во рамките на Третиот меѓународен научен симпозиум по албанологија организиран од страна на Државниот универзитет во Тетово, 23-27 септември 2009, објавена во збирката трудови, од Третиот меѓународен семинар по албанологија, ДТУ, 2009, стр. 147-151. | 3 |
| 2 | "Teksti letrar si ndertim intertekstual" (Книжевниот текст како интертекстуална градба), студија прочитана во научната конференција организирана во рамките на 4. Меѓународен семинар по албанологија, организиран од страна на ДТУ, 12-14 октомври 2010, објавена во збирката *Четвртиот меѓународен семинар по албанологија,* ДТУ, 2010, стр. 186-191. | 3 |
| 3 | "Dialogu letrar në veprën e Ernest Koliqit", (Книжевниот дијалог во делото на Ернест Колиќи), студија прочитана во Научната сесија, организирана во рамките на 30 Семинар по албански јазик, книжевност и култура, одржан во Приштина на 26-27 август 2011, објавена во збирката *Меѓународен семинар за албански јазик, книжевност и култура,* Универзитетот на Приштина, Филилошки факултет, Приштина, 2011, 30/2 стр. 557-570 . | 3 |
| 4 | "Quo vadis, letërsi" (postmodernia dhe pas saj), студија прочитана во Научната манифестација *Недела на науката во* Косово, организирана од Министерството за образование, наука и технологија, Приштина (16-19 мај), трудот прочитан на 17 мај 2012 и предаден за печатење. | 3 |
| 5 | "Çështja e versioneve dhe varianteve në poezinë e F. Nolit", (Прашањето на верзиите и варијантите во поезијата на Ф. Ноли), студија предадена за објавување во Зборникот на студии презентирани на Научната конференција, организирана од страна на Универзитетот „Фан Нолиг" во Корча, по повот 130-годишнината од раѓањето на Ф. Ноли, одржана на 30-31 мај 2012 во Корча. | 3 |
| 6 | "Karakteristikat e postmodernies/ postmodernizmit" (Karakteristikite na postmodernata / postmodernizmit), студија прочитана во рамките на 7-годишна научна меѓународна средба, организирана од страна на Институтот Алб-шкенца, Скопје, 29-31 август 2012, предадена за печатење. | 3 |
| | **Предавање на научен / стручен собир со меѓународно учество** | |
| 1 | „Ѓерѓ Елез Алија во албанската книжевна традицијаг, студија прочитана во Научната работилница на тема: *Црна Арапина како балканска и медитеранска фигура на меморијата,* во рамките на европскиот научноистражувачкиот проект за поетика и херменевтика | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | *Интерпретации*, одржан на 25.11.2009 год. во МАНУ. | |
| | ***Вкупно*** | **50** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание | Поени |
|---|---|---|
| | *Studime albanologjike (Албанолошки студии)*, Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, Скопје, бр. 2, 2010. | 0,5 |
| | *Vizione (Визии), Друштвото на интелектуалци „Демократски клуб" и Унијата на албанската интелигенција во Македонија, 2006, бр. 6.* | 0,5 |
| | ***Раководител на внатрешна организациона единица*** | |
| | Секретар на Катедрата за албански јазик и книжевност (Одлука бр.02-1-93/2-9 (16.10.2007) | 1 |
| | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисијата за евалуација | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис | 0,5 |
| | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | Вонреден професор (Агим Лека) | 0,4 |
| | Доцент –Исмет Османи | 0,2 |
| | Доцент-Зејнепе Алили-Рецепи | 0,2 |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| | Рецензент на книгата: Албански јазик и книжевност за 7 одделение (изборен предмет) (2006) | 0,5 |
| | Рецензент на книгата: Албански јазик и литература за 6 одделение во деветгодишно основно образование (2008) | 0,5 |
| | Рецензент на книгата: *Personazhi i gruas në veprën e Migjenit dhe Floberit (Ликот на жената во делото на Миѓени и Флобер)*, АРС, Тетово, 2012. | 0,5 |
| | Рецензент на предлог-проектот: *„Родови и паралели во македонската и албанската култура во Македонија"* (2008) | 0,5 |
| | **Координатор на студиска програма** | |
| | Координатор на студиска програма по Академско пишување | 1 |
| | **Превод на дела од македонски на албански јазик** | |
| | *Александар Македонски "Eko-seksioni"(Еко-секција)* ,ОХО, Скопје | 3 |
| | ***Вкупно*** | **9,8** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 84,77 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 50,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 0 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 9,80 |
| **Вкупно** | **144,57** |

Рецензентска комисија

1. д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.
2. д-р Нехас Сопај, редовен професор, с.р.
3. д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИК „ОРАЛНА ХИГИЕНА" ОД АВТОРИТЕ ПОПОВСКА МИРЈАНА И РАДОЈКОВА-НИКОЛОВСКА ВЕРА

| **Наслов** | Орална хигиена |
|---|---|
| **Автори** | Проф. д-р Поповска М. и ас. д-р Радојкова-Николовска В. |
| **Студиска програма** | Содржините во учебникот „Орална хигиена" се основна литература за студентите од студиската програма за доктори по дентална медицина, но исто така ќе послужат како литература за студентите од студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. |
| **Се однесува на предметната програма** | Орална хигиена |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава. |
| **Семестар** | Предметот орална хигиена на студиската програма за доктори по дентална медицина се слуша во IV семестар.<br>Предметот орална хигиена на студиската програма за стручни забни техничари се слуша во IV семестар.<br>Предметот орална хигиена на студиската програма за стручни стоматолошки сестри се слуша во IV, V и VI семестар. |
| **Фонд на часови и ЕКТС- кредити** | Предметот орална хигиена за доктори по дентална медицина е со вкупно 45 часа (15+30). Бројот на ЕКТС-кредити е 3.<br>Предметот орална хигиена за студентите од студиската програма за стручни забни техничари е со вкупно 45 часа (30+15). Бројот на ЕКТС-кредити е 4.<br>Предметот орална хигиена (I, II и III) за студентите од студиската програма за стручни стоматолошки сестри е со вкупно 17 ЕКТС-кредити. |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на учебникот одговара со наставната програма за теоретска настава на соодветните предмети на првиот циклус студии. |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | Со Одлука за одредување на рецензенти за пишување на рецензија за печатење на учебник донесена на II редовна седница на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, одржана на 14.12.2012 година. |
| **Издание** | прво издание |
| **Ревидирани сегменти од претходно издание** | нема |

| | |
|---|---|
| **Ист или случен учебник на факултетот** | На факултетот постои учебник „Орална хигиена" за стручни стоматолошки сестри, но тој е од постар датум. |
| **Општи податоци за учебникот** | Учебникот „Орална хигиена" содржи 212 страници А4-формат, со огромен број на илустрации, табели, графички и шематски прикази. |
| **Содржина** | **Поглавје 1.** Меки и тврди наслаги<br><br>**Поглавје 2.** Одржување орална хигиена<br><br>**Поглавје 3.** Хемиски средства за одржување орална хигиена<br><br>**Поглавје 4.** Одржување орална хигиена во амбулантни услови<br><br>**Поглавје 5.** Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски и протетски надоместоци и дентални импланти<br><br>**Поглавје 6.** Орална хигиена кај пациенти со посебни потреби<br><br>**Поглавје 7.** Придонес од одржување орална хигиена |
| **Предлози за корекции** | Во материјалот нема потреба од корекции во квантитетот и квалитетот на содржината, начинот на уредувањето на текстот, како и потреба од дополнување или исклучување на одделен текст. |
| **Категоризација** | Учебник |
| **Општа педагошка оцена** | Методските единици се напишани на осмислен начин и секоја методска единица претставува посебна целина која се надоврзува на претходната, така што сите заедно се вклопуваат во постојната програма за теоретска настава по предметот орална хигиена.<br><br>Авторите ја изнесуваат материјата концизно, стручно и разбирливо. Овој текст е поддржан со графички и шематски прикази, што материјалот го прави полесно разбирлив за студентот. Според тоа, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите. |
| **Заклучок** | Ракописот содржи материјал што треба да послужи како учебник за студентите на студиската |

| | |
|---|---|
| | програма за доктори по дентална медицина, како и содржини кои ќе бидат полезни за студентите од студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. По обемот и содржината, тој во целост одговара на програмата на Стоматолошкиот факултет. Стилот на пишувањето е разбирлив и лесен за усвојување од страна на студентите за кои учебникот е наменет. Во учебникот се застапени голем број илустрации, табели и шеми што придонесуваат за подобар квалитет.<br>Според тоа, задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кое ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, успешно изучување на содржината.<br>Од наведеното, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен на Стоматолошкиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", како „Орална хигиена". |

Рецензент
Проф. д-р Киро Ивановски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ „ОРАЛНА ХИГИЕНА"

ОД АВТОРИТЕ МИРЈАНА ПОПОВСКА И ВЕРА РАДОЈКОВА-НИКОЛОВСКА

Врз основа на член 19 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на УКИМ во Скопје, Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, на својата 2-ра редовна седница одржана на 14.12.2012 донесе одлука со бр. 09-1284 за формирање рецензентска комисија за пишување рецензија на учебникот „Орална хигиена", во состав:

- проф. д-р Златанка Белазелкоска
- проф. д-р Миле Царчев и
- проф. д-р Киро Ивановски

Во врска со оваа Одлука, во својство на рецензент го поднесувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот **Орална хигиена** е прв учебник од оваа област наменет за студентите по дентална медицина, изготвен од автори кои подолго време се занимаваат со оваа проблематика.
Автори на учебникот се: Мирјана Поповска и Вера Радојкова-Николовска.
Тој е наменет за следните студиски програми:

- доктори по дентална медицина
- стручни забни техничари
- стручни стоматолошки сестри.

**Покриеност на наставниот материјал**

Во учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава.

| | | |
|---|---|---|
| Орална хигиена | Доктори по дентална медицина | II година ( IV семестар) |
| Орална хигиена | Стручни забни техничари | I година ( IV семестар) |
| Орална хигиена I | Стручни стоматолошки сестри | II година ( IV семестар) |
| Орална хигиена II | Стручни стоматолошки сестри | III година (V семестар) |
| Орална хигиена III | Стручни стоматолошки сестри | III година (VI семестар) |

Фондот на часови и ЕКТС-кредити за овие предметни програми, според студиските програми, се претставени во табелата што следува:

| Студиска програма | Код | Предмет | Теоретска настава | Практична настава | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| Доктори по дентална медицина | 2112 | Орална хигиена | 15 | 30 | 3 |
| Стручни забни техничари | СЗТ2201 | Орална хигиена | 30 | 15 | 4 |
| Стручни стоматолошки сестри | ССС2107 | Орална хигиена I | 30 | 120 | 6 |
| Стручни стоматолошки сестри | ССС3105 | Орална хигиена II | 15 | 120 | 6 |
| Стручни стоматолошки сестри | ССС3109 | Орална хигиена III | 0 | 150 | 5 |

## Усогласеност со наставата

Обработената материја организирана во поглавја е, всушност, содржината на учебникот кој кореспондира со наставната програма за студентите по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студентите од Високата стручна школа, т.е. стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. Ова е прво издание и ревидирани сегменти од претходно постоен учебник нема.

Учебникот по орална хигиена за студентите по дентална медицина досега немаше. „Орална хигиена"од авторите Ана Миновска, Маја Пандилова и Ќиро Ивановски е сличен, но тој е наменет за студентите од Високата школа за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. Издаден е во 2004 година од Стоматолошкиот факултет во Скопје.

## Општи податоци за учебник

Учебникот „Орална хигиена"содржи 212 страници А4-формат. Содржи современ и модерен приод во разработка на методските единици. Целокупното градиво е распределено во 7 поглавја, по логичен редослед кој го прави едноставен и достапен до студентите. Секоја наставна единица е прегледно изложена и јасно и прецизно поставена. Секое поглавје од учебникот е збогатено со шеми, табели, слики и цртежи со што наставната материја станува лесна и разбирлива за секој студент. Всушност во учебникот во главните теми во скратен табеларен приказ е содржана сржта на секое поглавје, што претставува апсолутна новина во приказот на наставните единици. Овој најнов и современ приод во обработка на тематските содржини го олеснува совладувањето на материјата предвидена со наставната програма.

Содржината на учебникот е следна:

**Содржина**

**Поглавје 1. Меки и тврди наслаги**
Концепт на оралнохигиенска заштита
Меки орални депозити
Дентална пеликула (стекната пеликула)
Дентален биофилм
Микроорганизми во оралниот биофилм
Клинички аспекти на биофилмот
Препарати за пребојување на биофилмот
Проценка на биофилмот
Детекција на биофилмот
Значење на денталниот биофилм
Материја алба
Детритус и остатоци од храна
Тврди орални депозити
Пигментации и дисколорации
Класификација на пигментациите
Идентификација и значење на пигментациите
Постапки за отстранување на пигментациите
Забен камен
Класификација и дистрибуција на забниот камен
Формирање забен камен
Клинички карактеристики на забниот камен
Значење и превенција на забниот камен

**Поглавје 2. Одржување орална хигиена**
Основни принципи за одржување орална хигиена
Редослед во реализација на планот за орална хигиена
Поврзување на дијагнозата и планот на терапија
Поставување приоритети
Поставување цели
Вклучување на пациентот
Селектирање на оралнохигиенските интервенции
Презентација план за заштита
Евалуација(проценка) на постигнатите резултати
Цели на евалуација
Евалуација на цели фокусирани на пациентот
Фактори кои влијаат на остварување на резултатите
Оралнохигиенска прогноза и континуирана заштита
Одржување орална хигиена во домашни услови
Историски преглед на познавањата за четкиците за заби
Први(најрани) четкици за заби
Рани методи за четкање на забите
Избор на четки за заби
Делови на мануелна четка за заби
Дизајн на снопчињата и влакната на четката
Истрошеност на четката за заби

Електрични четки за заби
Инструкции за четкање на забите
Времетраење на четкањето
Честота на четкање
Јачина при четкање на забите
Методи на мануелно четкање
Општи принципи на мануелно четкање
Bass-ова техника (техника на сулкусн четкање)
Кружен метод или метод на кружни движења
Стилманов метод на четкање на забите
Модифициран Стилманов метод на четкање на забите
Чартерсов метод на четкање на забите
Циркуларен- Фонесов метод на четкање на забите
Вертикален-Леонардов метод на четкање на забите
Хоризонтален метод на четкање на забите
Физиолошки Смитов метод на четкање на забите
Последици он неправилно четкање
Повреди на околните ткива
Одржување на четката за заби
Контаминација на четката за заби
Грижа за четката за заби
Грижа за интерденталните простори
Типови интердентални простори
Типови интердентални простори и дополнителни средства за одржување орална хигиена
- дентални конци
-држачи за дентален конец
- дентални траки или ленти
- дрвени клинови
-интердентални четкички и врвови
чистачи на јазик
Интердентални дополнителни електрични средства за лична орална хигиена
- флосери електрични средства за чистење со вградени дентални конци
- електрични интердентални четкички и врвови
- дентални водени млазници(апарат за дентален воден млаз)
- електричен чистач за јазик

**Поглавје 3 Хемиски средства за одржување орална хигиена**
Избор на пасти за заби
Состав на пасите за заби
Абразиви
Хуметканти
Вода

Конзерванси
Врзувачки средства(згуснувачи)
Детергенти(сапуни или сурфактанти)
Ароматични средства и засладувачи
Ароматични средства и обојувачи
Превентивни и несакани ефекти од пастите за заби
Водички за испирање на устата
Терапевтски препарати
Орална иригација
Корисни ефекти од иригацијата
Локална примена на антибиотици
Видови препарати за локална апликација

**Поглавје 4. Одржување орална хигиена во амбулантски услови**

Позиционирање на стоматологот за правилно работење
Механичко отстранување дентални депозити
Ултразвучни инструменти
Мануелни и автоматски адаптирани единици
Магнеострикативна единица
Пиезоелектрична единица
Сонични инструменти
Техника за примена на машинските инструменти
Отстранување пигментации
Полирање со гумичка
Несакани ефекти врз забите
Несакани ефекти врз реставрациите
Несакани ефекти врз меките ткива
Несакани ефекти врз околината
Контраиндикации и претпазливост при полирање со гумичка
Воздушно полирање
Отстранување забен камен
Белење на забите

**Поглавје 5. Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски и протетски надоместоци и дентални импланти**

Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски аномалии
Фактори на ризик
Контрола на оралниот биофилм кај ортодонтски надоместоци
Четкање на забите кај пациенти со ортодонтски надоместоци
Интердентално четкање
Дополнителни средства за контрола на плакот
Флуоридна терапија
Совети за исхрана
Честота на професионална оралнохигиенска грижа на одржување
Оралнохигиенски препораки за пациентите со фиксни ортодонтски надоместоци

Оралнохигиенска грижа кај пациенти со ортодонтски надоместоци по хируршки третман
Орална хигиена кај пациенти со протетски надоместоци
Одржување орална хигиена кај пациенти со фиксни надоместоци
Одржување орална хигиена кај пациенти со мобилни парцијални протези
Одржување орална хигиена кај пациенти со тотални протези
Абразивни средства за четкање
Орална хигиена кај пациенти со дентални импланти
Дијагноза и планирање
Самостојна орална грижа на пациентот
Средства кои се препорачуваат за хигиена на денталните импланти
Средства за визуализирање дентален плак
Четки за заби
Меѓупросторни четкички со еден сноп –конусни или рамни
Електрични четки за заби
Пластична интердентална четкичка конусна или цилиндрична обложена со најлон
Гумен врв
Паста за заби
Дентални конци и дентални траки
Орална иригација
Антимикробни средства
Одржување орална хигиена кај акутни пародонтални состојби
Орално хигиенски препораки при улцеронекрозен гингивитис и улцеронекрозна пародонтопатија
Грижа за пациентите во акутната фаза
Орално хигиенски препораки при пародонтален апсцес

**Поглавје 6. Орална хигиена кај пациенти со посебни потреби**
Орално хигиенска заштита
Лица со недостатоци(хендикеп)
Орални помагала за самостојна грижа
Приспособување на орално хигиенските средства
Лица со невролошки и сензорни нарушувања
Општи аспекти на орално хигиенската заштита
Посебни аспекти на орално хигиенската заштита
Инструкции за одржување на орална хигиена
Оралнохигиенски аспекти кај дисфункции на моторниот систем
Оралнохигиенски аспекти кај периферни невропатии
Оралнохигиенски аспекти кај дисфункција на 'рбетниот мозок
Оралнохигиенски аспекти кај напади
Оралнохигиенски аспекти кај нарушување на повисоките кортикални функции
Оралнохигиенски аспекти кај цереброваскуларни заболувања
Оралнохигиенски аспекти кај сензорни (сетилни) нарушувања
Оралнохигиенски аспекти кај нарушувања на слухот
Оралнохигиенски аспекти кај нарушувања на видот

Оралнохигиенски аспекти кај лица со когнитивни пречки и прекини во развојот
Оралнохигиенски аспекти кај лица со малигни заболувања
Оралнохигиенски аспекти кај лица со ХИВ инфекција
Оралнохигиенски аспекти кај лица со кардиоваскуларни заболувања
Оралнохигиенски аспекти кај пациенти со diabetes melitus

**Поглавје 7. Придонес од одржување орална хигиена**

Евалуација
Маркетинг во стоматологијата и оралната хигиена
Интердисциплинарна соработка
Задоволство на пациентот
Одржување на оралното здравје-продолжена оралнохигиенска заштита
Цели на програмата за одржување
Интервали на посетите
Постапки во процесот на одржување
Проценка на состојбата
План за одржување
Критериуми за упатување за време на одржувањето
Повторување на пародонталното заболување

Квантитетот и квалитетот на содржината и начинот на уредување на текстот се темелни и прецизни и нема потреба од корекции ниту дополнување или исклучување на одделни сегменти од текстот.

Бидејќи ракописот целосно го опфаќа наставниот материјал согласно со студиските програми за дентална медицина, овој ракопис се категоризира во учебник за студентите по дентална медицина. Со оглед на тоа дека одредени поглавја се совпаѓаат со дел од материјата предвидена за студиската програма за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри, оваа литература ја препорачувам како дополнение на основниот учебник по предметот орална хигиена.

Во учебникот систематизираните 7 поглавја претставуваат посебни целини, кои се надоврзуваат една на друга, а сите заедно ја заокружуваат и во целост ја опфаќаат постојната програма за теоретска настава по предметот орална хигиена. Методските единици се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, графички и шематски прикази. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на материјата надополнето со богатата илустрација го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за осознавање на значењето на оралната хигиена како интегрален дел од современата стоматологија. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите.

Овој учебник на македонски јазик не само што ќе биде од сериозна помош за студентите, тој ќе најде и своја примена кај веќе дипломираните стоматолози, како вредно помагало и потсетник во ординациите. Исто така, овој учебник можат да го кристат и студентите по медицина, со цел да ги надополнат своите знаења од обласна на превентива на оралниот кавитет, но е наменет и за сите заинтересирани

кои сакаат правилно да ги совладаат техниките за четкање, давајќи свој придонес во оралното здравје.

**Заклучок**

Ракописот содржи материјал кој по обемот и содржината во целост одговара на наставната програма по предметот орална хигиена на Стоматолошкиот факултет. Тој треба да послужи како учебник за студентите на студиската програма за доктори по дентална медицина, како и за студентите на студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Адаптираноста на стилот на пишување со јасност и прецизност, како и надополнувањето со бројни илустрации, табели и шеми го прават овој учебник соодветен и лесен за совладување.
Заради сето ова, чест и задоволство е да се биде рецензент на ваков учебник, кој ќе им овозможи на студентите и на сите оние на кои им претставува поле на интерес, нов поглед и полесен и интересен начин на изучување на главните постулати на оралната хигиена.
Од сето горе наведено, мојот заклучок е дека овој учебник заслужува да биде позитивно рецензиран и затоа предлагам да биде објавен и отпечатен како учебник по предметот орална хигиена на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје од авторите проф. д-р Мирјана Поповска и ас. д-р Вера Радојкова-Николовска.

Рецензент

Проф. д-р Златанка Белазелкоска с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИКОТ ,,ОРАЛНА ХИГИЕНА" ОД АВТОРИТЕ МИРЈАНА ПОПОВСКА И ВЕРА РАДОЈКОВА-НИКОЛОВСКА

| | |
|---|---|
| **Наслов** | **Орална хигиена** |
| **Автори** | Мирјана Поповска и Вера Радојкова-Николовска |
| **Студиска програма** | Содржините се наменети како основна литература за студентите кои ја слушаат наставата по студиската програма за доктори по дентална медицина, но може да послужи и како дополнителна литература за студиската програма за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри. |
| **Се однесува на предметната програма** | Орална хигиена |
| **Покриеност на наставниот материјал** | Со учебникот се опфатени сите предвидени наставни содржини за теоретска настава. |
| **Семестар** | -Доктори по дентална медицина, II година (IV семестар)<br>-Стручни забни техничари, I година (IV семестар)<br>-Стручни стоматолошки сестри, II година (IV семестар),<br>-Стручни стоматолошки сестри, III година (V семестар) и<br>-Стручни стоматолошки сестри, III година (VI семестар) |
| **Фонд на часови и ЕКТС** | Орална хигиена за доктори по дентална медицина се слуша со фонд на часови 15+30, со 3ЕКТС-кредити, орална хигиена за стручни забни техничари 30+15, со 4 ЕКТС-кредити, орална хигиена за стручни стоматолошки сестри 30+120, 15+120, 0+150 со 17 ЕКТС-кредити. |
| **Усогласеност со наставата** | Содржината на учебникот е соодветна на наставните програми на студиите за дентална медицина и Високата школа за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри |
| **Време и акт на назначување на рецензентите** | Со Одлука бр. 09-1284 за определување рецензенти за учебникот „Орална хигиена" на 2 редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 14.12.2012 |
| **Издание** | Прво |
| **Ревидирани сегменти од претходно издание** | Нема |
| **Исто или** | Нема за студиската програма за доктори на дентална |

| | |
|---|---|
| **слично издание на факултетот** | медицина |
| **Општи податоци за учебникот** | Учебник „Орална хигиена”, А4-формат, 212 страници. Во сите поглавја вкупниот број слики надминува 80, шеми 3 и 33 табели со сликовити илустрации. |
| **Содржина** | Поглавје 1. Меки и тврди наслаги<br>Поглавје 2. Одржување орална хигиена<br>Поглавје 3. Хемиски средства за одржување орална хигиена<br>Поглавје 4. Одржување орална хигиена во амбулантски услови<br>Поглавје 5. Одржување орална хигиена кај пациенти со ортодонтски и протетски надоместоци и дентални импланти<br>Поглавје 6. Орална хигиена кај пациенти со посебни потреби<br>Поглавје 7. Придонес од одржување орална хигиена |
| **Предлози и корекции** | Во материјалот нема потреба од корекции во содржината. Исто така не е потребно да се интервенира во смисла на исклучување или вклучување на одредени содржини во конципираната материја. |
| **Категоризација** | Учебник |
| **Општа педагошка оцена** | Методските единици се напишани на осмислен начин, надополнети со прецизни, јасни, графички и шематски прикази што ја дообјаснува обработената материја. Сублимираното, стручно и разбирливо презентирање на наставните единици, кои се богато илустрирани, го прави материјалот лесно достапен за студентот, со можност за осознавање на значењето на оралната хигиена како интегрален дел од современата превентивна стоматологија. Заради сето ова, општата педагошка оцена за овој учебник е дека наполно соодветствува за едукација на студентите од сите посочени студиски програми за додипломска настава. |
| **Заклучок** | Ракописот содржи материјал кој по обем и содржина во целост одговара на наставната програма по предметот орална хигиена на студиската програма за дентална медицина при Стоматолошкиот факултет. Обработената материја може да биде солидно дополнување како теоретски така и практично и за студентите на студиските програми за стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Стилот е јасен, јазикот разбирлив, што ја обликува материјата во една целина која е едноставна за усвојување.<br>Според тоа, со задоволство го рецензирав учебникот кој ветува успешно и едноставно изучување на предложената материја на студентите, но исто така ќе им овозможи проширување на знаењата на сите оние кои ќе покажат интерес за оваа проблематика. |

| | |
|---|---|
| | Од сето погоре изложено, ракописот позитивно го рецензирам и предлагам да биде објавен како учебник „Орална хигиена" на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј "во Скопје. |

Рецензент

Проф. д-р Миле Царчев с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД НА ИСЛАМСКИТЕ ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПФАТЕНИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ШИНАЗИ МЕМЕДИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Комисијата за оценување на докторската дисертација „Историски преглед на исламските верски објекти во Република Македонија опфатени со Законот за заштита на културно наследство", именувана на седницата на Научниот совет на ИНИ од 18. 1. 2013 година, во состав: проф. д-р Катерина Тодороска, проф. д-р Љубица Јанчева, проф. д-р Катерина Мирчевска, проф. д-р Асан Џило и проф. д-р Ахмет Шериф, по разгледувањето на докторскиот труд на кандидатот м-р Шинази Мемеди, има чест на Научниот совет при Институтот за национална историја да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд „Историски преглед на исламските верски објекти во Република Македонија опфатени со Законот за заштита на културно наследство" започнува со стандардните предговор (7-8) и вовед (9-13).

Потоа продолжува со првата глава „Општествените и политичките прилики во република македонија 1991-2011 година", при што авторот, покрај општиот преглед, говори за демографските показатели од аспект на религиите, за состојбата со почитувањето на верските слободи согласно со законската регулатива и политики, како и за законските одредби во врска со ограничувањето на слободата на вероисповед.

Втората глава од трудот се однесува на меѓународната регулатива за заштита на културното наследство. При тоа, разгледувајќи ја меѓународната правна заштита истакнува дека основни документи според кои таа се раководи се

Конвенцијата за заштита на културното наследство во вооружен конфликт (1954), Европската конвенција за заштита на археолошкото наследство (1969), Конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство (1972) и Европската конвенција за престапите што се однесуваат на културните добра (1985). За секој од овие документи, кандидатот, преку соодветна литература и практични примери, покажува зошто тие ја претставуваат базата на меѓународната регулатива за заштита на културното наследство. Оваа глава завршува со прегледот на прегпораките на УНЕСКО за заштита на културното наследство.

Во третата глава насловена „Легислативата во Република Македонија во однос на заштитата на културното наследство" се разработуваат законските прописи за заштитата на културното наследство, а најголемо внимание е обрнато на носечкиот Закон за заштитата на културното наследство донесен во 2004 година. При тоа, детално се обработуваат членови од Законот кои директно се однесуваат на зададената тема на докторскиот труд.

Во четвртата глава се разработува историјатот на исламските верски објекти заштитени со легислативата во Република Македонија од периодот кога исламот ги бележи своите почетоци на овие простори. Покрај тоа, кандидатот ги пренесува и основните карактеристики на исламската архитектура во Република Македонија, за потоа детално да се посвети на обработување на џамиите, како најзначајни верски објекти на исламската вероисповед. Во нивното презентирање, м-р Мемеди започнува со објектите во Скопје, па продолжува во Тетово, Дебар, Охрид, Битола, Прилеп, Штип, Радање, Велес и Куманово. Во истата глава се разработени и теќињата во Скопје, Тетово, Дебар, Охрид и Струга.

Петтата глава од овој докторски труд се однесува на истражувањето на кривичните дела против културното наследство. Во врска со ова, кандидатот ги пренесува методиката на истражувањето, кривичните дела казниви согласно со КЗ на РМ, планирање и изведување на истражни постапки итн. Сепак, во функција на задржувањето на културното наследство во државата, м-р Мемеди се осврнал и на потребата од превенирање на кривичните дела и нивно сузбивање пред вредните артефакти да се отуѓат.

Докторскиот труд завршува со заклучните мисли на докторандот, односно обработуваниот материјал, а презентира и користена литература.

Комисијата, по разгледувањето на текстот, констатира дека кандидатот м-р Шинази Мемеди во целост одговорил на поставените прашања поставени пред и во текот на обработката на трудот. Покрај неговата научна експликација, во однос на сознанијата кои ги добил од бројните интервјуа што ги извршил со лица вработени во исламските верски објекти, како и со верници, тој прави издржана анализа на бројната литература што ја користел. Напати се случува да соочува сознанија на други научни работници од соодветната област со сопствени сознанија од теренот. Општ заклучок е дека докторандот одговорил на поставената задача.

Врз основа на погоре напишаното, Комисијата има чест на Советот на ИНИ да му предложи да го прифати рефератот за докторскиот труд „Историски преглед на исламските верски објекти во Република Македонија опфатени со Законот за заштита на културно наследство" од кандидатот м-р Шинази Мемеди и да допушти негова јавна одбрана..

Скопје, 21. 1. 2013 год.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Катерина Тодороска с.р.

Проф. д-р Љубица Јанчева с.р.

Проф. д-р Катерина Мирчевска с.р.

Проф. д-р Асан Цило с.р.

Проф. д-р Ахмет Шериф с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЗАВАРУВАЊЕ И ЗАВАРЕНИ КОНСТРУКЦИИ НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје бр.02-3305/2 од 27.12.2012 година, одредени сме за рецензенти за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје.

На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник" на 4.12.2012 година и исправка на конкурсот на 7.12.2012 година, се пријави кандидатот д-р Димитри Козинаков, дипл.маш.инж., вонреден професор, вработен на Машинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Врз основа на доставените податоци за кандидатот, неговата досегашна професионална ангажираност, списокот на трудовите и другата документација, како и личното познавање на кандидатот го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

1. **Биографски податоци**

Кандидатот Димитри Козинаков е роден на 18.VII 1957 година во Прага, Р.Чешка, каде што ги завршил првите две одделенија од основното образование. Во 1965 година со семејството се доселил во Скопје, каде што го продолжил и завршил основното образование. Средното образование го завршил во ЕМУЦ „Никола Тесла" во Скопје, а на Машинскиот факултет во Скопје дипломирал во 1982 година. Во втората година од студиите бил демонстратор на Катедрата за нацртна геометрија и техничко цртање. По завршувањето на студиите ја регулирал воената обврска.

Во 1984 година се вработил во Металски завод –„Тито" во Скопје, РО ФОП, како конструктор во Техничкиот институт и работел на развојот на нови производи, каде што се стекнал со работно искуство од 2,5 години. Во август 1986 година се вработил во Бирото за развој на нови производи при РО ФАМ економска единица CNC-машини (Металски завод „Тито"), каде што работел на разработката на документацијата и на усвојување на програмата за алатни машини по лиценца на фирмата „Yamazaki" од Јапонија.

Од октомври 1987 година е вработен на Машинскиот факултет во Скопје како помлад асистент при Институтот за заварување и заварени конструкции.

По завршувањето на постдипломските студии, во април 1994 година ја одбрани магистерската работа под наслов „Прилог кон истражувањата на спојки за просторни решеткести системи", со што се стекна со звањето магистер на машински науки. Во јуни 1994 година е избран во звањето асистент при Институтот за заварување и заварени конструкции. Во септември 1997 и октомври 2000 година е реизбран во звањето асистент при Институтот за заварување и заварени конструкции.

Во јуни 2003 година, кандидатот ја одбрани докторската дисертација под наслов „Стабилитетни проблеми кај алуминиумските решеткести носечки конструкции-корелација помеѓу теоретските пресметки, лабораториските испитувања на елементите и испитувањата на реален модел", и се стекна со научен степен-доктор на технички науки.

Во ноември 2003 година е избран во наставно-научното звање доцент во научната област заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје.

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет бр.02-812/5 од 22.5.2008 година, кандидатот Димитри Козинаков е избран во наставно-научното звање вонреден професор во научната област заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје.

**2. Наставно-образовна и друга дејност на кандидатот**

Кандидатот д-р Димитри Козинаков, во периодот од неговиот избор во звањето вонреден професор на Машинскиот факултет во Скопје, активно е ангажиран во организирањето и одржувањето на наставата и вежбите по повеќе предмети што ги покрива Институтот за заварување и заварени конструкции:

На додипломските студии (прв циклус на студии):

- машински материјали
- технологии и испитување на материјали
- материјали и техники на спојување
- инженерски материјали
- проектирање и изведба на метални конструкции
- моделски испитувања на метални конструкции
- компјутерско моделирање на метални конструкции
- експериментално испитување на конструкции
- дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции
- регулативи, прописи и стандарди за метални конструкции
- моделирање на метални конструкции
- практика
- применета индустриска дефектоскопија
- испитување на заварени врски и конструкции
- машински материјали 1
- материјали, технологии и испитување

На постдипломските студии (втор циклус на студии):

- одбрани поглавија од инженерски материјали
- одбрани поглавија од експериментални испитувања
- експериментални методи и обработка на податоци
- контрола и испитување на заварени врски и конструкции
- компјутеризација, оптимирање и мрежно планирање при изведбата на металните конструкции
- материјали и компоненти за работа во екстремни услови
- изведба на заварени носечки метални конструкции

Покрај активностите поврзани со наставата, кандидатот бил ментор на еден докторанд, член во комисија за оцена и одбрана на еден докторат, член или ментор во комисии за одбрана на магистерски работи, ментор на шест студенти запишани на втор циклус студии и учество како член или ментор во повеќе комисии за одбрана на дипломски работи.

Кандидатот е член во Друштвото на градежните конструктори на Република Македонија.

Во периодот 2004-2008 бил раководител во Институтот за заварување и заварени конструкции при Машинскиот факултет во Скопје. Бил раководител на Катедрата за метални конструкции, Катедрата за дефектоскопија и металографија, а во моментов е раководител на Лабораторијата за инженерски материјали.

### 3. Научна, стручна и апликативна дејност на кандидатот

Во периодот од неговиот избор во звањето вонреден професор во 2008 година, кандидатот д-р Димитри Козинаков активно учествуваше во изработката на поголем број научни, стручни и апликативни трудови, експертизи, вештачења и проекти од областа на испитувањето на материјалите, металните конструкции, испитувањето на заварени конструкции и слично.

Во периодот од неговото вработување во 1987 година па до денес, со работен стаж од 26 години на Машинскиот факултет, кандидатот има реализирано над 270 референци.

Во Анекс 2 е дадена листата на трудови по хронолошки редослед почнувајќи од 2008 година до денес. Во овој период, кандидатот има учествувано самостојно или како член во стручни тимови при изработката на повеќе од деведесет трудови.

### 4. Краток осврт на научно истражувачката, и стручно-апликативната дејност на кандидатот

Врз основа на прегледот на листата на трудови во кои кандидатот активно учествувал, самостојно како раководител или како член во стручни тимови, направен е преглед со краток осврт на трудовите.

Кандидатот бил ментор на еден докторанд, ментор на шест студенти на втор циклус студии, а како член во комисија за одбрана бил застапен во една докторска дисертација и повеќе магистерски теми.

Трудот бр.3 е развојно-истражувачки проект финансиран од Министерството за образование и наука, во кој е разработен развојот на континуиран систем за селективно дозирање на цврсти предмети. Во трудот бр.4 е изработен математички модел на заостанати напони во напречниот пресек на челични цевки изработени со надолжно заварување. Трудот под бр.5 ги прикажува резултатите од експериментални истражувања на заостанати напони во реални модели на челични цевки со различни дијаметри. Во трудот бр.6 е прикажана математичка анализа за подобрување на одѕивот на повеќекатни челични структури со помош на придушување со повеќе маси. Трудот под бр.8 ги презентира резултатите од лабораториски испитувања за одредување на класата на стисливост на спирални цевки од полиетилен и споредба со компјутерски воспоставен модел.

Трудовите бр. 5, 13, 15, 18, 20, 25, 31, 35, 46, 48, 58, 59, 63, 64, 66, 68, 85 и 86 се стручни трудови во кои се застапени лабораториски испитувања спроведени во лабораторијата за инженерски материјали на Машинскиот факултет во Скопје, при што кандидатот се јавува како добар познавач на методите за испитување на материјалите, полуфабрикатите и производите.

Од областа на испитувања за утврдување на состојбата на челични конструкции преку експертизи, кандидатот учествувал во повеќе тимови како член или како раководител на работите. Трудовите со бр. 2, 6, 9, 17, 24, 26, 28, 32, 37, 40, 43, 44, 45, 47, 52, 53, 78 до 81 и 83 се однесуваат на оваа проблематика.

Исто така, кандидатот учествувал во изготвување на вешти наоди како што се трудовите под реден број 11, 50 и 51.

Од областа на проектирањето на метални конструкции, кандидатот има проектирано повеќе метални конструкции (трудовите под број 7, 12, 19, 29, 33, 38, 42 и 54), од кои како позначајни можат да се издвојат: проектот под број 19 Главен проект: „Алуминиумска носечка конструкција на скали и топка со платформа за сценографија „Бал под маски" во Македонска опера и балет", Скопје, март 2009 година, со која премиерно се отворени Мајските оперски вечери во 2009 година, и проектот под број 29 „Статичка анализа на антенски столб со висина од 30,5 m за „Cosmosite", базна станица за потребите на Интраком дооел, Скопје", Скопје, јануари 2010, каде што е

извршена комплетна контролна анализа на постоен столб со цел докажување на неговата носивост.

Кандидатот исто така е активен и во областа на дефектоскопските испитувања, што е наведено во трудовите под реден број: 3, 27, 60, 61, и 67.

Трудот со реден број 84 претставува стручен превод од англиски на македонски јазик на вкупно 115 страници стандарди, изработен за потребите на Комората на овластени архитекти и инженери на РМ.

За потребите на стопанството кандидатот има учествувано во повеќе контролни и калибрациони мерења на опрема за мерење на стисливост на тло, преси и други уреди, што е наведено во трудовите под број: 8, 10, 14, 16, 22, 23, 30, 34, 36, 41, 49, 55, 56, 57, 62, 65 и од 69 до 73.

Ревизии на проекти се трудовите со реден број: 4, 39, 74 до 77 и 82, каде што трудовите од 74 до 77 и 82 се ревизии на проекти за антенски стобови за потребите на Македонската радиодифузија. Во улога на вршење на надзор, кандидатот ги извршил работите наведени во трудовите бр. 21, 52 и 53. Во трудот бр.21 кандидатот вршел надзор при санација и реконструкција на палетни регални складишта изработени од челична носечка конструкција. Во трудовите бр.52 и 53, кандидатот вршел надзор на заварувачки работи за потребите на индустрискиот комплекс „Џонсон Мети" во индустриската зона Бунарџик.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Земајќи го како основа гореизложеното, личното познавање на кандидатот, континуитетот од над дваесет и шест години работа во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност на Машинскиот факултет во Скопје, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот во периодот од изборот во звањето вонреден професор (2008 год.) покажува континуиран стручен и научен напредок во научната област заварување и заварени конструкции. За истакнување е неговиот коректен однос кон студентите и колегите, како и настојувањата и вложениот труд за постојано усовршување и унапредување на наставната и друга дејност на Факултетот.

Оценувајќи ја позитивно целокупната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативната дејност на кандидатот, како и остварените поени дадени во Анекс 2, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да утврди предлог-одлука за избор на вонр. проф. д-р Димитри Козинаков, дипл.маш.инж., во наставно-научното звање редовен професор во научната област заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во Скопје.

Истовремено му предлагаме на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го избере кандидатот д-р Димитри Козинаков за наставник во научната област заварување и заварени конструкции во звањето редовен професор.

Скопје, 28.1.2013

**Рецензентска комисија,**

1. Проф. д-р Јован Гочев, Машински факултет –Скопје с.р.
2. Проф. д-р Добре Рунчев, Машински факултет –Скопје с.р.
3. Проф. д-р Зоран Богатиноски, Машински факултет –Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Димитри (Динко) Козинаков

**Институција:** Машински факултет - Скопје

**Научна област:** заварување и заварени конструкции

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **НАСТАВА (прв циклус на студии)** | **66,6** |
| | **2007/2008** | |
| 1. | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| 2. | Материјали и техники на спојување, 1 час (зимски) | 0,6 |
| 3. | Компјутерско конструирање и изведба на м.к., 2 часа (зимски) | 1,2 |
| 4. | Интердисциплинарен проект, 1 час (зимски) | 0,6 |
| 5. | Инженерски материјали, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 6. | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 7. | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 8. | Експериментални испитувања на конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| | **2008/2009** | |
| 1. | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| 2. | Технологии и испитување на материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| 3. | Материјали и техники на спојување, 1 час (зимски) | 0,6 |
| 4. | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| 5. | Инженерски материјали, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 6. | Практика II, 4 часа (летен) | 2,4 |
| 7. | Практика VI, 4 часа (летен) | 2,4 |
| 8. | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 9. | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 10. | Моделски испитувања на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| 11. | Проектирање и изведба на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **2009/2010** | |
| **1.** | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **2.** | Материјали и техники на спојување, 1 час (зимски) | 0,6 |
| **3.** | Регулативи, прописи и стандарди за мк, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **4.** | Нумеричко моделирање на звк, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **5.** | Инженерски материјали, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **6.** | Практика VI, 4 часа (летен) | 2,4 |
| **7.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **8.** | Експериментални испитувања на конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| | **2010/2011** | |
| **1.** | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **2.** | Материјали и техники на спојување, 1 час (зимски) | 0,6 |
| **3.** | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **4.** | Применета индустриска дефектоскопија, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **5.** | Инженерски материјали, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **6.** | Проекирање и изведба на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **7.** | Испитување на заварени врски и конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **8.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **9.** | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| | **2011/2012** | |
| **1.** | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **2.** | Технологии и испитување на материјали, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **3.** | Применета индустриска дефектоскопија, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **4.** | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **5.** | Регулативи, прописи и стандарди за метални конструкции, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **6.** | Инженерски материјали, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **7.** | Проекирање и изведба на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **8.** | Испитување на заварени врски и конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **9.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **10.** | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **11.** | Моделски испитувања на метални конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **12.** | Експериментални испитувања на конструкции, 2 часа (летен) | 1,2 |
| **13.** | Практика, 4 часа (летен) | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | **2012/2013** | |
| **1.** | Машински материјали 1, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **2.** | Материјали технологии и испитување, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **3.** | Применета индустриска дефектоскопија, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **4.** | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции, 2 часа (зимски) | 1,2 |
| **5.** | Регулативи, прописи и стандарди за метални конструкции, 2 часа (зимски) | 1,2 |

| | | |
|---|---|---|
| | **ВЕЖБИ (прв циклус на студии)** | **27,0** |
| | **2007/2008** | |
| **1.** | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **2.** | Материјали и техники на спојување, 1 час (зимски) | 0,45 |
| **3.** | Компјутерско конструирање и изведба на м.к. 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **4.** | Интердисциплинарен проект, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **5.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **6.** | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **7.** | Експериментални испитувања на конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| | **2008/2009** | |
| **1.** | Машински материјали, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **2.** | Технологии и испитување на материјали, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **3.** | Материјали и техники на спојување, 1 час (зимски) | 0,45 |
| **4.** | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **5.** | Инженерски материјали, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **6.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **7.** | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **8.** | Моделски испитувања на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **9.** | Проектирање и изведба на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| | **2009/2010** | |
| **1.** | Регулативи, прописи и стандарди за мк, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **2.** | Нумеричко моделирање на звк, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **3.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **4.** | Експериментални испитувања на конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| | **2010/2011** | |
| **1.** | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| **2.** | Применета индустриска дефектоскопија, 4 часа (зимски) | 1,8 |
| **3.** | Проекирање и изведба на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **4.** | Компјутерско моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| **5.** | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |

| | 2011/2012 | |
|---|---|---|
| 1. | Дизајнирање и нумеричко моделирање на конструкции, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| 2. | Регулативи, прописи и стандарди за метални конструкции, 2 часа (зимски) | 0,9 |
| 3. | Моделирање на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| 4. | Моделски испитувања на метални конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |
| 5. | Експериментални испитувања на конструкции, 2 часа (летен) | 0,9 |

| | **КОНСУЛТАЦИЈА СО СТУДЕНТИ** | **3,694** |
|---|---|---|
| 1. | Консултација со студенти, 2007-2008 (198 студенти) | 0,396 |
| 2. | Консултација со студенти, 2008-2009 (274+125 студенти) | 0,798 |
| 3. | Консултација со студенти, 2009-2010 ( 205+64 студенти) | 0,538 |
| 4. | Консултација со студенти, 2010-2011 ( 332+112 студенти) | 0,888 |
| 5. | Консултација со студенти, 2011-2012 (284 + 64 студенти) | 0,696 |
| 6. | Консултација со студенти, 2012-2013 (189 студенти) | 0,378 |

| | **ДИПЛОМСКИ И МАГИСТЕРСКИ РАБОТИ** | **9,2** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на дипломска работа (23 студенти) | 4,6 |
| 2. | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа (26 студ.) | 2,6 |
| 3. | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура (5 канд.) | 1,5 |
| 4. | Член на комисија за оцена и одбрана на докторат (1 канд.) | 0,5 |

| | **НАСТАВА (Втор циклус на студии)** | **6,0** |
|---|---|---|
| 1. | Одбрани поглавја од инженерски материјали (менторски) -2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12 | 3 |
| 2. | Одбрани поглавја од експериментални испитувања (менторски), 2008/09 | 0,75 |
| 3. | Експериментални методи и обработка на податоци (менторски), 2009/2010 | 0,75 |
| 4. | Контрола и испитување на заварени врски и конструкции (менторски), 2009/2010 | 0,75 |
| 5. | Компјутеризација, оптимирање и мрежно планирање при изведбата на металните конструкции (менторски), 2009/2010 | 0,75 |

| | **ПОДГОТОВКА НА МАТЕРИЈАЛ ЗА НАСТАВА** | **6,0** |
|---|---|---|
| 1. | Интерна скрипта по материјали и техники на спојување (делот од Материјали), 4/2=2 поени | 2 |
| 2. | Интерна скрипта по материјали технологии и испитување | 4 |

| | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **6,0** |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на Институтот за заварување и заварени конструкции | 3 |
| 2. | Раководител на Катедрата за дефектоскопија и металографија | 3 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на докторска дисертација 1 | 3 |
| 2. | Ментор на магистерска работа 6 | 6 |
| 3. | В.Стојковски, Д.Козинаков, Ј.Чалоска: *Конструктивен развој и воспоставување на континуиран систем за транспорт и селективно дозирање на цврсти предмети*, развојно-истражувачки проект, финансиран од Министерството за образование и наука на Р.Македонија. Машински факултет, октомври 2008. | 2,4 |
| 4. | M.Mjaku, D.Kozinakov, F.Krasniqi, D.Elezi: *Mathematical Model and Statistical Analysis of the Residual Stresses in the Cross Section Area of Steel Quality Pipes J55 API 5CT*, 7th Research/Expert Conference with International Participation „QUALITY 2011“, Neum, Bosnia and Herzegovina, June 01-04, 2011. | 1,8 |
| 5. | D.Kozinakov, M.Mjaku, F.Zdraveski: "*Investigation of residual stresses in high frequency longitudinal welded pipes*", Virtual International Conference on Advanced Research in Scientific Fields, Slovakia ARSA-2012. | 2,4 |
| 6. | F.Zdraveski, I. Mickoski, D. Kozinakov, "*Improving the response of multi story moment resisting frame-MRF with multiple tuned mass dampers-MTMD*", DEMI 2013, 11th International Conference on Accomplishments in Electrical and Mechanical Engineering and Information Technology, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina. | 2,4 |
| 7. | F.Zdraveski, I. Mickoski, D. Kozinakov, "*Exploring the performance of multiple tuned mass dampers-MTMD in multi story buildings*", 84-th Annual Scientific Conference in Novi Sad, Serbia, 2013. | 2,4 |
| 8. | D.Kozinakov, F.Zdraveski: "*Determination of stiffness class of spiral pipes via test method and comparison with computer model results*", DEMI 2013, 11th International Conference on Accomplishments in Electrical and Mechanical Engineering and Information Technology, Banja Luka, Bosnia and Herzegovina. | 2,7 |
| | **Вкупно** | **23,1** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Раководител на лабораторија за инженерски материјали | 1 |
| 2. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Испитување на состојбата на челичните решетки од покривната конструкција на кранска хала во нов и стар погон во однос на носечката способност и дотраеност*, технички извештај бр. 160-07, работено за Титан АД Усје- Скопје, февруари 2008. | 1 |
| 3. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Испитувања без разрушување за утврдување на состојбата на погонски запчаник од млин во рудник ТОРАНИЦА* - Крива Паланка, технички извештај бр. 610-4-08, Скопје, март 2008 г. | 1 |
| 4. | Д.Козинаков: Ревизија на Проекти: *Наткриена настрешница – Мала и Наткриена настрешница – Голема*, за објект во с.Визбегово, о.Бутел, технички извештај бр.633-4-08, Скопје, април 2008 г. | 1 |
| 5. | Д.Козинаков: *Анализа, испитување и стручно мислење за анкери Ø24 и Ø27 за потребите на "Сименс"- подружница – Скопје*, технички извештај бр. 1549-08, Скопје, мај 2008. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Д.Козинаков: *Суперконтрола на заварена челична конструкција за сообраќајна сигнализација за потребите на Компоелемент-ДИС ДООЕЛ Скопје*, технички извештај бр.1949/08, Скопје, јуни 2008. | 1 |
| 7. | Д.Козинаков: *Проектна документација за портална челична носечка конструкција за сообраќајна сигнализација* за потребите на "СЕМАФОР" ДОО Скопје, јуни 2008. | 1 |
| 8. | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила од производителот CONTROLS ITALY* за потребите на „ГЕИНГ" технички извештај , Скопје, јуни 2008. | 1 |
| 9. | Д.Козинаков: *Анализа за утврдување на состојбата на палетни магацински Drive In регали за потребите на „ФРУКТАЛ-МАК"А.Д. с.Моране*, Скопје, технички извештај бр.1605/08, јуни 2008. | 1 |
| 10. | В.Стојковски, Д.Козинаков: *Контрола на хидраулична преса за испитување на модул на стисливост на тло со замена на показен инструмент бр.1054*, Технички извештај, работено за ГД ГРАНИТ А.Д. - Скопје, за објект аеродром Приштина, Скопје, август 2008. | 1 |
| 11. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Вештачење по предмет КИ.бр.78/07* за потребите на Основен суд Охрид, истражен судија, Олга Василева, Скопје, август 2008. | 1 |
| 12. | В.Стојковски, Д.Козинаков: *Проектирање, изработка и монтажа на апликатор за капачиња за литарска картонска амбалажа*, Технички извештај, работено за А.Д. Млекара Тетово - Тетово, август 2008. | 1 |
| 13. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Анализа, испитување и стручно мислење за анкери Ø24 и Ø27 за ТС 400 KV – Штип*, "МЕПСО", технички извештај, Скопје, август 2008. | 1 |
| 14. | Д.Козинаков: *Контролни мерења на апарати за мерење тврдина во лабораториите на РУЕН А.Д. Кочани*, технички извештај бр.2540/08, Скопје, септември 2008. | 1 |
| 15. | Д.Козинаков, В.Стојковски: *Испитување на лонци за светла тип L868B спрема барањата од FAA AC 5345-42*, Проект: Реконструкција на Аеродром Приштина, Скопје, септември 2008. | 1 |
| 16. | В.Стојковски, Д.Козинаков: *Контролни мерења на работните карактеристики од уредот за испитување на модул на стисливост на тло - хидромеханичка преса*, Технички извештај, работено за ДГР Геотехника, Скопје, октомври 2008. | 1 |
| 17. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Завршни контроли на заварени врски на челична конструкција - надградба фаза II на објектот Основен суд Гостивар* – Гостивар, технички извештај бр.499-5-08, Скопје, декември 2008 г. | 1 |
| 18. | Л.Трајковски, В.Стојковски, Д.Козинаков: *Испитување на хидростатски притисок на непропустливост на полиетиленска цевка ND450 NP16*, Технички извештај, работен за Конти-Хидропласт, Гевгелија, декември 2008 г. | 1 |
| 19. | Д.Козинаков: Главен проект: *Алуминиумска носечка конструкција на скали и топка со платформа за сценографија "Бал под маски" во Македонска опера и балет"*, Скопје, март 2009 год. | 3 |
| 20. | Д.Козинаков: *Испитување и анализа на механичките карактеристики на арматурни мрежи тип Q221*, за потребите на „Дојран Стил" с.Николиќ, Дојран, технички извештај бр. 691-09, Скопје, март 2009. | 1 |
| 21. | Д.Козинаков: *Надзор при санација на палетни магацински "Drive In" регали*, за потребите на „ФРУКТАЛ-МАК"А.Д. с.Моране, Скопје, технички извештај бр.1271/09, мај 2009. | 1 |
| 22. | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила од производителот CONTROLS ITALY*, технички извештај за потребите на „ГЕИНГ" Скопје, јуни 2009. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 23. | Д.Козинаков, П.Симоновски, В.Стојковски: *Споредбено испитување на покажувањето на мерниот уред од универзална машина за испитување на механички карактеристики на материјали WPM ZDM 40*, работено за Дојран Стил, ЦИРКО-Скопје, технички извештај, јуни 2009 год. | 1 |
| 24. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Утврдување квалитет на заварени шавни или безшавни цевки со кружен попречен пресек за потребите на ВИП-ОПЕРАТОР*, Скопје, јули 2009. | 1 |
| 25. | Д.Козинаков: *Испитување на максимална сила на затегнување за производ -ПВЦ лента за подземно обележување*, за потребите на ЕЛКОМ-НЕТ ДООЕЛ Скопје, ЦИРКО-Скопје, август 2009. | 1 |
| 26. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Утврдување квалитет на цевки со кружен попречен пресек од челични конструкции на антенски столбови за потребите на М-РЕЈ интернационал Скопје*, Скопје, септември 2009. | 1 |
| 27. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Ултразвучно испитување на ракавци од софра на шаржна количка*, за потребите на „FENI"- Industri, Кавадарци, ЦИРКО-Скопје, технички извештај, септември 2009. | 1 |
| 28. | Д.Козинаков: *Контрола на заварени спoеви од носечка челична покривна конструкција реконструкција на објект „КАРТОНАЖА", Скопје во спортска сала*, стручно мислење за потребите на ИТЦ Македонија-Скопје, ЦИРКО-Скопје, декември 2009. | 1 |
| 29. | Д.Козинаков: *Статичка анализа на антенски столб со висина од 30,5 m за Cosmosite* базна станица, за потребите на ИНТРАКОМ дооел, Скопје", Скопје, јануари 2010. | 1 |
| 30. | Д.Козинаков: *Контролни мерења на мерни апарати и уреди за тврдина во Приемна контрола*, ПОЛИ-МЗТ АД, Скопје, технички извештај бр.96/10, Скопје, јануари 2010. | 1 |
| 31. | Д.Козинаков: Статичка анализа на носивоста на трапезни лимови со ознаки КТ-25 и КТ-35 од производната програма на КОБРА-Т дооел, Скопје, Скопје, февруари 2010 | 1 |
| 32. | З.Богатиноски, Д.Козинаков: *Стручно мислење за типски канделабри со висина Н=12 м*, за потребите на ДАСС Инженеринг – Охрид, Скопје, март 2010 год. | 1 |
| 33. | В.Стојковски, Д.Козинаков: *Проектирање, изработка и монтажа на двореден апликатор и систем за континуирано селективно додавање на капачиња*, Технички извештај, работено за А.Д. Идеал Шипка, Битола, март 2010 г. | 1 |
| 34. | В.Стојковски, Д.Козинаков: *Санација и контролни мерења на работните карактеристики од уредите за испитување на модул на стисливост на тло - хидромеханичка преса*, Технички извештај, работено за ДГР Геотехника, Скопје, април 2010 г. | 1 |
| 35. | Д.Козинаков: Одредување на карактеристика на пружина за носач на папуча серија 441 за потребите на ПТП ХРОМА ИНЖЕЊЕРИНГ-Скопје", технички извештај бр.465/10, април 2010. | 1 |
| 36. | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила и преси*, за потребите на ГИМ АД - Скопје, технички извештај бр. 574/10, мај 2010. | 1 |
| 37. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел во Топлана Исток, Топлификација АД – Скопје*, (технички број: 2243-08/2), Скопје, јуни 2010. | 1 |
| 38. | Д.Козинаков: *Основен проект за антенски држач за потребите на ЕВН Македонија АД, Оддел Хидроцентрали*, Скопје, јуни 2010. | 1 |
| 39. | Д.Козинаков: *Ревизија на основен проект за објект Пано со заедничко лого на управната зграда на ЕВН Македонија и АД ЕЛЕМ*, ул."11 Октомври" бр.9 Скопје, јуни 2010. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 40. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел BKG 80/1 во Топлана 11-Октомври*, Топлификација АД – Скопје, (технички број: 2243-08), Скопје, јуни 2010. | 1 |
| 41. | Д.Козинаков, П.Симоновски, В.Стојковски: *Контролно испитување на покажувањето на хидрауличниот уред ZDM 40*, за потребите на „Дојран Стил" с.Николиќ, Дојран, технички извештај, ЦИРКО-Скопје, јуни 2010 год. | 1 |
| 42. | Д.Козинаков: *„Основен проект за антенски држач за потребите на ЕВН Македонија АД, Оддел Хидроцентрали"*, ЦИРКО – Скопје, јуни 2010. | 1 |
| 43. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел БКГ 200/3 во Топлана 11-Октомври, Топлификација АД – Скопје*, (технички број: 2243-08), Скопје, јули 2010. | 1 |
| 44. | Д.Козинаков, В.Стојковски: *Анализа на состојбата на стабилен сад за компримиран воздух со зафатнина од 2m³ и работен притисок од 8 бари фабрички број 11569 лоциран во Топлана исток – Топлификација АД Скопје*, Скопје, јули 2010. | 1 |
| 45. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел BKG 80/2 во Топлана 11-Октомври*, Топлификација АД – Скопје, (технички број: 2243-08), јули 2010. | 1 |
| 46. | Д.Козинаков: *Одредување на карактеристика на работна пружина К-415.510 од подесувач на затегнатост тип DRV 2A – 600*, за потребите на ПОЛИ-МЗТ Скопје, технички извештај бр.487/10, Скопје, јули 2010. | 1 |
| 47. | П.Поповски, Д.Козинаков, З.Марков: *Техничка контрола за прием на опрема- Контрола на завари на спирали за агрегат 1 и 2*, извештај бр. 04-08/10, ХЕЦ Св. Петка, август 2010. | 1 |
| 48. | Д.Козинаков: *Одредување на карактеристика на пружини Н.519.103/7; Н.516.112/4 и Н.511.116/4*, за потребите на МЗТ-ПУМПИ АД Скопје, технички извештај бр.2457/10, Скопје, септември 2010. | 1 |
| 49. | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Технички извештај за извршена калибрација на мерен прстен за сила од производителот W.F.E. соериски број 1518*, сопственост на „ГЕИНГ" Скопје, септември 2010. | 1 |
| 50. | Д.Козинаков: *Вешт наод по предмет ТС.бр.1273/08 Основен суд Велес Судија: Валентина Петровска"* Скопје, ноември 2010 г. | 1 |
| 51. | Д.Козинаков: *Испитување на сила на кинење на челично јаже доставено од Основен суд Прилеп, Истражно одделение, ОИД.бр.533/10*, технички извештај, Скопје, ноември 2010. | 1 |
| 52. | D.Kozinakov: *Final welds and bolts inspection carried out on retrofitting at level +108.00 in Production Building, Industrial Complex Johnson Matthey Technological Industrial Development Zone (TIDZ) Bunardzik*, Skopje, Macedonia, final technical report, CIRKO – Skopje, December 2010. | 1 |
| 53. | D.Kozinakov: *Welds and bolts inspection carried out on sub floor reinforcement on the east side of the production building +108 level, Industrial Complex Johnson Matthey, Technological Industrial Development Zone (TIDZ) Bunardzik*, Skopje, Macedonia,Final technical report, CIRKO – Skopje, January 24, 2011. | 1 |
| 54. | Д.Козинаков, З.Јаковлевски: *Проектна документација конзолна челична носечка конструкција за сообраќајна сигнализација за "ЕЛЕКТРОФОКУС" ДООЕЛ, Скопје*, Скопје, април 2011. | 1 |
| 55. | Д.Козинаков: *Контролни мерења на мерен апарат за тврдина тип 100 RODI во Приемна контрола, WABTEC-МЗТ АД Скопје*, технички извештај бр.1244/11, Скопје, мај 2011. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **56.** | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила од производителот CONTROLS ITALY*, сопственост на „ГЕИНГ" технички извештај, Скопје, јуни 2011. | 1 |
| **57.** | Д.Козинаков, П.Симоновски, В.Стојковски: *Контролно испитување на покажувањето на хидрауличниот уред ZDM 40*, технички извештај, работено за Дојран Стеел, с. Николиќ, јуни 2011 год. | 1 |
| **58.** | Л.Трајковски, В.Стојковски, Д.Козинаков: *Испитување на непропустливост на внатрешен притисок на GRP цевка ND 600 и спојот со наглавок и одредување на Stiffnes class на производот*, работено за ЕУРОПЛАСТ-Струга, Скопје, јуни 2011 год. | 1 |
| **59.** | Д.Козинаков: *Испитување на челична арматура со називни дијаметри Ø10, Ø12, Ø14, Ø16, Ø20 и Ø22 за потребите Градежен факултет – Скопје*, технички извештај бр.1973/11, Скопје, јули 2011. | 1 |
| **60.** | Д.Козинаков: *Анализа на состојбата на погонски запчаник од млин во рудник Тораница Крива Паланка ИММ ДООЕЛ* Пробиштип, технички извештај бр.1104/11, Скопје, септември 2011. | 1 |
| **61.** | Д.Козинаков: *Контрола на заварени споеви на авто-цистерна Гоша со ознака VX2-2028F3-NA000459 поставена на полуприколка SCHMITZ S01 со ознака WSMS6980000486878 сопственост на „ГОСВ-ТРАНС" ДООЕЛ, Скопје*, технички извештај бр. 2775/11 – 2, Скопје, ноември 2011. | 1 |
| **62.** | Д.Козинаков: *Контролни мерења на мерни апарати и уреди за тврдина во Приемна контрола, WABTEC-МЗТ АД – Скопје"*, технички извештај бр.34/12, Скопје, јануари 2012. | 1 |
| **63.** | Д.Козинаков: *Испитување на механички карактериситики на челични профили L80x80x8, L90x90x9, L120x120x13, L150x150x14*, за потребите на ДАСС Инженеринг - Охрид, технички извештај бр.3369/11, Скопје, јануари 2012. | 1 |
| **64.** | Д.Козинаков: *Испитување на челична арматура со називни дијаметри Ø10, Ø12, Ø14, Ø16, Ø18, Ø20 и Ø22 за потребите Градежен факултет – Скопје*, технички извештај бр.1973/12, Скопје, јануари 2012. | 1 |
| **65.** | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила сопственост на ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнл и др. ДОО Скопје*, технички извештај бр.03-284/12, Скопје, март 2012. | 1 |
| **66.** | Д.Козинаков: *Испитување на механички карактеристики на епрувети од лим со дебелина 3mm од фирмата THYSSEN-KRUP со квалитет S235JR наменет за плаштови од електроди за ФЕНИ ИНДУСТРИ од Кавадарци*, технички извештај бр.3077/11, Скопје, март 2012. | 1 |
| **67.** | Д.Козинаков: *Контрола на заварени споеви на авто-цистерна поставена на полуприколка KÖGEL за потребите на „МЕТАЛИКА ПРОМ" ДООЕЛ, с. Кадино*, технички извештај бр. 1103/12, Скопје, април 2012. | 1 |
| **68.** | Д.Козинаков, Ф.Здравески: *Испитувања на проби од композитен материјал за потребите на МИКРОСАМ, Прилеп*, технички извештај бр. 1242-12, Скопје, мај 2012. | 1 |
| **69.** | Д.Козинаков, П.Симоновски, В.Стојковски, *Контролно испитување на покажувањето на хидрауличниот уред од универзална машина за испитување на механички карактеристики на материјали тип ZDM 40*, за потребите на „Дојран Стил", с.Николиќ, Дојран, технички извештај, Скопје, мај 2012 год. | 1 |
| **70.** | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила и преси за потребите на ГИМ АД Скопје*, технички извештај бр. 1314/12, Скопје, јуни 2012. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 71. | Д.Козинаков: *Контролни мерења на апарати за мерење тврдина во лабораториите на РУЕН А.Д. Кочани,* технички извештај бр.1752/12, Скопје, јули 2012. | 1 |
| 72. | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерни прстени за сила за потребите на „ГЕИНГ" ДОО, Скопје,* технички извештај бр. 1953/12, Скопје, јули 2012. | 1 |
| 73. | Д.Козинаков, П.Симоновски: *Калибрација на мерен прстен за сила за потребите на „ИМАКО-ЛАБ" ДОО, Скопје,* технички извештај бр. 2081/12, Скопје, јули 2012. | 1 |
| 74. | Д.Козинаков, З.Јаковлевски: *Извештај од извршениот технички преглед–Ревизија на основниот проект за надградба и реконструкција на антенски столб на Пелистер,* градежно конструктивен дел (завршна ревизија) технички извештај бр.2159-01/3, Скопје, август 2012. | 1 |
| 75. | Д.Козинаков, З.Јаковлевски: *Извештај од извршениот технички преглед – Ревизија на основниот проект за челична платформа за носење на параболични антени–Пелистер,* градежно конструктивен дел (завршна ревизија) технички извештај бр.2159-03/5, Скопје, август 2012. | 1 |
| 76. | Д.Козинаков, З.Јаковлевски: *Извештај од извршениот технички преглед–Ревизија на основниот проект за надградба и реконструкција на антенски столб на Водно,* градежно конструктивен дел (завршна ревизија) технички извештај бр.2159-02/3, Скопје, септември 2012. | 1 |
| 77. | Д.Козинаков, З.Јаковлевски: *Извештај од извршениот технички преглед – Ревизија на основниот проект за челична платформа за носење на параболични антени – Страцин,* градежно конструктивен дел (завршна ревизија), технички извештај бр.2159-04/5, Скопје, септември 2012. | 1 |
| 78. | Д.Козинаков, Ф.Здравески: *Мерење цинкова превлека на столб за јавно осветлување за потребите на „КОД ИНЖЕНЕРИНГ" – Скопје,* технички извештај бр. 2258/12, Скопје, септември 2012. | 1 |
| 79. | Д.Козинаков: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел VKSM 20/1 во Топлана Запад,* Топлификација АД – Скопје, (технички број: 2243-08), Скопје, септември 2012. | 1 |
| 80. | Д.Козинаков: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел VKSM 20/2 во Топлана Запад,* Топлификација АД – Скопје, (технички број: 2243-08), Скопје, септември 2012. | 1 |
| 81. | Д.Козинаков: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел VKSM 50 во Топлана Запад,* Топлификација АД – Скопје, (технички број: 2243-08), Скопје, октомври 2012. | 1 |
| 82. | Д.Козинаков, З.Јаковлевски: *Извештај од извршениот технички преглед – Ревизија на основниот проект за типски антенски столб* (завршна ревизија), за потребите на ЈП МРД –Скопје, технички извештај бр.2159-06/3, Скопје, октомври 2012. | 1 |
| 83. | Д.Козинаков, Ј.Гочев: *Анализа и стручно мислење за фактичката состојба на челичниот оџак за котел BKG 200/3 во Топлана 11-Октомври",* Топлификација АД – Скопје, октомври 2012. | 1 |
| 84. | Д.Козинаков: *Стручен превод на дел од стандардот EC 9: EN 1999-1-3:2007 (E) 96 стр. и EN 1999-1-3:2007/A1:2011 (E) 19 стр.* или вкупно 115 стр., за потребите на Комората на овластени архитекти и инженери на РМ, Скопје, октомври 2012. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **85.** | Д.Козинаков: *Испитување механички карактеристики на анкери за потребите на „Vanitex" Д.О.О. Скопје*, технички број.3122/12, декември 2012. | 1 |
| **86.** | Д.Козинаков: *Испитување механички карактеристики на арматура за потребите на „Гама Градба"*, Скопје, технички бр.58/12 декември 2012. | 1 |
| | **Вкупно:** | **88,0** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **124,5** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **23,1** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **88,0** |
| **Вкупно:** | **235,6** |

Скопје, 28.1.2013

**Рецензентска комисија,**

1. Проф. д-р Јован Гочев, Машински факултет –Скопје с.р.

2. Проф. д-р Добре Рунчев, Машински факултет –Скопје с.р.

3. Проф. д-р Зоран Богатиноски, Машински факултет –Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОВОШТАРСТВО (ГЕНЕТИКА И СЕЛЕКЦИЈА) НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на распишаниот конкурс од страна на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје во весниците „Дневник" и „Коха" од 8.12.2012 година, за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од научната област овоштарство (генетика и селекција) и врз основа на одлуката на Научниот совет бр. 02-76/1 донесена на 1.2.2013, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Цане Стојковски - редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Радмила Спировска – научен советник на Земјоделскиот институт во пензија и д-р Ана Селамовска – вонреден професор на Земјоделскиот институт во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисијата, извршивме преглед на доставената документација и го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на еден наставник во сите наставно – научни звања од научната област овоштарство (генетика и селекција), во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Мелпомена Поповска, доцент на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Мелпомена Поповска е родена на 6.7.1966 во Скопје. Основно и средно образование завршила во Скопје. Во учебната 1984/85 година се запишала на редовни студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, лозаро - овоштарска насока. Дипломирала 1990 год. со просечен успех 9,18. На 1.7. 2001 година е вработена како помлад асистент во Земјоделскиот институт во Скопје, Оддел за овоштарство, Одделение за коскесто овошје. Во учебната 1992/1993 се запишала на последипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, група: селекција и генетика на овошните растенија. Предвидените испити ги положила со просечен успех 10,00. На 16.1.1998 го одбранила магистерскиот труд на тема *Биолошки и производни својства на некои сорти цреши и вишни и односите при меѓусебното опрашување.* Истата година е избрана за асистент и раководител на Одделението за коскесто овошје при Земјоделскиот институт во Скопје.

На 15.11.2006 год. е преизбрана во звањето асистент во Одделението за коскесто овошје. Докторската дисертација на тема *Ефекти од гама-зрачењето кај некои сорти цреши* ја одбранила на 9.11.2007 год. За научен соработник во Одделот за овоштарство, Одделение за коскесто овошје е избрана на 27.3.2008. Со звањето доцент (еквиваленција на звање научен соработник) се стекнала на 13.1.2012 година.

Во периодот од 2001 и 2002 година ја вршела должноста в.д. помошен директор, а во периодот 1.1 – 1.6. 2009, должноста помошен директор на Одделот за овоштарство во Земјоделскиот институт во Скопје. Од 1.6.2009 е раководител на Одделението за

овоштарство во Земјоделскиот институт. Од 2009 до 2011 била член на Институтската управа на Институтот. Од 2011 година е раководител на студиската програма Растително производство – потпрограма: расадничко производство од вториот циклус на студии во Земјоделскиот институт.

Активно се служи со англискиот јазик.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на наставно - образовната дејност на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје, кандидатката д-р Мелпомена Поповска изведува настава и вежби на вториот циклус студии на студиската програма растително производство, и тоа на две потпрограми: расадничко производство и интегрално производство.

На потпрограмата расадничко производство (двогодишни студии изведува настава и вежби на дел од предметите: помологија, регулативи во расадничко производство и подлоги во расадничко производство, додека на едногодишните студии од истата потпрограма, изведува настава и вежби на дел од предметите: сорти и подлоги во расадничко производство и регулативи во расадничко производство.

Во рамки на потпрограмата интегрално производство, доц. д-р Мелпомена Поповска изведува настава и вежби на дел од предметот интегрално производство на овошни култури.

Кандидатката учествувала како член во Комисија за оцена и одбрана на една магистерска тема со наслов: *Црешова мува (Rhagoletis cerasi L.) и влијание на некои карактеристики на сорти цреши врз процентот на зараженост на плодовите.*

Учествувала во работата на следниве работилници:

- Workshop on Marketing of vegetative propagating material of vine, fruit plants, ornamental plants and forestry, European Commission (TAIEX), 28-29 јануари 2010;
- Национална агроеколошка програма, мерка – традиционални сорти круши, 23 јуни 2010, МЗШВ;
- Workshop on Vocational training, European Commission (TAIEX), 7 февруари 2011;
- Национален семинар - Центар за управување со суша во Југоисточна Европа (проект DMCSEE), 19 април 2012.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научноистражувачката работа на доц. д-р Мелпомена Поповска се остварува во рамките на научната област овоштарство (генетика и селекција) во Одделението за овоштарство при Земјоделскиот институт - Скопје. Досега учествувала во работата на 12 научноистражувачки проекти. Од изборот за научен соработник/доцент, учествувала како член во следните научни проекти:

- South – East European Development Network on Plant Genetic Resources – SEEDNet, (2006 – 2010);
- Пилот - проект за органско производство на слива, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, (2009 – 2010);
- Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Р. Македонија, УКИМ (2012).

Во текот на досегашната научна работа, доц. д-р Мелпомена Поповска има објавено 45 научни трудови. За избор во звањето соработник – асистент објавила седум трудови, рецензирани во Билтен бр. 708 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 25.V1998 год., стр. 270-272. За преизбор во звањето соработник - асистент објавила 16 научни трудови, рецензирани во Билтен бр. 903 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 15.IX 2006 год., стр. 43-51. За избор во звањето научен соработник има објавено четири научни труда рецензирани во Билтен бр. 936 на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 15. II 2008 год., стр. 14-17.

Од последниот избор за научен соработник/доцент, д-р Мелпомена Поповска објавила 18 научни труда. Дванаесет труда се соопштени на научни собири, од кои десет се во странство. Кандидатката објавила десет труда во странски научни списанија. Четири научни труда се публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор, од кои две списанија се со фактор на влијание.

28. **Мелпомена Поповска**, Виктор Ѓамовски, Бојан Поповски. 2008/2009: Биолошки и производни карактеристики кај некои сорти вишни. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт. Том XXVII/XXVIII 209-222. Скопје.

Во полза на овоштарската наука и производство, во овој труд е направен приказ на природните климатски предности за зголемување на производството на вишни во Р Македонија, како и квалитетните карактеристики на проучуваните сорти слатка вишна, сенчеста марела, нефрис и облачинска вишна, со посебен акцент на облачинската вишна како една од најбараните сорти на пазарот.

Испитувани се фенолошките карактеристики, ефектот на оплодување, приносот, како и најважните помолошки и хемиски карактеристики на плодовите. Авторите извршиле класифицирање на сортите според време на цветање и зреење на плодовите во услови на скопскиот регион. Облачинска, слатка вишна и нефрис се сорти со средно време на цветање, додека сенчеста марела со доцно време на цветање. Слатка вишна е сорта со рано време на зреење, нефрис и облачинска се сорти со средно време на зреење, додека сенчеста марела е доцно стасна сорта. Сенчеста марела и облачинска вишна се автофертилни, нефрис е делумно автостерилна, додека слатка вишна е автостерилна сорта. Ефектот на оплодување при слободното опрашување се движи од 14,02 % кај слатка вишна до 46,27% кај сенчеста марела. Приносот и индексот на родноста е највисок кај сортата облачинска вишна (12.45 кг/стебло, 0.30 кг/см$^2$), а најнизок кај слатка вишна (1.56 кг/стебло, 0.06 кг/см$^2$). Испитуваните сорти се одликуваат со висока содржина на суви материи и погодни се за свежа консумации и сите видови преработки. Слатка вишна поради помалата содржина на суви материи, големината и обоеноста на плодот е сорта погодна за свежа консумација.

Трудот е оригинален и има особено значење за помолошката наука и овоштарската пракса.

29. Поповски Б., **Поповска Мелпомена.** 2008/2009: Метод за рангирање на генотипи кајсии според поважни биолошки ии стопански карактеристики. Јубилеен годишен зборник за Земјоделски институт. Том XXVII/XXVIII. 231-239. Скопје.

Авторите ја истакнуваат потребата од воспоставување на оригинална и објективна методика за рангирање на автохтоните генотипови кајсии кои ги испитувале во услови на скопскиот регион. Рангирањето е извршено врз основа на стопанската вредност на

генотипот добиена со анализа на следните карактеристики: време на зреење, квалитет на плод (маса, атрактивност, вкус и арома), пазарна вредност на плодот и принос на генотипот. Генотиповите кои имаат поголем број бодови од просечниот, се препорачуваат како перспективни и потребно е да се проверат во производството. Авторите потенцираат дека најголемо влијание врз утврдување на стопанската вредност на одделни генотипови имаат редоследно: приносот, времето на зреење на плодовите, а потоа квалитетот.

Методиката за рангирање е оригинална, флексибилна и овозможува нејзино надградување и модифицирање според целите на проучувањата и кај генотипови од други овошни видови.

Трудот е оригинален и значаен за овоштарската наука, а едноставната примена на методот има голем придонес за секојдневната овоштарска практика.

30. **Мелпомена Поповска,** Александар Марковски, Виктор Ѓамовски. 2008/2009: Осврт на селекциската работа на Одделението за овоштарство при Земјоделскиот институт – Скопје. Јубилеен годишен зборник за Земјоделски институт. Том. XXVII/XXVIII. 59-74. Скопје.

Во трудот се презентирани најважните резултати од селекциската работа на Одделението за овоштарство при УКИМ, Земјоделски институт, во последните петнаесетина година. Базата од почетен материјал во колекциските насади на Институтот е искористена за примена на методот планска хибридизација кај праската и сливата, за прв пат е применет методот на индуцирана мутагенеза за скратување на селекцискиот процес кај црешата, применет е методот на индивидуална клонска селекција кај облачинската вишна и извршен е избор на екотипови бадем како подлога за праска. Извршена е селекција на типови кај перспективниот овошен вид кинеска урма. Авторите даваат приказ на најважните карактеристики на добиените хибриди и селекции, и потенцираат дека тие се драгоцен почетен материјал за понатамошна работа насочена во правец на создавање нови сорти и подлоги, нивно признавање и воведување во непосредното производство. Трудот е од значење за овоштарската наука.

31. V. Gjamovski, R. Rusevski, **M. Popovska,** T.Arsov. 2009: Evaluation of different types of media for multiplication and rooting on apple rootstocks $M_{26}$. ISHS Acta Horticulturae, Number 825, 269-272.

Во трудот се претставени резултати од испитувањата на четири варијанти хранителен медиум (MS + 0.7mg/L BAP + 0.001mg/L IBA; MS + 1 mg/L BAP + 0.001mg/L IBA; MS + 0.7mg/L BAP + 0.01mg/L IAA; MS + 1 mg/L BAP + 0.01mg/L IAA) и три концентрации на хормонот IBA (0.1 mg/L, 0.2 mg/L, 0.5 mg/L) за мултипликација и вкоренување на вегетативната подлога M26 во „in vitro“ услови. Најдобар индекс на мултипликација (8.2) авторите добиле во медиум MS + 1 mg/L BAP + 0.001mg/L IBA, додека најголем процент на вкоренување е добиен во медиум со 0.1 mg/L IBA.

Трудот е оригинален и има значење за овоштарската наука.

32. T. Arsov, R.Rusevski, V.Gjamovski, **M. Popovska**. 2009: Investigation of tipe of media for micropropagation and rooting of Gisela 5 rootstock. ISHS Acta Horticulturae, Number 825, 273-276.

Во трудот авторите претставуваат оригинални резултати кои се однесуваат на „in vitro“ пропагација на вегетативната подлога за цреша Gisela 5. Користени се пет варијанти за мултипликација и три концентрации IBA за вкоренување. Највисок индекс на

мултипликација (5.68) авторите добиле користејќи комбинација од сорбитол и сахароза во однос 2:1. Највисок процент на вкоренување (47,2%) е добиен во медиум со 0.5 mg/L IBA.

33. **Popovska M.**, Popovski B., Gjamovski V., 2011. Criteria for early diagnostics of primary effects of the treatment with gamma rays ($Cz^{137}$) at some cherry varieties. Plant Sciences. 48, 47-52.

Во трудот е претставен основниот критериум за рана дијагностика на промените од типот на можни соматски мутации кај сортите цриши рана рурлатова, победа кримска и козерска во текот на првата MV1 генерација непосредно по зрачењето на заспани пупки со радиоактивен $Cz^{137}$, во дози од 25Gy, 35Gy и 45Gy. Базичниот критериум е креиран според појавата на единки со намалена бујност и со густо и неправилно распоредени лисни пупки, присуство на фуркации, нетипичност на листовите и изразена разгранетост на растенијата. Авторите утврдиле дека со зголемување на дозата, се намалува процентот на издвоени растенија во однос на вкупниот број калемени подлоги од 14,3% за 25 Gy до 9,1% за 45 Gy, додека истиот процент се зголемува во однос на вкупниот број добиени растенија од 40,9% за 25 Gy до 58,1% за доза од 45 Gy. Најголемо учество од анализираните својства има намалената бујност (6,2% од калемениот и 29,3% од добиениот материјал). Генерално, дозата од 35 Gy предизвикува највисока застапеност на сите анализирани својства во вкупно добиениот материјал.

Трудот е оригинален и има големо значење на селекциската работа кај црешата, особено за идно планирање и димензионирање на опити од овој тип.

34. Bojan Popovski, **Melpomena Popovska**. 2011. More important characteristics of the reproductive organs of some strawberry variety breaded in the Skopje Region. Plant Science, 48, 76-82. National Centre for Agrarian Science. Sofia.

Трудот содржи резултати од испитувањата на поважните карактеристики на репродуктивните органи од кои директно зависи родниот потенцијал на сортите јагоди. Испитувани се 15 интродуцирани сорти јагоди одгледувани во услови на скопскиот регион: идеа, камароса, белруби, евита, хонеј, тетис, онда, чандлер, миранда, парос, елсанта, ерис, мадлен, фавет, мармолада и две стандардни сорти зенга зенгана и покахонтас. Авторите констатирале најмал број на соцветија на растение кај чандлер (5,2), а најголем кај ерис (13,8), поголем и од просекот на стандардите покахонтас (11,8) и зенга зенгана (12,6). Бројот на цветови на соцветие се движи од 3,6 кај мадлен, до 9,5 кај чандлер. Бројот на цветови на растение е најголем кај идеа (92,2), поголем и од стандардот покахонтас (85,5). Најмал број на плодови на соцветие формира мадлен (2,1), а најголем онда (5,4). Чандлер се одликува со најмал број на плодови на растение (14,78), додека најголем е бројот кај покахонтас (52.0).

Трудот има особено значење за помолошката наука и за овоштарската практика.

35. Evica Mratinić, Bojan Popovski, Tomo Milošević, **Melpomena Popovska**. 2011. Postharvest Chemical, Sensorial and Physical – Mechanical Properties of Wild Apricot *(Prunus armeniaca L.)*. Notulae Scientia Biologicae, 3 (4): 105 – 112.

Во трудот се претставени резултати од испитувањето на одредени хемиски, сетилни, како и физичко – механички својства на плодовите од 19 генотипови издвоени од автохтоната популација на дивата кајсија во скопскиот регион, споредени со стандардната сорта унгарска најдобра, како контрола. Испитани се содржината на влага, растворливи суви материи, вкупни киселини, маса на плод и коска, рандман, димензии на плод, пресметковно и геометриско значење на дијаметар на плод, сферичност, површина на плод

и процентуалната вредност на пропорцискиот однос на димензиите на плодот. Дескрибирана е бојата на покожицата на плодот и вкусот на коскатa. Авторите издвојуваат серија генотипови со подобри хемиски, сетилни и физичко-механички карактеристики од контролата унгарска најдобра. Заклучуваат дека испитувањата може да помогнат при изборот на генотипови со подобри својства за одгледување во комерцијални насади. Од друга страна, резултатите се многу значајни за оцена на однесувањето на суровината во текот на постбербената употреба на плодовите (транспорт, класирање, преработка, чување, пакување, сушење и друга примена на кајсијата). Трудот е оригинален, содржи комплексна методолошка анализа на параметрите кои се детално статистички обработени, а резултатите се значајни за овоштарската наука, како и за производната и преработувачка практика.

36. Bandzo Katerina, **Popovska Melpomena**, Bandzo S. 2011. Influence of ripening time, fruit firmness and fruit's skin color of cherry varieties on the infestation percentage by *Rhagoletis cerasi*. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. Zbornik radova, Vol. 16.(18), 435-440.

Целта на трудот е да се испита влијанието на времето на зреење, цврстината на плодот и бојата на покожицата врз заразеноста на плодовите цреша со црешова мува (*Rhagoletis cerasi* L.), во услови на скопскиот регион. Процентот на заразеност е испитуван кај 19 сорти цреши и изнесувал просечно 34,5% во 2008 и 43,3% во 2009. Авторите утврдиле позитивна корелација меѓу времето на зреење и процентот на заразеност, а не утврдиле зависност меѓу цврстината на плодот и бојата на покожицата врз процентот на инфекција со црешова мува. Трудот е оригинален и е од особен интерес за овоштарската наука и практика.

37. **Melpomena Popovska**, Aleksandar Markovski, Viktor Gjamovski 2011. Influence of some stone fruit rootstocks on the vegetative characteristics of plum cv. Stanley and apricot cv. Krupna skopjanka plant material. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. Zbornik radova, Vol. 16. (18), 329-333.

Авторите го испитувале влијанието на три вегетативни подлоги за коскести овошни видови (GF 8/1, St. Julian INRA и St. Julian Orleans) врз вегетативниот развиток на садниот материјал од сортата слива стенлеј и кајсијата крупна скопјанка. Генеративната подлога P. cerasifera Ehrh. како најкористена подлога во производството на саден материјал во Р Македонија, е користена како контрола. Авторите ги испитувале вегетативните параметри: дијаметар на подлога и питомка, висина на садница, висина на прво разгранување, вкупен вегетативен прираст и развиток на кореновиот систем. Садниците од кајсија и слива калемени на вегетативните подлоги покажале многу подобра развиеност од истите калемени на P. Cerasifera. Највисоки вредности за вегетативните параметри се добиени на подлогата GF 8/1 . Подлогите St. Julian INRA и St. Julian Orleans авторите ги препорачуваат како средно-бујни подлоги за поинтензивни насади од кајсија и слива. St. Julian INRA не покажува погодна висина на прво разгранување на садницата со цел порано формирање на систем за одгледување.Садниците добиени на сите три вегетативни подлоги имаат подобар развиток на кореновиот систем во споредба со P. cerasifera. Трудот е оригинален и има значење за овоштарската наука и практика.

38. Mratinić E., Popovski B., Milošević T., **Popovska M**. 2011. Evaluation of apricot fruit quality and correlations between physical and chemical attributes. Czech Journal of Food Sciences, 29: 161-170.

Во трудот е извршена евалуација на квалитетот на плодовите од деветнаесет генотипови кајсии издвоени од автохтоната популација во скопскиот регион. Резултатите базирани на анализа на физичките и хемиските карактеристики на плодовите, јасно покажуваат дека различни генотипови имаат значитечна содржина на суви материи, вкупни и редуктивни шеќери, сахароза, вкупни киселини и pH во лимитирани почвени и климатски услови. Содржината на наведените хемиски параметри во некои генотипови се повисоки од контролата унгарска најдобра. Авторите констатирале висока корелација меѓу одредени квалитативни својства. Исто така, извршиле PS анализа (principal component analysis) ( PC1 = 32.13%, PC2 = 22.86%, PC3=18.32%) со која ги сепарирале генотиповите кајсија во групи со слични физички и хемиски својства. Овие односи можат да помогнат при издвојување на генотипови со подобри квалитативни особини од контролата, кои во овој труд авторите ги препознаваат во генотиповите DL – 1/1/04. DL-1/2/03, D-1/04 и K-5/04. Трудот е оригинален научен и содржи многу значајни резултати за овоштарската наука од областа на помологијата, селекцијата и генетскиот биодиверзитет.

39. A. Markovski, **M. Popovska**, V.Gjamovski. 2011. Plant material development of some plum and apricot varieties grafted on Prunus Marianna GF 8/1 rootstock. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.14, 4, 907-920.

Авторите го испитувале влијанието на вегетативната подлога Prunus marianna GF 8/1 врз вегетативниот развиток на садниот материјал од сортите слива чачанска рана, чачанска лепотица, стенлеј и сортите кајсија аурора, роксана и крупна скопјанка. Испитувани се дијаметарот на подлогата и питомката, висината на садница, висината на првото разгранување, вкупниот вегетативен прираст и развитокот на кореновиот систем. Авторите утврдиле дека вкупниот вегативен прираст и бројот на странични коренчиња генерално е поголем кај кајсиите во споредба со испитуваните сорти сливи. Најголема развиеност имаат садниците на сортите крупна скопјанка и чачанска лепотица. Најразвиен корен авторите констатирале кај сортата роксана и сливата чачанска лепотица, статистички значајно поразвиен од другите испитувани сорти во рамки на видот. Не е утврдена значителна разлика во должината на кореновиот систем меѓу двата овошни вида. Трудот е значаен за овоштарската наука и практика, особено за производителите на посадочен материјал.

40. B. Popovski, **M. Popovska**. 2011. Ranking strawberry varieties according to the most biological and economical features. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.14. 4, 881-893.

Во трудот е презентирано рангирањето на седумнаесет перспективни сорти јагоди спрема најважните биолошко-стопански карактеристики, одгледани во агроеколошките услови на скопскиот регион. Рангирањето и препораката на сорти за комерцијално одгледување е крајна цел на сортопроучувањто. Авторите наведуваат дека тоа е екстремно комплексна проблематика со која е потребно да се даде најобјективна оцена за секоја сорта која треба да ги изразува нејзините севкупни карактеристики. Избрани се дванаесет својства на сортите како параметри за рангирање: бујност на растението, асимилациска површина на лист, број цветови на растение, заврзување на плодовите, маса на плодот, квалитет на плодот, принос на растение, вкупен принос на хектар, учество на приносот од екстра и прва класа во вкупниот принос на хектар, процентуално учество од екстра и прва

класа во вкупниот принос, отпорност на пролетни мразеви и економската вредност на сортата. Авторите примениле оригинално методолошко бодирање за секоја испитувана карактеристика. Сите сорти кои имаат над 80 бода, односно повеќе од 2/3 од максималниот број бодови (120) се препорачуваат за комерцијално производство. Од испитуваните сорти тоа се: белруби (91 бод), хонеј (91), контролата покахонтас (86), онда (85), ерис (84), мармолада (83), миранда (82) и мадлен (80). Применетата методика може лесно да се адаптира и за други овошни видови. Трудот има значење за помолошката наука и за овоштарската практика.

41. Mratinić E., Popovski B., Milošević T., **Popovska M**. 2011. Analysis of Morphological and Pomological Characteristics of Apricot Germplasm in Macedonia. Journal of Agricultural Science and Tehnology, Vol. 13: 1121 – 1134.

Трудот содржи двогодишни резултати од испитувањето на морфолошките и помолошки карактеристики на деветнаесет генотипови издвоени од локалната популација на дива кајсија во околината на скопскиот регион. Времето на цветање настапува подоцна кај два генотипа, а времето на зреење на плодовите е подоцна кај осум генотипа во споредба со контролата унгарска најдобра. Значајни разлики меѓу годините авторите констатирале за својствата време на цветање,зреење и принос по овошка.Некои генотипови се одликуваат со покрупни плодови и повисок рандман на плодот, како и повисока содржина на суви материи, шеќери, вкупни киселини и pH на месото во споредба со контролата. Со користење на кластер анализа, авторите ги класифицирале генотиповите кајсија во четири групи во однос на потенцијалните карактеристики. Во групата 1 и 3 се вброени генотипови супериорни во однос на квалитетните својства на плодот и особините на овошката (старост, висина на овошка, димензии и волумен на круна, дијаметар на стебло и родност на овошка). Со помош на PS - анализа (principal component analysis), авторите издвојуваат генотипови со подобри квалитативни особини на плодот во споредба со контролата. Тоа се DL – 1/1/04. DL-1/2/03, D-1/04 и K-5/04. Во трудот се истакнува дека евалуацијата на испитуваните генотипови кајсија, се основа за идни селекциски истражувања. Трудот е оригинален и содржи резултати кои се од големо значење за овоштарската наука од областа на помологијата, селекцијата и генетскиот биодиверзитет.

42. **M. Popovska**, B. Popovski. 2012. The influence of the treatment with different gamma-rays ($Cz^{137}$) does on bud sprouting at some sweet cherry varieties. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.15, 3, 634-642.

Авторите го проучувале влијанието на гама-зрачењето со радиоактивен $Cz^{137}$ во комбинација со дејството на климатските фактори врз процентот, должината на траење и динамиката на потерување на пупките кај сортите црешi рана бурлатова, победа кримска и козерска. Зрачењето е извршено на заспани пупки во дози од 25Gy, 35Gy и 45Gy, а потоа истите се калемени на подлога Prunus mahaleb. Третманот е аплициран со цел создавање на нови генотипови цреша со намалена бујност. Авторите утврдиле дека со зголемување на дозата, се намалува процентот на потерување на пупките од 33,1% за доза од 25Gy до 15,1 за 45Gy. Рана бурлатова се одликува со помала радиосензитивност, односно со поголема адаптивност спрема неповолните ниски температури во споредба со победа кримска и козерска. Дозата од 45 Gy е приближна до $LD_{30}$ за бурлатова, 35Gy е $LD_{50}$ за козерска и 45Gy е $LD_{50}$ за победа кримска. Авторите наведуваат дека сите три дози предизвикуваат подоцен почеток и забавување на динамиката на потерување на пупките кај бурлатова и забрзување на динамиката и скратување на потерувањето кај победа кримска и козерска. Трудот има големо значење за селекцијата на црешата и практична вредност за прецизно димензионирање и планирање на научни опити од овој карактер.

43. **M. Popovska**, B. Popovski. 2012. Differentiation of Flower Germs in Some Sweet Cherry Varieties in the Skopje Region. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.15, 3, 657-664.

Во трудот е испитуван процесот на диференцијација на цветните пупки кај сортите цреши козерска, победа кримска и стела, влијанието на температурата и врнежите, времето на цветање и зреење врз почетокот, должината и динамиката на овој процес. Во скопскиот реон диференцијацијата на цветните пупки започнува кон крајот на јуни или почетокот на јули и влегуваат во период на зимско мирување во првата и втората декада на октомври или првата декада на ноември, зависно од годината. Авторката утврдува дека почетокот на диференцијацијата на цветните пупки кај црешата е сортно својство и не зависи од времето на цветање и времето на созревање на плодовите. Процесот најрано започнува и најдолго трае кај победа кримска (139 дена). Најинтензивна динамика и најкус период на диференцирање има козерска (89 дена). Познавањето на фазите во диференцијацијата на цветните пупки е од големо значење за производната овоштарска практика. Тоа создава можност за оцена на родниот потенцијал на сортите, за биолошка контрола на растот и развитокот и за дејствување врз текот на диференцијацијата со примена на навремени агротехнички и помотехнички мерки.

Научниот труд е оригинален и дава значаен придонес за овоштарската наука и практика.

44. Evica Mratinić, Bojan Popovski, Tomo Milošević, **Melpomena Popovska**. 2012. Impact of Harvest Time on the Main Agronomic and Fruit Quality Traits of Three Apricot Cultivars. International Journal of Fruit Science, 12: 427- 436.

Трудот содржи испитување на влијанието на времето на зреење врз главните продуктивни својства, како и врз квалитетот на плодовите кај сортите кајсии сенетате, унгарска најдобра и кечкеметска ружа, во услови на скоскиот регион. Авторите утврдиле голема варијабилност и статистички значајни разлики меѓу сортите во однос на сите испитувани параметри, со исклучок на времето на цветање, индексот на родноста, висината на плодот, содржината на вкупни киселини и сахароза. Авторите заклучуваат дека наведени параметри сигнификантно зависат од времето на зреење на сортите. Разлики во однос на овој параметар се забележани и меѓу годините на испитување. Среднодоцната сорта унгарска најдобра и доцната сорта кечкеметска ружа имаат подобри квалитетни и сензорни особини на плодот во споредба со раната сорта сенатате, така што авторите ги препорачуваат за свежа консумација, чување и преработка. Со примена на PS анализата (principal component analysis), утврдено е дека подоцното зреење на сортите позитивно придонесува за повисок принос, повисока содржина на шеќер, подобар вкус и арома, а негативно влијае врз киселоста на плодот од кајсија.

Трудот е оригинален и доста значаен за овоштарската наука и производната практика.

45. **Мелпомена Поповска**, Бојан Поповски. 2012. Односи во опрашување и оплодување меѓу некои сорти цреши и вишни. Годишен зборник за Земјоделскиот институт Скопје. Том. XXVIII/XXIX, 118-129.

Во трудот авторите потенцираат дека причина за ниски приноси од цреша и вишна се автостерилноста или лошиот избор на опрашувачи. Затоа, целта на трудот е да се испита ефектот на оплодување при самоопрашување, слободно опрашување и при меѓусебното опрашување на сортите цреши стела, победа кримска и козерска и сортите вишни

облачинска, шумадинка, хајманова конзервна и келерис 14, во услови на скопскиот регион. Козерска и победа кримска се автостерилни, додека стела и вишните хајманова конзервна и облачинска се автофертилни сорти. Авторите препорачуваат вишните шумадинка и келерис 14 да се одгледуваат со соодветни опрашувачи, бидејќи се одликуваат со големо варирање на самооплодноста по години. Црешите и вишните се совпаѓаат по времето на полно цветање со облачинска и се компатибилни со неа при реципрочно вкрстување. Авторите утврдуваат дека облачинска е многу добар опрашувач за црешите (24,94% ефект на оплодување) и многу добар опрашувач е за сортите вишни (1,.27%). Црешите се одлични опрашувачи за облачинска (27,01% ефект). Најслаба компатибилност е констатирана меѓу хајманова и облачинска. Трудот има големо значење за помолошката и селекциска работа од областа на овоштарството, како и за производната практика, за правилен избор на сорти при подигање на нови насади.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЛНОСТ И ДЕЛНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Доц. д-р Мелпомена Поповска активно е вклучена во стручно - апликативната работа на Одделението за овоштарство при УКИМ, Земјоделски институт. Врши стручна контрола на материјал за размножување и саден материјал од овошни растенија.

Во периодот од избор за научен соработник/доцент остварила експертски активности во изработка на Програма за подигнување насад од цреша во с. Орешани, две програми за подигнување на насад од леска во кочанскиот регион и еден Елаборат за географско потекло на охридска цреша.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во Турција во периодот 3.4 до 9.4.2011 во Ataturk Central Horticultural Research Institute – Yalova и во Ege University, Faculty of Agriculture, Department for Horticulture, на тема „Cherry prunning practice and molecular variety identification".

Особена активност кандидатката покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучена во работата на стручни комисии и работни групи при МЗШВ на Р. Македонија:

- Комисија за изработка на Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал од овошни растенија наменет за производство на овошје, МЗШВ (2008), претседател;
- Комисија за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза, МЗШВ, (2012), претседател;
- комисии за изработка на измени и дополнувања на Закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија, МЗШВ, во 2009 и 2012, член;
- Комисија за признавање и одобрување на сорти од овошните растенија и винова лоза (2006 – 2010), член;
- Работна група за доработка на Национална агроеколошка програма 2010 – 2013, МЗШВ (2011), член;
- Клучна група за остварување на Стратегијата за приспособување на македонскиот земјоделско-прехранбен сектор со заедничката земјоделска политика САР (КАП) на ЕУ, МЗШВ, (2005-2008), член.

Д-р Мелпомена Поповска активно е вклучена во работата на бројни комисии на УКИМ, Земјоделски институт. Член е на Комисијата за евалуација на Земјоделскиот институт, Комисијата за изготвување на правни акти, Комисијата за јавни набавки и на Комисијата за втор циклус на студии на Институтот.

По повод јубилејот 65 години од формирањето на Земјоделскиот институт, кандидатката учествувала во Уредувачкиот одбор за издавање на Монографија, Библиографија и Јубилеен годишен зборник на Институтот во 2009 год. Исто така, член е Уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Институтот 2010/2011год.

Учествувала како член на Организациskиот одбор на Второто советување на тема „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје, важна компонента на извозниот потенцијал", Струмица, 2009.

Била член на две рецензентски комисии за избор на лица во наставно – научно звање.

Во изборниот период, д-р Мелпомена Поповска учествувала во изготвување и пријавување на шест национални научни проекти, еден стручно - апликативен - проект во МОН и еден развоен проект во координација со МЗШВ. На три предлог проекти е раководител, а во пет проекти учествува како соработник.

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и дејноста од поширок интерес на д-р Мелпомена Поповска. Според содржината и квалитетот на трудовите, таа претставува солиден научен работник од областа на овоштарството. Определбата за селекција и генетика на овошните растенија и совладувањето на научната методологија за селекцискиот процес ја специјализира и ја профилира во научен кадар оспособен за самостојна и тимска работа. Ангажираноста во владините институции и стручни комисии е врз основа на постигнатата афирмација и личното залагање.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Мелпомена Поповска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето **вонреден професор** од научната област овоштарство (генетика и селекција).

Според напред изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Земјоделскиот институт во Скопје, д-р Мелпомена Поповска да биде избрана во звањето **вонреден професор** од научната област овоштарство (генетика и селекција).

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Цане Стојковски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Радмила Спировска, научен советник, с.р.**

**Проф. д-р Ана Селамовска, вонреден професор, с.р.**

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Мелпомена Никола Поповска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **УКИМ - Земјоделски институт- Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **Овоштарство (генетика и селекција)**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (двогодишна програма): помологија (4+0) ½ (ЗИ) | 1,50 |
| 2. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (двогодишна програма): подлоги во расадничко производство (4+0) ½ (ЗИ) | 1,50 |
| 3. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (двогодишна програма): регулативи во расадничко производство (3+0) ½ (ЗИ) | 1,13 |
| 4. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (двогодишна програма): помологија (0+4) ½ (ЗИ) | 0,90 |
| 5. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (двогодишна програма): подлоги во расадничко производство (0+3) ½ (ЗИ) | 0,68 |
| 6. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (двогодишна програма): регулативи во расадничко производство (0+2) (ЗИ) | 0,90 |
| 7. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (едногодишна програма): сорти и подлоги во расадничко производство (4+0) 1/4 | 0,75 |
| 8. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (едногодишна програма): регулативи во расадничко производство (3+0) ½ (ЗИ) | 1,13 |
| 9. | Одржување на вежби од втор циклус студии: Студиска програма Растително производство – Расадничко производство (едногодишна програма): Сорти и подлоги во расадничко производство (0+4) ¼ | 0,75 |
| 10. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство – расадничко производство (едногодишна програма): регулативи во расадничко производство (0+2) (ЗИ) | 0,90 |
| 11. | Одржување на настава од втор циклус студии: студиска програма растително производство – интегрално производство (едногодишна програма): | 1,13 |

| | | |
|---|---|---|
| | интегрално производство на овошни култури (3+ 0) ½ (ЗИ) | |
| 12. | Одржување на вежби од втор циклус студии: студиска програма растително производство – интегрално производство (едногодишна програма): интегрално производство на овошни култури (0+ 2) ½ (ЗИ) | 0,45 |
| 13. | Подготовка на настава за предмети од втор циклус на студии (ЗИ) | 6 |
| 14. | Подготовка на вежби за предмети од втор циклус на студии (ЗИ) | 3 |
| 15. | Член на Комисија за оцена и одбрана на магистратура: Цреша мува (*Rhagoletis cerasi* L.) и влијание на некои карактеристики на сорти цреши врз процентот на заразеност на плодовите | 0,30 |
| 16. | Работилница: Workshop on Marketing of vegetative propagating material of vine, fruit plants, ornamental plants and forestry, European Commission (TAIEX), 28-29 јануари 2010 (учесник) | 1 |
| 17. | Работилница: Национална агроеколошка програма, мерка – традиционални сорти круши, 23 јуни 2010, МЗШВ, (учесник) | 1 |
| 18. | Работилница: Workshop on Vocational training, European Commission (TAIEX), 7 февруари 2011 (учесник) | 1 |
| 19. | Работилница: Национален семинар - Центар за управување со суша во Југоисточна Европа (проект DMCSEE), 19, април 2012 | 1 |
| | **ВКУПНО** | **25,02** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект: „Пилот - проект за органско овоштарско производство на слива “, МЗШВ, 2009 | 3 |
| 2. | Учесник во национален научен проект: Карактеризација на автохтониот фонд од земјоделски култури во Р. Македонија, УКИМ, 2012. | 3 |
| 3. | Учесник во меѓународен проект: South – East European Development Network on Plant Genetic Resources – SEEDNet (2006-2010) | 5 |
| 4. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: **Мелпомена Поповска**, Виктор Ѓамовски, Бојан Поповски. 2008/2009: Биолошки и производни карактеристики на некои сорти вишни. Јубилеен годишен зборник на Земјоделски институт. Том XXVI/XXVII 209-222. Скопје. | 1,6 |
| 5. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: Поповски Бојан, **Поповска Мелпомена**. 2008/2009: Метод за рангирање на генотипи кајсии според поважни биолошки ии стопански карактеристики. Јубилеен годишен зборник за Земјоделски институт. Том. XXVI/XXVII. 231-239. Скопје. | 1,8 |
| 6. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција **Мелпомена Поповска**, Александар Марковски, Виктор Ѓамовски. 2008/2009: Осврт на селекциската работа на одделението за овоштарство при Земјоделскиот институт – Скопје. Јубилеен годишен зборник за Земјоделски институт. Том. XXVI/XXVII. 59-74. Скопје. | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: V. Gjamovski, R. Rusevski, **M. Popovska**, T.Arsov. 2009: Evaluation of different tipes of media for multiplication and rooting on apple rootstocks $M_{26}$. Acta Horticulturae, Number 825, 269-272, Proceedings on the First Balkan Symposium on fruit growing, Plovdiv, Bulgaria. | 1,8 |
| 8. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор: T. Arsov, R.Rusevski, V.Gjamovski, **M. Popovska.** 2009. Investigation of tipe of media for micropropagation and rooting of Gisela 5 rootstock. Acta Horticulturae, Number 825, 273-276, Proceedings on the First Balcan Symposium on fruit growing, Plovdiv, Bulgaria. | 1,8 |
| 9. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во научно списание: **Melpomena Popovska**, Bojan Popovski, Viktor Gjamovski. 2011: Criteria for early diagnostics of primary effects of the treatment with gamma rays ($Cz^{137}$) at some cherry varieties. Plant Science, 48, 47-52. National Centre for Agrarian Science. Sofia. | 3,2 |
| 10. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: Bojan Popovski, **Melpomena Popovska**. 2011. More important characteristics of the reproductive organs of some strawberry variety breaded in the Skopje Region. Plant Science, 48, 76-82. National Centre for Agrarian Science. Sofia. | 3,6 |
| 11. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Evica Mratinić, Bojan Popovski, Tomo Milošević, **Melpomena Popovska**. 2011. Postharvest Chemical, Sensorial and Physical – Mechanical Properties of Wild Apricot *(Prunus armeniaca L.)*. Notulae Scientia Biologicae, 3 (4): 105 – 112. | 3,6 |
| 12. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во зборник на трудови од научен собир: Bandzo Katerina, **Popovska Melpomena**, Bandzo S. 2011. Influence of ripening time, fruit firmness and fruit's skin color of cherry varieties on the infestation percentage by *Rhagoletis cerasi*. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. Zbornik radova, Vol. 16. (18), 435-440. | 1,6 |
| 13. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во зборник на трудови од научен собир: **Melpomena Popovska**, Aleksandar Markovski, Viktor Gjamovski 2011. Influence of some stone fruit rootstocks on the vegetative characteristics of plum cv. Stanley and apricot cv. Krupna skopjanka plant material. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. Zbornik radova, Vol. 16. (18), 329-333. | 1,6 |
| 14. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Mratinić E., Popovski B., Milošević T., **Popovska M.** 2011. Evaluation of apricot fruit quality and correlations between physical and chemical attributes. Czech Journal of Food Sciences , 29: 161-170 – *Имüакü факüор сüоред JSR - 0.522* | 4,12 |
| 15. | Труд со оригинални научни резултати,, објавен во научно списание: A. Markovski, **M. Popovska**, V.Gjamovski. 2011. Plant material development of some plum and apricot varieties grafted on Prunus Marianna GF 8/1 rootstock. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.14. (4), 907-920. | 3,2 |
| 16. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: B. Popovski, **M. Popovska**. 2011. Ranking strawberry varieties according to the most | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | biological and economical features. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.14. (4), 881-893. | |
| 17. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Mratinić E., Popovski B., Milošević T., **Popovska M.** 2011. Analysis of Morphological and Pomological Characteristics of Apricot Germplasm in Macedonia. Journal of Agricultural Science and Tehnology, Vol. 13: 1121– 1134 – *Импакт фактор според JSR - 0,436* | 4,04 |
| 18. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: **M. Popovska,** B. Popovski. 2012. The influence of the treatment with different gamma-rays ($Cz^{137}$) doses on bud sprouting at some sweet cherry varieties. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.15, 3, 634-642. | 3,6 |
| 19. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание: **M. Popovska,** B. Popovski. 2012. Differentiation of Flower Germs in Some Sweet Cherry Varieties in the Skopje Region. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans. Vol.15, 3, 657-664. | 3,6 |
| 20. | Труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор: Evica Mratinić, Bojan Popovski, Tomo Milošević, **Melpomena Popovska.** 2012. Impact of Harvest Time on the Main Agronomic and Fruit Quality Traits of Three Apricot Cultivars. International Journal of Fruit Science, 12: 427-436. | 3,6 |
| 21. | Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција: **Мелпомена Поповска,** Бојан Поповски. 2012. Односи во опрашување и оплодување меѓу некои сорти цреши и вишни. Годишен зборник за Земјоделски институт. Том. XXVIII/XXIX, 118 – 129. Скопје. | 1,8 |
| 22. | Учество на научен собир со реферат (постер): **Melpomena Popovska,** B. Popovski. 2008. Uticaj različitih doza gama-zračenja ($Cz^{137}$) na poterivanje pupoljka kod nekih sorti trešnje. XIII Kongres voćara i vinogradara Srbije, Novi Sad, 27 – 30.10.2008. | 0,5 |
| 23. | Учество на научен собир со реферат (постер): B. Popovski, **Melpomena Popovska.** 2008. Rangiranje sorti jagode prema najvažnijim biološko privrednim karakteristikama. XIII Kongres voćara i vinogradara Srbije, Novi Sad, 27 – 30.10.2008. | 0,5 |
| 24. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): Банџо С., **Поповска Мелпомена,** Банџо Катерина. 2009. Влијание на некои карактеристики на сортите цреши врз процентот на заразеност на плодовите со црешова мува (Rhagoletis cerasi L.). XXXIV традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 2009. | 1 |
| 25. | Учество на научен собир со реферат (постер): **Melpomena Popovska**, Bojan Popovski, Viktor Gjamovski 2009. Criteria for early diagnostics of primary effects of the treatment with gamma rays ($Cz^{137}$) at some cherry varieties. Јубилејна научна конференција со меѓународно учество " 80 години Институт за земјоделство Ќустендил", Ќустендил, 15 – 17. 10. 2009. | 0,5 |
| 26. | Учество на научен собир со реферат (постер): Bojan Popovski, **Melpomena Popovska**. More important characteristics of the reproductive organs of some strawberry variety breaded in the Skopje Region. Јубилејна научна конференција со меѓународно учество " 80 години Институт за земјоделство Ќустендил", Ќустендил, 15 – 17. 10. 2009. | 0,5 |
| 27. | Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација): Банџо | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Катерина, **Поповска Мелпомена**, Банџо С. 2010. Следење на динамиката на летот на црешовата мува (Rhagoletis cerasi L.) и влијание на бројноста на имагата врз процентот на заразеност на плодовите на сортите цреша. XXXV традиционално советување за заштита на растенијата на Република Македонија, Охрид, 23-26.XI 2010. | |
| 28. | Учество на научен собир со реферат (постер): Bandzo Katerina, **Popovska Melpomena**, Bandzo S.: Influence of ripening time, fruit firmness and fruit's skin color of cherry varieties on the infestation percentage by *Rhagoletis cerasi*. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. 4-5.03.2011, Čačak. | 0,5 |
| 29. | Учество на научен собир со реферат (постер): **Melpomena Popovska**, Aleksandar Markovski, Viktor Gjamovski: Influence of some stone fruit rootstocks on the vegetative characteristics of plum cv. Stanley and apricot cv. Krupna skopjanka plant material. XVI Savetovanje o biotehnologiji sa međunarodnim učešćem. 4-5.03.2011, Čačak. | 0,5 |
| 30. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер): A. Markovski, **M. Popovska**, V.Gjamovski: Plant material development of some plum and apricot varieties grafted on Prunus Marianna GF 8/1 rootstock. XIV International Scientific Conference, Ecological Issues of Mountain Agriculture, 26 – 27 May, 2011, Troyan | 0,5 |
| 31. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер): Popovski B., **Melpomena Popovska**: Phenological and production characteristics of some strawberry varieties in the region of Skopje. I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska 19–22 March, Trebinje, 2012. | 0,5 |
| 32. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер): Katerina Bandzo, **Melpomena Popovska**, Bandzo S. Influence of the time of first fruit color change and the period of ripening of cherry varieties on the infestation by R. cerasi. I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska 19– 22 March, Trebinje, 2012. | 0,5 |
| 33. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер): Popovski Bojan, **Popovska Melpomena**. Strawberry Crop and Fruit Classes within the Skopje Region. 14 th Serbian Congress of Fruit and Grapevine producers with International Participation. 9 – 12. October 2012. Vrnjacka Banja. | 0,5 |
| 34. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Popovski B., **Melpomena Popovska**: Phenological and production characteristics of some strawberry varieties in the region of Skopje. I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska 19– 22 March, Trebinje, 2012. Book of Abstracts, 172. | 1 |
| 35. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Ana Selamovska, **Melpomena Popovska,** Markovski A. Rooting of hardwood cuttings of small fruits and some stone fruit rootstocks. I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska 19– 22 March, Trebinje, 2012. Book of Abstracts,175. | 1 |
| 36. | Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција: Katerina Bandzo, **Melpomena Popovska,** Bandzo S. Influence of the time of first fruit color change and the period of ripening of cherry varieties on the infestation by R. cerasi. I International Symposium and XVII Scientific Conference of Agronomists of Republic of Srpska 19– 22 March, Trebinje, 2012. Book of Abstracts, 189. | 1 |
| 37. | Апстракт објавен во зборник на меѓународен конгрес: Popovski Bojan, | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Popovska Melpomena.** Strawberry Crop and Fruit Classes within the Skopje Region. 14 th Serbian Congress of Fruit and Grapevine producers with International Participation. 9 – 12. October 2012. Vrnjacka Banja. Book of Abstracts, 188. | |
| | **ВКУПНО** | **71,76** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Експертски активности: Програма за подигнување на насад од цреша во с.Орешани – Скопско (2008) | 1 |
| 2. | Експертски активности: Програма за подигнување на насад од леска во с. Горни Полог – Кочанско (2009) | 1 |
| 3. | Експертски активности: Избор и распоред на сорти за подигање насад од леска во с. Костин Дол – Кочанско (2011) | 1 |
| 4. | Експертски активности: Елаборат за географско потекло на Охридска цреша, (2012) | 1 |
| 5. | Експертски активности: Стручни прегледи на материјал за размножување и саден материјал од цреша, вишна, кајсија, праска, слива во ДПТУ Опитно поле (2008, 2009, 2010, 2011) | 4 |
| 6. | Експертски активности: Стручни прегледи за сортна чистота на овошен саден материјал од цреша, вишна, слива, праска и кајсија во Агро-Мит, Свети Николе (2011) | 1 |
| 7. | Член на Комисија за изработка на измени и дополнувања на Закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија, МЗШВ (2009) | 2 |
| 8. | Член на Комисија за изработка на измени и дополнувања на Закон за семенски и саден материјал на земјоделски растенија, МЗШВ (2012) | 2 |
| 9. | Претседател на Комисија за изработка на подзаконски акт : Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал од овошни растенија наменет за производство на овошје (МЗШВ, 2008) | 4 |
| 10. | Претседател на Комисија за изработка на подзаконски акт: Правилник за описна листа на препорачани сорти за овошни растенија и винова лоза, (МЗШВ, 2012) | 4 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 11. | Член на Уредувачки одбор за издавање на Монографија на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје по повод 65 години од неговото формирање, 2009 | 0,5 |
| 12. | Член на Уредувачки одбор за издавање на Библиографија на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје по повод 65 години од неговото формирање, 2009 | 0,5 |
| 13. | Член на Уредувачки одбор за издавање на Јубилеен годишен зборник на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, 2009 | 0,5 |
| 14. | Член на Уредувачки одбор за издавање на Годишен зборник на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, 2012 | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 15. | Член на организациски одбор на стручен собир: II советување: Чување на свеж зеленчук, овошје и грозје, важна компонента на извозниот потенцијал, Струмица, 2009 | 0,5 |
| 16. | Студиски престој во странство: од 3.4 до 9.4.2011 престој во Турција во Ataturk Central Horticultural Research Institute – Yalova и во Ege University, Faculty of Agriculture, Department for Horticulture, на тема Cherry pruning practice and molecular variety identification | 0,5 |
| 17. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Испитување и колекционирање на автохтониот генофонд од цреша во охридскиот регион, МЗШВ, 2009 и 2010 (носител) | 1 |
| 18. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Детерминација на автохтоните сорти цреши во охридскиот регион, МОН, 2011 (носител) | 1 |
| 19. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Интродукција и препорака на сорти јагоди за одгледување во заштитен простор, МЗШВ, 2009 (соработник) | 0,5 |
| 20. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Почвените услови во Скопско како услов за реонирање на овошни култури и винова лоза. МЗШВ, 2009 (соработник) | 0,5 |
| 21. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Пилот проект за органски сливи, МЗШВ, 2010 (соработник) | 0,5 |
| 22. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Колекционирање и селекција за сортопроучување на типови кинеска урма, МОН, 2011, (соработник) | 0,5 |
| 23. | Изготвување и пријавување на национален научен проект: Детерминација и зачувување на агробиодиверзитетот од автохтоните сорти цреши во охридскиот регион, МЖСПП, 2011, (соработник) | 0,5 |
| 24. | Изготвување и пријавување на национален проект: Елаборат за лабораторија за микроразмножување и селекција на земјоделските култури, МОН, 2010 (раководител) | 1 |
| 25. | Учество во подготовка на развоен проект: Воспоставување на систем за производство на сертифициран овошен и лозов саден материјал согласно директивите на ЕУ, во координација со МЗШВ, 2008. | 2 |
| 26. | Помошник директор на Оддел за овоштарство при ЈНУ Земјоделски институт, 2009 | 4 |
| 27. | Раководител на Одделение за овоштарство при УКИМ Земјоделски институт, 2009 - | 3 |
| 28. | Член на институтска управа на УКИМ, Земјоделски институт- Скопје, 2009 – 2011 | 1 |
| 29. | Член на Комисија за нормативна дејност на УКИМ, Земјоделски институт-Скопје, 2010, 2012 - | 0,5 |
| 30. | Член на Комисија за евалуација на УКИМ, Земјоделски институт - Скопје | 0,5 |
| 31. | Член на Комисија за јавни набавки на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, 2012- | 0,5 |
| 32. | Член на Комисија за втор циклус на студии на УКИМ, Земјоделски институт – Скопје, 2012 - | 0,5 |
| 33. | Член на Комисија за избор во звање | 0,4 |
| 34. | Раководител на студиска програма за втор циклус студии растително производство - расадничко производство (УКИМ Земјоделски институт, 2012) | 1 |
| 35. | Подготовка на национален документ: Правилник за трговија со материјал за | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | размножување и саден материјал од овошни растенија наменет за производство на овошје (МЗШВ, Сл. весник на РМ бр.84 од 24.6. 2011) | |
| 36. | Учество во тело на државен орган: Член на Клучна група за остварување на Стратегија за приспособување на македонскиот земјоделско прехрамбен сектор кон заедничката земјоделска политика САР на ЕУ (МЗШВ), 2005-2008 | 1 |
| 37. | Учество во Комисија на државен орган: Управа за семе и саден материјал при МЗШВ: Член на Комисија за признавање и одобрување на сорти од овошни видови и винова лоза (МЗШВ), 2006 – 2010. | 1 |
| 38. | Учество во изработка на национална програма од одредена област: Учество во Работна група за доработка на Национална агро-еколошка програма (2010-2013), (МЗШВ), 2011 | 3 |
| | **ВКУПНО** | **49,90** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 25,02 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 71,76 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 49,90 |
| **ВКУПНО** | **146,68** |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Цане Стојковски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Радмила Спировска, научен советник, с.р.**

**Проф. д-р Ана Селамовска, вонреден професор, с.р.**

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ДОЦЕНТ ПО НАСТАВНАТА ОБЛАСТ *АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ* НА КАТЕДРАТА ЗА АНГЛИСКИ ЈАЗИК И КНИЖЕВНОСТ ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата трета редовна седница одржана на 17.12.2012 година, донесе одлука за формирање Рецензентска комисија за избор на еден наставник (во сите звања) по наставните предмети од областа англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност, во следниот состав: д-р Зоран Анчевски, редовен професор, д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор и д-р Виолета Христовска, редовен професор.

На објавениот конкурс за избор на еден наставник (во сите звања) по наставните предмети од областа англиска книжевност на Катедрата за англиски јазик и книжевност (конкурсот е објавен во весникот „Нова Македонија“ на 7.12.2012) се пријавил еден кандидат: д-р Калина Малеска-Гегај. Врз основа на доставените потребни материјали, како и врз онова на познавањето на кандидатката, Рецензентската комисија го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката д-р Калина Малеска-Гегај има поднесено уверение и диплома за завршени студии по *англиски јазик и книжевност со општа и компаративна книжевност* (просечен успех 9,29), како и уверение и диплома за завршени постдипломски студии од областа *англиска книжевност* (просечен успех 9,7), издадени од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

Од поднесената кратка биографија на кандидатката ги извлекуваме следниве неопходни податоци: родена е 1975 година во Скопје, Република Македонија, завршила високо образование и постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, посетувала настава од областа на книжевноста и уметноста за време на својот студиски престој во текот на летниот семестар (јануари 1999 – мај 1999) на престижниот американски Универзитет „Принстон“, магистрирала со одбрана на трудот „Деконструкција на текстовната логика во делата на Марк Твен, Џорџ Орвел и Венко

Андоновски“ во 2006 година, а во 2007 година пријавила докторска дисертација од областа на книжевноста под наслов „Дискурси на моќ во современата англо-американска и македонска литература, теорија и критика“, кој успешно го одбранила во 2012 година.

Од летниот семестар во учебната 2009/10 година, Калина Малеска-Гегај се вработува како асистент по англиска книжевност при Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Во текот на следните три академски години кандидатката држела часови за вежби од различни предмети по англиската книжевност: англиска книжевност 1 (драма), англиска книжевност 1 (поезија), англиска книжевност 5 и американска цивилизација. Покрај тоа држела редовни консултации и организирала една книжевно-преведувачка конференција со студентите насловена како „Македонски гледишта на англиската поезија од 20 век“, во зимскиот семестар од учебната 2012/13 година. Била избрана и за член на различни комисии на Факултетот, а од учебната 2011/12 година ја врши и функцијата координатор за ЕКТС за студентите од II година на Филолошкиот факултет.

Покрај работното искуство стекнато како асистент на Филолошкиот факултет, кандидатката има исто така поднесено податоци за богато претходно работно искуство. Веднаш по дипломирањето се вработила како професор по англиски јазик во приватното училиште „Еј-би-си“ во Скопје, потоа, од мај 1999 до јули 2001, работела како новинар во дневниот весник *Македонија денес* и во неделникот *Денес*, како преведувач во Центарот за печат и информации на НАТО-мисијата во Македонија (2001 – 2003), како хонорарен асистент по англиски јазик и книжевност на приватниот ММ Колеџ (летен семестар, 2003), како асистент за медиуми во Канцеларијата за односи со јавноста „Проксима“, полициска мисија на ЕУ во Македонија (2003 – 2005) и како асистент по англиска книжевност на приватниот Њујорк универзитет во Скопје (од 2006 до 2010 година).

Покрај ова работно искуство, кандидатката наведува дека во текот на 15 години работи како хонорарен преведувач (писмен и устен превод) и дека е член на Организациониот одбор на конференцијата „Глокал“, што од 2007 година се одржува секоја година, а се однесува на теми од областа на културата и комуникациите. Кандидатката, покрај одличното познавање на македонскиот, англискиот и српскиот јазик, добро го познава и се служи со францускиот јазик.

Од списокот на објавени трудови заклучуваме дека кандидатката д-р Калина Малеска-Гегај, покрај ангажманот во наставно-образовната дејност особено е активна и

како истражувач и критички проследувач на теми од областите на англо-американската литература, македонската литература, компаративистиката, културологијата, книжевниот превод, како и од областа на книжевноста и филмот. Своите трудови ги има објавувано во угледни домашни и странски пишувани и електронски списанија и медиуми, а со свои трудови има земено забележително учество на повеќе научни собири, симпозиуми и конференции во земјата и во странство (види: Анекс 2).

Неопходно е, исто така, да се посочи и преводната активност на Калина Малеска-Гегај, што е од клучна важност за развојот на секој филолог. Имено, таа има преведено на македонски јазик повеќе учебници наменети за различни нивоа во образовниот процес, како и книжевни, културолошки и политиколошки дела од светски познати автори кои пишувале или биле претходно преведени на англиски јазик, а кои биле внесени во програмите за превод на Министерството за култура на РМ. Покрај преводната дејност, кандидатката Калина Малеска-Гегај се занимава и со пишување рецензии и вршење лектура на преведени дела од англиски на македонски јазик и обратно.

Покрај тоа, кандидатката е автор и на две збирки раскази, еден роман и една драма, објавени во текот на последната деценија; таа е редовен соработник и пишувач за детското списание *Росица*, а за својата раскажувачка дејност има добиено и награда за кус расказ од списаниетио *Студентски збор* (1996).

За нејзината работа како асистент по англиска книжевност при Катедрата за англиски јазик и книжевност може недвојбено да се рече дека д-р Калина Малеска-Гегај е веќе изграден професионалец во наставата по англиска книжевност со извонредни комуникациски и организациски способности, со истенчено чувство за внесување иновации во наставната практика и со несебична колегијалност и подготвеност за соработка во најразлични истражувачки проекти.

Од погоре изнесеното се наметнува заклучокот дека образовниот и стручниот потенцијал, соодветното работно искуство што го поседува кандидатката д-р Калина Малеска-Гегај, но и нејзиниот постојан континуитет во напредокот како академски истражувач, говорат дека во нејзиниот случај се работи за извонредно погоден и соодветен наставен профил за предметите од областа на англиската книжевност. Имајќи ја исто така предвид комплетноста на нејзината личност може лесно и сигурно да се предвиди дека кандидатката д-р Калина Малеска-Гегај и понатаму ќе продолжи да се развива и надградува во педагошката, преведувачката и научната област.

Затоа, Рецензентската комисија смета дека кандидатката д-р Калина Малеска-Гегај во целост ги исполнува критериумите за избор на еден наставник (во сите звања) според Правилникот на Универзитетот „Кирил и Методиј" и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" за местото доцент по наставните предмети од областа ***англиска книжевност*** на Катедрата за англиски јазик и книжевност, да ја избере кандидатката д-р Калина Малеска-Гегај.

Скопје, 28.1.2013

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Зоран Анчевски, ред. проф., с.р.
2. Д-р Рајна Кошка-Хот, ред. проф., с.р.
3. Д-р Виолета Христовска, ред. проф., с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **д-р Калина Денко Малеска-Гегај**
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
**Научна област:** **англиска книжевност**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Вежби во прв циклус студии по вовед во литература (0+3) на Њујорк универзитет Скопје летен семестар 2006 (3 часа х 15 недели) | 1, 80 |
| 2 | Вежби во прв циклус студии по анализа и интерпретација на книжвни дела (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје летен семестар 2006 | 1,80 |
| 3 | Вежби во прв циклус студии по големите дела од светската литература (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје летен семестар 2006 | 1,80 |
| 4 | Вежби во прв циклус студии по вовед во литература (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје зимски семестар 2006, зимски семестар 2007 и зимски семестар 2008 | 5,40 |
| 5 | Вежби во прв циклус студии по поезијата на романтизмот (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје зимски семестар 2006 | 1,80 |
| 6 | Вежби во прв циклус студии по избрани драми од Шекспир (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје летен семестар 2007 | 1,80 |
| 7 | Вежби во прв циклус студии по постколонијална литература (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје зимски семестар 2007 | 1,80 |
| 8 | Вежби во прв циклус студии по стилистика (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје летен семестар 2007 | 1,80 |
| 9 | Вежби во прв циклус студии по политика низ перспектива на книжевноста (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје зимски семестар 2007 и зимски семестар 2008 | 3,60 |
| 10 | Вежби во прв циклус студии по деловна комуникација (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје зимски семестар 2008 | 1,80 |
| 11 | Вежби во прв циклус студии по академско пишување 1 (0+3) на | 3,60 |

| | | |
|---|---|---|
| | Њујорк универзитет-Скопје<br>зимски семестар 2008 и зимски семестар 2009 | |
| 12 | Вежби во прв циклус студии по академско пишување 2 (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје<br>летен семестар 2009 и летен семестар 2010 | 3,60 |
| 13 | Вежби во прв циклус студии по англиски како странски јазик III (0+3) на Њујорк универзитет-Скопје<br>зимски семестар 2009 | 1,80 |
| 14 | Вежби во втор циклус студии по поддршка на професионални и академски вештини (вкупно: 10 часа)<br>Њујорк универзитет Скопје во соработка со Стафордшир универзитетот зимски семестар 2009 (10 x 0,05) | 0,50 |
| 15 | Вежби во втор циклус студии по медиуми и литература (вкупно: 10 часа) Њујорк универзитет-Скопје летен семестар 2010 | 0,50 |
| 16 | Консултации со студенти на Њујорк универзитетот во летниот семестар 2006 година, и во академските 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10 (9 семестри x 20 студенти) | 0,36 |
| | Подготовка на нов предмет – вежби Политика низ перспектива на книжевноста на Њујорк универзитет-Скопје за зимскиот семестар 2007 | 0,5 |
| | Подготовка на нов предмет – вежби Медиуми и литература на Њујорк универзитет-Скопје за зимскиот семестар 2007 | 0,5 |
| 17 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 1 (поезија) (0+2) Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје зимски и летен семестар во академската 2010/2011 (две групи: 4 часа x 30 недели (2 семестри)) | 4,80 |
| 18 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 1 (драма) (0+2) Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>зимски и летен семестар во академската 2010/2011<br>(две групи: 4 часа x 30 недели (2 семестри)) | 4,80 |
| 19 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 5 (0+2)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>зимски семестар 2010<br>(две групи: 4 часа x 15 недели) | 2,40 |
| 20 | Вежби во прв циклус студии по американска цивилизација (0+1)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>летен семестар 2011<br>(четири групи: 4 часа x 15 недели) | 2,40 |
| 21 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 1 (драма) (0+2)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>зимски и летен семестар во академската 2011/2012<br>(5 групи x 2 часа x 15 недели) | 6,00 |
| 22 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 5 (0+2)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>зимски семестар 2011 | 4,80 |

| | | |
|---|---|---|
| | (четири групи: 8 часа x 15 недели) | |
| 23 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 1 (поезија) (0+2)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје<br>летен семестар 2012<br>(две групи: 4 часа x 15 недели) | 2,40 |
| 24 | Вежби во прв циклус студии по американска цивилизација (0+1)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје<br>летен семестар 2011<br>(две групи: 2 часа x 15 недели) | 1,20 |
| 25 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 1 (драма) (0+2)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје<br>зимски семестар 2012<br>(две групи: 4 часа x 15 недели) | 2,40 |
| 26 | Вежби во прв циклус студии по англиска книжевност 5 (0+2)<br>Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје<br>зимски семестар 2011<br>(четири групи: 8 часа x 15 недели) | 4,80 |
| 27 | Консултации со студенти на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" - Скопје во академските 2010/11, 2011/12, и зимски семестар 2012<br>(5 семестри x 40 студенти) | 0,40 |
| | **Вкупно** | 71,16 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЛНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| 28 | „Сигурност разнишана од бурата на сомнежите: Шекспир-Сезер". *Мираж: електронско компартистичко списание* (јуни 2002). | 4 |
| 29 | „Деконструкција на текстовната логика во дела на Џорџ Орвел, Марк Твен и Венко Андоновски. *Годишен зборник*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески" (декември 2007). | 4 |
| 30 | „Водата како извор на двојна наративна линија во *Островот од претходниот ден*, *Таинствениот туѓинец* и *Големата вода*. Списание *Културен живот* (1-2/2008). | 4 |
| 31 | „Реалноста на Борхесовата фантастика, нереалноста на Кортасаровиот реализам". *Годишен зборник*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески", книга 37 (декември 2011). | 4 |
| 32 | „Аспекти на моќта во постколонијалната литература", списание *Културен живот* (1-2/2012). | 4 |
| | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 33 | „Во потрага по оригиналот: Богомил Ѓузел на англиски“, меѓународно списание *Metamorphosis* (есен 2002). | 6 |
| 34 | „Посткомунистичката литература во Македонија: комбинација од традиционалното и современото“, меѓународно списание *Word and Text: A Journal of Literary Studies and Linguistics*, Vol. II, Issue 1 (јуни 2012). | 6 |
| 35 | „Книжевни обиди да се избегне контролата врз дискурсот: македонско-англиско компаративно гледиште“, меѓународно списание *Slovo* (interdisciplinary journal of Russian, East-Central European and Euroasian affairs), Vol 24, No 2, 2012, кое го печати University College London School of Slavonic and Eastern European Studies (октомври 2012). | 6 |
| | **Труд со оригинални научни резултати во стручно/научно популарно списание** | |
| 36 | „*Хамлет* на Кенет Брана“, во списанието *Лоза* (декември 1997) | 2 |
| 37 | „Превод на поими поврзани со дадена култура“ (февруари 2007) на интернет старницата на организација за преведувачи www.proz.com | 2 |
| 38 | „Со различни видови на прашања до поверодостоен тест“ (февруари 2007) на интернет-страницата на организација за преведувачи www.proz.com | 2 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| 39 | „Неопходноста на примерите“. Зборник на текстови од конференцијата *“From Teaching to Learning: Current Trends in ELT”* (есен 2010). | 2 |
| 40 | „Алтернативно гледиште на односот меѓу литературата и политиката“. Зборник на текстови од конференцијата “Voicing the Alternative”, објавен од Филолошкиот факултет на Црна Гора (септември 2012) | 2 |
| | **Учество во научен/стручен собир со реферат: усна презентација** | |
| 41 | Учество во меѓународната конференција “Glocal 3: Inside Social Media” на Њујорк универзитетот-Скопје, со трудот „Споделување на интелектуална сопственост: онлајн книги наспроти печатени книги“ (октомври 2009). | 1 |
| 42 | Учество во меѓународната конференција “From Teaching to Learning: Current Trends in ELT” на Универзитетот на Источна Европа, со трудот „Неопходноста на примерите“ (мај 2010). | 1 |
| 43 | Учество во меѓународната конференција “Voicing the Alternative”, со трудот „Алтернативно гледиште на односот меѓу литературата и политиката“ во Никшиќ, Црна Гора (септември 2011). | 1 |
| 44 | Учество во меѓународниот конгрес „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, одржан на | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Филолошкиот факултет „Блаже Конески – Скопје“, со трудот „Одговорот на неживите субјекти во неколку песни на Конески, Јејтс и Неруда“ (декември 2011) | |
| 45 | Учество во меѓународната конференција “English Language and Literature Studies: Embracing Edges”, одржана на Филолошкиот факултет во Белград, со трудот „Преиспитување на односот меѓу книжевниот и историскиот дискурс“ (декември 2012) | 1 |
| | **Апстракт објавен во зборник на меѓународна конференција** | |
| 46 | Апстракт од текстот „Преиспитување на односот меѓу книжевниот и историскиот дискурс“ презентиран на меѓународната конференција “English Language and Literature Studies: Embracing Edges”, одржана на Филолошкиот факултет во Белград (ноември 2011). | 1 |
| | **Вкупно** | 54 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Книга од стручна област – автор** | |
| 47 | *Недоразбирања*, збирка раскази, Скопје: Македонска книга, 1998 | 8 |
| 48 | *Бруно и боите*, роман. Скопје: Слово, 2006 | 8 |
| 49 | *Именување на инсектот*, збирка раскази, Скопје: Слово, 2008 | 8 |
| 50 | *Случка меѓу настани*, драма, Скопје: Слово, 2010 | 8 |
| | **Поглавје во книга** | |
| 51 | Поезија во *Разгледи* (април 1996) | 3 |
| | „На Дрим куќа да имам“, расказ објавен на англиски во списанието *Janus Head* (2007) | 3 |
| | Раскази во *Росица* (од октомври 2008 до сега) | 3 |
| | Песни во збирката *Нов македонски хаику бран*, во издание на Струшки вечери на поезијата (2011) | 3 |
| | „Препознатливиот автопортрет“ расказ во антологија на раскази *Планета Скопје*, во издание на Феникс (октомври 2011) | 3 |
| | **Рецензија** | |
| | Рецензија за збирка поезија од Ен Секстон во превод на Кристина Зимбакова (2011) | 0,5 |
| | **Превод – книга/учебник** | |
| | Превод на *Концизниот оксфордски речник на политиката* (Скопје: Ми-Ан, 2002) | 3 |
| | Превод на книгата *Иронијата на слободниот говор* од Овен М. Фис во издание на „Азбуки“ (октомври 2003) | 3 |
| | Превод на книгата *Ромите во Европа* од Жан-Пјер Легуа, во издание на Совет на Европа (јуни 2008) | 3 |
| | Превод на романот *Она што беше небо* од Владо Малески. (Битола: Микена, 2010) | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Превод на романот *Тристрам Шенди Том 1* од Лоренс Стерн (2012) | 3 |
| | Превод од македонски на англиски на драмата *An Event among Many* (Скопје: Слово, 2010) | 3 |
| | **Превод – дел од книга** | |
| | Превод на текстови од Николо Макијавели, Томас Хобс, Жан-Жак Русо, Хас Моргентау, Хедли Бул, Роберт Гилпин и Кенет Волтс објавени во: *Меѓународна политика*, антологија на студии во областа на меѓународната политика (Скопје: Правен факултет, 2000) | 1 |
| | Превод на есеј во областа на теорија по литература, „Дали има текст во оваа класа“ од Стенли Фиш, објавен во: *Херменевтика* – хрестоматија на текстови од областа на херменевтиката, избор: Катица Ќулавкова (јуни 2002) | 1 |
| | Превод на пет поглавја од учебникот *Сметководствени принципи*. Економски факултет (2003) | 1 |
| | **Превод – статија** | |
| | Превод на избрани сонети од Џон Милтон во списанието *Блесок* (2002) | 0,5 |
| | Превод на македонски на Дигиталната архива на ресурси на Европската библиотека (април 2009) | 0,5 |
| | Превод на текстови од списанието *New Balkan Politics* (2009) | 0,5 |
| | **Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик – книга** | |
| | Лектура на книга за деца: *Големи мачки* (објавена на македонски во декември 2012) | 1 |
| | Лектура на книга за деца: *Арктик* (објавена на македонски во декември 2012) | 1 |
| | Лектура на книга за деца: *Дождовни шуми* (објавена на македонски во декември 2012) | 1 |
| | Лектура на книга за деца: *Ѕвезди и планети* (објавена на македонски во декември 2012) | 1 |
| | Лектура на книга за деца: *Океани* (објавена на македонски во декември 2012) | 1 |
| | Лектура на книга за деца: *Земјата* (објавена на македонски во декември 2012) | 1 |
| | Лектура на зборник од текстови од меѓународната конференција *Glocal 1* одржана на Њујорк Универзитетот Скопје (објавен 2008) | 1 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Претседател на организационен одбор на научен/стручен собир** | |
| | Организатор на студентската конференција „Македонски гледишта од 21 век на англиската поезија од 20 век“ (одржана на 10 декември 2012) | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Член на организационен одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Член на организациониот одбор на меѓународната конференција "Glocal 3: Inside Social Media" на Њујорк универзитетот Скопје (2009) | 1 |
| | Модератор на меѓународната конференција *New Image of the Balkans* одржана во Скопје (мај 2011) | 1 |
| | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | |
| | Награда на *Студентски збор* за расказот „Чувари" (февруари 1996) | 3 |
| | **Студиски престој во странство – до три месеци** | |
| | 1994: двомесечен престој на Њујорк Сити универзиетот, Њујорк, САД | 0,5 |
| | 1999: тримесечен престој на Универзитетот Принстон, Њу Џерси, САД | 0,5 |
| | **Член на факултетска комисја** | |
| | Член на пописната комисија при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје (ноември 2010 – јануари 2011) | 0,5 |
| | **Координатор на студиска програма** | |
| | Помошник координатор на постдипломските студии при Њујорк универзитетот-Скопје (2009/2010) | 1 |
| | Координатор за ЕКТС за студентите од II година на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје (од септември 2011) | 1 |
| | **Вкупно** | 86,50 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 71,16 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 54,00 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 86,50 |
| **Вкупно** | 210,66 |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р Зоран Анчевски, ред. проф., с.р.

2. Д-р Рајна Кошка-Хот, ред. проф., с.р.

3. Д-р Виолета Христовска, ред. проф., с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СУПСТИТУЦИЈАТА И ЕЛИПСАТА КАКО КОХЕЗИВНИ СРЕДСТВА ВО СОВРЕМЕНИОТ МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК“, ОД М-Р БЛАГОЈКА ЗДРАВКОВСКА-АДАМОВА ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата триесет и втора редовна седница одржана на 28.11.2012 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје избра Рецензентска комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Супституцијата и елипсата како кохезивни средства во современиот македонски јазик“, изработена од м-р Благојка Здравковска-Адамова, во состав:

д-р Анета Дучевска, вонреден професор
д-р Живко Цветковски, редовен професор
д-р Димитар Пандев, редовен професор
д-р Катерина Велјановска, редовен професор
д-р Симон Саздов, вонреден професор.

Се заблагодаруваме за укажаната доверба и го доставуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Супституцијата и елипсата како кохезивни средства во современиот македонски јазик“, изработена од м-р Благојка Здравковска-Адамова, се состои од вкупно 203 страници. Содржински, трудот е поделен во шест дела: 1. Вовед (6-11 стр.); 2. Текст и/или дискурс, текстура, текстуалност (12-55 стр.); 3. Кохезијата и кохезивните врски (56-78 стр.); 4. Елипса (78-153); 5. Супституција (154-181 стр.); 6 Заклучок (182-194 стр.). На крајот, даден е список на библиографските единици и изворите (195-203 стр.), кои се користени при изработката на трудот.

Проблематиката што се разработува во овој труд има комплексна природа, со оглед на фактот што се работи за надреченичната јазична единица – текстот, која, пак, е предмет на интерес во поновата гранка на науката за јазикот – текст-лингвистиката. Истражувањата во ова поле користат мултидисциплинарен пристап, токму поради сложениот карактер на текстот како јазична единица и може да се каже дека сè уште не постои единствена и општо прифатена методологија што би се применувала во проучувањето. Општо земено, се изделуваат два начина на разгледување на текстот: а. како готов производ, без да се земат

предвид неговиот создавач, примач, ситуацијата и сл.; б. како процес, со вклучување на сите учесници во тој процес. Во трудот на м-р Здравковска-Адамова, главно земен е предвид првиот концепт, иако на повеќе места се укажува и на влијанието на контекстот, како и на намерите на создавачот и прифатливоста од страна на примачот на текстот.

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација се јазичните појави супституција и елипса, сфатени како кохезивни средства во рамките на текстот. Кога се зборува за кохезијата како една од повеќето компоненти преку кои една низа од реченици се третира како текст, треба да се има предвид фактот дека таа се пројавува во неколку различни, како семантички така и функционално-граматички подвидови. Според таксономијата на Халидеј и Хасан (M.A.K. Halliday & R. Hasan, *Cohesion in English)*, тие подвидови се следниве: референција, супституција, елипса, конјункција и лексичка кохезија. Оваа класификација се базира на јазичната форма, односно наведените кохезивни категории се наоѓаат во лексичко-граматичкиот систем на еден јазик. Референцијата, супституцијата и елипсата имаат јасен граматички карактер. Нив ги поврзува присуството или отсуството на односните јазични средства, како и категоријалните системи: лице, број, блискост, степен на компарација. Според тоа, кај нив зборуваме за затворени системи. Кај лексичката кохезија, пак, системот е отворен. Како што се гледа и од самиот термин, овде станува збор за лексичкиот систем на јазикот, т.е. за избор на една лексема од тој систем, која е на некој начин поврзана со другите лексеми што се јавуваат во текстот. Конјункцијата стои на границата помеѓу граматичката и лексичката кохезија: од една страна, конјункциските средства можат да се разгледуваат како граматички систем (на пример, сврзниците), а од друга, тие можат во себе да содржат и други лексеми (на пример, предлошки фрази во функција на конектори).

Причината за изборот на супституцијата и елипсата како тема на оваа докторска дисертација лежи во следниов факт: тие претставуваат многу слични појави и на нив може да се гледа како на слични процеси во рамките на поврзувањето во текстот. Супституцијата претставува процес на замена на еден елемент со друг, додека елипсата е процес на

замена на еден елемент со нула, т.е., испуштање на елементот што е во релација со друг во текстот. Она што ги разликува овие два процеса се механизмите со кои тие се постигнуваат, додека заеднички именител е тоа што и двете имаат допирни точки со референцијата, особено со внатрешнојазичната референција, која, пак, од своја страна, има примарна улога во поврзувањето на текстот.

Воведниот дел од дисертацијата содржи претставување и дефинирање на поимите текст, дискурс, текстура и текстуалност низ призмата на повеќе теориски рамки, од кои две се земаат како појдовни: системската функционална лингвистика, односно функционалната граматика на Халидеј и Хасан, и теоријата на критичка анализа на дискурсот. Понатаму, м-р Здравковска-Адамова го насочува вниманието кон претставување на седумте критериуми на текстот (востановени од Богранд и Дреслер), кои се клучни за она што е главна тема на трудот. Имено, во тие седум критериуми, покрај кохеренцијата, намерата, прифатливоста, информативноста, ситуацијата и интертекстуалноста, влегува и кохезијата, која, пак, го претставува површинското поврзување на единиците во рамките на еден текст.

Кохезијата и кохезивните врски се претставени во одделно поглавје: преку дефинирање на основниот поим и концепт на кохезијата, како и преку опис на сите кохезивни врски (референција, супституција, елипса, конјункција и лексичка кохезија), илустрирани со примери од македонски јазичен материјал.

Централниот дел на дисертацијата е опфатен во две поглавја: супституцијата и елипсата како два начина на поврзување во текстот. Со оглед на тоа што елипсата се покажува како почеста и покарактеристична кохезивна врска за македонскиот јазик во однос на супституцијата, таа е разработена како прва. Дефинирајќи ја елипсата како поим со кои се означува испуштање јазични елементи кои треба да бидат разбрани од контекстот, м-р Здравковска-Адамова се задржува на разликите меѓу контекстуалната (на планот на ендофората) и ситуациската (на планот на егзофората) елипса; понатаму, меѓу синтаксичката, семантичката и прагматичката елипса, како и меѓу номиналната, вербалната и реченичната елипса. Последнава поделба е подетално разработена во овој дел од трудот. Истиот принцип за

претставување и анализа е применет и кај супституцијата: и оваа кохезивна врска се разгледува на планот на именската група (номинална), на планот на простата реченица (вербална) и на планот на сложената реченица (реченична). Она што е можеби најважно за македонскиот јазик во поглед на елементите што вршат функција на супститути, е сѐ позачестената употреба на заменската придавка *ист* во функција на именски супститут. М-р Здравковска-Адамова му отстапува голем простор на овој проблем и со добиените резултати од своето истражување дава придонес во расветлувањето на оваа појава.

Сумираните резултати од истражувањето се претставени во последниот дел од дисертацијата и тоа шематски. Во шест табели дадени се сите видови елипса и супституција, поткрепени со примери од ексцерпираниот материја. Овој начин секако придонесува за поголема прегледност при претставувањето на заклучните белешки. Исто така, за одбележување е и следново: за да се види како оперираат овие две кохезивни врски во текстот и каква е нивната честота, м-р Здравковска-Адамова дава и четири текста од различни функционални стилови, во кои ги лоцира поврзувањата преку елипса и супституција. Вакавата анализа ја потврдува претходно изнесеното тврдење дека во македонскиот јазик елипсата е далеку почеста кохезивна врска отколку супституцијата.

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација „Супституцијата и елипсата како кохезивни средства во современиот македонски јазик“ може да се оцени позитивно од повеќе причини: а. тоа е солидно изработен труд на тема што до сега не била предмет на интерес во поопсежни трудови ; б. темата е разработена детално: од воведни, општи поставки до специфична продлабочена разработка на проблематиката; в. резултатите од истражувањето ги потврдуваат поставените цели на трудот – да се прикажат механизмите со кои оперираат супституцијата и елипсата, карактеристични за македонскиот јазик; да се покаже во колкава мера придонесуваат овие кохезивни врски за поврзаноста на текстот и неговата кохеренција (нивното присуство или отсуство); дали влијаат

овие кохезивни врски врз типот на текстот, т.е. на функционалниот стил; г. консултирана е богата литература (100-тина единици), како и солиден број извори за ексцерпираниот материјал од уметничкиот, новинарскиот, административниот и научниот стил..

Имајќи го предвид гореизнесеното, ни претставува чест да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" да го усвои нашиот извештај и да допушти усна одбрана на докторската дисертација „Супституцијата и елипсата како кохезивни средства во современиот македонски јазик", изработена од м-р Благојка Здравковска-Адамова.

Рецензентска комисија

Д-р Анета Дучевска, вонреден професор, с.р.

Д-р Живко Цветковски, редовен професор, с.р.

Д-р Димитар Пандев, редовен професор, с.р.

Д-р Катерина Вељановска, редовен професор, с.р.

Д-р Симон Саздов, вонреден професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МОДЕЛИ НА ПОВРЗАНОСТ НА ТЕРОРИЗМОТ И ТРАНСНАЦИОНАЛНИОТ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ“, ПОДНЕСЕНА ОД М-Р ТАЊА МИЛОШЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 33-та редовна седница одржана на 19. XII 2012 година, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на м-р Тања Милошевска под наслов „Модели на поврзаност на тероризмот и трансационалниот организиран криминал", во состав: проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Тони Милески. По прегледот на приложениот труд, Комисијата има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во академската 2008/2009 година, кандидатката пријави докторат на Институтот за одбранбени и мировни студии, сега Институт за безбедност, одбрана и мир, и со помош на менторот проф. д-р Митко Котовчевски изработи докторска дисертација на претходно одобрената тема: „Модели на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал".

Според нивото, квалитетот и дијапазонот на тематско-проблемската елаборација и експликација на третираниот проблем, докторската дисертација на м-р Тања Милошевска може да се валоризира како системски изложена целина од областа на безбедноста.

Интегралниот текст на дисертацијата содржи вовед, четрнаесет засебни дела кои меѓусебно се надополнуваат, заклучок и преглед на библиографските единици, односно основниот текст на докторската дисертација е изложен на 404 страници, додека аргументацијата е поткрепена со 462 фусноти. Трудот претставува извонредно вредна анализа за комплексни проблеми и се повикува на релевантна литература со 263 библиографски единици, потоа документи, резолуции и извештаи. За прегледност во елаборирањето на предметот на истражување, текстуалната експликација се надополнува со 18 слики, 17 табели, 5 дијаграми и 11 графикони кои создаваат јасна слика за проблемот што се истражува.

Проблемот на истражување на моделите на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал не може да се ограничи единствено на ниво на Република Македонија и на Балканот како што потенцира и самата авторка, иако тие и понатаму остануваат централен објект, при што неодминлива е и неговата поврзаност со индивидуалната, регионалната и меѓународната сфера на проблемот, која е изразена низ многубројни меѓусебни интеракции. Во докторската дисертација, територијата на Балканот претставува примарен објект на анализа, додека меѓународната безбедносна средина претставува поширок или секундарен објект на анализирање.

Во првиот дел од докторската дисертација се определени основните цели и релевантноста на темата, теоретската рамка и основната хипотетичка рамка. Појдовната премиса на докторката теза, која доследно провејува низ целиот труд се моделите на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал. Ова истражување се фокусира на хипотезата во случај да се формира сојуз помеѓу терористички и транснационални организирани групи преку операциона употреба на терористички тактики од страна на криминални групи, или употреба на криминални тактики применети од терористички групи, тогаш или ќе се формираат модели на поврзаност и симбиоза на криминалните и терористичките тактики во единствен хибриден ентитет, или ќе дојде до трансформација на тероризмот во транснационален организиран криминал или обратно.

Во вториот дел „Променлива меѓународна безбедносна средина" се укажува дека суштински променетите состојби и тенденции во сферата на заштитата на поединците и општествата во современата меѓународна заедница неминовно ја наметнуваат и потребата за редефинирање на безбедноста.

Потпирајќи се на најсовремените пристапи, правци и школи во теоријата на науката за безбедноста и одбраната, м-р Милошевска прави успешен обид за толкување и анализирање на проблемите кои се сé повеќе присутни на современата сцена на безбедносни случувања и нарушувања на мирот и безбедноста, а кои не се опфатени во традиционалната теорија за изучувањето на безбедносните закани и ризици.

Новиот концепт на безбедноста, односно новата дефиниција на безбедноста ќе мора да ги опфати сите нејзини значајни содржини, како подеднакво важни. Тоа ја вклучува и промената на содржината на безбедносната политика на современите држави во смисла на ставањето на акцент на невоените средства (аспекти) и механизми во безбедносните дејности.

Третиот наслов од докторската дисертација „Тероризам" го сочинуваат следниве поднаслови: (1) Терористички организациони модели и (2) Реконцепција на тероризмот како безбедносна закана. Во овој дел е направена дескрипција на поимот тероризам и на доминантните модели за детерминирање на поимот тероризам, кои последователно резултираат со оформување на контратерористичката политика. Кандидатката укажува на тековните и на идните модели на терористичките организации (хиерархиски и мрежни) кои го подобруваат сфаќањето за дејствувањето на тероризмот во современото операционо опкружување.

Преку идентификација на варијаблите-контрола врз операциите и контрола врз ресурсите можеме да генерираме редна скала на четири нивоа за тоа колку е хиерархиска организацијата.

Од друга страна, постојат различни видови на мрежна структура, во зависност од тоа на кој начин елементите се поврзани со другите елементи во структурата. Утврдени се три основни типови: синџир, центар и целосно

поврзана мрежа. Терористичката група може да примени и хибридна структура кога комбинира елементи од два мрежни вида, која мора да биде организирана како потенцијална организациска форма.

Анализирањето на реконцепцијата на тероризмот како безбедносна закана е од клучно значење бидејќи високиот степен на децентрализација и флексибилност во организационен поглед, поточно високиот степен на оспособеност на членовите на современата терористичка мрежа да применуваат современи технички иновации за обезбедување на финансиски средства и водење на сопствена пропаганда, способност за брзо приспособување на стратегијата и тактиките на дејствување кон глобалните ekонономски и политички промени без промена на сопствените политички цели, ја прави новата меѓународна терористичка мрежа способна за брзо приспособување и ефикасно да дејствува во новото опкружување.

Четвртиот дел на докторскиот труд - „Транснационален организиран криминал", ги опфаќа следниве поднаслови: (1) Модели на транснационален организиран криминал; (2) Специфични модели на криминално организирање; (3) Анализа на структура на криминалните организации; (4) Нови криминални мрежи и (5) Реконцепција на транснационалниот организиран криминал. Овој дел се однесува на причините за непостоење единствена и општоприфатена дефиниција за транснационален организиран криминал поради фактот дека тој феномен многу брзо се развива, приспособува, ги менува методите на дејствување и формите на изразување.

Преку истражување на моделите на транснационалниот организиран криминал и класификацијата на криминалните групи според законитостите кои владеат помеѓу членовите на тие организации и според нивната структура, кандидатката потенцира дека стандардната хиерархија и регионалната хиерархија се вклопуваат во традиционалните форми на организираниот криминал, додека кластерираната хиерархија може да имплицира соработка со терористичките групи преку поврзаноста со наркотици. Во овој дел, авторката, користејќи ги своите научни и експертски сознанија, прави целосна анализа за организационите форми кои имаат тенденција за доминација-моделите на јадрена група и на криминалната мрежа кои истовремено покажуваат сличности во начинот на нивното функционирање со новите терористички групи.

Друг значаен сегмент на подобрување на ефикасноста на надлежните државни органи за сузбивање на организираниот криминал е организационата анализа на специфичните модели на криминално организирање-моделот на циркуларна структура на криминална организација; моделот на децентрализација и мрежниот модел на криминална организација.

Авторката констатира дека концептуализацијата на транснационалниот организиран криминал како нетрадиционална или „мека" безбедносна закана бара анализа на три нивоа - меѓународно, национално и индивидуално.

Во петтиот дел од докторската дисертација се укажува на улогата на глобализацијата како олеснувач на односите помеѓу тероризмот и транснационалниот организиран криминал. Посебен акцент во оваа глава е ставен на карактеристиките на глобалниот тероризам и глобалниот организиран криминал. Новиот тероризам содржи низа карактеристики на глобализацијата, почнувајќи од координирано дејствување на териториите на поголем број различни држави, преку користење на најсовремените технолошки достигнувања, и остварување на глобални цели. Последниот бран на глобализација се покажа како можност и предизвик и за транснационалните организирани криминални групи, кои иако биле вклучени во транснационалната трговија со години, поради нивната ригидна/цврста структура и фокусот кон одржување контакти со локалните власти, предизвика некои од нив да ги пропуштат новите глобални можности. Ова ја наведува еволуцијата на организираниот криминал и докажува дека развојот ќе биде паралелен со ќелијската структура на тероризмот.

„Мрежното функционирање на терористичките и транснационалните криминални организации" е насловот на шестиот дел во кој се обработени две поттеми: (1) Вмрежување на формите на глобалниот тероризам и (2) Потенцијално преклопување на терористичките и транснационалните криминални организации.

Авторката ја прикажува мрежата на теорија која еволуирала од 90-тите преку опишување на мрежите како статички феномени до разгледување како системи кои постојано растат, од случајни мрежи, мрежи во кои се дистрибуира моќта, ќелијски мрежен модел и метамрежи. Во овој дел од трудот се разработени и видовите на мрежи: централизирани, децентрализирани и распространети мрежи. Анализата за развојот на организациските мрежи помеѓу и во рамките на транснационални криминални организации и терористички организации од аспект на преклопување на мрежите е значајна за импликациите за противтерористички политики и акции.

Во седмиот дел од докторскиот труд, насловен како „Економска либерализација: поврзување на транснационалниот организиран криминал и тероризам како несакана последица", авторката ја потенцира улогата на економската либерализација, преку транснационалниот организиран криминал кој ја претставува новата економија на терористичките мрежи со воведување на економскиот модел на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал.

Осмиот дел ги идентификува причините за соработка и поврзаност, преку истражување на сложената зависна варијабла: моќ, профит и насилство. Во оваа глава комплексно се разработени и идентификувани четири модели на терористичко-криминални поврзувања: идеолошки модел, практичен модел, предаторски модел и модел на поволна меѓузависност. Изработка на аналитичка рамка на соработка и поврзаност на меѓународните криминални и терористички мрежи е потребна за

формулирање на модел кој се обидува да даде одговор за заедничките причини за соработка помеѓу овие два вида на глобално опасни феномени и условите под кои политичко мотивираните терористи соработуваат со транснационалните криминални картели и vice versa.

Деветтиот дел го истражува балканскиот модел на поврзаност на тероризмот и транснационалниот организиран криминал преку елаборација на теорискиот модел на кохабитација на организираниот криминал, тероризмот и носителите на политичка власт. Во овој дел посебно се акцентира хибридната природа на балканскиот транснационален организиран криминал со анализа на структурата на организација на криминалните групи во Албанија, Хрватска, Босна и Херцеговија, Србија, Црна Гора, Косово и Македонија.

Покрај актуализирањето на прашањето за новиот балкански криминален поредок и новата терористичка-криминална инфраструктура, во овој дел се презентирани и најзначајните акцелератори кои во голема мера ги мултиплицираат безбедносните проблеми и се позиционираат како фактори кои ќе имаат значајно влијание на безбедносната слика во наредниот период.

Десеттиот дел, насловен како „Елаборација на криминално-терористичкиот модел" е носечкиот истражувачки дел на оваа докторска дисертација. Овој дел е претставен преку идентификација на компонентите: формирање на сојузи, организираниот криминал и тероризам како оперативни алатки, теорија на конвергенција која вклучува политички криминал, комерцијален тероризам и синдром на црн отвор.

Авторката исто така, во овој дел ја анализира интеракцијата на терористичките и криминалните мрежи во нестабилни средини од која анализа очигледно е дека криминално-терористичкиот модел како што е претставен во оваа глава се надградува на концептуалната рамка. Во светлото на променливата природа на постоената безбедност на Студената војна, авторката заклучува дека теоријата на меѓународните односи се адаптирала со цел да може да се однесува на безбедносната закана која се трансформирала во средина која преовладува во која тие дејствуваат.

Терористичко-криминалниот спектар во единаесеттиот дел е посветен на анализа на природата на терористичките групи и степенот на можна вмешаност во транснационалниот организиран криминал преку имитација/позајмување и копирање на методите; соработка и формирање на стратегиски сојузи помеѓу тероризмот и транснационалниот организиран криминал и криминално-терористичкото партнерство и трансформации.

Во оваа глава авторката доаѓа до заклучок  дека главната загриженост во иднината може да произлезе од трансформацијата на терористичките групи во главно криминални, односно групи чиј суштествен приоритет се финансиска добивка, а не идеолошки цели. Денес, честа е појавата на хибридни закани и ваквото трансформирање на терористичките групи во хибридни криминално-терористички ентитети.

Посебен акцент е ставен на дванаесеттиот дел кој се однесува на структурата и активностите на наркотероризмот кој ги идентификува постојните линкови, динамики и односи помеѓу тероризмот и транснационалниот организиран криминал низ призма на методи и начини преку кои ги стекнуваат своите приходи. Авторката ги проблематизира директните и индиректните безбедносни импликации на ризици поврзани со зголемениот контакт помеѓу транснационалниот организиран криминал и тероризмот и нивната рефлексија на индивидуалната, националната и на глобалната безбедност.

Во тринаесеттиот дел авторката се фокусира на разузнавачко-безбедносните компоненти на терористичките и криминалните организации. Претставените декскрипции недвосмислено укажуваат на сличноста на одредени структури на терористичките и криминалните организации и методите кои тие ги применуваат со организацијата и методите на разузнавачките и безбедносните служби.

Стратегиите за борба со тероризмот и транснационалниот организиран криминал се претставени во четиринаесеттиот дел преку основни модели за борба против тероризмот (контратерористичкиот модел и евалуација на моделот на мрежно војување), односно глобално анти-терористичко вмрежување; политиката и институционалните исходи на мултилатералниот капацитет за борба со транснационалниот организиран криминал и идните потребни политички и институционални иновации. Во оваа глава се разгледани стратегиите спроведени од националните влади за спротивставување на тероризмот и транснационалниот организиран криминал, притоа потенцирајќи ги фундаменталните недостатоци. Овие недостатоци вклучуваат слаба имплементација од страна на владините хиерархии кои се далеку понефлексибилни и понеагилни од криминалните и терористичките мрежи.

Заклучокот на трудот претставува резиме на истражувањето, односно пресек на сознанијата за резултатите од истражуваните содржини. Криминално-терористичкиот модел настојува да дојде до објаснување за промената на динамиката на поствоената безбедносна средина после Студената војна, поврзан со транснационалниот организиран криминал и тероризмот. Во овој дел од докторската дисертација презентирана е криминално-терористичката поврзаност како теоретски модел и иден концепт на безбедноста во 21 век и идните проекции и динамики на развој на терористичко-криминалните сојузи.

Моделот на криминално-терористичка поврзаност според тоа бара да се нагласи важноста на поклопувањето на антитерористичките и антикриминални политики како начин да се формулира ефективен државен одговор за еволуирачкото и периодичното конвергирање на заканите.

Криминално-терористичкиот модел според тоа се воведува како начин да се објасни променливата природа на безбедноста во дваесет и првиот век - посебно заканите од тероризам, транснационален организиран криминал и нивното конвергирање.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

По анализата на докторската дисертација под наслов „Модели на поврзаност на тероризмот и трансационалниот организиран криминал", поднесен од м-р Тања Милошевска, Комисијата е едногласна во оценките дека трудот претставува сериозен научен потфат, заснован на добро разработена теориско-методолошка рамка, кој се одликува со кохерентност и елеганција на стилот на презентирање на содржините. Научниот труд на систематизиран и обемен начин обработува специфична и сложена проблематика поврзана со транснационалниот организиран криминал и тероризмот и во целост претставува пропорционален ракопис со успешна кореспондентност меѓу сите делови и поглавја. Материјата е солидно обработена и јасно изложена, пристап на обработка на материја кој е резултат на долгогодишната истражувачка работа на авторката.

Имајќи ја предвид актуелноста на претставената проблематика, м-р Милошевска дава одреден теориски и практичен придонес на научното спознавање на оваа проблематика од посебен општествен интерес за безбедноста.

Станува збор за научен труд кој гледа низ призмата на интегралната безбедност и глобалните безбедносни закани и во кој на еден многу вешт начин успешно се аплицираат методите и пристапите од овие две научни области на една извонредно важна тема за Република Македонија.

Трудот претставува одговор на интелектуалниот предизвик на кандидатката да открие, односно да фрли нова светлина на оној недоволно потенциран дел кој се однесува на поврзаноста на тероризмот и транснационалниот организиран криминал.

Поради тоа, Комисијата има особена чест, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му предложи да го прифати позитивниот извештај за оцена на докторската дисертација со наслов „Модели на поврзаност на тероризмот и трансационалниот организиран криминал" од м-р Тања Милошевска, и на тој начин да овозможи премин кон следната фаза - јавна одбрана на трудот.

Комисија

1. Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.
2. Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
3. Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.
4. Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
5. Проф. д-р Тони Милески, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „**СОСТАВ И ДИНАМИКА НА ТЕХНОЛОШКИ ЗНАЧАЈНИТЕ МИКРООРГАНИЗМИ ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА БИЕНОТО СИРЕЊЕ ПРОИЗВЕДЕНО НА ТРАДИЦИОНАЛЕН НАЧИН**“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ВЕСНА ЛЕВКОВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно–научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 02 – 2935/5, донесена на 47. седница одржана на 27.12.2012 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов **СОСТАВ И ДИНАМИКА НА ТЕХНОЛОШКИ ЗНАЧАЈНИТЕ МИКРООРГАНИЗМИ ПРИ ИЗРАБОТКАТА НА БИЕНО СИРЕЊЕ ПРОИЗВЕДЕНО НА ТРАДИЦИОНАЛЕН НАЧИН,** пријавена и изработена од м-р Весна Левков, вработена во УКИМ, Институт за сточарство.

Комисијата во состав: проф. д-р Југослав Зибероски, Факултет за земјоделски науки и храна, во пензија, ментор, проф. д-р Соња Србиновска, Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје, член; проф. д-р Милена Петровска, Медицински факултет во Скопје, член, проф. д-р Тихомир Чижбановски, Факултет за земјоделски науки и храна, во пензија, член и проф. д-р Олга Најденовска, Факултет за земјоделски науки и храна во Скопје, член, ја прегледа докторската дисертација и го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов *Состав и динамика на технолошки значајните микроорганизми при изработка на биеното сирење произведено на традиционален начин,* изработена од м-р Весна Левков, е напишана на 193 страници текст со вообичаен проред. Во содржината на текстот се вклучени 24 табели, 21 графикон и 9 слики и 10 таблици со по 8 микрофотографии. На крајот се дава преглед на консултирана домашна и странска литература со 175 наслови.

Докторската дисертација е поделена во 8 поглавја, и тоа: 1. **Вовед**, 2. **Преглед на литература**, 3. **Материјал и методи на работа**, 4. **Резултати**, 5. **Дискусија**, 6. **Заклучок**, 7. **Литература**, и 8. **Прилог-таблици со микрофотографии**.

Во **Воведот** докторантката укажува на значењето на традиционалниот начин на производство на сирење, особено на изработката на биеното сирење. Се смета дека традиционалните сирења се високоценети и вреднувани производи поради нивниот вкус и арома кои не можат да се сретнат кај индустриски добиените сирења. Тоа се должи на фактот дека традиционалните сирења, произведени без стартер култури, претставуваат уникатни екосистеми кои содржат различни видови

микроорганизми. Со цел да се добие производ со висок квалитет, но истовремено да ги поседува својствата на традиционален производ, потребно е да се изврши проучување на составот и карактеристиките на микроорганизмите кои се одговорни за добивање на овие производи. Квалитетот на ваквите типови сирења, чија изработка се базира на природната микрофлора, е тесно поврзан со територијата каде што се произведуваат како и традицијата на нивната изработка. Со конзервација на ваквите типови производи се врши конзервација на биодиверзитетот на микроорганизмите, но и историјата и културното опкружување на народот.

Кандидатот истакнува дека во последната деценија се посветува големо внимание на проучувањето на микробиолошкиот состав на традиционалните млечни производи (сирења) во европски рамки со цел да се утврди улогата и значењето на овие микроорганизми и како да се изнајде начин за нивна заштита. Во Република Македонија постојат традиционални сирења, меѓу кои и биеното сирење, кои е неопходно да бидат проучени и заштитени. За да може да се заштити автентичноста на биеното сирење од мариовскиот регион, неопходно е да се направат испитувања на застапеноста на повеќе групи микроорганизми во млекото и готовиот производ. Исто така, неопходно е да се направи изолација на автохтоните видови микроорганизми од млекото и готовиот производ, кои во иднина ќе можат да се користат како чисти култури (стартер култури) при негово производство. Користењето на автохтоните стартер култури при изработката на сирењето би овозможило производство на безбедни производи, кои би ги задржале своите оригинални сензорни карактеристики за регионот каде што се изработува.

Оттука произлегуваат и целите, што докторантката м-р Весна Левков си ги поставила во својот докторски труд, од кои поважни се:

- да се проучи природната микробиолошка популација во суровото млеко и биеното сирење произведено на традиционален начин во мандрите на мариовскиот регион;
- да се изврши изолација и идентификација на технолошки значајните микроорганизми (од млеко до краен производ), есенцијални за ваков тип на сирење;
- да се следат промените на динамиката на микроорганизмите во текот на целиот процес на производство;
- да се следат физичко-хемиските карактеристики на млекото и сирењето при процесот на неговата изработка.

Во поглавјето **Преглед на литература,** кандидатката м-р Весна Левков наведува бројни податоци од разни автори, кои вршеле испитувања на хемискиот и микробиолошкиот состав на млекото и сирењето при што дошле до различни констатации и заклучоци. Кандидатката преку анализа и цитати обработува 175 референци кои се однесуваат на хемиските карактеристики на млекото, хемиските карактеристики на сирењето, како и на микробиолошките карактеристики на сирењето, каде што кандидатката наведува податоци добиени од претходни испитувања на други варијанти биено сирење, но и други варијанти на традиционални сирења слични по

технологијата на изработка. Во таа, смисла кандидатката наведува податоци за динамиката на вкупниот број бактерии, на колиформните бактерии, како и на составот на млечнокиселинските бактерии, квасците и габите, нивната динамика во текот на производните процеси и промената на нивната доминација во различните фази на производство. Исто така се дадени податоци и за влијанието на промената на физичко-хемиските карактеристики на сирењата врз составот и динамиката на микроорганизмите. Голем дел од користената литература се однесува на истражувања спроведени на различни видови сирења, вклучувајќи и традиционални, кои по начинот на изработка и зреење се слични со биеното сирење. Ваквите истражувања во голема мера се спроведени на Балканскиот Полуостров, но и во останатите медитерански земји.

Во поглавјето **Материјал и метод на работа,** кандидатката детално ги опишува материјалот и методите кои ги користела за реализација на проектните задачи поставени во својата докторска дисертација. Како материјал за работа, м-р Левков користела биено сирење изработено на традиционален начин во две мандри во с. Пештани, Мариово.

Во почетокот на ова поглавје кандидатката дава опис на локацијата, како и опис на составот на вегетацијата на пасиштата од мариовскиот регион. Потоа, даден е опис на технологијата и технолошките постапки при производството на биено сирење, при што се наведува дека за производство на биено сирење било користено сурово овчо млеко, добиено од вечерно и утринско молзење. Во секоја од мандрите биле спроведени испитувања врз млекото и биеното сирење, добиени од три различни серии (вкупно шест) во периодот на месец јули и август 2010 година. Според м-р Весна Левков, технологијата на изработка на биено сирење во двете мандри е слична, а се разликува само по времетраењето на фазите на суво зреење на биеното сирење условени од климатските услови, пред сè од надворешната температура.

Земањето на проби за хемиски и микробиолошки испитувања е спроведено во текот на производниот процес во мандрите, во текот на сувото зреење на сирењето, како и при зреењето на сирењето во саламура. Микробиолошките анализи на земените проби се правени во микробиолошката лабораторија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, а хемиските во Лабораторијата за млеко и хемиската лабораторија при Институтот за сточарство.

За микробиолошки испитувања се користени соодветни методи според групата на микроорганизми која била испитувана. За испитување на вкупниот број бактерии е користена PC агар, за млечнокиселинските бактерии користено е M-17 и MRS агар. За детерминација на млечнокиселиснките бактерии бил користен API 50CHL system (bioMérieux). За испитување на колиформните бактерии е користена селективна подлога ENDO агар, за квасците Малт екстракт агар, а за габите е користена хранлива подслога YGC-агар. За следење на морфолошките особености на испитуваните микроорганизми користен е микроскоп Nikon

E80i, а сликањето на микрофотографиите е вршено со помош на Nikon Coolpix 6000.

За физичко-хемиските анализи на млекото се користени следниве методи: за содржина на суви материи (со сушење до постојана тежина во согласност со стандардот на AOAC, 1995), за содржината на протеини и масти е користен Milcoscan FT 6000. Ссодржината на пепел со жарење на температура од 500°C, а pH вредноста е испитувана со pH метар HANNA instruments. Титрационата киселост е испитувана по методот на Soxlet-Henkel модификација на Morres. Температурата на млекото е испитувана со термометар.

Во сите фази од изработката на сирењето биле одредувани следниве параметри: содржина на суви материи (со сушење до постојана тежина со AOAC-стандардот од 1995), содржината на вкупни протеини е одредувана со користење на Kjeldahl методата, а содржината на вкупни масти е одредувана со Soxlet-методата. Содржината на пепел е одредувана со жарење на температура од 500°C, а содржината на NaCl со модифицирана метода по Volhard. За сите други параметри (титрациона киселост, pH и температура) се користени истите методи кои биле користени при испитувања на физичко-хемиските анализи на млекото и сирењето.

Кај сирењата изработени во двете мандри биле анализирани квантитативните содржини на фенолните соединенија, и тоа во фазите на суво зреење, солење и 45. ден од зреењето во саламура.

За статистичка обработка на податоците бил користен програмскиот пакет Statgraph 3.

Во поглавјето **Резултати**, кандитатката ги презентира добиените резултати во две секции, и тоа резултатите добиени од физичко-хемиските анализи на млекото и биеното сирење и резултатите добиени од микробиолошките анализи на млекото и биеното сирење. Од истражувањата на физичко-хемиските карактеристики, кандидатката констатирала дека овчото млеко користено за производство на биеното сирење е со сличен состав со одредени варијации во однос на процентуалната застапеност на млечните масти, протеините, сувите материи и лактозата. Исто така, утврдена е сличност и во однос на вредностите за активната и титрациската киселост. Се сметаа дека варијабилноста во составот на овчото млеко се должи на периодот на лактација, начинот на исхрана, начинот на молзење, составот на вегетацијата на пасиштата, климатските услови, расата и генотипот на животните.

Од испитувањата на динамиката на влага и суви материи кај двете варијанти биено сирење, констирано е дека постои сличност во динамиката на овие параметри, но во фазата на суво солење на сирењето, поради нестандардизираниот начин на солење варијанта 1 содржи помал процент на суви материи во однос на варијанта 2. Имено, концентрацијата на NaCl во крајниот производ била различна помеѓу двете варијанти биено сирење, при што варијанта 2 содржи 6,52% NaCl за разлика од варијанта 1 која содржи 6,07%. Кандидатката истакнува дека динамиката на млечните масти

и на вкупните протеини во текот на производството на двете варијанти биено сирење е слична со таа разлика што во готовиот производ кај варијанта 1 застапеноста на протеините е помала за 6,76% во однос на варијанта 2 биено сирење. Во однос на содржината на вкупните феноли констатирана е разлика помеѓу двете варијанти биено сирење, при што варијанта 2 содржи помала концентрација на вкупни феноли во сите испитувани фази (0,33-0,40 mg/g) во однос на варијанта 1 (0,47-0,61 mg/g).

Од испитувањата на микробиолошките карактеристики на млекото констатирано е дека овчото млеко од кое се изработуваат двете варијанти биено сирење е со послаб кавалитет поради високата застапеност на вкупниот број бактерии, колифромните бактерии како и квасците. Во текот на изработката на сирењето бројот на сите испитувани групи микроорганизми и кај двете варијанти биено сирење се зголемува при што максимална вредност достигнуваат во фазата на суво зреење. Во текот на солењето и саламурењето забележлива била тенденцијата на опаѓање на бројот на микроорганизмите.

Од варијантата 1 од трите производни процеси биле издвоени вкупно 128 изолати на топчести и стапчести млечнокиселински бактерии, додека од трите прозиводни процеси кај варијантата 2 биле издвоени 112 изолати. Двете варијанти не се разликувале значајно во однос на составот на млечнокиселинските бактерии. Во текот на испитувањата определени се следниве видови: *Lactococcus lactis* ssp. *lactis*, *Pedicoccus* sp. *Leuconostoc* sp. *Lactobacillum plantarum, L. brevis* и *L. paracasei* ssp. *paracasei*. Видот *L. brevis* бил изолиран само кај варијантата 1. Топчестите млечнокиселински бактерии многу почесто се изолирани од почетните фази на производство, и тоа од млеко, коагулум и неговите последователни фази на обработка. Исто така, овој вид е изолиран и од сирното тесто сè до фазата на саламурење. Преставниците од родот *Pediococcus* освен во почетните фази на производство биле констатирани и во сирењето во текот на саламурењето. *Leuconostoc* sp. бил забележан во коагулумот кај варијанта 1. Стапчестите млечнокиселински бактерии биле издвојувани од коагулумот се до крајната фаза на производство. Интересно е да се напомене дека и покрај високата концентрација на сол и сол во водена фаза, застапеноста на вкупниот број бактерии, колиформните бактерии и квасците во крајниот производ останува висока.

Од двете варијанти биено сирење биле издвоени вкупно 174 изолати на квасци, при што детерминирани се следниве родови: *Trichosporon, Pichia, Rhodotorula, Kluyveromyces, Debariomyces, Torulopsis, Candida* и *Oosproridium*. Биле извоени и 11 изолати на габи, детерминирани како *Aspergillus niger, Fusarium oxysporum, Alternaria tenuis, Curvularia lunata, Penicillium griseo-fulvum, P. spinulosum* и *Actinomyces bovis*.

Во поглавјето **Дискусија**, докторантката ги обработува резултатите од сопствените истражувања, при што се опфатени резултатите од физичко-хемиските и микробиолошките анализи на овчото млеко, како и на двете варијанти биено сирење. Резултатите од физичко-хемиските анализи на овчото млеко користено за производство на двете варијанти биено сирење

укажуваат на извесни разлики во застапеноста на протеините, млечните масти, лактозата, сувите материи, pH и титрационата киселост, но сепак при статистичката обработка не е утврдена сигнификантна разлика на ниво од $p<0,05$. Споредбените анализи на двете варијанти биено сирење укажуваат дека нема значајни разлики во однос на физичко-хемиските карактеристики на испитуваните примероци. При тоа, констатирана е сличност во динамиката на влагата и сувата материја кај варијантата 1 и варијантата 2, а статистичката обработка на податоците покажува значајност на ниво од $p<0,05$ само по сувото солење на биеното сирење. При што кај варијантата 2, процентот на влага е понизок во однос на варијантата 1, како резултат на традиционалната технологија користена при солењето на сирењето. Во однос на динамиката на млечните масти статистички значајни отстапувања на ниво од $p<0,05$ помеѓу варијантата 1 и варијантата 2 била констатирана само во текот на саламурењето на биеното сирење. Се смета дека повисоката застапеност на млечните масти кај варијанта 2 (29,31%) споредено со варијанта 1 (26,96%) е резултат на помалото одлевање на мастите во саламурата кај варијанта 2.

Компаративната анализа на вкупните протеини укажуваат на постоење на одредени варијации помеѓу испитуваните варијанти биено сирење при што статистичка значајност ниво од $p<0,05$ е констатирана во крајниот производ по 45 дена од зреењето на сирењето во салмура. Кај варијанта 1, застапеноста на протеини од 25,90% е пониска за 6% во однос на варијанта 2 (27,78%), што најверојатно е резултат на поинтензивно губење на производите на протеолиза растворливи во вода во саламурата на сирењето. Традиционалниот начин на производство согласно со нестандардизираната технологија на изработка придонесува кандидката во своите истражувања да констатира разлика во содржина на вода во обезмаслена сува материја според која варијантата 1 (54,09%) спаѓа во групата полутврди сирења додека варијантата 2 со 53,36% вода во обезмаслена сува материја спаѓа во категоријата на тврди сирења. Висока содржина на NaCl во крајниот производ (6,07%-6,62%) е забележана и кај двете вартијанти биено сирење.

Кандидатката направила интересен осврт кон одредување на застапеноста на вкупните феноли во биеното сирење во текот на неговото зреење. Преку анализа на содржината на вкупните феноли во биеното сирење констатирано е дека постои статистички значајна разлика на ниво од $p<0,05$ во застапеноста на фенолите помеѓу двете варијанти биено сирење. При тоа забележано е дека кај варијантата 1. вкупните феноли се застапени во поголема концентрација во однос на варијантата 2. Се смета дека ваквата појава е резултат на разлика во вегетацискиот состав на пасиштата, но влијание има и содржината сол во сирењето. Исто така, биле направени анализи на антиоксидативна активност на фенолните екстракти од биеното сирење, но тие биле под граница на детекција.

Доста значајни податоци се добиени со микробиолошките испитувања. Од испитувањата на вкупниот број бактерии констатирана е нивна висока застапеност во млекото кое се употребува за производство на сирење и во двете мадри. Иако утврдениот број на бактерии во млекото е во

согласност со литературните податоци сепак укажува на неопходноста од спроведување на мерки за унапредување на неговиот квалитет. Во сирното тесто вкупниот број на бактерии се зголемува и максимална вредност достигнува во фазата на суво зреење што е во согласност со испитувањата на други автори кои ги анализирале традиционалните сирења произведени од сурово овчо млеко. Се истакнува дека високата амбиентна температура на која зрее сирењето и сезоната на производство придонесуваат кон нивната повисока застапеност. Констатиран е позабележителен процент на намалувањето на вкупниот број на бактерии кај варијанта 1 по солење на сирењето. Варијабилност во процентот на намалување се смета дека е резултат на слабото дејство на инхибиторните фактори како и присуство на микроорганизми потолерантни на нивното дејство. Така и по саламурењето односно во крајниот производ констатирана е повисока застапеност на вкупен број бактерии и во двете варијанти ($8{,}05x10^5$/g-$1{,}92x10^7$/g). Испитувањата на млечнокиселинските бактерии покажале поголема застапеност на топчестите мелчнокиселиснки бактерии во млекото, поради активниот метаболизам на ферментација на лактозата. Поголемата застапеност на овие млечнокиселиснки бактерии е забележана и во почетните фази на производство на сирењето. Максимална застапеност на топчестите и стапчестите млечнокиселиснки бактерии е забележана во текот на сувото зреење и кај двете варијанти беино сирење. При тоа, кај варијантата 1 како резултат на дополнително внесување на стапчести млечнокиселински бактерии со млекарскиот прибор забележително е позначително зголемување на нивниот број ($4{,}67$ $x10^9$/g). Намалувањето на застапеноста на млечнокиселиснките бактерии започнува по сувото зреење кај варијанта 1 односно по солењето кај варијанта 2. Се смета дека топчестите бактерии се поосетливи кон намалување на pH вредноста и зголемена концентрација на сол, но и зголемување на застапеноста на колиформните бактерии во оваа фаза и конкурентноста во однос на супстратот. Иако стапчестите млечнокиселински бактерии се потолерантни кон рестриктивните услови кои се јавуваат во текот на зреењето на сирењето се забележува намалување на нивниот број. Се смета дека биохемиските и физиолошките промени во сирењето кое зрее на повисока амбиентна температура предизвикува извесни проблеми во растот на лактобацилите. Доминацијата на мезофилните млечнокиселински бактерии во млекото и сирењето и промената на нивната застапеност како одговор на еколошките услови кои се создаваат во текот на зреење на сирењето е забележана. Застапеноста на *Lactococcus lactis* ssp. *lactis* е карактеристична и за двете варијанти биено сирење додека претставници од родот *Leuconostoc* се забележани само кај варијанта 1. Поголема зстапеност на *Lactobacillus plantarum* и *L. paracasei* ssp. *paracasei* во сирењето изработено во летниот период е во согласност и со испитувањата на други автори. Кандидатот укажува на значењето на проучувањето на диверзитетот на нативните микроорганзими застапени во сирењето поради нивна заштита и зачувување на нивните карактеристики (способност за ацидификација, протеолитичка активност и сл.)

Застапеноста на колиформните бактерии се зголемува со солењето на биеното сирење, иако солта се смета за инхибиторен фактор за нивниот раст. Ваквата појава е резултат на дополнителна контаминација на сирењето. Исто така е забележана и дополнителна контаминација од саламурата на сирењето, што доведува да крајниот производ содржи висока застапеност на колиформни бактерии. Сепак, анализите за присуство на *Salmonella* покажале нејзино отсуство во сите испитувани примероци.

Испитувањата на квасците покажале нивно присуство во сите фази на производство на биеното сирење. При тоа варијантата 2 содржи повеќе видови квасци во однос на варијантата 1. Забележано е дека видот *Trichosporon pullulans* е застапен во сите фази на производство, од млеко до краен производ. Останатите видови се сретнуваат повремено во одделни фази од производството. Се смета дека нивното присуство е резултат на дополнителна контаминација преку млекарската опрема.

Анализите на двете варијанти биено сирење покажале дека не постои континуитет во присуството на габите при производството на сирењето. Мувлите во млекото, коагулумот и сирното тесто навлегуваат преку воздухот од просторијата каде се произведува и зрее сирењето.

Во поглавјето **Заклучоци,** врз основа на добиените резултати и нивната анализа, докторантката ги разработува најважните резултати што се постигнати во текот на испитувањето. Заклучоците се јасно формулирани и претставуваат целосен одговор на поставените цели.

Во поглавјето **Користена литература** може да се утврди дека м-р Весна Левков користела најнова и богата литература, што и овозможило да направи споредба на сопствените резултати со други испитувачи и врз база на таа споредба да донесе некои заклучоци значајни за производството на биено сирење во Република Македонија.

Во **Прилог** на дисертацијата дадени се 10 таблици со колор-фотографии од микроскопската анализа на изолираните бактерии, квасци и мувли. Тие се со добар квалитет и даваат јасна слика за диверзитетот на видовите микроорганизми.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесеното, може да се заклучи дека докторската дисертација под наслов „**Состав и динамика на технолошки значајните микроорганизми при изработката на биеното сирење произведено на традиционален начин**" изработена од м-р Весна Левков, претставува оригинален и самостоен научен труд, кој ги содржи сите елементи предвидени за докторска дисертација.

Според проблематиката што ја обработува, методолошкиот приод, содржината и добиените резултати, дисертацијата дава значаен придонес за науката и практиката во областа на млекарството, особено за микробиолошкиот биодиверзитет на традиционалното биено сирење.

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно–научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна да ја прифати рецензијата и да закаже одбрана на докторската

дисертација под наслов „**Состав и динамика на технолошки значајните микроорганизми при изработката на биеното сирење произведено на традиционален начин**“, изработена од м-р Весна Левков.

**Членови на Комисијата**

1. Проф.д-р Југослав Зибероски, ментор с.р.
2. Проф.д-р Соња Србиновска, член с.р.
3. Проф.д-р Милена Петровска, член с.р.
4. Проф.д-р Тихомир Чижбановски, член с.р.
5. Проф.д-р Олга Најденовска, член с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ " ОД М-Р ВЕСНА МИЦАЈКОВА, ПОДНЕСЕНА ДО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, а во врска со поднесената докторска дисертација од кандидатката м-р Весна Мицајкова под наслов СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ, Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, на 85-тата седница одржана на 16.11.2012 година, донесе Одлука бр. 02-2295/2 од 20.11.2012 година, за формирање на Комисија за оцена на трудот, во состав:

1. д-р Климентина Попоска
2. д-р Биљана Ангелова
3. д-р Снежана Костадиноска Милошеска
4. д-р Климе Попоски и
5. д-р Наташа Данилоска.

По проучувањето на поднесената докторска дисертација и по усогласувањето на мислењата на членовите, Комисијата, до Научниот совет на Економскиот институт во Скопје, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1.Општи напомени

Докторската дисертација од кандидатката м-р Весна Мицајкова, СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ, обработува современа и актуелна проблематика од областа на банкарскиот менаџмент.

Осигурувањето на депозити е предмет на разработка и полемика од голем број на автори и во голем број на трудови. Оваа проблематика особено се актуализира со последната светска финансиска криза од 2007 година. Светската финансиска криза ја разниша финансиската стабилност во голем број земји на светот, што придонесе интересот на научната мисла да се насочи кон осигурувањето на депозити, како инструмент за одржување на финансиската стабилност.

Премијата за осигурување на депозити претставува трошок за банките, кој го поднесуваат штедачите преку намалувањето на приходот по основ на камата по депозит. Од друга страна, премијата за осигурување на депозити претставува извор на средства за фондот за осигурување на депозити, кои служат за надмирување на обврските на фондот кон депонентите по основ на реализација на осигурениот случај. Правилното димензионирање на премијата за осигурување на депозити има големо значење за финансискиот систем.

Основна хипотеза во трудот е дека премијата за осигурување на депозити има влијание врз каматните стапки на финансискиот пазар и врз стабилноста на финансискиот систем. Доколку е превисока, ќе претставува непотребно оптоварување на банките, кое ќе биде вкалкулирано во пасивните каматни стапки со нивно намалување. Намалувањето на пасивните стапки ќе има одраз и врз активните каматни стапки. Доколку, пак, премијата за осигурување на депозити е пониска од потребното, фондот за осигурување на депозити нема да прибере доволно средства за исполнување на обврската за обесштетување по основ на реализација на осигурениот ризик. Неможноста на фондот да ја исполни таа обврска претставува загрозување на финансиската стабилност. Затоа, во трудот се става фокусот на истражувањето на адекватна висина на премиската стапка за осигурување на депозити.

Основната цел на истражувањето во докторската дисертација е преку опсежна анализа, како теоретска, така и емпириска, да се оцени адекватноста на висината на премиската стапка за осигурување на депозити на Република Македонија и да се дадат евентуални предлози за нејзино намалување или зголемување. Висината на премиската стапка за осигурување на депозити влијае врз каматните стапки на финансиските пазари и врз стабилноста на финансискиот систем.

Предмет ~~на истражување се~~: теоретските аспекти и искуства во однос на дизајнирањето на основните елементи на системот за осигурување на депозити, ефикасноста на системот за осигурување на депозити на Република Македонија, теоретските аспекти и искуства во однос на финансирањето на системот за осигурување на депозити и финансирањето на системот за осигурување на депозитите на Република Македонија.

Во текот на изработката на дисертацијата, кандидатката користи современа домашна и странска литература, како и интернет-страници поврзани со соодветните аспекти на предметното истражување. При изработката на трудот е користена соодветна методологија заснована на повеќе научни методи, согласно со природата на истражувањето и понудени се релевантни аргументи за докажување на поставената хипотеза и исполнување на поставените цели на истражувањето.

## 2. Содржина на дисертацијата

Докторската дисертација под наслов СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ, поднесена од кандидатката м-р Весна Мицајкова, има 269 страници. Основниот текст на дисертацијата се состои од вовед, пет глави и заклучни согледувања, а користената литература содржи 10 страници со 94 книги, статии, публикации и работни документи, како и 9 интернет-страници. Во основниот текст на трудот се презентирани 62 табели и 6 графикони, додека во делот на прилозите кон трудот се дадени дополнителни 2 табели.

Докторската дисертација е организирана во воведен дел, пет поглавја, заклучок, прилози и користена литература.

Во воведниот дел е направен осврт на значењето на проучуваната проблематика и кратка елаборација на тематските подрачја кои се обработуваат во докторската дисертација. Исто така, во овој дел се образложени предметот, целите и очекуваните резултати од истражувањето, како и методологијата која ќе биде применета.

Главна цел на првиот дел е да се претстави потребата, односно важноста на осигурувањето на депозити, а особено на финансирањето на системот за осигурување

на депозити за одржување на стабилноста на финансискиот систем. За таа цел, кандидатката укажува на предностите и недостатоците на депозитното осигурување, како и на функциите кои ги извршува депозитното осигурување во системот за одржување на финансиска стабилност. За подобро објаснување на економиката на осигурувањето на депозити, во оваа глава се елаборирани видовите на депозитно осигурување, како и даден е краток осврт на историјата на осигурување на депозити.

Вториот дел е посветен на анализа на ефикасноста на системот за осигурување на депозити на Република Македонија. Ефикасноста на системот е анализирана преку утврдување на усогласеноста на системот за осигурување на депозити на Република Македонија со суштинските принципи за ефикасно осигурување на депозити, усогласеноста на системот со законодавството на Европската унија и потенцијалните слабости на системот од аспект на проблемите во депозитното осигурување.

Преку оваа анализа, кандидатката ги елаборира сите елементи на системот за осигурување на депозити, најефикасниот начин за нивно дизајнирање и се изведуваат значајни заклучоци за потребните мерки за унапредување на системот за осигурување на депозити на Република Македонија. Во интерес на остварување на основната цел на истражувањето, анализата во оваа глава дава значајни информации за усогласеноста на финансирањето на системот за осигурување, а со тоа и за премијата за осигурување на депозити како инструмент на финансирањето, со суштинските принципи за ефикасно осигурување на депозити и со регулативата на Европската унија. Овие информации, како и заклучоците за влијанието на поставеноста на премијата за осигурување на депозити врз проблемите во депозитното осигурување се земаат предвид при конкретното емпириско истражување и донесувањето на главните заклучоци.

Во третата глава на докторската дисертација, кандидатката детално го разработува прашањето за финансирање на системот на осигурување на депозити. Во првата потточка се претставени различните методи на финансирање и истакнати се нивните предности и недостатоци. Изворите на финансирање и инвестиционата политика на системите за осигурување на депозити се разработени во втората потточка, за во третата потточка се елаборира начинот на пресметка на придонес за осигурување и различните видови премии за осигурување на депозити. Четвртата потточка е посветена на прашањето за големината на фондот, а петтата ги разработува методологиите за утврдување на адекватната големина на фондот за осигурување на депозити.

Четвртата глава дава информации за карактеристиките на елементите на финансирањето на системот за осигурување на депозити во одредени избрани земји. Првата потточка е посветена на земјите на ЕУ, втората на земјите во регионот, а третата го разгледува финансирањето на осигурувањето на депозити во развиените национални економии на Австралија, Јапонија, Канада и САД.

Петтото поглавје на дисертацијата е посветено на финансирањето на системот за осигурување на депозити на Република Македонија. Во првата потточка кандидатката детално го разработува начинот на финансирање, а понатаму во поглавјето се презентирани емпириските анализи. Целта на емпириските анализи е да се утврди адекватноста на поставената премиска стапка за осигурување на депозити во Република Македонија и адекватноста на таргетираното ниво на средства на фондот. За остварување на овие две цели, кои воедно се и основни цели на целокупното истражување, се применуваат повеќе методи: компаративна анализа, историски метод, метод на коефициент на покритие, метод на коефициент на робусност. Компаративната анализа укажува на висината на премијата за осигурување на депозити на Република Македонија и висината на поставеното таргетирано ниво на средства во Фондот за осигурување на депозити на Република Македонија во однос на останатите земји во

светот. Висината на премиската стапка се разгледува и од аспект на динамиката на штедните влогови на населението и од аспект на коефициентот на принос од инвестиционата активност на Фондот за осигурување депозити – Скопје.

Врз основа на претходни интервенции, т.е. исплати од Фондот за осигурување депозити – Скопје по основ на реализација на осигурен ризик, се испитува адекватноста на поставеното таргетирано ниво на средства. Со методот на коефициент на покритие и коефициент на робусност се анализира таргетираното ниво на средства во Фондот врз основа на концентрација на депозитите по финансиски институции со цел утврдување колку пропаѓања на банки може да покријат расположливите средства во фондот и со колку средства треба да располага Фондот за да ја исполни својата обврска за обесштетување на депонентите земајќи ја предвид веројатноста за реализација на осигурениот ризик.

Резултатите од истражувањето на кандидатката се презентирани во заклучните согледувања. Истражувањето дава одговор на прашањето дали премиската стапка за депозити е адекватно поставена, дали таа е доволно висока за остварување на таргетираното ниво на средства во Фондот и дали во сегашни услови, при одредена динамика на пораст на депозитите на населението, постои можност за намалување на премиската стапка за осигурување на депозити. Во заклучокот се сублимирани и предвидувањата на кандидатката во врска со прашањето за адекватноста на таргетираното ниво на средства на Фондот.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата внимателно ја прочитаа и ја проучија докторската дисертација на кандидатката м-р Весна Мицајкова со наслов СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ и сметаат дека таа претставува комплексен и содржаен труд во областа банкарскиот менаџмент.

Членовите на Комисијата ценат дека докторската дисертацијата претставува значаен труд кој се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем на финансирањето на системот на осигурување на депозити и утврдување на адекватноста на премијата за осигурување на депозитите. Дисертацијата опфаќа обработка на сите релевантни аспекти на обработуваната материја, аргументација на поставените тези, соодветни методолошки пресметки и презентација на резултатите. Ваквиот пристап е надополнет со соодветна методолошка рамка, користена е најнова научна и стручна литература, како и сеопфатна компаративна анализа и емпириско истражување кои создаваат основа за изразено критичко размислување од страна на кандидатката. Претходно наведениот пристап создава солидна основа за конципирање заклучоци, насоки и препораки за унапредување на системот за осигурување на депозити според најсовремените концепти, како и предлагање на најсоодветна премија за осигурување на депозитите, што му дава посебен научен придонес на трудот.

М-р Весна Мицајкова во трудот сублимира дека системот за осигурување на депозити може да го унапреди преку намалувањето на осигурителното покритие и преку примена на премии диференцирани спрема ризичноста на банките. Врз основа на анализата во трудот се изведува заклучокот дека осигурителното покритие е високо врз основа на три критериуми: односот меѓу осигурителното покритие и БДП по глава жител, односот меѓу осигурителното покритие и просечната годишна плата и степенот на покриеност на штедните влогови со осигурителното покритие.

Комисијата смета дека кандидатката во целост одговорила на поставената цел на истражување во трудот, односно предлагање на конкретни насоки во поглед на таргетираното ниво на средства во Фондот за осигурување на депозити на Република Македонија, како и идни насоки во поглед на висината на премиската стапка за осигурување на депозити на Република Македонија.

Членовите на Комисијата се едногласни во оцената дека кандидатката м-р Весна Мицајкова во докторската дисертација СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ, успеа успешно да одговори на целите и на прашањата што беа поставени при дефинирањето на предметот на истражување. Комисијата констатира дека согласно со академските стандарди, кандидатката м-р Весна Мицајкова изработила комплексен и сеопфатен труд со оригинален пристап во истражувањето на предметната проблематика. Теоретските и емпириските елаборации во трудот имаат реална примена во практиката, со што овој труд има како научен, така и апликативен придонес.

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата му предлага на Советот на Економскиот институт во Скопје:

1. да го прифати овој извештај со позитивна оцена на докторската дисертација СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ,

2. да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација СОВРЕМЕНИ КОНЦЕПТИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ И АДЕКВАТНОСТ НА ПРЕМИЈАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ, и на кандидатката м-р Весна Мицајкова да и се дозволи јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 29 јануари 2013 година.

КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

1.__________________________
/ Д-р Климентина Попоска / с.р.

2.__________________________
/ Д-р Биљана Ангелова/ с.р.

3. __________________________
/Д-р Снежана Костадиноска Милошеска/с.р

4.__________________________
/ Д-р Климе Попоски / с.р.

5. __________________________
/ Д-р Наташа Данилоска/ с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ГЛОБАЛИЗАЦИСКИТЕ ПРОЦЕСИ, МИРОТ И БЕЗБЕДНОСТА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ГОРАН ЗЕНДЕЛОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Врз основа на член 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата 33. редовна седница одржана на 19.12.2012 година, донесе Одлука за формирање комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: „Глобализациските процеси, мирот и безбедноста", поднесена од м-р Горан Зенделовски, пријавена на Институтот за безбедност, одбрана и мир - одбрана. Комисијата во состав: проф. д-р Зоран Нацев (ментор), проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Лидија Георгиева, проф. д-р Билјана Ванковска и проф. д-р Ванчо Кенков го разгледа трудот и до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Трудот на м-р Горан Зенделовски е изложен на вкупно 351 страници. Интегралниот текст на дисертацијата содржи вовед, дванаесет засебни дела со повеќе поднаслови кои меѓусебно се надополнуваат, заклучок, прилози и преглед на библиографски единици. Основните делови на трудот се со следниве наслови: (1) Теоретски основи на глобализацијата; (2) Позитивни и негативни последици од глобализацијата; (3) Глобализација, регионализација, фрагментација; (4) Политичките аспекти на глобализацијата; (5) Економските аспекти на глобализацијата; (6) Социјалните аспекти на глобализацијата; (7) Културните аспекти на глобализацијата; (8) Еколошките аспекти на глобализацијата; (9) Информатичко - технолошките аспекти на глобализацијата; (10) Глобализацијата, безбедноста и мирот; (11) Алтернативна глобализација и (12) Проверка на поставените хипотези на истражувањето.

Во воведниот дел на трудот кандидатот го изложува проблемот на истражувањето, а кој се однесува на укажување на комплексноста на процесите на глобализацијата кои не носат подеднаква корист за сите на планетата а во голема мера придонесуваат за редица неизвесности и предизвици. Оттука произлегува и суштинското прашање дали и во кој домен глобализацијата води кон мир и стабилност или, пак, продуцира тензичност и незадоволство. Одговорите следат од анализата на одредени сознанија и индикатори до кои кандидатот дошол во текот на истражувањето. Во тој контекст, м-р Зенделовски ја презентира главната хипотетичка рамка, целите на истражувањето, методите и техниките кои се применети за да се осознаат контроверзите поврзани за и околу глобализацијата.

Во првиот наслов именуван како **„Теоретски основи на глобализацијата”** се обработува генезата на глобализацијата, при што се тврди дека според повеќе параметри, процесот на глобализација е долгорочен историски процес кој трае повеќе од 500 години. Корените на појавата се поврзани со почетоците на трговскиот развој, размената меѓу државите и со основањето на првите меѓународни институции. Овој дел содржи повеќе теоретски објаснувања и размислувања поврзани за поимот и дефинирањето на глобализацијата, при што генерално се вели дека се работи за „иреверзибилен, (неповратлив), ирегуларен процес и историски тренд во континуитет, кој е во постојан пораст и ширење а придонесува за зголемување на глобалноста”.

Во вториот дел под наслов **„Позитивни и негативни последици од глобализацијата”**, се генерализира дека глобализацијата е амбивалентен и асиметричен процес, односно дека постојат држави, народи и групи кои се задоволни и оние кои се засегнати од начинот на нејзиното манифестирање, при што кај едните таа придонесува за благосостојба и просперитет, а кај другите стагнација и редица проблеми. Се истакнуваат дијаметрално спротивните ефекти од глобализацијата, при што се бараат одговори за тоа дали и какви импликации врз мирот и безбедноста предизвикуваат глобализациските процеси.

Третиот дел под наслов **„Глобализација, регионализација, фрагментација”** го сочинуваат следниве поднаслови: (1) Интеграција и регионализација; (2) Фрагментацијата и глобализацијата и (3) Меѓузависноста како суштина на стратегискиот концепт на глобализацијата.Кандидатот прави корелација помеѓу овие три процеси истакнувајќи дека процесот на регионализација претставува прв чекор во остварување на глобализацијата. Односно, дека според одредени анализи, светот да оди повеќе кон регионализација отколку кон глобализација. Смета дека паралелно ќе се одвиваат процесите на глобализација, регионализација и фрагментација, односно според одделни сознанија 21 век ќе биде означен како период во кој ќе се спротивстават силите на глобализација и на фрагментација, а безбедноста ќе биде детерминирана во зависност од тоа кој од овие сили ќе надвладеат.

**„Политичките аспекти на глобализацијата”** е наредниот сегмент кој ги опфаќа следниве поднаслови: (1) Општи напомени; (2) Концептот на држава во современите глобализациски процеси; (3) суверенитетот и глобализацијата; (4) Државата и безбедноста; (5) Односот меѓу глобализацијата и демократијата; (6) Глобализацијата и меѓународните организации и (7) Глобализацијата и недржавните субјекти. Во овој дел, главно, се анализира тоа како процесите на глобализација придонеле за промени во глобалните случувања. Односно, како политичките аспекти на глобализацијата се поврзани со намалената улога на државата, територијалноста, националниот идентитет, формирањето на различни видови на наддржавни, недржавни организации и субдржавни актери во политичката, економско-социјалната, културната и безбедносната сфера.

Посебно се нагласува односот меѓу глобализацијата и демократијата, каде што се констатира дека земјите кои се наклонети кон демократските начела ги редуцираат побудите за војна и војување помеѓу себе. Меѓутоа, преку соодветни научни сознанија се доаѓа до заклучок дека демократскиот модел по автоматизам не значи и успех на државата во глобализацискиот контекст, напротив, одделни автократски земји имаат сè поголемо влијание на меѓународната сцена.

Петтиот дел носи наслов „**Економските аспекти на глобализацијата**", во кој докторантот образложува зошто тие се "главната артерија" на современата глобализација, односно се тврди дека неолибералната политика на движење на капиталот во повеќе сегменти се претвори во дехуманизирачка и експлоатирачка политика на високоразвиените земји. Оттука се смета дека тоа доведе до зголемено незадоволство од глобализацијата која ја загрози националната и глобалната безбедност. Се потенцира дека економијата ќе ги моделира безбедносните политики, со што се можни и нови правци на соработка спротивни на досега зацртаните концепти.

Доминацијата на меѓународните економски авторитети како што се Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка и Светската трговска организација, изразена преку диктирање на темпото на економската глобализација, на определен начин го ограничува напредокот и развојот на послабите земји со што се зголемува јазот помеѓу земјите од Северот и Југот.

Во шестиот дел се открива прикриениот алтруизам на развиените земји. Тие најмногу ги чувствуваат бенефитите од глобализацијата а поголемиот дел од светската популација е поместен на работ на егзистенција. Ова е и најсложениот проблем на денешницата, за кој кандидатот преферира потреба од негово итно решавање преку нивелирање на разликите во делот на сиромаштијата, нееднаквоста и општествената ексклузија, а кои се последица од економските аспекти на глобализацијата. Со тоа ќе се намалат и причините за судири и конфликти во земјите со низок животен стандард.

Во седмиот дел со наслов „**Културните аспекти на глобализацијата**", обработени се неколку поттеми, и тоа: (1) Од национализам до хибридизација - безбедносни аспекти; (2) Глобализацијата меѓу универзалноста и партикуларизмот; (3) Космополитизам и глобализацијата и (4) Миграциите и глобализацијата. Во почетниот дел се нагласува дека динамиката на глобализацијата доведе до појава на културни бранувања кои ќе придонесат за создавање на нова култура со хибриден облик. Кандидатот Зенделовски смета дека културата ќе се дефинира во склоп на глобалните случувања, во контекст на движењето на туристите, мигрантите, постојаната мобилност на работни места и сл. Затоа посочува на испреплетените релации на локално, национално, регионално и транснационално што ќе водат кон недефинираност на културата од една страна, но може на определен начин да значи и обединетост на земјите и народите. Но, од друга страна многу лесно можат да се асимилираат малите култури-заедници што ќе предизвика контра културни реакции кои веројатно ќе се одразат на мирот и безбедноста.

Понатаму, во делот насловен како „**Еколошките аспекти на глобализацијата**", кандидатот го проучува односот меѓу економските максималистички принципи и одржливиот развој. Притоа мошне прецизно се укажува дека енергетската зависност ќе придонесе светот да навлезе во понесигурна и неизвесна иднина. Всушност, глобалната безбедност ќе ја детерминираат борбата за ресурси, демографскиот пораст, појавата на суши, глад и поплави како резултат на климатските промени. Затоа е потребно да се направи баланс меѓу економијата, ресурсите, популацијата и животната средина.

**„Информатичко - технолошките аспекти на глобализацијата”** претставува наслов на деветтиот дел, во кој се потенцира дека информатичко технолошкиот напредок е симбол и чинител на современата глобализација. Овие аспекти се најзаслужни за укинувањето на географската и социјалната оддалеченост и намалувањето на просторот и времето. Притоа се констатира влијанието на информатичко-технолошките достигнувања врз глобализација низ следново: (1) технолошкиот придонес за подобрување на капацитетите и за пораст на производството на добра и услуги; (2) зголемените интелектуални активности и придонес за распространување на знаењето во глобални рамки; (3) технолошките аспекти како придонес за промена и трансформација на општествата и заедниците во смисла дека иновациите позитивно влијаеа врз животите на луѓето, (4) транснационалните активности овозможија побрзо глобализирање во сите општествени сфери.

Десеттиот дел, насловен **„Глобализацијата, безбедноста и мирот”**, е најистакнат и најобемен дел од трудот. Структуриран е од повеќе поднаслови, од кои произлегуваат редица научни одговори за односот меѓу глобализацијата, мирот и безбедноста. Имено, кандидатот најпрво во општи рамки ги проучува безбедносните импликации и придобивките од процесите на глобализација, за да потоа мошне суптилно и етапно ги проучува војните и конфликтите и ефектите од глобализацијата врз мирот. Притоа доаѓа до основните сознанија за тоа дали глобализацијата води кон мир или нестабилност и конфронтираност. Се образложува дека мирот ќе биде компромитиран онаму каде што се судруваат или вкрстуваат патиштата на оние што ги застапуваат глобализациските процеси и оние движења кои не ги поддржуваат нив. Односно, се потенцира дека глобализацијата не дава гаранција дека повеќе нема да има конфликти, војни и кризи, а мирот ќе се разгледува како “релативна категорија”.

Во делот **„Алтернативна глобализација”** се опфатени неколку поттеми, а се однесуваат на антиглобализациските движења, начинот на управување со глобализацијата, за предводниците на глобализацијата, новата архитектура и степенот на глобализираност. Кандидатот м-р Горан Зенделовски укажува на тоа дека ќе има политичка или друг вид “мобилизација” како одговор на предизвиците и опасностите од глобализацијата. Односно, може да се појави глобализациона криза доколку не се преземат мерки кои ќе бидат во полза на поголемиот дел од светската популација. Решенијата ги гледа во ефикасното менаџирање на глобализацијата и воспоставување на нова архитектура во меѓународните односи преку утврдување на правната рамка, во смисла како да се однесуваат субјектите на меѓународната сцена преку создавање на механизми за наградување на “добрите” и санкционирање на “лошите” учесници.

Во последниот дел на докторската дисертација се истражуваат причинско-последичните односи на глобализациските процеси преку соодветни методолошки пристапи со цел да ги потврди поставените хипотези на истражувањето. Научниот придонес го покажува преку користење на редица индикатори - индекси поврзани со демократијата, потоа статистички податоци од Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Светската трговска организација, Меѓународната организација на трудот, како и индекси на глобализираност за одделни земји со различен степен на развој и модели на

уредување, изразени преку бројни табеларни прикази и шеми. Тоа му овозможува да понуди решенија изразени во верифицирањето на заедничките вредности како што се мирот и развојот и од таа платформа да се пронајде конкретен модел на современиот тек на глобализацијата. Сообразно на тоа укажува на потреба од елиминирање на оние модели кои генерираат небезбедност, сиромаштија и нееднаквост.

Трудот завршува со заклучок во кој се презентирани суштинските сознанија до кои дошол кандидатот во изучувањето на оваа мошне комплексна тема.

## Оцена и предлог

Станува збор за сложен проблем и предмет на истражување за чие адекватно анализирање и проучување беше потребен интердисциплинарен пристап во толкувањето на видувањата. Трудот е јасен, прецизен и со разбирлив стил на пишување, што овозможува текстот да се прочита во еден здив. Притоа, кандидатот покажа респективна научна и стручна подготвеност во комбинирањето на методолошкиот инструментариум, адекватната одмереност и континуирано фокусирање на суштината на проблемот на истражувањето што на текстот му дава соодветна научна тежина. Меѓу другото, важен придонес имаат и членовите на Комисијата кои преку совети и коментари дополнително го подигнаа нивото на квалитетот на текстот. Содржина на трудот е сериозен научен исчекор и придонес во инаку скромниот фонд на литература од оваа проблематика во земјата и тој ќе инспирира редица научни работници за натамошни попродлабочени истражувања.

Оттука, членовите на Комисијата се единствени во оцената дека се работи за мошне солиден труд и со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати позитивниот извештај за докторската дисертација под наслов „Глобализациските процеси, мирот и безбедноста", од м-р Горан Зенделовски, и да го допушти кандидатот на јавна усна одбрана.

Скопје, 2013 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Зоран Нацев, с.р.
2. Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
3. Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
4. Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.
5. Проф. д-р Ванчо Кенков, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на магистерски труд**
**на Стоматолошкиот факултет во Скопје**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Д-р Мирјана Пауновска Стојановска | „Евалуација на ефектите од додавање на антимикробни соединенија во средства за дефинитивно запечатување на коренски канали“ Evaluation of the effects of the addition of antimicrobial compounds into endodontic selers | |
| Д-р Сашо Стефаноски | „Проценка на дијагностичките методи во верификација на мекоткивните цисти во вратната регија“ Evaluation of diagnostic methods in the verification of soft tissue custs in the neck region | |
| Д-р Јулија Заркова | „Спектрофотометриска евалуација на бојата на природните заби во однос на три клучеви за избор на боја и нивната грешка на покривање“ Spectrophotometric evaluation of natural teeth color in relation to three shade guides and their coverage eror | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК НА НАУЧНОТО ПОЛЕ ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ ВО НАУЧНА ВО ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЈАВНИ СЛУЖБИ НА ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата седница одржана на 16.1.2013 година, донесе одлука за формирање Комисија за избор на наставник во сите научни звања на научното поле општествени науки во научна областа економика на јавни служби, во состав: проф. д-р Биљана Ангелова, редовен професор, проф. д-р Верица Јанеска, редовен професор и проф. д-р Татјана Петковска-Мирчевска, редовен професор. На конкурсот објавен во дневниот весник „Дневник"од 20 декември 2012 година и во дневниот весник „Коха"од 20 декември 2012 година се пријави кандидатката д-р Елена Давитковска.

Кон пријавата, кандидатката достави: одлука за стекнат соодветен степен на образование - доктор на правни науки, кратка биографија, список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од нив. По разгледувањето на пријавата со приложените документи, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## I

### 1. Биографски податоци за д-р Елена Давитковска

Д-р Елена Давитковска е родена во Скопје, Република Македонија, на 18.3.1984. Основното образование го завршила во ОУ „Лазо Трповски" во Скопје. Средното образование го завршила во ДСЕПУ „Васил Антевски Дрен" во Скопје, со одличен просек. Високото образование го завршила на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во 2006 година и се стекнала со звањето дипломиран правник. Во 2006 год. се запишала на постдипломски студии на правно-политичките науки и комуникологија, насока: управно право. Магистерскиот труд на тема „Управноправна заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер", го одбрани на 26 февруари 2009 година, со што се стекна со звањето магистер по правни науки. Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет во Скопје усвоена и е подобноста на докторската дисертација на тема: „Современите компоненти на слубеничкиот систем", која ја одбрани на 23.2.2012 год. и се стекна со научен степен доктор на правни науки.

Во текот на средношколското образование членувала во невладината организација ELSA Македонија (European Law Student Association of the Republic of Macedonia). Во текот на 2004 година остварила практикантски стаж во Мобимак.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

## 2. Наставно-образовна дејност

Во март 2006 година, со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Универзитетот American College во Скопје, кандидатката е избрана во соработничко звање-помлад асистент на група правни предмети. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот American College во Скопје, во септември 2009 година е избрана во соработничкото звање асистент, на група правни предмети. За време на нејзиниот ангажман како соработник, кандидатката активно била вклучена во изведувањето на вежбите по предметите: административно право, ЕУ - структури и институции, вовед во правото на ЕУ, јавна администрација, историја на правото, етика во јавната управа, уставно право, регионална политика и локална самоуправа и вовед во правото. За напомена е учеството на кандидатката во подготовката на материјали за вежби по наведените предмети, како и нејзиниот ангжман по предметите кои се изведуваат на три факултети: Правниот факултет, Факултетот за политички науки и Факултетот за економија и организациони науки. Со одлука на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот American College во Скопје во јули 2012 година, кандидатката е избрана во наставно-научното звање доцент, на група правни науки.

Во целиот период, како студент, но и како соработник, кандидатката бележи исклучителна иницијативност и желба за самонаградба што се огледува во големиот број посетени семинари, конференции и обуки од кои како поважни би ги навеле следниве:

1. *Дипломатија и дипломатски вештини*, ЕЛСА, Охрид, Република Македонија, 2003.
2. *Вклучи се*, Универзитет Американ колеџ Скопје, Охрид, Република Македонија, 2008.
3. Образованието и правната пракса, Здружение на правници на Република Македонија, Охрид, Република Македонија, 2008.
4. *Вклучи се 2*, Универзитет Американ колеџ Скопје, Маврово, Република Македонија, 2009.
5. *Правото на сопственост и неговата заштита*, Здружение на правници на Република Македонија, Ohrid, Republic of Macedonia, 2009.
6. *МЕТОДОЛОГИЈА НА ПРЕДАВАЊЕ И ТАКСОНОМИЈАТА НА БЛУМ*, УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ, СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2010.
7. *ДИЛЕМИТЕ И СУДСКАТА ПРАКСА ВО ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА, ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПРЕТПТИЈАТИЈА, ЗАКОНОТ ЗА УСТАНОВИТЕ И ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО И НИВНИТЕ ИЗМЕНИ*, Здружение на правници на Република Македонија, Струга, Република Македонија, 2010.
8. *ОСТВАРУВАЊЕ НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА, ЗАШТИТА ОД МОБИНГ И ДИСКРИМИНАЦИЈА: КОЛЕКТИВНО ПРЕГОВАРАЊЕ – АКТУЕЛНИ СОСТОЈБИ* ,Здружение на правници на Република Македонија, 2010.
9. *ЕВРОПА ПО ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР* , УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ, СКОПЈЕ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, 2010.

10. Промоција на публикациите: *Коментар на закононот за заштита на лични податоци и Водич за практича имплементација на организациските мерки за обезбедување тајност и заштита при употреба на личните податоци*, Фондација Институт отворено општество – Македонија (ФИООМ), Скопје, Република Македонија, 2010.
11. *Парнична, вонпарнична, кривична, административна и стечајна постапка* – Здружение на правници на Република Македонија, Охрид, 19 – 21 мај, 2011
12. *Една декада по Охридскиот рамковен договор. Лекции (кои треба) да бидат научени од македонското* – ЦИКП, Скопје, 24 – 26 јуни, 2011.
13. *Меѓународна летна школа "Сараево 2011": Човекови права и транзициска правда"* – Здружение Правник и Конрад Аденауер Штифтунг, Сараево, 18 – 31 јули, 2011.
14. *Исполнување и заштита на договорот за работа со социјалните права во јавниот и приватниот сектор* – Здружение на правници на Република Македонија, Охрид, 20 – 22 октомври. 2011

## 3. Објавени научни и стручни трудови

Кандидатката се јавува како автор или коавтор на голем број научни и стручни трудови објавени во земјава и во странство:

1. *Студентски правобранител*, презентиран на конференцијата "Развој на државата и правото во Руската Федерација и во Република Македонија", Државен универзитет Ломоносов во Москва, Правен факултет, Москва, Руска Федерација, 2005.
2. *Народен правобранител*, Универзитет Американ колеџ - Скопје, Скопје, Република Македонија, 2007.
3. *Вработување во државната администрација*, Универзитет Американ колеџ Скопје, Скопје, Republic of Macedonia, 2008.
4. „Право на слободен пристап до информации од јавен карактер", учебник во коавторство, Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје и Фондација Институт отворено општество Македонија, Скопје 2010;
5. *Традиционален наспроти нов јавен менаџмент*, Правен факултет "Јустинијан Први", Зборник во чест на професор Наум Гризо, Скопје, Република Македонија, 2011, стр. 203-217.
6. *Основи на европскиот административен простор*, коавтор, Зборник на објавени излагања од Меѓународната научна конференција "Развојни тенденции во управното законодавство. 24-26 јуни 2011, Охрид", Правен факултет "Јустинијан Први" Скопје, стр. 159-182.
7. "*The Principles Within the European Administrative Space*", ко-автор, Časopis za pravnu teoriju i praksu, Udruženje pravnika Srbije, broj 10, tom II, 2011, Beograd str. 289-305.
8. "Службенички систем", учебник во коавторство: Павловска-Данева А., Давитковска Е., Правен факултет "Јустинијан Први" – Скопје, 2012;

9. *"The Role of Collective Security Communities towards Sustaining Regional Stability in the Balkans"*, коавтор, ASN World Convention, Columbia University, New York, USA, одобрен за печатење во април 2012.
10. *"The Future Of Good Governance In Ethnically Mixed Municipalities In The Republic Of Macedonia"* , ко – автор, Iustinianus Primus Law Review № 04 • volume III • Spring 2012" (објавено на: http://www.law-review.mk/pdf/04/Elena%20Davitkovska,%20Ivan%20Stefanovski.pdf)
11. *Apekti efektivnosti upravnih organizacija*, Davitkovski B., Davitkovska E., Gocevski D., Zbornik radova Pravnog fakulteta u Prištini sa privremenim sedištem u Mitrovici, Kosovska Mitrovica 2012, str. 191-202.
12. *Динамика реформских процеса као фактор успешности реформи у Републици Македонији*, Давитковски Б., Гоцевски Д., Давитковска Е., Зборник радова "Начела и вриједности правног система-норма и пракса", Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, Источно Сарајево 2012, стр. 343-369.
| 30. | „Per nje mesim dhenie qe shkon drejt persosjes" („Кон наставата што се стреми кон нејзино усовршување„), „Когито", научно списание на ДУТ, 2008 | 1 |
| 31. | „Mesuesi bartes i procesit edukativo-arsimor", (Учителот - носител на воспитно-образовниот процес), „Месуеси"(„Учителот"), научно педагошко списание на албански јазик, бр. 2, 2010 | 1 |
| 32. | „Normalja e Elbasanit shkolle kombetare" („Учителската школа во Елбасан национално училиште„), „Месуеси" („Учителот"), бр. 4, 2012, Скопје | 1 |
| 33. | Слободното време и младите, Просветно дело, 2009 , Скопје | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 34. | Воспитната функција на семејството кај децата од предучилишна возраст, Просветно дело, 2010 , Скопје | 1 |
| 35. | Социјализација и едукација кон еден нов вид хуманизам, Просветно дело, 2012, Скопје | 1 |
| | **Вкупно:** | 77 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Книга од стручна област: „Заедничкото, различноста и посебноста низ културните вредности во македонското и албанското семејство во Република Македонија", АРТ – дизајн, Скопје, 2012 год. | 8 |
| 2. | Член на Комисија за изработка на Елаборат за педагошка квалификација | 0,5 |
| 3. | Член на Комисијата за прием на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, прв уписен рок, втор и трет уписен рок за проверка на способностите на студентите на албански наставен јазик. | 0,5 |
| 4. | Претседател на Комисијата за спроведување на постапката и утврдување на предлогот за кандидат за раководител на Институтот за библитекарство, при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, 2009 год. | 0,5 |
| 5. | Претседател на Комисијата за спроведување на постапката за утврдување на предлог-кандидат за раководител на Институтот за предучилишно воспитание, при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, 2012 год. | 0,5 |
| 6. | Член на Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р. Македонија | 1 |
| 7. | Претседател на Државната комисија за полагање на стручни испити за наставници по одделенска настава | 1 |
| 8. | Претседател на Општинска комисија (Чаир) за проверка и вреднување на ученици матуранти, во рамките на меѓународниот проект „Европа – Елдорадо за младите" | 1 |
| 9. | Член на Издавачкиот совет на детското списание „Улка" – Скопје | 1 |
| 10. | Член на Професионалниот совет на стручното педагошко списание „Месуеси" – Скопје | 1 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | **Дејност од поширок интерес** | |
| **11.** | Член на рецензентски комисии за избор во наставно научни звања | 0,2 |
| **12.** | Член на рецензентски комисии за избор во наставно научни звања | 0,2 |
| **13.** | Член на рецензентски комисии за избор во наставно научни звања | 0,2 |
| **14.** | Член на Универзитетскиот сенат | 2 |
| | **Вкупно** | **19,6** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 258,75 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 77 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 19,6 |
| **Вкупно** | **355,35** |

**Рецензенти;**

1. Проф. д-р Никола Петров, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Авзи Мустафа, член, с. р.
3. Проф. д-р Владо Тимовски, член, с. р.

# П Р Е Г Л Е Д

**на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет – Скопје, на седницата на Наставно-научниот совет на Факултетот, одржана на 31.01.2013 година.**

| Кандидат | Тема | Ментор |
|---|---|---|
| Елизабета Сековска, дипломиран професор по биологија | „ЦИТОГЕНЕТСКИ ИСПИТУВАЊА НА ИНФЕРТИЛНИ МАЖИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ | - д-р Гордана Димеска, редовен професор на ПМФ - Скопје. |
| Верица Спасова, дипломиран инженер по биологија | „ВЛИЈАНИЕТО НА ПРОЛАКТИНОТ ВРЗ ФЕРТИЛНОСТА КАЈ ЖЕНИТЕ “ | - д-р Ицко Ѓоргоски, редовен професор на ПМФ - Скопје. |

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПЕНОЛОГИЈА - НАУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ СО ИЗВРШНО КАЗНЕНО ПРАВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ И ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ГРУЕВСКА-ДРАКУЛЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 29.6.2012 година, донесе одлука (02-1098/36) за утврдување потреба од издавање учебник по предметот пенологија. Со истата одлука, Наставно-научниот совет ме определи за рецензент на ракописот за учебник „Пенологија - наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија" од авторите проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски. Откако со внимание го причитав и го проучив ракописот, на Наставно-научниот совет му го доставувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### I

Ракописот за учебник „Пенологија - наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија", од авторите проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, се состои од 740 страници компјутерски изготвен текст, со нормален проред и стандарден слог на буквите. Во печатарскиот прелом и програмирање на текстот бројот на страниците би требало да се намали, така што нема значително да биде надминат нормативот за универзитетски учебник.

Ракописот се состои од два дела, а секој од нив содржи по десет глави во кои се изведени поднаслови кои директно упатуваат на материјата што се обработува. На крајот од текстот е поместен попис на извонредно богата домашна и странска литература што авторите ја користеле при изготвувањето на ракописот.

Првиот дел (***Пенологија - наука за извршување на санкциите***) е посветен главно на теоретски прашања што се првенствен предмет на проучување на пенологијата како научна дисциплина, а во вториот дел (Извршно казнено право на Република Македонија) доминира позитивноправната анализа и толкување на решенијата содржани во Законот за извршување на санкциите и во подзаконските акти со кои се уредува организацијата и начинот на извршувањето на санкциите и другите мерки изречени спрема физички и правни лица - сторители на казниви дела.

Главнината на првиот дел од ракописот, всушност, ја сочинува текстот од првото издание на учебникот „Пенологија - наука за извршување на санкциите" од проф. д - р Љупчо Арнаудовски (објавен во 1988 година), со тоа што некои негови делови се преработени,

изменети или дополнети со најновите теоретски достигнувања во пенолошката наука.

Овој дел на ракописот започнува со излагања за местото и улогата на пенологијата како наука и практика во современата држава, во рамките на кои се говори за казните и казнувањето во современата држава, како и за пенологијата како наука за примена на присилба што општеството ја одобрува. Потоа, следува воведниот дел во кој се содржани три тематски целини. Во првата целина се говори за потребата од изучување на пенологијата како наука и нејзиното значење за општеството, во втората целина за внатрешната диференцијација на кривичноправните науки и за потребата од конституирање на пенологијата како самостојна научна дисциплина, а во третата целина, пак, се прикажани основните теории за казните и казнувањето. По воведот следуваат излагања поделени во десет глави.

Во првата глава под наслов: *Поим и предмет на пенологијата*, првин е прикажан развитокот на сфаќањата за поимот и предметот на пенологијата (од пенитенцијарна до самостојна наука), потоа се определува предметот на пенологијата, како и нејзиниот однос со казненоправните и други науки со кои таа е комплементарна.

Втората глава (*Методи во пенологијата*) е посветена на специфичните методи и методолошки постапки што се применуваат во пенологијата сообразно со материјата што таа ја изучува. Тие се разликуваат од методите и методолошките постапки што се применуваат во другите сродни науки (на пример, криминологијата), што за авторите е уште еден аргумент во прилог на сфаќањето дека пенологијата е смостојна научна дисциплина.

Во третата глава со наслов: *Историски развој на облиците на општествена реакција на криминалитетот и пенолошката мисла* се прикажани историските облици на реакција спрема криминалитетот во сите досегашни општествено-екомомски формации: од одмазда и најтешки облици на репресија до хуманистички пристап кон примена на извршување на казните. Потоа следува приказот на неколкуте кривичноправни теории, односно школи кои имале решавачко влијание врз развојот на пенолошката наука и практика.

Во четвртата глава (*Казната затвор - лишување од слобода*) се објаснува настанувањето на казната затвор и нејзиното минување низ различни фази и облици на примена и извршување, а во петтата глава (*Извршувањето на казната лишување од слобода - пенитенцијарни системи*) се прикажани основните карактеристики на сите досегашни пенитенцијарни системи на извршување на казната затвор: од системот на заедничко издржување на казната затвор, преку ќелискиот, до различните варијанти на прогресивниот и класификациониот (женевски) систем.

Шестата глава е посветена на *проблемите на извршување на казната затвор во современата пенологија*. Во оваа глава (со истоимен наслов), казната затвор се објаснува преку нејзините карактеристики, давајќи одговор на прашањата сврзани со остварувањето на целите заради кои таа се применува. Во тој контекст се разработуваат проблемите сврзани за поимот и содржината на ресоцијализацијата како основна идеја и цел на оваа казна, како и проблемите и дилемите сврзани со класификација на осудените лица во казненопоправните

установи. Употребувајќи го терминот „третман на осудените лица", авторите ја објаснуваат неговата смисла и содржина, како и методите и начините преку кои се остварува. На тој начин се објаснува и смислата и содржината на ресоцијализацијата, проблемите што се јавуваат на патот кон постигнувањето на очекуваните ефекти и валоризација на процесот на ресоцијализацијата. На крајот од оваа глава следува осврт за влијанието на одделните методи на третман и карактеристиките на казнено-поправната установа во која се извршува казната.

Во седмата глава со наслов: *Методи и облици на третман во извршувањето на кривичните санкции и остварувањето на ресоцијализацијата* подробно се обработуваат одделните методи и облици на третман што се применуваат спрема осудените лица, со посебен осврт врз спецификите на третманот кај кратките казни лишување од слобода, како и третманот на малолетните лица. Главата завршува со општи разгледувања за т.н. постпенален третман, како и за некои проблеми и дилеми сврзани со ефикасноста на ресоцијализацијата и третманот на осудените лица.

Осмата глава под наслов *Затворски установи* се занимава со т.н. „формален систем", врз кој се поставени и функционираат казнено-поправните установи, со положбата на сите категории затворски персонал и нивната улога во извршувањето на казната, сето тоа разгледувано и објаснето преку режимот според кој функционира казнено-поправната установа. Во врска со оваа проблематика, соодветно внимание и е посветено и на затворската архитектура.

Во деветтата глава *(Заедница на осудените лица во казнено-поправните установи - затворска заедница)* се говори за т.н. неформален систем во казнено-поправните установи, односно организацијата што ја создаваат осудените лица во казнено-поправните установи за да си го олеснат животот и на соодветен начин да му се спротивставаат на формалниот систем (управата на затворот). Притоа, се објаснува поимот затворска заедница, местото и улогата на одделните осудени лица (играњето на улоги), групирањето во неа, со посебен осврт врз односот меѓу двата система (формалниот и неформалниот) и влијанието врз остварувањето на целите на казната затвор (судири и спротивности).

Во десеттата глава *(Историски развој на извршувањето на кривичните санкции во Македонија),* е содржан преглед на системите на извршувањето на кривичните санкции во Македонија, почнувајќи од времето кога таа била во состав на Кралството Југославија, преку системот на извршувањето на кривичните санкции во времето кога беше дел од поранешната СФРЈ, па се до сегашниот систем.

Како што веќе споменавме, вториот дел од ракописот носи наслов ***Извршно казнено право на Република Македонија***. Во него, систематски се излага и се толкува правната регулатива (ЗИС, КЗ и подзаконските акти) што го сочинува позитивното извршно казнено право на Република Македонија.

Овој дел на трудот започнува со единаесеттата глава под наслов: *Извршувањето на санкциите изречени за казниви дела (кривични дела и прекршоци) според Законот за извршување на санкциите (ЗИС) и подзаконските акти.* Во неа е претставен системот на извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци преку елаборација на

внатрешната структура и организација на Законот за извршување на санкциите на Република Македонија (ЗИС) и подзаконските акти. Посебно место заземаат излагањата сврзани со целите што се остваруваат преку примената на санкциите, како и приказот на основните и посебните начела врз кои е поставен ЗИС (законитост, легитимност, хуманост, непристрасност, недискриминација, ресоцијализација, превенција, индивидуализација, начело на заедничко издржување на казните, начело на класификација итн.).

Во дванаесеттата глава *(Надлежни органи за извршување на санкциите)* се претставени органите надлежни за извршување на санкциите почнувајќи со Управата за извршување санкции, мрежата на казнено-поправните и воспитно-поправните установи, критериумите за категоризација на казнено-поправните установи, организацијата на казнено-поправните установи во Република Македонија (секторска организација на казнено-поправните установи, раководењето, работните односи и положбата на вработените во казнено-поправните установи, како и нивното финансирање и надзорот). Посебно место во оваа глава заземаат излагањата сврзани со улогата и компетенциите на судијата за извршување санкции, со што извршувањето на санкциите станува судска функција.

Тринаесеттата глава *(Извршувањето на санкциите изречени за кривични дела)* е посветена на извршувањето на казната затвор според ЗИС. Прикажани се сите фази: од упатувањето на осуденото лице во казнено-поправна установа, приемот, правниот статус и неговата положба за време на издржувањето на казната затвор, класификацијата и критериумите врз кои таа се врши, остварувањето на воспитниот (превоспитниот) процес, третманот и облиците на третман, одржување на редот и дисциплината (дисциплинско казнување на осудените лица), отпуштање на осудените лица од казнено-поправна установа, прифаќањето на осуденото лице на слобода по издржаната казна (постпенална помош), како и начинот на постапување со лицата врз кои се применува мерката притвор.

Во четиринаесеттата глава *(Извршувањето на споредните казни)* се обработува проблематиката сврзана со извршувањето на паричната казна, забраната за вршење професија, дејност или должност, забраната за управување со моторно возило и протерување странец од земјата, а петнаесеттата глава *(Извршување на алтернативните мерки)* е посветена на извршувањето на условната осуда, условната осуда со заштитен надзор, условното прекинување на кривичната постапка, општокорисната работа, судската опомена и куќниот затвор.

Со примена на идентичен методолошки пристап, во шеснаесеттата глава *(Извршување на мерките на безбедност)* детално се анализираат одредбите што се однесуваат на извршувањето на трите мерки на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода и лекување алкохоличари и наркомани.

Седумнаесеттата глава е посветена на извршувањето на кривичните санкции спрема малолетни лица. Во оваа глава (со истоимен наслов) доминираат излагањата сврзани со извршувањето на воспитните мерки (дисциплински мерки, мерки на засилен надзор и заводски мерки). Во посебен поднаслов од оваа глава се анализираат одредбите

(од ЗИС и ЗМП) за казните, алтернативните мерки и мерките на безбедност што се применуваат спрема малолетниците.

Во осумнаесеттата глава *(Извршување на казните спрема правни лица)* се говори за извршувањето на казните што (како главни или како споредни) можат да им се изречат на правните лица, а во деветнаесеттата глава *(Конфискација на имот и имотна корист и одземање предмети)* е обработено извршувањето на конфискацијата на имот и одземањето на предмети како посебни казненоправни мерки, со осврт врз местото и улогата на Агенцијата за постапување со одземен имот.

Овој (втор) дел од ракописот завршува со дваесеттата глава *(Извршување на прекршочните санкции)*, во која станува збор за извршувањето на прекршочните санкции и посебните прекршочни мерки што може да им се изречат на полнолетни и малолетни физички лица, како и на правни лица.

## II

Потребата од ова (второ) издание беше наложена од најмалку две причини: прво, затоа што првото издание (од 1988) е одамна исцрпено и второ, затоа што во меѓувреме беше донесено ново извршно казнено законодавство, во кое беа вградени редица нови решенија што требаше теоретски да се обработат. Токму затоа, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје го прифати предлогот на Институтот за казнено право за утврдување потреба од ново издание на учебникот „Пенологија“ од проф. д-р Љупчо Арнаудовски.

Авторите проф. д-р Љупчо Арнаудовски (редовен професор на Правниот факултет, во пензија) и доц. д-р Александра Груевска - Дракулевски (наставник по предметот пенологија на овој Факултет) понудија текст кој е во собразност со методолошките и други стандарди според кои се изготвува универзитетска учебничка литература. Имено, текстот се карактеризира со систематичност, прегледност и постапност на излагањата, едноставен и јасен стил, што го прави податлив за читање, приемчив и лесно разбирлив. Авторите се определија за прифатлив методолошки пристап, според кој, во првиот дел од текстот се застапени теоретски излагања за основните пенолошки институти, а вториот дел е резервиран за догматско-правна елаборација на решенијата за извршување на санкциите содржани во нашето позитивно извршно казнено право.

Студентите на вториот циклус студии, ползувајќи ја оваа книга, без особени тешкотии ќе можат да се стекнат со основни знаења од областа на пенологијата, а студентите на класичните (научни) постдипломски студии, како и оние на третиот циклус (докторските студии), ќе можат да ги прошират и продлабочат веќе стекнатите знаења. Иако е наменета првенствено за студентите на правните студии, книгава секако може да биде во функција на едукација и на пенолошките работници, како и на другите профили, кои професионално (директно или индиректно) се инволвирани во процесот на примената и извршувањето на санкциите.

Врз основа на изнесеното, чест ми и задоволство да му предложам на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го прифати овој извештај и да го одобри издавањето на

ракописот „Пенологија - наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија“ од авторите проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски како ***постојан универзитетски учебник,*** според кој ќе се изведува наставата по предметот пенологија.

Скопје, 10 февруари 2013 година

Рецензент

Проф. д-р Методија Каневчев, с. р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „ПЕНОЛОГИЈА: НАУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ СО ИЗВРШНО КАЗНЕНО ПРАВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЉУПЧО АРНАУДОВСКИ И ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДРА ГРУЕВСКА-ДРАКУЛЕВСКИ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на седницата одржана на 29.6.2012 година, донесе одлука со која утврди потреба од издавање на учебник по предметот пенологија. Со одлуката под број 02-1098/36, со која ја утврди потребата за издавање учебник по предметот пенологија, подготвен од проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, именува рецензенти за учебникот, и тоа: академик проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Методија Каневчев.

Во својство на рецензент на учебникот „Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија" од авторите проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, на Наставно-научниот совет на Правниот Факултет „Јустинијан Први" во Скопје му го доставувам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот што е предмет на рецензија може да се одреди како второ изменето и дополнето издание на учебникот под наслов „Пенологија: наука за извршување на санкции" од проф. д-р Љупчо Арнаудовски, објавен во 1988 година, и служеше како учебник по овој предмет за студентите на Правниот факултет во Скопје. Основата на учебникот по пенологија со наслов „Пенологија: наука за извршување на санкции со извршно казнено право на Република Македонија" ја чини учебникот на проф. д-р Љупчо Арнаудовски дополнет, изменет, осовременет со нови погледи и сфаќања во теоријата и практиката што се појавија во развојот на оваа наука во изминатиот триесетгодишен период, во коавторство со доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски, дополнет со втор дел под наслов „Извршно казнено право на Република Македонија".

Авторите на трудот, во изготвувањето на учебникот, го избраа овој пристап бидејќи пенолошката наука во изминатиот период на теоретски и практичен план многу напредуваше во насока на изградување на нов систем на санкции збогатен со алтернативни мерки, унапредени методи на извршувањето на санкциите, од друга страна, фазата на извршување на санкциите доби нова смисла и значење, се дефинираа нови пристапи кон извршувањето на санкциите, посебно оние од институционален карактер, а се редефинираше и правниот статус и положбата на осудените лица на казна затвор за време на издржувањето на казната. На тој начин, оваа фаза од извршувањето на санкциите доби посебна смисла и значење. Авторите оценија дека овој дел од пенолошката наука е особено значаен за оние што работат во областа на извршувањето на санкциите.

### 1. Приказ на трудот

Текстот на ракописот за учебник изнесува 740 страници, пишуван во компјутерска техника со нормален проред и стандарден слог на буквите. Во прилог на текстот е даден попис на избрана литература од домашни и странски автори, а во самиот текст во фусноти е наведена и поширока литература со која се користеле авторите или со која упатуваат на интересни содржини за читателот на трудот.

Обработените содржини во учебникот се поделени во два дела: првиот дел е посветен на пенологијата како наука во потесна смисла, а во вториот дел е разработено извршното казнено право на Република Македонија.

Во воведниот дел авторите го одредуваат местото и улогата на пенологијата како наука и практика во современото општество, развивајќи ја тезата дека извршувањето на санкциите го одредува демократскиот карактер на државата, правната држава и владеењето на правото. Оваа теза се разработува во насловот **„Вовед во пенологијата“** преку објаснувањето: зошто треба да се изучува пенологијата како наука и практика, нејзиното општествено значење и улога, развојот со истакнување на елементите што ја одредуваат како современа наука, местото во системот на казненоправните и социолошките науки, карактеристиките што ја одредуваат како самостојна научна дисциплина со краток приказ на теориите на казнувањето.

Материјата обработена во првиот дел под наслов **„Пенологијата како наука и практика во современата држава“** е систематизирана во десет глави.

Во првата глава под наслов **„Поим и предмет на пенологијата“** се разработени развојот на сфаќањата за поимот и предметот на пенологијата, одредување на предметот на пенологијата како самостојна наука и во еден логичен редослед, односот со другите науки, посебно казненоправните и социолошките науки.

Втората глава носи наслов **„Методи во пенологијата“**. При обработката на материјата од оваа глава, авторите тргнуваат од поставката дека потребата за развивање на сопствени методи, верификувани низ теоретските и практичните активности на оваа наука, ја чинат пенологијата самостојна наука. Специфичноста на нејзините методи особено доаѓа до израз низ извршувањето на санкциите, посебно на оние од институционален карактер.

Во третата глава под наслов **„Историски развој на облиците на општествена реакција на криминалитетот и пенолошката мисла“**, низ развојот на општеството низ повеќе фази (етапи) се разгледуваат облиците на општествената реакција на криминалитетот (стариот, средниот и новиот век), со посебен осврт на општествената реакција во современото општество, низ стојалиштата на казненоправните школи и превоспитувањето (ресоцијализацијата) како водечка идеја.

Четвртата глава е насловена **„Казната затвор (лишување од слобода)“**, а петтата глава **„Извршување на казната затвор (лишување од слобода) – пенитенцијарни системи“**. Во оваа глава акцентот е ставен на извршувањето на казната затвор во различните пенитенцијарни системи (заедничко издржување, ќелиски систем, прогресивните системи со анализа на добрите и лошите страни на секој од овие системи).

Шестата глава е посветена на разгледување на **проблемите на извршување на казната затвор во современата пенологија**. Проблемите се изведуваат низ разгледување на основните карактеристики на

казната затвор со критички осврт врз нив (позитивни и негативни страни), со посебен осврт врз ресоцијализацијата како водечка идеја и цел на примената и извршувањето на оваа казна, потоа, современите погледи и ставови спрема ресоцијализацијата, проучување на личноста на осуденото лице, класификација на осудените лица во казнено-поправните установи, индивидуализација на извршувањето на казната затвор, критериуми за класификација и видови на казнено-поправни установи.

Седмата глава е насловена **„Методи на третман во извршувањето на кривичните санкции и остварувањето на ресоцијализацијата“**. Поради големото значење на методите преку кои се остварува процесот на ресоцијализација, опфатени со општиот поим „третман“, ним им е дадено посебно место во оваа глава.

Во осмата глава од учебникот, под наслов **„Затворски установи“**, се обработуваат двата система низ кои функционираат казнено-поправните установи: формалниот и неформалниот систем низ пенолошки (пенитенцијарен) и социолошки пристап. Посебно внимание се посветува на затворската заедница на осудените лица, депривациите што ги предизвикува затворањето и нивното влијание врз остварувањето на целите на казната (тоа е животот на осудените лица во затворот), затворскиот персонал и архитектурата на затворите.

Деветтата глава навлегува продлабочено во објаснувањето на **заедницата на осудените лица во казнено-поправните установи (затворска заедница)**, имено, затворската заедница во која осудените лица го организираат животот на начин на кој настојуваат да им се олесни положбата или да влијаат врз животот во затворот. Во оваа глава посебно место зазема расправата за изворите што произведуваат конфликти, владејачкиот вредносен систем во затворската заедница (затворската култура), како и односот помеѓу формалниот и неформалниот систем и одразот на овие односи врз реализацијата на ресоцијализацијата.

Десеттата глава е последна глава во овој дел и таа е насловена со **„Историски развој на извршувањето на санкциите во Македонија“**. Во оваа глава е прикажан развојот на пенитенцијарниот систем во Македонија и неговото напредување.

**Вториот дел** од учебникот е насловен **„Извршното казнено право на Република Македонија“**. Материјата обработена во овој дел, исто така, е систематизирана во десет глави. Основа за овој дел претставува Законот за извршување на санкциите (ЗИС) и подзаконските акти за примена на овој закон.

Единаесеттата глава носи наслов **„Извршување на санкциите за казниви дела (кривични дела и прекршоци) според Законот за извршување на санкциите (ЗИС) и подзаконските акти“**. Овој Закон се одредува како комплексен, бидејќи тој ја регулира целокупната репресија што државата ја применува спрема граѓаните заради сторено казнено дело. Со аналитички пристап кон обработката на ЗИС, претставена е неговата структура како закон со кој се регулира извршувањето на санкциите за кривични дела и прекршоци, претставувајќи го како единствен систем во кој соодветно место наоѓаат и прекршоците. Во оваа глава, низ одредбите на Законот и подзаконските акти се разработуваат: целите за извршување на санкциите за кривични дела и прекршоци, начелата за извршување на санкциите изречени за кривични дела и прекршоци, посебно начелата на легалитет и легитимитет,

хуманост, непристрасност, забрана на дискриминација по кој било основ, специјална превенција – ресоцијализација, индивидуализација на извршувањето на санкциите и правниот статус на осуденото лице за време на издржување на казната, санкцијата.

Дванаесеттата глава е посветена на **надлежните органи за извршување на санкциите,** и тоа: Управата за извршување на санкции, казнено-поправните и воспитно-поправните установи, критериуми за нивно основање и внатрешна структура и организација, работните односи – права и должности на вработените во казнено-поправните установи. Посебно внимание се посветува на облиците на надзор врз работата и функционирањето на казнено-поправните установи, посебно судскиот надзор. Посебно внимание се посветува на судијата за извршување на санкции со што извршувањето на санкциите постанува судска функција.

Тринаесеттата глава е посветена на **извршувањето на казната затвор**, и тоа: постапување при извршување на казната затвор, упатување на издржување на казната, прием на осудените лица во казнено-поправна установа, класификација на осудените лица со посебно внимание врз критериумите за класификација на осудените лица, правата што ја чинат содржината на правниот статус на осуденото лице на оваа казна како гаранција за неговата положба, одржувањето на редот и дисциплината во казнено-поправните установи, отпуштање на осудените лица од казнено-поправните установи – основи за отпуштање, со посебен осврт врз условниот отпуст. Посебно е разработена помошта што му се дава на осуденото лице по излегувањето од казнено-поправна установа од страна на општеството и неговите институции– прифаќање на осуденото лице од страна на општеството по издржаната казна. Изготвувањето на заклучен извештај за текот и процесот на ресоцијализација и оцена за постигнатите резултати. Во оваа глава посебно се разработува „Извршувањето на казната малолетнички затвор" низ одредбите на овој Закон и на Законот за малолетничка правда. Нужно внимание се посветува на примената на мерката притвор и правниот статус на притвореникот.

Четиринаесеттата глава е насловена **„Извршувањето на споредните казни"**, и е посветена на паричната казна со детално објаснување на нејзината природа и начините на извршување, забраната на вршење професија, дејност или должност, забрана за управување на моторно возило и протерување на странец од земјата.

Петнаесеттата глава носи наслов **„Извршувањето на алтернативните мерки"**, со разработка на теоретските и практичните поставки кои доведоа до нивно воведување во Кривичниот законик на Република Македонија, со поединечна разработка на условната осуда, условната осуда со заштитен надзор, условното прекинување на кривичната постапка, општокорисната работа, судската опомена, куќниот затвор, надлежните органи за нивно извршување и постапките на извршување.

Шеснаесеттата глава е посветена на **извршувањето на мерките на безбедност** со осврт на секоја мерка одделно: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа, задолжително психијатриско лекување на слобода, задолжително лекување алкохоличари и наркомани.

Седумнаесеттата глава е посветена на **извршувањето на санкциите спрема малолетните лица**: воспитните мерки (дисциплински мерки, мерки на засилен надзор, заводски мерки). Казнувањето на малолетниците е посебно

разработено, како и алтернативните мерки што можат да се применат спрема малолетниците, како и мерките на безбедност.

Во осумнаесеттата глава се разработува **извршувањето на казните спрема правни лица**, одговорноста на правните лица и субјектите во нив спрема кои можат да се применат санкции, паричната казна и нејзиното извршување, споредните казни што можат да се применат спрема правните лица и нивното извршување.

Деветнаесеттата глава е насловена ,,**Конфискацијата на имот и имотна корист и одземањето на предмети**". Авторите на учебникот ја разработуваат суштината на овие посебни казнено-правни мерки со разработка на факторите што доведоа до нејзино враќање во нашето казнено законодавство. Во согласност со насловот на овој учебник, постапката за конфискација и одземање на предмети, имотна корист и постапување со одземените предмети, со осврт и врз Агенцијата за постапување со одземените предмети на Република Македонија.

Во согласност со концептот за казнен систем на Република Македонија, во дваесеттата глава се разработува **извршувањето на прекршочните санкции**, преку разработка и објаснување на секоја санкција, извршувањето на прекршочните санкции применети спрема правни лица и прекршочните санкции применети спрема малолетни лица, како и посебните прекршочни мерки.

## 2. Оцена на трудот

Веќе самиот наслов на трудот „Пенологија: наука за извршување на санкции со извршно казнено право на Република Македонија" изразува јасна определба на неговите автори за консеквентно развивање на двостран пристап кон третираната материја: објаснување, од една страна, на нејзината научна, теоретска, но од друга страна и позитивистичка и практична страна. Во теоретска смисла, книгата ги има сите квалитети на одличен учебник, кој ги воведува студентите во комплексните, колку правни, толку и криминолошки, социолошки, психолошки, андрагошки и други сложени аспекти на пенологијата која има одамна потврден статус на важна научна дисциплина. Исто така, објаснувањето на правната рамка на извршувањето на казните и другите санкции е на високо рамниште на интерпретација на позитивните прописи, подобно да ги оспособи идните правници за примена на правото во оваа чувствителна сфера на одземање или ограничување на човековите слободи и права, што е резултат на извршувањето на изречената казна и други санкции.

Посебно внимание и, се разбира, пофалба, заслужува модерниот пристап на авторите кон третирањето на извршното казнено право. Тоа ги изразува сите релативно брзи промени што се случуваат во системот на санкции во современите законодавства и во македонското казнено право. „Константната аболиција на казната", особено казната затвор, како речиси главна одлика на казнените реформи на преминот на новиот милениум, резултира со воведувањето на алтернативните и посебните казнено-правни мерки (конфискацијата и одземањето предмети), кои се вистински предизвик за извршното право. Првите, како мерки во заедницата, сметаат на инволвирање на вонпенални институции или, пак, воопшто, вонинституционален третман на осуденото лице на слобода; извршувањето на вторите подразбира низа

неказненопроцесни постапки и разновидни облици на извршување, во зависност од предметот на извршувањето. На конзистентен начин е изложено извршувањето на: мерките спрема малолетниците, прекршочните санкции, санкциите спрема правните лица и мерките за безбедност, од кои, секоја група посебно, има редица специфичности на постапките и институциите надлежни за нивното извршување.

Учебникот се одликува со стил приспособен на природата на изложената материја и на потребите на студентите и специјалистите во казненоправната област. И според својот обем, сообразеноста со наставната програма, како и научната апаратура, книгата ги исполнува сите услови за објавување како второ изменето и дополнето издание на постојниот учебник.

Врз основа на изложеното, чест ми е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да му предложам да го прифати овој извештај и да донесе одлука за објавување на второто изменето и дополнето издание на учебникот „Пенологија: наука за извршување на санкциите со извршно казнено право на Република Македонија” од авторите проф. д-р Љупчо Арнаудовски и доц. д-р Александра Груевска-Дракулевски. Со неговото објавување ќе биде пополнета една забележлива празнина во нашата пенолошка литература, неопходна за студентите на правните студии, правниците и другите стручњаци кои се занимаваат со теоретските и практичните аспекти на оваа материја.

**Рецензент**

Академик проф. д-р Владо Камбовски, с. р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ИСТРАЖУВАЧКИОТ ЦЕНТАР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ИНФОРМАТИКА И МАТЕРИЈАЛИ НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Советот на Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали на Македонската академија на науките и уметностите, определени сме за членови на Комисијата за избор на научен соработник во овој Центар, а согласно со конкурсот објавен во дневниот печат на 11.1.2013 година.

На објавениот конкурс се пријави само еден кандидат – д-р Игор Томовски. По прегледот на конкурсните материјали приложени од страна на кандидатот, на Советот на Центарот му го поднесуваме следниов,

## ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Д-р Игор Томовски е роден во Скопје, на 27.7.1972 година. Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје во 1997 година, на насоката електроника и телекомуникации, со просечна оценка 8,28 и магистрирал на истиот факултет, на насоката електроника, во 2008 година, со просечна оценка 10,00. Докторската дисертација со наслов „Алгоритми за контрола на ширење на вируси во комплексни мрежи" ја одбранил на 14.11.2012 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со што се стекнал со академско звање-доктор на технички науки.

Својата работна кариера ја започнал во 1999 година во Лабораторијата за динамички испитувања при Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, каде што поминал 7 години. Во јуни 2006 година преминува во Македонски телекомуникации, каде што работи како менаџер за големи (клучни) корисници. Од мај 2007 година е вработен најпрвин како помлад истражувач, а од 2009 година и како асистент-истражувач во Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали при МАНУ.

Во текот на својата работна и истражувачка кариера, учествувал како соработник во поголем број научни и апликативни проекти. Коавтор е на неколку научни труда, публикувани во меѓународни списанија или во книги на трудови и апстракти од меѓународни конференции.

## 2. Научноистражувачка дејност

### 2.1. Научни публикации и презентации

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор (4):

1. L. Kocarev, J. Szczepanski, J.M. Amigó, **I. Tomovski**, "Discrete Chaos – I: Theory", *IEEE Transactions on Circuits and Systems I: Regular papers*, vol. 53, no 6, pp. 1300-1309, Jun. 2006.
2. J.M. Amigo, L. Kocarev, **I. Tomovski**, "Discrete entropy", *Physica D: Nonlinear Phenomena*, vol. 228, no.1, pp. 77-85, Apr. 2007.
3. I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "Application of modal analysis in assessing attack vulnerability of complex networks", *Communications in Non-linear Sciences and Numerical Simulations*, vol. 15, no.4, pp. 1008-1018, Apr. 2010.
4. **I. Tomovski** and L. Kocarev, "Simple Algorithm for Virus Spreading Control on Complex Networks," *IEEE Trans. Circuits Syst. I: Regular Papers*, vol. 59, no. 4, pp. 763-771, Apr. 2012.

Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:

- I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "A Modal Analysis Based Approach in Studying Robustness and Vulnerability of Complex Networks", In *Proceedings of the 2008 International Symposium on Non-linear Theory and its Applications - NOLTA '08*, Budapest, Hungary, September 07-10, 2008, pp. 253-256.

Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир:

- **I. Tomovski**, I.Trpevski and L. Kocarev, "Topology Independent SIS Process: Theory and Application," In *Proceedings of the International Conference on Theory and Applications in Nonlinear Dynamics - ICAND2012*, Seattle, OR, 2012, to be published.

Секциско предавање на научен/стручен собир:

- I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "Modal analysis and vulnerability of complex networks: the case of the segments of the EU power grid", Natural an man-made vulnerabilities of the EU grid, workshop in the frame of the FP6 project MANMADE, MANU, Skopje, Jun 25-26, 2009.

Учество на научен/стручен собир со реферат (постер):

- **I. Tomovski**, I. Trpevski and L. Kocarev, "Topology Independent SIS Process: Theory and Application," In *Proceedings of the International Conference on Theory and Applications in Nonlinear Dynamics -*

*ICAND2012*, Seattle, OR, 2012. (0.4)

- S. Markovska – Simoska, B. Gjoneska, **I. Tomovski** and J. Pop-Jordanov, "Analysis of qEEG spectrum-weighted frequency (Brain-rate) for visual and emotional CPT", 2nd meeting of the Society for Applied Neuroscience (SAN) in collaboration with COST B27 Electric Neuronal Oscillations and Cognition, Seville, 7th – 11th May 2008 Апстракт објавен во зборник на конференција
- S. Markovska – Simoska, B. Gjoneska, **I. Tomovski** and J. Pop-Jordanov, "Analysis of qEEG spectrum-weighted frequency (Brain-rate) for visual and emotional CPT", in *Revista Espanola de Neuropsicologia*, Vol. 10, no.1, ed. Jose Leon-Carrion, Book of Abstracts of the 2nd meeting of the Society for Applied Neuroscience (SAN) in collaboration with COST B27 Electric Neuronal Oscillations and Cognition, Seville, 7th – 11th May 2008, p. 129.

### 2.2 Анализа и оцена на трудовите

1. L. Kocarev, J. Szczepanski, J.M. Amigó, **I. Tomovski**, "Discrete Chaos – I: Theory", *IEEE Transactions on Circuits and Systems I: Regular papers*, vol. 53, no 6, pp. 1300-1309, Jun. 2006.

Во овој труд авторите се обидуваат да дадат одговор на прашањето што е тоа дискретен хаос, односно под кои услови на дадено пресликување (пермутација) на елементите на едно конечно множество самото во себе, може да се придружи особината на хаотичност. За таа цел во трудот се воведува дискретниот Љапунов експонент кај еднодимензионалните, односно дискретниот Љапунов експонент од ред s кај повеќедимензионалните пресликувања, како аналог на Љапуновиот експонент кај динамичките системи дефинирани во континуиран фазен простор, како индикатор за "хаотичноста" на дадено пресликување. Валидноста на дефинициите се потврдува во случај кога даденото пресликување е дискретен аналог на временска низа генерирана од познат ергодичен нелинеарен динамички систем, дефиниран во континуиран фазен простор, кога кардиналноста на дискретното множество тежи кон бесконечност, при што се покажува дека вредноста на дискретниот Љапунов експонент тежи кон вредноста на Љапуновиот експонент на континуираниот систем.

2. J.M. Amigo, L. Kocarev, **I. Tomovski**, "Discrete entropy", *Physica D: Nonlinear Phenomena*, vol. 228, no.1, pp. 77-85, Apr. 2007.

Во трудот се дефинираат два нови параметра за оцена на информациониот капацитет на динамичките системи кои се карактеризираат со дискретни состојби: дискретна ентропија и дискретната тополошка ентропија, како аналог на степенот на метричката, односно тополошката ентропија кај континуираните

системи соодветно. Авторите математички и преку нумерички анализи покажуваат дека во случај кога даденото пресликување е дискретен аналог на временска низа генерирана од познат ергодичен нелинеарен динамички систем, дефиниран во континуиран фазен простор, кога кардиналноста на дискретното множество тежи кон бесконечност, вредностите на дискретните ентропии тежнеат кон вредностите на соодветните континуирани аналози - информациската, односно тополошката ентропија.

3. I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "Application of modal analysis in assessing attack vulnerability of complex networks", *Communications in Non-linear Sciences and Numerical Simulations*, vol. 15, no.4, pp. 1008-1018, Apr. 2010.
4. I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "A Modal Analysis Based Approach in Studying Robustness and Vulnerability of Complex Networks", In *Proceedings of the 2008 International Symposium on Non-linear Theory and its Applications - NOLTA '08*, Budapest, Hungary, September 07-10, 2008, pp. 253-256.

Во овие два труда авторите предлагаат употреба на т.н. модална анализа за оцена на повредливоста на комплексните системи (мрежи). Се врши анализа на Лапласијанот за даден тежински граф, при што со одредување на сопствените вредности и соодветните сопствени вектори за него, се добива матрица на модално поврзување која го илустрира простирањето на одредени "модови" низ јазлите на мрежата. Се дефинира модална оптовареност на секој од јазлите во мрежата, како сума од апсолутните вредности на секој "мод" низ соодветниот јазел. Вака добиената величина се употребува како критериум за рангирање на јазлите со цел симулирање на напади на мрежата, при што како параметри за ерозија на графот се користат големината на најголемата поврзана компонента и дијаметарот на истиот.

Анализата е применета како на генерички, така и на реални графови - сегменти од европската електродистрибутивна мрежа, и тоа во два случаја: мрежата разгледувана само во однос на тополошките карактеристики (безтежински граф) и мрежата со вкалкулирани вредности на капацитетите на линиите. При тоа, авторите покажуваат дека пристапот на оцена на повредливоста со употреба на модална анализа, дава приближно исти резултати кога како критериум за симулиран напад на мрежата се користи степенот на јазлите.

5. **I. Tomovski** and L. Kocarev, "Simple Algorithm for Virus Spreading Control on Complex Networks," *IEEE Trans. Circuits Syst. I: Regular Papers*, vol. 59, no. 4, pp. 763-771, Apr. 2012.

Во овој труд е предложен едноставен алгоритам за контрола на процесот

на ширење на вируси, кој се базира на адаптирање на самата мрежа кон новонастанатите услови на инфекција. Алгоритамот се состои во отстранување на врски од мрежата со што се влијае на намалување на епидемиската граница. Новитетот во понудениот алгоритам се состои во автоматизмот на самиот процес, кој е локално контролиран од јазлите во мрежата, без никаква, или во некои случаи, минимална интервенција од страна. Предложен е и анализиран динамички модел базиран на NLDS-пристапот, за кој е покажано дека соодветно ги отсликува процесите во системот мрежа-инфекција, во услови на имплементиран механизам на заштита. Математички е докажана валидноста на алгоритамот во отстранување на постојна инфекција од мрежата. За евалуација на предложениот алгоритам дефинирана е група на параметри за оцена на ефикасноста на начините на негова имплементација (стратегии и избор на процесните параметри). За предложениот алгоритам анализирани се неколку стратегии со цел да се определи оптималниот начин на реакција на самата мрежа во услови на појава на ширење на потенцијално штетна содржина, со што епидемијата во мрежата би била отстранета во минимално време, со минимални штети кои при тоа би настанале на мрежната топологија.

6. **I. Tomovski**, I.Trpevski and L. Kocarev, "Topology Independent SIS Process: Theory and Application," In *Proceedings of the International Conference on Theory and Applications in Nonlinear Dynamics - ICAND2012*, Seattle, OR, 2012, to be published.

Во овој труд е разгледуван процес на ширење од SIS-тип низ комплексни мрежи кои се карактеризираат со посебен тип на контактна динамика, за која е користен терминот „аквизициска ексклузивност“. За овој процес е покажано дека во услови кога може да се претпостави статистичка независност на здружените настани, веројатностите јазлите во мрежата да бидат заразени не зависат од мрежната топологија и за нив може да се најде аналитичко решение. За таа цел, најпрвин е дефиниран математички модел, базирани на NLDS-пристапот, кој има за цел да ги преслика стохастичките процесите во континуален (веројатносен) фазен простор. Од моделот се добиени вредности за фиксните точки, за чии стабилности се предложени неколку теореми. Направени се низа стохастички симулации, за различни вредности на параметрите кои го карактеризираат процесот на ширење, при што добиените резултати се споредени со аналитичките. Извршена е анализа на добиените резултати и изведени се заклучоци во однос на параметриските региони каде што постои поклопување на аналитичките со резултатите од стохастичката анализа (реалноста). Врз основа на направените анализи, сугерирано е дека ваков тип на процес, под одредени околности, може да се користи како механизам за контролирано ширење на корисни содржини во дадена мрежа и се дадени насоки за развој на апликации за таа намена. Од друга страна, поради високата епидемиска граница со којашто е карактеризиран ваквиот процес, аквизициската ексклузивност е предложена и како

инженерско решение за придушување на вирусни инфекции во мрежите.

7. Markovska – Simoska S., Gjoneska B., Tomovski I., Pop-Jordanov J., **Analysis of qEEG spectrum-weighted frequency (Brain-rate) for visual and emotional CPT**, Book of Abstracts of the 2[nd] meeting for Society for Applied Neuroscience (SAN) in collaboration with COST B27 Electric Neuronal Oscillations and Cognition, in *Revista Espanola de Neuropsicologia*, Volume 10:1, ed. Jose Leon-Carrion, Seville, 7[th] – 11[th] May 2008, p. 129.

Во трудот е направена анализа на пресметаната усреднета фреквенција на спектарот (Brain rate) за 40 здрави индивидуи на возраст од 19 до 50 години, за кои претходно низ анамнеза, специјално подготвен тест и по процедури за проверка по DSM-4 листата на симптоми е исклучено присуството на ADHD (синдром на намалено внимание и хиперактивност). Сите испитаници најпрвин се тестираат еден ден пред снимањето со ЕЕГ, со Амстердамскиот неврофизиолошки тест (ANT). Направено е ЕЕГ-снимање на испитаниците при четири различни услови: очи затворени, очи отворени, VCPT (Visual continuous performance task) тестот и ECPT (Emotional continuous performance task) тестот. Снимањето е направено со 19 канален дигитален ЕЕГ-апарат - MITSAR, при што за контрола на акизицијата се користи програмскиот пакет WinEEG. Квантитативната анализа на снименото ЕЕГ се врши во 7 стандардни фреквенциски сегменти. Податоците од анализата се споредени со публикуваните податоци од три бази на податоци: NeuroRep, SKILL и EureKa3. За секој од 19 снимени канали е пресметана усреднетата фреквенција на спектарот (Brain rate), при што се покажува дека таа е добар индикатор за степенот на електричната, менталната и метаболичката активност.

## 2.3. Учество во научноистражувачки проекти

Д-р Игор Томовски бил и е вклучен како соработник во следниве научноистражувачки проекти:

Меѓународни проекти (6)

1 NATO/SfP Project 977231 "Seismic Assessment and Rehabilitation of Existing Buildings", IZIIS 2001-2005.
2 NATO/SfP Project 978028 "Development of low-cost rubber bearings for seismic safety of structures in Macedonia and Balkan", IZIIS 2003-2007
3 COST Action B27 "Electric Neuronal Oscillations and Cognition - ENOC", MANU, 2005-2009.
4 FP6 "Diagnosing vulnerability, emergent phenomena and volatility in man-made networks - MANMADE", MANU, 2007-2009.
5 FP 7 "Supermodeling by combining imperfect models (SUMO)", MANU, 2010-2013.

6 Optimization and Performance Enhancement of Complex Networks Using Sensors, MANU, 2010-2013, Funded by the Department of Navy-Office of Naval Research, USA.

Национални проекти (4)

7 Дијагностицирање на ранливоста, неочекуваните феномени и непостојаноста во комплексните мрежи, 2008-2013, проект финансиран од фондот на МАНУ.

8 Електрични мозочни процеси и когниција, 2008-2013, проект финансиран од фондот на МАНУ.

9 Електрични мозочни осцилации – теорија и примена (ЕНОТИП), 2004-2007, проект финансиран од фондот на МАНУ.

10 NSF Grant # 0327932 Collaborative Research: CMG: Data Assimilation by Synchronization of Truth and Model, UC Sand Diego 2003-2007 (за време на студиски престој).

## 3. Стручно-апликативна дејност

Член на меѓународна жири-комисија:

- рецензија на труд во Journal of the Franklin Institute, Ms. Ref. No.: FI-D-07-00130R1;
- рецензија на 2 труда на конференцијата NOLTA 2008.

Експертски активности: евалуација, стручна ревизија супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија

- Tashkov L., Rakicevic Z., **Tomovski I.:** "Seismic Qualification on High Voltage Circuit Breaker Type SFL 13, Single Pole Drive, Manifactured by Energoinvest, Elektrooprema, ELOP-IRCE, Sarajevo". - IZIIS 2000 -22.
- Tashkov L., Rakicevic Z., **Tomovski I.:**" Seismic Qualification on High Voltage Circuit Breaker Type SFL 13, Three Pole Drive, Manifactured by Energoinvest, Elektrooprema, ELOP-IRCE, Sarajevo". - IZIIS 2000 -23.
- Tashkov Lj., Rakicevic Z., **Tomovski I.** "Mechanical performance test of a three bundle double hinge spacer damper fabricated by Teheran Niroo Co", - IZIIS 2000 - 44/2
- Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:**"Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers Fabricated by Alucast Co. Tehran". - IZIIS 2000 - 45/2.
- Rakicevic Z., **Tomovski I.:** "Mechanical Testing of a Conductor 240/40 (KMT - Stip)". - IZIIS 2000 -74.
- Rakicevic Z., **Tomovski I.:** "Mechanical Testing of a Conductor 95/15 (KMT - Stip)". - IZIIS 2000 -75.
- Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D1 Fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-25.

- Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D1 Fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-25/1.
- Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D2 fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-26.
- Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D3 Fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-27.
- Т. Димитровски и И. Томовски, „Динамичко тестирање на сензорите TS-3, TS-3 клуч и од системот SIAZ I SASKOS инсталирани на 3 и 4 блок во АЕЦ Козлодуј, ИЗИИС 2002-20, Скопје, октомври 2001 и април 2002.
- T. Dimitrovski and I. Tomovski, "Dynamic Testing of Sensors TS-3, TS-3 switch and FBA-3 of the SIAZ system instalated in blocks 1 and 2 of NPP Kozlody", IZIIS Report 2003-26, September 2003.

## 3.1. Дејности од поширок интерес

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен/стручен собир:

- член на локалниот организационен одбор на работилницата: Natural and manmade vulnerabilities of EU grid, МАНУ, 24.6.2009.

Престои во странство:

- студиски престој во Институтот за нелинеарни науки, Универзитет на Калифорнија Сан Диего (UCSD), САД, октомври 2004-април 2005;
- студиски престој во Collegium Budapest – Институт за напредни истражувања, Будимпешта, Унгарија, октомври-ноември 2009;
- престој во European laboratory for structural assessment, EU JRC, Испра, Италија, 18-22.2.2009.

Член на факултетска комисија:

- претседател на Пописната комисија во ИЗИИС, 2005;
- член на Пописната комисија на МАНУ во 2010 и 2011;
- претседател на Комисијата за јавни набавки во МАНУ, 2011.

Подготовка на национални документи:

- Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година.

## 4. Заклучок и предлог

Кандидатот д-р Игор Томовски има остварено забележителни резултати во истражувањата од областите на комплексните системи и невроинформатиката. Резултатите од овие истражувања се содржани во повеќе научни трудови, објавени во странски списанија и зборници, и еден кој е во фаза на рецензија.

Врз основа на целокупната научна и стручна активност и покажаните резултати на кандидатот д-р Игор Томовски, членовите на Комисијата констатираат дека тој ги исполнува сите формални и суштински услови за научното звање за кое конкурира и со задоволство му предлагаат на Советот на Истражувачкиот центар за енергетика, информатика и материјали на Македонската академија на науките и уметностите да го избере д-р Игор Томовски во звањето научен соработник.

Скопје, 5.2.2013

**Членови на Комисијата:**

1. Акад. проф. д-р Јордан Поп-Јорданов, с.р.

2. Акад. проф. д-р Љупчо Коцарев, с.р.

3. Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.

**АНЕКС 2**

## Образец
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Игор Иван Томовски**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Македонска академија на науките и уметностите**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: комплексни системи и невроинформатика**

### НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Учесник во национален научен проект (4):<br>• Дијагностицирање на ранливоста, неочекуваните феномени и непостојаноста во комплексните мрежи, 2008-2013, проект финансиран од фондот на МАНУ.<br>• Електрични мозочни процеси и когниција, 2008-2013, проект финансиран од фондот на МАНУ.<br>• Електрични мозочни осцилации – теорија и примена (ЕНОТИП), 2004-2007, проект финансиран од фондот на МАНУ.<br>• NSF Grant # 0327932 Collaborative Research: CMG: Data Assimilation by Synchronization of Truth and Model, UC Sand Diego 2003-2007 (за време на студиски престој). | 12 |
| 2. | Учесник во меѓународен научен проект (6):<br>• NATO/SfP Project 977231 "Seismic Assessment and Rehabilitation of Existing Buildings", IZIIS 2001-2005.<br>• NATO/SfP Project 978028 "Development of low-cost rubber bearings for seismic safety of structures in Macedonia and Balkan", IZIIS 2003-2007.<br>• COST Action B27 "Electric Neuronal Oscillations and Cognition - ENOC", MANU, 2005-2009.<br>• FP6 "Diagnosing vulnerability, emergent phenomena and volatility in man-made networks - MANMADE", MANU, 2007-2009.<br>• FP 7 "Supermodeling by combining imperfect models (SUMO)", MANU, 2010-2013.<br>• Optimization and Performance Enhancement of Complex Networks Using Sensors, MANU, 2010-2013, Funded by the Department of Navy-Office of Naval Research, USA. | 30 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен | 23.3138 |

| | | |
|---|---|---|
| | уредувачки одбор(4):<br>• L. Kocarev, J. Szczepanski, J.M. Amigó, **I. Tomovski**, "Discrete Chaos – I: Theory", *IEEE Transactions on Circuits and Systems I: Regular papers,* vol. 53, no 6, pp. 1300-1309, Jun. 2006.<br>фактор на влијание: 1.97 (04.02.2013)<br>бодови: (6+1.97)*0.6= 4.782<br>• J.M. Amigo, L. Kocarev, **I. Tomovski**, "Discrete entropy", *Physica D: Nonlinear Phenomena,* vol. 228, no.1, pp. 77-85, Apr. 2007.<br>фактор на влијание: 1.594<br>бодови: (6+1.594)*0.8=6.0752<br>• I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "Application of modal analysis in assessing attack vulnerability of complex networks", *Communications in Non-linear Sciences and Numerical Simulations,* vol. 15, no.4, pp. 1008-1018, Apr. 2010.<br>фактор на влијание: 2.806<br>бодови: (6+2.806)*0.6=5.2836<br>• **I. Tomovski** and L. Kocarev, "Simple Algorithm for Virus Spreading Control on Complex Networks," *IEEE Trans. Circuits Syst. I: Regular Papers,* vol. 59, no. 4, pp. 763-771, Apr. 2012.<br>фактор на влијание: 1.97<br>бодови: (6+1.97)*0.9=7.173 | |
| 4. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:<br>• I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "A Modal Analysis Based Approach in Studying Robustness and Vulnerability of Complex Networks", In *Proceedings of the 2008 International Symposium on Non-linear Theory and its Applications - NOLTA '08*, Budapest, Hungary, September 07-10, 2008, pp. 253-256.<br>бодови: 3*0.6=1.8 | 1.8 |
| 5. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир<br>• **I. Tomovski**, I.Trpevski and L. Kocarev, "Topology Independent SIS Process: Theory and Application," In *Proceedings of the International Conference on Theory and Applications in Nonlinear Dynamics - ICAND2012*, Seattle, OR, 2012, to be published.<br>бодови: 2*0.8=1.6 | 1.6 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество:<br>• I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "A Modal Analysis Based Approach in Studying Robustness and Vulnerability of Complex Networks", In *Proceedings of the 2008 International Symposium on Non-linear Theory and its Applications - NOLTA '08*, Budapest, Hungary, September 07-10, 2008.<br><br>бодови: 2*0.6=1.2 | 1.2 |
| 7. | Секциско предавање на научен/стручен собир:<br>• I. Petreska, **I. Tomovski**, E. Gutierrez, Lj. Kocarev, F. Bono, K. Poljansek, "Modal analysis and vulnerability of complex networks: the case of the segments of the EU power grid", Natural an man-made vulnerabilities of the EU grid, workshop in the frame of the FP6 project MANMADE, MANU, Skopje, Jun 25-26, 2009.<br><br>бодови: 1*0.6=0.6 | 0.6 |
| 8. | Учество на научен/стручен собир со реферат (постер):<br>• **Tomovski**, I.Trpevski and L. Kocarev, "Topology Independent SIS Process: Theory and Application," In *Proceedings of the International Conference on Theory and Applications in Nonlinear Dynamics - ICAND2012*, Seattle, OR, 2012.<br>бодови: 0.5*0.8=0.4<br>• S. Markovska – Simoska, B. Gjoneska, **I. Tomovski** and J. Pop-Jordanov, "Analysis of qEEG spectrum-weighted frequency (Brain-rate) for visual and emotional CPT", 2$^{nd}$ meeting of the Society for Applied Neuroscience (SAN) in collaboration with COST B27 Electric Neuronal Oscillations and Cognition, Seville, 7$^{th}$ – 11$^{th}$ May 2008 (0.3)<br>бодови: 0.5*0.6=0.3 | 0.7 |
| 9. | Апстракт објавсн во зборник на конференција<br>• S. Markovska – Simoska, B. Gjoneska, **I. Tomovski** and J. Pop-Jordanov, "Analysis of qEEG spectrum-weighted frequency (Brain-rate) for visual and emotional CPT", in *Revista Espanola de Neuropsicologia*, Vol. 10, no.1, ed. Jose Leon-Carrion, Book of Abstracts of the 2$^{nd}$ meeting of the Society for Applied Neuroscience (SAN) in collaboration with COST B27 Electric Neuronal Oscillations and Cognition, Seville, 7$^{th}$ – 11$^{th}$ May 2008, p. 129.<br>бодови: 1*0.6=0.6 | 0.6 |
| | **Вкупно** | 71.8138 |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Член на меѓународна жири-комисија:**<br>• рецензија на еден труд во Journal of the Franklin Institute, Ms. Ref. No.: FI-D-07-00130R1;<br>• рецензија на 2 труда на конференцијата NOLTA 2008 | 6 |
| 2. | **Експертски активности: Евалуација, стручна ревизија супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија**<br>• Tashkov L., Rakicevic Z., **Tomovski I.:**" Seismic Qualification on High Voltage Circuit Breaker Type SFL 13, Single Pole Drive, Manifactured by Energoinvest, Elektrooprema, ELOP-IRCE, Sarajevo". - IZIIS 2000 -22.<br>• Tashkov L., Rakicevic Z., **Tomovski I.:**" Seismic Qualification on High Voltage Circuit Breaker Type SFL 13, Three Pole Drive, Manifactured by Energoinvest, Elektrooprema, ELOP-IRCE, Sarajevo". - IZIIS 2000 -23.<br>• Tashkov Lj., Rakicevic Z., **Tomovski I.** "Mechanical performance test of a three bundle double hinge spacer damper fabricated by Teheran Niroo Co", - IZIIS 2000 - 44/2.<br>• Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:**"Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers Fabricated by Alucast Co. Tehran". - IZIIS 2000 - 45/2.<br>• Rakicevic Z., **Tomovski I.:** "Mechanical Testing of a Conductor 240/40 (KMT - Stip)". - IZIIS 2000 -74.<br>• Rakicevic Z., **Tomovski I.:** "Mechanical Testing of a Conductor 95/15 (KMT - Stip)". - IZIIS 2000 -75.<br>• Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D1 Fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-25.<br>• Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D1 Fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-25/1.<br>• Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D2 fabricated by ALU Cast Iran Co.". - IZIIS 2001-26.<br>• Tashkov L., Krstevska L., **Tomovski I.:** "Mechanical Performance Test of Stockbridge Dampers: Stockbridge Damper Type D3 Fabricated by ALU Cast | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | Iran Co.". - IZIIS 2001-27<br>• Т. Димитровски и И. Томовски, „Динамичко тестирање на сензорите TS-3, TS-3 клуч и од системот SIAZ I SASKOS инсталирани на 3 и 4 блок во АЕЦ Козлодуј, ИЗИИС 2002-20, Скопје, октомври 2001 и април 2002.<br>• T. Dimitrovski and I. Tomovski, "Dynamic Testing of Sensors TS-3, TS-3 switch and FBA-3 of the SIAZ system instalated in blocks 1 and 2 of NPP Kozlody", IZIIS Report 2003-26, September 2003. | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1. | **Член на ораганизационен или програмски одбор на меѓународен/стручен собир:**<br>• член на локалниот организационен одбор на работилницата: Natural and manmade vulnerabilities of EU grid, МАНУ, 24.6.2009. | 1 |
| 2. | **Студиски престој во странство:**<br>• студиски престој во Инстутутот за нелинеарни науки, Универзитет на Калифорнија Сан Диего (UCSD), САД, октомври 2004-април 2005;<br>• студиски престој во Collegium Budapest – Институт за напредни истражувања, Будимпешта, Унгарија, октомври-ноември 2009;<br>• престој во European laboratory for structural assessment, EU JRC, Испра, Италија, 18-22.2.2009. | 2 |
| 3. | **Член на факултетска комисија:**<br>• претседател на Пописната комисија во ИЗИИС, 2005;<br>• член на пописната комисија во МАНУ во 2010 и 2011;<br>• претседател на Комисијата за јавни набавки во МАНУ, 2011. | 2 |
| 4. | **Подготовка на национални документи:**<br>• Стратегија за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година. | 2 |
| | **Вкупно** | 25 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 71.8138 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 25 |
| **Вкупно:** | 96.8138 |

**Членови на Комисијата,**

1. Акад. проф. д-р Јордан Поп-Јорданов, с.р.

2. Акад. проф. д-р Љупчо Коцарев, с.р.

3. Вонр. проф. д-р Димитар Трајанов, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЧЕШКИОТ ЈАЗИК И ЧЕШКАТА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата 34. редовна седница одржана на 6.2.2013 г., нè избра за членови на Рецензентската комисија, а во врска со пријавата на д-р Јасминка Делова- Силјанова за избор во звањето доцент по предмети од областа на *чешкиот јазик и чешката книжевност.*

По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен на 12 јануари 2013 година во весникот „Нова Македонија“ се пријави само еден кандидат, и тоа д-р Јасминка Делова –Силјанова.

**а) Биографски податоци**

Јасминка Делова е родена на 24 септември 1972 г. во Скопје.

Основно и средно образование завршила во Скопје, со одличен успех.

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 1991/92 г. се запишала на групата македонски јазик и јужнословенски јазици со втор главен јазик чешки јазик и книжевност. Дипломирала во 1997 г. и се здобила со стручен назив дипломиран филолог по македонски јазик и чешки јазик и книжевност.

Во 2007 г. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје ја одбранила магистерската теза под наслов „Инфинитивот во глаголска позиција во чешкиот јазик и неговите еквиваленти во македонскиот јазик“ и се стекнала со титулата магистер на филолошки науки.

**б) Работно искуство**

- Од 2007 г. до денес-асистент по чешки јазик и книжевност на Катедрата за славистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

- Во периодот 1999 – 2007 г. - помлад асистент по чешки јазик и книжевност на Катедрата за славистика на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

-Во рамките на работата како асистент член/секретар е на Организациониот одбор за организирање на Третата, Четвртата и Петтата македонско-чешка научна конференција. Била член на повеќе пописни комисии на Факултетот и активно учествува во организација и подготовка на чешки вечери заедно со студентите од сите групи по чешки јазик. Организатор е и на Преведувачката работилница „Стари чешки легенди".

-Во рамките на работата како помлад асистент била секретар на Катедрата и координатор за воведување на ЕКТС-предметните програми за студирање при Катедрата за славистика.

-Во 2005 г. учествувала на XXXVIII меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, од 3 до 21 август во Охрид, како лектор по македонски јазик, со фонд од вкупно 32 часа за почетен курс.

-Паралелно со работните обврски извршувала писмени преводи на текстови од различни области: историја, граѓанско образование, право, фармација, ветерина и сл.

Консекутивни преводи при делегации на неколку министерства во Владата на Македонија.

Консекутивен превод: при официјална посета на премиерот на чешката влада во Македонија, при посета на чешка бизнис-група на Стопанската комора на Македонија, при посета за доделување награда на чешкиот режисер Јиржи Менцл.

Консекутивен и симултан превод од областа на граѓанското образование за потребите на невладина организација во Македонија, при нивна работна посета во Чешка и во Македонија.

**в) Семинари и студиски престои**

За време на студиите, во учебната 1995/1996 г. била на студиски престој на Институтот за чешки јазик на Филозофскиот факултет при Карловиот универзитет во Прага, Р.Чешка. Посетувала предавања од современ чешки јазик, морфологија и лексикологија со разгледување на зборообразувањето, лексичкиот фонд и фразеологијата на чешкиот јазик.

Завршила и дополнителен курс за напреднати студенти со предавања по чешки јазик, литература, култура и историја. Исто така, кандидатката реализирала: предавања од чешката лексика, вештина на изразување на чешки јазик, анализа на текстови од чешки автори, теми од чешката граматика со посебен осврт на синтаксата, контрастивни проучувања врз основа на превод, чешка литература, чешкиот јазик во контекст на словенските јазици, одделни теми од чешката култура и историја.

Во 1993 и 1998 г. учествувала на Летната школа за словенски студии во организација на Филозофскиот факултет при Масариковиот универзитет во Брно, Р. Чешка – основен и напреднат интензивен курс по чешки јазик и специјализирани

семинари од областа на лингвистиката и литературата со разговори и дискусии на актуелни теми.

Во 2004 г. посетувала интензивен курс по чешки јазик на Меѓународната летна јазична школа во организација на Западночешкиот универзитет во Плзењ, Р.Чешка.

Од 1999 до 2006 г. учествувала на Бохемистичкиот семинар наменет за наставници и преведувачи - бохемисти во организација на Друштвото на писателите на Р.Чешка. Семинарот се одржува во Прага и во останатите градови во Р. Чешка и целта е запознавање со најновата чешка литература и со новите тенденции во чешкиот јазик, средба со чешки писатели и со чешки издавачки куќи.

г) Симпозиуми, конференции, собири:

**1999**

IV научен собир на млади македонисти, мај 1999 г., во организација на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со реферат: **„Фразеолошките изрази во македонскиот и во чешкиот јазик“**

**2000**

Научен собир „Македонскиот глагол – синхронија и дијахронија“, 1-2 март 2000 г., во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, со реферат: **„Глаголските префикси с- и з- во чешкиот јазик и нивниот одраз во македонскиот јазик“.**

**2001**

V меѓународен балканистички симпозиум, 23-24 март 2001, во Брно (Р. Чешка), во организација на Друштвото на пријатели на Јужните Словени во Р. Чешка и Масариковиот универзитет во Брно (Р. Чешка), со реферат: **„O frazeologizmech v češtině a v makedonštině“.**

III македонско – руска славистичка научна конференција, 9-11 август 2001 во Охрид, во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, со реферат: **„Значењето и функцијата на предлогот од во македонскиот, рускиот и во чешкиот јазик“.**

**2005**

Славистички собир „43 Скуп слависта“, 9-11 февруари 2005 г., во Белград (Србија и Црна Гора), во организација на Славистичкото друштво на Србија и Филолошкиот факултет од Белград, со реферат: **„Еквивалентност на глаголската модалност во чешкиот и во македонскиот јазик“.**

III македонско – чешка научна конференција, 19-20 август 2005 г., во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, со реферат: **„Семантиката и функцијата на двочленските инфинитивни реченици"**.

**2007**

IV чешко - македонска научна конференција, Брно: 11-13 јуни 2007, со реферат **„Заповедните инфинитивни реченици во македонскиот и во чешкиот јазик"**

**2011.**

Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков и Институтот за литература, одржан на 15-16 декември 2011 г., со реферат **„Блаже Конески и *Китка* од Карел Јаромир Ербен** (по повод 90 години од раѓањето на Бл.Конески и 200 години од раѓањето на К.Ј.Ербен)".

Петта македонско – чешка научна конференција, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, одржана на 17-19 мај 2012 во Скопје со:

- **промоција на превод од чешки на македонски јазик: Строго контролирани возови од Бохумил Храбал** (превод: Донка Роус);
- реферат: **65 години БОХЕМИСТИКА на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје;**
- реферат (заедно со Б. Мирчевска-Бошева): **Соматските фраземи и емоциите во чешкиот, рускиот и во македонскиот јазик.**

Книжевнонаучна конференција за Витеслав Незвал: НЕВИДЛИВИОТ НЕЗВАЛ (Literárněvědná konference o Vítězslavu Nezvalovi NEVIDITELNÝ NEZVAL) во организација на Институтот за чешка литература при Чешката академија на науките (AV ČR) и Институтот за чешка литература при Филозофскиот факултет на Масариковиот универзитет во Брно (FF MU), одржана на 20-22.6.2012 г. во Брно, Р. Чешка, со реферат: **Překlady Nezvalovy poezie do makedonštiny.**

Петта македонско-руска научна конференција, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, одржана на 17-19 јуни 2012 во Охрид, со реферат (заедно со Б. Мирчевска-Бошева): **Семантиката на *крвта* во емотивната фразеологија (врз примери одмакедонскиот, рускиот и од чешкиот јазик).**

д) Објавени трудови:

**2000**

**Mezinárodní vědecká konference o Blaže Koneském**, Slovánský jíh, časopis Společnosti přátel jižních Slovánů, Brno 2000.

**2001**

**Глаголските префикси с- и з- во чешкиот јазик и нивниот одраз во македонскиот јазик**, Зборник на трудови од собирот „Македонскиот глагол синхронија и дијахронија", одржан на 1-2 март 2000, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2001.

Приказ: **Трета македонско – руска научна славистичка конференција**, Литературен збор 3-4, Скопје, 2001.

Приказ: **Slavica Pragensia ad tempora nostra**, Славистички студии бр. 1999/2000, Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје, Скопје, 2001.

Превод со Донка Роус: „**Раскази за бракот и сексот**", Михал Вивег, Табернакул, Скопје, 2001.

**2002**

**O frazeologizmech v češtině a v makedonštině**, in Studia balcanica bohemo-slovaca V, Masarykova univerzita, Brno 2002.

**2005**

**Еквивалентност на глаголската модалност во чешкиот и во македонскиот јазик**, Славистика, книга 9, Славистичко друштво Србија, Белград, 2005

**Значењето и функцијата на предлогот ОД во македонскиот, рускиот и во чешкиот јазик**, Зборник на трудови од III македонско – руска славистичка научна конференција, 9-11 август 2001, Охрид (во печат).

**Семантиката и функцијата на двочленските инфинитивни реченици**, Зборник на трудови од III македонско – чешка научна конференција, 19-20 август 2005, Охрид (во печат).

**2006**

**Карактеристики на заповедните реченици**, Славистички студии бр. 12, Скопје 2006, стр. 65-68.

Донка Роус, Франтишек Чермак, Јасминка Делова, Катерина Витова: **Чешко – македонски речник**, Филолошки факултет „Блаже Конески", Скопје.

Превод од чешки на македонски јазик на избор документи „**Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919-1939**", книга 1 и 2, во издание на Државниот архив на Р.Македонија.

**2007**

**„Инфинитивот во глаголска позиција во чешкиот јазик и неговите еквиваленти во македонскиот јазик“** (магистерска дисертација).

**2009**

Превод од чешки на македонски јазик на книгата **„Историја на Македонија“** од Јан Рихлик и Мирослав Коуба во издание на издавачката куќа „Македонска реч“ од Скопје, 650 стр.

**„Инфинитивните прашални реченици во чешкиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик“**, Славистички студии бр. 13, Скопје, 2009, стр. 183-188.

**2010**

Заедно со Донка Роус, превод од чешки на македонски јазик на книгата **„Бабичка“** од Божена Њемцова, во издание на издавачката куќа „Македонска реч“ од Скопје.

**„Инфинитивните желбени реченици во чешкиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик“**, Славистички студии бр. 14, Скопје 2011, стр. 41-48.

**2011**

**„Семантичко - структурни паралели на фраземите со компонента 'око' во македонскиот и во чешкиот јазик“**, Филолошки студии 2011, том 2.

**„Македонско – чешки јазични и книжевни врски“** (апстракт, стр. 359-360) во: II меѓународен научен симпозиум „Словенските јазици и култури во современиот свет“ во организација на Филолошкиот факултет МГУ „М.В.Ломоносов“ од Москва, одржан на 21-24 март 2012 во Москва.

**„Инфинитивот во чешкиот јазик низ призмата на историскиот развој“**, Славистички студии бр. 15 (во печат).

**2012**

**Блаже Конески и *Китка* од Карел Јаромир Ербен** (по повод 90 години од раѓањето на Бл.Конески и 200 години од раѓањето на К.Ј.Ербен)“, Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“, Скопје, 15-16 декември 2011, Скопје, 2012, стр. 417-424.

**„Чешките фраземи со компонента ПЕТИЦА во преводите на македонски јазик“** во: Македонски јазик бр. 63 од 2012 г. (во печат).

**„Фраземи со компонента КОЛЕНО во преводите од чешки на македонски јазик"** во: Литературен збор бр. 4-6, 2012 година (во печат).

**„ПЕТТА МАКЕДОНСКО-ЧЕШКА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА (по повод 65 години БОХЕМИСТИКА на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје) 17-18 мај 2012"** приказ во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", бр. 38 (во печат).

ѓ) Заклучок и предлог:

Од наведеното се гледа дека интересот на кандидатката е насочен кон јазичната проблематика, и тоа во контрастивен поглед. Тоа го покажува и нејзината последна работа, односно темата на нејзината докторска работа: *Соматските фразеолошки изрази во преводите од чешки на македонски јазик и обратно,* но не само таму. Во некои статии и реферати кандидатката, како самостојно така и во соработка со наведените кореференти, се осврнува на некои морфолошки и стилски проблеми во преводите од чешки на македонски јазик.

Кандидатката од првите моменти на нејзиното дејствување како бохемист пројавува склоност кон преведувањето, што го покажуваат и наведените дела од таа област.

Со оглед на веќе наведените показатели за нејзината научна дејност, а воедно земајќи ја предвид и нејзината педагошка работа со студентите, како и совесното извршување на задачите од страна на кандидатката, слободни сме да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје да ја избере д-р Јасминка Делова-Силјанова во звањето доцент по предметите од областа на чешкиот јазик и чешката книжевност.

Рецензенти

1. Д-р Донка Роус, редовен професор, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје

2. Д-р Верица Копривица, доцент, с.р.
Универзитет во Белград, Филолошки факултет, Р. Србија

3. Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески" - Скопје

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Јасминка Димитар Делова-Силјанова**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **бохемистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: **Одржување на вежби** | Поени |
|---|---|---|
| | Граматика на чешкиот јазик 1Б (0+2)<br>1998/99, 1999/2000, 2000/01, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05 | 10,8 |
| | Граматика на чешкиот јазик 2Б (0+2)<br>1999/2000, 2000/01, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05 | 9,9 |
| | Граматика на чешкиот јазик 3Б (0+2)<br>1998/99, 1999/2000, 2000/01, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05 | 10,8 |
| | Фонетика, ортоепија и ортографија на чешкиот јазик (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10 | 4,5 |
| | Морфологија на чешкиот јазик 1 (именки и придавки) (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2008/09, 2009/10 | 3,6 |
| | Морфологија на чешкиот јазик 2 (глаголи, заменки и броеви) (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10 | 4,5 |
| | Стилистика на чешкиот јазик (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2008/09, 2009/10 | 3,6 |
| | Реченица и членови на реченицата (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10 | 4,5 |
| | Поделба на реченицата; паратакса-хипотакса (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2008/09, 2009/10 | 3,6 |
| | Чешки јазик 1 (фонетика; лекторски вежби) (0+2)<br>2011/12, 2012/13 | 1,8 |
| | Чешки јазик 2 (морфологија 1; лекторски вежби) (0+2)<br>2010/11, 2011/12, 2012/13 | 2,7 |
| | Чешки јазик 3 (морфологија 2; лекторски вежби) (0+2)<br>2011/12, 2012/13 | 1,8 |
| | Чешки јазик 4 (стилистика; лекторски вежби) (0+2)<br>2010/11, 2011/12, 2012/13 | 2,7 |
| | Чешки јазик 5 (синтакса 1; лекторски вежби) (0+2)<br>2011/12, 2012/13 | 1,8 |
| | Чешки јазик 6 (синтакса 1; лекторски вежби) (0+2)<br>2010/11, 2011/12, 2012/13 | 2,7 |
| | Чешки јазик 1Ц (0+2)<br>1998/99, 1999/2000, 2000/01, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05 | 10,8 |
| | Чешки јазик 2Ц (0+2)<br>1998/99, 1999/2000, 2000/01, 2001/02, 2002/03, 2003/04, 2004/05 | 10,8 |
| | Чешки јазик 1 (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2011/12, 2012/13 | 6,3 |
| | Чешки јазик 2 (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2008/09, 2009/10, 2010/11, 2011/12, 2012/13 | 6,3 |
| | Чешки јазик 3 (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2011/12, 2012/13 | 6,3 |
| | Чешки јазик 4 (0+2)<br>2005/06, 2006/07, 2007/08, 2008/09, 2009/10, 2011/12, 2012/13 | 6,3 |
| | Стара чешка книжевност (0+2)<br>2011/12, 2012/13 | 1,8 |
| | Хуманизмот и ренесансата во чешката книжевност (0+2)<br>2011/12 | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Чешката книжевност меѓу двете Светски војни (0+2) 2011/2012 | 0,9 |
| | Најновата чешка книжевност (0+2) 2011/2012 | 0,9 |
| | Лектор по македонски јазик на XXXVIII Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, од 3-21 август во Охрид, со вкупен фонд на часови 32 | 1 |
| | **Вкупно** | 121,6 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | Семантичко - структурни паралели на фраземите со компонента 'око' во македонскиот и во чешкиот јазик", Филолошки студии 2011, том 2 | 3 |
| 2. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | Глаголските префикси с- и з- во чешкиот јазик и нивниот одраз во македонскиот јазик, Зборник на трудови од собирот „Македонскиот глагол - синхронија и дијахронија", одржан на 1-2 март 2000, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје, 2001. | 2 |
| | Значењето и функцијата на предлогот ОД во македонскиот, рускиот и во чешкиот јазик, Зборник на трудови од III Македонско – руска славистичка научна конференција, 9-11 август 2001, Охрид. | 2 |
| | Семантиката и функцијата на двочленските инфинитивни реченици, Зборник на трудови од III македонско – чешка научна конференција, 19-20 август 2005, Охрид, стр. 112-121. | 2 |
| | Заповедните инфинитивни реченици во македонскиот и во чешкиот јазик", Зборник на трудови од IV чешко - македонска научна конференција, Брно: 11-13 јуни 2007, стр. 28-30. | 2 |
| | „Блаже Конески и *Китка* од Карел Јаромир Ербен (по повод 90 години од раѓањето на Бл.Конески и 200 години од раѓањето на К.Ј.Ербен)", Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура", Скопје, 15-16 декември 2011, Скопје, 2012, стр. 417-424. | 2 |
| | 65 години БОХЕМИСТИКА на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" Скопје, Зборник на трудови од Петтата македонско-чешка научна конференција, Скопје 17-18 мај (во печат). | 2 |
| | Соматските фраземи и емоциите во чешкиот, рускиот и во македонскиот јазик, Зборник на трудови од Петтата македонско-чешка научна конференција, Скопје 17-18 мај (во печат). | 2 |
| | Семантиката на *крвта* во емотивната фразеологија (врз примери од македонскиот, од рускиот и од чешкиот јазик), Зборник на трудови од Петтата македонско-руска научна конференција, Скопје 17-19 јуни (во печат). | 2 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | O frazeologizmech v češtině a v makedonštině, in Studia balcanica bohemo-slovaca V, Masarykova univerzita, Brno 2002, стр. 247-253. | 3 |
| | Еквивалентност на глаголската модалност во чешкиот и во македонскиот јазик, Славистика, книга 9, Славистичко друштво Србија, Белград 2005, стр. 204-210. | 3 |
| 4. | **Трудови објавени во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| | „Трета македонско – руска научна славистичка конференција", Литературен збор 3-4, Скопје, 2001, стр. 137-142. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Slavica Pragensia ad tempora nostra“, Славистички студии бр 8-9, Скопје, 2001, стр. 275-277. | 2 |
| | „Карактеристики на заповедните реченици“, Славистички студии 12, Скопје, 2006, стр. 65-68. | 2 |
| | „Инфинитивните прашални реченици во чешкиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик“, Славистички студии 13, Скопје, 2009, стр. 183-188. | 2 |
| | „Инфинитивните желбени реченици во чешкиот јазик и нивните еквиваленти во македонскиот јазик“, Славистички студии 14, Скопје, 2011, 41-48. | 2 |
| | „Инфинитивот во чешкиот јазик низ призмата на историскиот развој“, Славистички студии бр. 15 (во печат). | 2 |
| | „Чешките фраземи со компонента ПЕТИЦА во преводите на македонски јазик“ во: Македонски јазик бр. 63 од 2012 г. (во печат). | 2 |
| | „Фраземи со компонента КОЛЕНО во преводите од чешки на македонски јазик“ во: Литературен збор бр. 4-6, 2012 година, во печат | 2 |
| | „ПЕТТА МАКЕДОНСКО-ЧЕШКА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА (по повод 65 години БОХЕМИСТИКА на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје), 17-18 мај 2012“, во: Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, бр. 38, 2012, стр. 611-614. | 2 |
| **5.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат (усна презентација)** | |
| | IV научен собир на млади македонисти, мај 1999 г., во организација на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, со реферат: „Фразеолошките изрази во македонскиот и во чешкиот јазик“. | 1 |
| | Научен собир „Македонскиот глагол – синхронија и дијахронија“, 1-2 март 2000 г., во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, со реферат: „Глаголските префикси с- и з- во чешкиот јазик и нивниот одраз во македонскиот јазик“. | 1 |
| | V меѓународен балканистички симпозиум, 23-24 март 2001 во Брно (Р. Чешка), во организација на Друштвото на пријатели на Јужните Словени во Р. Чешка и Масариковиот универзитет во Брно (Р. Чешка), со реферат: „O frazeologizmech v češtině a v makedonštině“. | 1 |
| | III македонско – руска славистичка научна конференција, 9-11 август 2001 во Охрид, во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, со реферат: „Значењето и функцијата на предлогот од во македонскиот, рускиот и во чешкиот јазик“. | 1 |
| | Славистички собир „43 Скуп слависта“, 9-11 февруари 2005 г., во Белград (Србија и Црна Гора), во организација на Славистичкото друштво на Србија и Филолошкиот факултет од Белград, со реферат: „Еквивалентност на глаголската модалност во чешкиот и во македонскиот јазик“. | 1 |
| | III македонско – чешка научна конференција, 19-20 август 2005 г., во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, со реферат: „Двочленските инфинитивни реченици во македонскиот и во чешкиот јазик“. | 1 |
| | IV чешко - македонска научна конференција, Брно: 11-13 јуни 2007, со реферат „Заповедните инфинитивни реченици во македонскиот и во чешкиот јазик“. | 1 |
| | Меѓународен научен симпозиум „Блаже Конески и македонскиот јазик, литература и култура“ во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков и Институтот за литература, одржан на 15-16 декември 2011 г., со реферат „Блаже Конески и *Китка* од Карел Јаромир Ербен (по повод 90 години од раѓањето на Бл.Конески и 200 години од раѓањето на К.Ј.Ербен)“. | 1 |
| | Петта македонско – чешка научна конференција, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 17-19 мај 2012 во Скопје, со промоција на превод од чешки на македонски јазик: Строго контролирани возови од Бохумил Храбал (превод: Донка Роус). | 1 |
| | Петта македонско – чешка научна конференција, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 17-19 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | мај 2012 во Скопје, со реферат: 65 години БОХЕМИСТИКА на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. | |
| | Петта македонско – чешка научна конференција, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 17-19 мај 2012 во Скопје, со реферат (заедно со Б. Мирчевска-Бошева): Соматските фраземи и емоциите во чешкиот, рускиот и во македонскиот јазик. | 1 |
| | Книжевнонаучна конференција за Витеслав Незвал: НЕВИДЛИВИОТ НЕЗВАЛ (Literárněvědná konference o Vítězslavu Nezvalovi NEVIDITELNÝ NEZVAL), во организација на Институтот за чешка литература при Чешката академија на науки (AV ČR) и Институтот за чешка литература при Филозофскиот факултет на Масариковиот универзитет во Брно (FF MU), одржана на 20-22.6.2012 г. во Брно, Р. Чешка, со реферат: Překlady Nezvalovy poezie do makedonštiny. | 1 |
| | Петта македонско-руска научна конференција, во организација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 17-19 јуни 2012 во Охрид, со реферат (заедно со Б. Мирчевска-Бошева): Семантиката на *крвта* во емотивната фразеологија (врз примери од македонскиот, рускиот и од чешкиот јазик). | 1 |
| **6.** | **Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна)** | |
| | Македонско – чешки јазични и книжевни врски“ (апстракт, стр. 359-360), во: II меѓународен научен симпозиум „Словенските јазици и култури во современиот свет“, во организација на Филолошкиот факултет МГУ „М.В.Ломоносов“ од Москва, одржан на 21-24 март 2012 во Москва. | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 57 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Речник (коавтор)** | |
| | Донка Роус, Франтишек Чермак, Јасминка Делова, Катерина Витова: **Чешко – македонски речник**, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, 2006. | 3 |
| **2.** | **Превод (книга)** | |
| | Превод од чешки на македонски јазик: „Раскази за бракот и сексот“, Михал Вивег, Табернакул, Скопје, 2001. | 3 |
| | Превод од чешки на македонски јазик на избрани документи: „Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919-1939“, книга 1, во издание на Државен архив на Р.Македонија, Скопје, 2005. | 1 |
| | Превод од чешки на македонски јазик на избрани документи: „Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919-1939“, книга 2, во издание на Државен архив на Р.Македонија, Скопје, 2006. | 1 |
| | Превод од чешки на македонски јазик: „Историја на Македонија“ од Јан Рихлик и Мирослав Коуба во издание на издавачката куќа „Македонска реч“ од Скопје, 2009, 650 стр. | 3 |
| | Превод од чешки на македонски јазик: „Бабичка“ од Божена Њемцова во издание на издавачката куќа „Македонска реч“ од Скопје, 2010. | 3 |
| | | |
| | **Вкупно:** | 14 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **1.** | **Член на организационен одбор на научен/стручен собир** | |
| | III македонско – чешка научна конференција, Охрид, 2005 | 1 |
| | IV чешко – македонска научна конференција, Брно, 2007 | 1 |
| | V македонско – чешка конференција, Скопје, 2012 | 1 |
| **2.** | **Студиски престој во странство** | |
| | Интензивен курс по чешки јазик на Меѓународната летна јазична | 0.5 |

| | | |
|---|---|---|
| | школа, во организација на Западночешкиот универзитет во Плзењ, Р.Чешка, 2004 г. | |
| | Летна школа за руски јазик, МГУ Ломоносов, Москва, Русија, 2006 г. | 0,5 |
| | Бохемистички семинар наменет за наставници и преведувачи - бохемисти во организација на Друштвото на писателите на Р.Чешка. (Прага, Брно, Оломоуц, Храдец Кралове, Ческе Будејовице, Злин) - 1999, 2000, 2001, 2002, 2003, 2005, 2006 | 3,5 |
| **3.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2003 г. - член на Комисија за попис на постојани средства | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис на средствата и обврските со состојба на 31.12.2004 г. - член на Комисија за попис на постојани средства | 0,5 |
| | Член на Комисија за попис на библиотечниот фонд на Катедрата за славистика (2001, 2002) | 1 |
| | Координатор на студиските програми за воведување на ЕКТС на Катедрата за славистика (Одлука од 27.1.2003 г.) | 1 |
| | Член на Комисија за издавачка дејност на Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје (2009-2010) | 1 |
| **4.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на Комисија за полагање стручен испит за судски преведувач по чешки јазик, Министерство за правда на РМ | 1 |
| | | |
| | **Вкупно:** | 12,5 |
| | | |
| | **Вкупно:** | 28,5 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 121,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 57 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | - |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 28,5 |
| **Вкупно** | 207,1 |

**Членови на Комисијата**

1. Д-р Донка Роус, редовен професор, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје

2. Д-р Верица Копривица, доцент, с.р.
Универзитет во Белград, Филолошки факултет, Р. Србија

3. Д-р Максим Каранфиловски, редовен професор, с.р.
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје

# REPORT

## FOR ELECTION OF DOCENT OF SUBJECTS IN THE FIELD OF CZECH LANGUAGE AND CZECH LITERATURE AT THE FACULTY OF PHILOLOGY "BLAZE KONESKI" IN SKOPJE

The Teaching and scientific Council of the Faculty of Philology "Blaze Koneski" in Skopje, at its 34th regular meeting held on 06.02.2013 elected us as members of the Review commission, and in relation with the application of Jasminka Delova- Siljanova, PhD for election into a title of Docent of subjects in the field of *Czech language and Czech literature.*

етнолог и фолклорист, што значи дека успешно се претставува пред домашната и меѓународната научна заедница, како и пред поширокта стручна и културна јавност, како еден од најдобрите познавачи на традиционалната култура на Ромите во Македонија, на којашто заедница припаѓа и самиот кандидат.

Врз основа на изнесеното во извештајот, Комисијата смета дека д-р Трајко Петровски ги задоволува бараните критериуми согласно со членовите 6 и 10 од Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање (Сл. весник на РМ, бр. 82/09) по сите основи. Во таа смисла, имаме чест да му предложиме на Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје, да го избере **д-р Трајко Петровски** во звањето **научен советник** за работното место **истражувач на фолклорот и етнологијата на ромскиот народ во Република Македонија.**

Скопје, февруари 2013

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Севим Пиличкова, научен советник, Институт за фолклор "Марко Цепенков" (во пензија) с.р.

2. Проф. д-р Зоранчо Малинов, научен советник (ИФМЦ) с.р.

3. Проф д-р Клеанти Ановска, научен советник (ИФМЦ) с.р.

**АНЕКС 2**

**ОБРАЗЕЦ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** д-р Трајко Саво Петровски, виш научен соработник
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** фолклористика, етнологија, културна антропологија

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: **монографии, трудови, проекти, учество на научни собири, секциско предавање** | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Монографија (детални податоци во текстуалниот дел) 1*8 | 8 |
| 2. | Монографија објавена во странство (детални податоци во текстуалниот дел) 1*12 | 12 |
| 3. | Два (2) труда со оригинални научни резултати објавени во зборник на трудови од научно-стручен собир со меѓународен уред. одбор (детални податоци во текстуалниот дел) 2*3 | 6 |
| 4. | Осум (8) труда со оригинални научни резултати, објавени во стручни-научни списанија (детални податоци во текстуалниот дел) 8*2 | 16 |
| 5. | Десет (10) секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (детални податоци во текстуалниот дел) 10*2 | 20 |
| 6. | Раководител на два (2) национални научни проекта (детални податоци во текстуалниот дел) 2*6 | 12 |
| 7. | Учесник во три (3) меѓународни научни проекти (детални податоци во текстуалниот дел) 3*5 | 15 |
| | **Вкупно** | **89** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: дејности од поширок интерес | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Автор на основен школски учебник (детални податоци во текстуалниот дел) 2*7 | 14 |
| 2. | Коавтор на основен школски учебник (детални податоци во текстуалниот дел) 2*6 | 12 |
| 3. | Коавтор на речник (детални податоци во текст. дел) 2*3 | 6 |
| 4. | Претседател на организационен одбор на меѓународен научен собир 1*2 | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Уредник на зборник на трудови на научен/струч. собир 1*1 | 1 |
| 6. | Член на институтски комисии (член на пописни комисии за 2007 и 2010 год.) 2*0,5 | 1 |
| 7. | Одредници во енциклопедија на МАНУ 20х0,05 | 1 |
| | **Вкупно** | **37** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | / |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 89 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ /** | / |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 37 |
| **ВКУПНО** | **126** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Севим Пиличкова, претседател с.р.

2. Проф. д-р Зоранчо Малинов, член с.р.

3. Проф. д-р Клеанти Ановска, член с.р.

# ПРЕГЛЕД НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ ВО ЕКОНОМСКИОТ ИНСТИТУТ

| *Ред. бр.* | *Име на кандидатот* | *Наслов на темата* | *Ментор* |
|---|---|---|---|
| 1. | Снежана Прескакулова | "Примена на програмите за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија во Република Македонија" | д-р Васил Поповски |
| 2. | Слободан Левковски | "Улогата и значењето на програмите за самовработување за развојот на претприемништвото во Република Македонија" | д-р Васил Поповски |
| 3. | Маја Лазевска | "Примена на латерални техники за поттикнување на иновативноста кај малите бизниси во Република Македонија" | д-р Дејан Пендев |
| 4. | Ивана Каракушева | "Ризичниот капитал како извор за финансирање на претприемничките бизниси" | д-р Дејан Пендев |
| 5. | Филип Догазански | "Управување со кредитното портфолио и неговото влијание врз ризичноста и перформансите на комерцијалните банки во Република Македонија" | д-р Климентина Попоска |
| 6. | Ивана Николоска | "Мултинационалните претпријатија и нивната улога во меѓународниот бизнис " | д-р Марија Ацковска |
| 7. | Жаклина Трајковска | "Менаџмент на трошоци во контекст на деловното одлучување - студија на случај" | д-р Биљана Ангелова |
| 8. | Оливер Николовски | "Функционалноста на финансискиот систем во Република Македонија" | д-р Биљана Ангелова |

# РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ:
„ОПТИМИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СОГОРУВАЊЕ НА ЈАГЛЕНОВ ПРАВ ВО ЛОЖИШТЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КОТЕЛ“,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЛИДИЈА ЈОЛЕСКА БУРЕСКА,
ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлуката на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје бр. 02-190/2, донесена на седницата одржана на 31.1.2013 година, формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација изработена од м-р Лидија Јолеска Буреска, дипл. маш. инж., со наслов: „Оптимирање на процесот на согорување на јагленов прав во ложиште на енергетски котел“.

Врз основа на прегледот на доставената докторска дисертација, направената анализа на резултатите од истражувањето и согледувањето на научниот придонес, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Лидија Јолеска Буреска е посветена на оптимирање на процесот на согорување на фосилно гориво (јагленов прав) во ложиште на енергетски парен котел, унапредување на теоријата на сложените струјни и термички процеси во двофазен систем, како што е ложиштето за согорување на нискоквалитетни лигнити, како и развој на математички модел за нумерички симулации за различни работни режими во ложиштата на енергетските котли. Истражувањата презентирани во дисертацијата претставуваат континуитет на активностите поврзани со користењето на нискоквалитетни лигнити за енергетски цели, што од технички, економски и еколошки аспект претставува актуелно и важно истражувачко подрачје.

Оптимирањето на процесот на согорување на јагленов прав во ложиште на енергетски котел, што е главна цел на докторската дисертација, опфаќа дефинирање, воспоставување, реализација и имплементација на методологија и математички модел за симулација на аеродинамиката на двофазен медиум (гасови и честици) и неговото температурно поле во ложиште на енергетски котел во услови на различни работни режими.

Докторската дисертација е презентирана на 164 страници, а обработуваната проблематика е изложена во следниве целини:

1. Вовед, предмет и цели на истражувањето
2. Согорување на јагленов прав во ложиште на енергетски парни котли

3. Преглед на претходни истражувања
4. Метод на оптимизација на аеродинамичките и топлинските карактеристики на ложишта за согорување на јагленов прав
5. Експериментални истражувања и резултати
6. Анализа и дискусија на добиените резултати и моделот
7. Заклучоци и препораки

   Библиографија

Во дисертацијата се вклучени 83 слики и 16 табели. Списокот на користена литература содржи 161 наслов.

Во првата глава е направен вовед во истражуваната проблематика на која е посветена дисертацијата. Изложени се мотивацијата, предметот, целите и применетата методологија на истражувањето. Потенцирани се рамките и практичните цели на истражувањето, како и програмските пакети кои се користени како софтверски алатки за реализација на истражувањата.

Во втората глава се анализирани: основите на теоријата на процесот на согорување на јаглерод и цврсти горива, карактеристиките на согорувањето на цврстите горива во лет (простор), системите, како и основните елементи на системите за подготовка на јагленов прав за согорување. Во оваа глава, исто така, анализирано е и влијанието на распоредот на пламениците и формата на ложиштниот простор врз аеродинамиката и температурното поле во просторот за согорување на горивото кај енергетските котли.

Преглед на релевантни претходни истражувања во предметната проблематика е даден во третата глава. Во него се опфатени истражувања на аеродинамичките и термичките карактеристики на ложишта за согорување на јагленов прав, математички модели за пресметка на процесот на размена на топлина во ложишта и експериментално-искуствени податоци за топлинскиот флукс и дистрибуцијата на температурата на гасовите по висината на ложиштето.

Во четвртата глава е изложен суштинскиот дел на дисертацијата, односно е креиран модел за оптимирање на аеродинамичките и топлинските карактеристики на ложиште за согорување на јагленов прав. Наведени се основните критериуми за оптимизација и водечките равенки за аеродинамичките процеси: равенките за одржување на масата, количеството движење и енергија. Во продолжение се опишани математичкото моделирање и симулацијата на сложените струјни и термички процеси во ложиштен простор со дефинирана геометерија. Особено внимание е посветено на двофазното турбулентно струење, за чие моделирање е користен моделот $k$-$\omega$, моделирањето на процесот на согорување и другите хемиски реакции, за чија реализација се користи пристапот на фракција на смесата / функција на густината на веројатноста (mixture fraction / probability density function) и моделирање на процесот на пренос на топлина. Предавањето на топлина со зрачење во ложишната средина има примарно значење при моделирањето на преносот на топлина. Затоа, при моделирањето на преносот на топлина земено е предвид влијанието на карактеристиките на гасните продукти од

согорувањето и присуството на цврсти честици во нив врз интензитетот на топлинското зрачење и врз процесот на пренос на топлина. Понатаму, во оваа глава се објаснети нумеричката постапка, основата на методот на конечни волумени и математичкиот модел, како и основните поставки на моделот и алгоритмите во кои тие се систематизирани.

Во петтата глава се презентирани дијаграмски експерименталните резултати коишто се предмет на анализа, а се однесуваат на три групи мерења извршени во три различни години на истиот енергетски котел. Воедно, прикажани се резултати од компјутерска симулација на процесите во ложиштето на котелот при неколку различни режими на работа, соодветни на експерименталните. На почетокот на оваа глава е даден технички опис и се презентирани техничките карактеристики на котелот, како и податоци за горивото и воздухот како едни од влезните параметри за моделот. Потоа се прикажани геометријата на пресметковниот домен, односно на ложиштето, за потребите на моделот креирана со претпроцесорот Гамбит и нумеричката мрежа, која е составена од 1427987 елементарни волуменски ќелии и 2944694 површински зони. Пресметковната мрежа на ложиштето е хибридна, оформена како комбинација од неколку типови елементи и шеми за мрежирање. Густината на мрежата е добиена со оптимизација, како компромис помеѓу неопходноста за добивање квалитетни и веродостојни нумерички резултати и потребното време за извршување на нумеричките симулации.

За верификација и вреднување на резултатите од моделот се користени резултати од мерењата на температурата од шеесет мерни места, распоредени на девет различни нивоа по висината на ложиштето. Тоа дава можност за добивање покомплетна слика за текот на процесите што се одвиваат во анализираниот простор. Во трудот е презентирана развиена нагледна шема на положбата на мерните места на ложиштето.

Во продолжението на петтата глава се презентирани резултатите добиени со методите на компјутерска динамика на флуиди (CFD). Одредени се повеќе параметри, а прикажани се вредности на брзините на струење на гасовите во котелот, вредностите и распределбата на брзините на ниво на долните и горните пламеници, вредностите на температурата на гасовите во котелот и во пресеците на горните и долните пламеници, како и концентрацијата на кислород по висината на ложиштето. Исто така, презентирани се резултатите од симулацијата на влијанието на терцијарниот воздух, доведен во долниот дел на ложиштето, врз промената на струјното поле и патеките на горивните честици, особено во долниот дел од ложиштето. Понатаму се дадени резултатите од испитувањата извршени на котелот и резултатите од нумеричките симулации за одредување на влијанието на системот за долно внесување на воздух врз температурното поле, температурните профили по висината на ложиштето, количеството одведена шљака, топлинската загуба поради механички нецелосно согорување на горивото и емисијата на азотни оксиди.

Во шестата глава од докторската дисертација е извршена споредба на резултатите добиени од извршените погонски мерења на енергетскиот парен котел Пп-670-140 ГОСТ 3619-76, познат според ознаката П-65, со резултатите добиени со примена на предложениот математички модел. Најпрво, направена

е споредбена анализа на промената на температурата на гасовите по висината на ложиштниот простор, за состојбите пред и по воведувањето на терцијарен воздух во долниот дел на ложиштето. Потоа е извршена анализа на измерените вредности на температурата кај одделните мерни места (на осум нивоа по висината на ложиштето) и соодветните температури добиени по пресметковен пат, за условите по прераспределбата на терцијарниот воздух, како и споредба на средната измерена температура по висината и по страните на ложиштето (предна, задна, лева и десна) со нумерички добиените вредности. Споредбената анализа покажува задоволително совпаѓање помеѓу резултатите од мерењата и од математичкиот модел.

Во седмата глава се дадени заклучоците што произлегуваат од истражувањата презентирани во дисертацијата. Заклучоците се однесуваат на моделот и на неговата применливост, како и на работата на анализираниот енергетски котел. Во оваа глава се дадени и препораки за понатамошна истражувачка работа, како надградба на постигнатите резултати во дисертацијата.

Докторската дисертација на м-р Лидија Јолеска Буреска претставува оригинален научноистражувачки труд. Посебен научен придонес се дава во теоријата на влијанието на аеродинамиката врз ефикасноста на согорувањето на јагленов прав, како и во развојот на методи за компјутерска симулација на комплексните струјно-термички процеси во ложиштата на енергетски котли на фосилни горива.

Комисијата констатира дека од особено значење во трудот е следново:

- оптимизацијата на процесот на согорување на јагленов прав во ложишта на парните котли и нумеричка постапка за симулација на аеродинамичките процеси, процесот на согорување и преносот на топлина;
- методологијата презентирана во овој труд дава можности за оптимирање на работните карактеристики на енергетските котелски постројки на јагленов прав врз основа на следните критериуми: геометриски карактеристики на ложиштето, оптимална организација на процесот на согорување, избор на оптимални брзини на струење на аеросмесата, секундарниот и терцијарниот воздух и оптимална положба на пламениците;
- резултатите добиени со примена на математичките модели и нумеричките симулации на процесите во ложиштето на енергетски парен котел релативно добро се совпаѓаат со измерените големини при извршување на различните испитувања.

Врз основа на изнесеното образложение, Комисијата го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Оптимирање на процесот на согорување на јагленов прав во ложиште на енергетски котел", изработена од м-р Лидија Јолеска Буреска, дипл. маш. инж., претставува квалитетен и оригинален научноистражувачки труд со значаен придонес во науката. Обемните нумерички истражувања и мерените податоци, како и верификацијата на моделите и даваат особена вредност на дисертацијата. Авторката успешно ги поврзала нумеричките и експерименталните истражувања и донела заклучоци кои имаат практична примена.

Авторката покажала широко и фундаментално познавање на третираната проблематика од областа на моделирањето и оптимизацијата на струјните и термичките процеси во ложиштата на енергетските парни котли.

Врз основа на изнесеното, Комисијата заклучува дека трудот со наслов „Оптимирање на процесот на согорување на јагленов прав во ложиште на енергетски котел", изработен од м-р Лидија Јолеска Буреска, дипл. маш. инж., во целост ги исполнува условите, критериумите и барањата за успешно изработена докторска дисертација и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

**Комисија**

Проф. д-р Илија Петровски с.р.

Машински факултет, Скопје, професор во пензија

Проф. д-р Александар Ношпал с.р.

Машински факултет, Скопје, професор во пензија

Проф. д-р Ристо Филкоски с.р.

Машински факултет, Скопје

Проф. д-р Славе Арменски с.р.

Машински факултет, Скопје

Проф. д-р Валентино Стојковски с.р.

Машински факултет, Скопје

Скопје, 4.2.2013 година.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И НЕГОВИТЕ ИМПЛИКАЦИИ ВРЗ БЕЗБЕДНОСТА НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КИРИЛ МИТИЌ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

На 33. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, одржана на 19.12.2012 година, бевме избрани за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов „Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа", поднесена од м-р Кирил Митиќ.

Благодарни за укажаната доверба, имаме чест да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација „Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа" претставува научен труд од областа на безбедноста. Во оваа докторска дисертација м-р Митиќ се користи со методолошките пристапи на проучување на безбедносните проблеми и теориите својствени за проучување на безбедносните науки. Така, м-р Митиќ во својот труд презентира обемен, амбициозен и прв значаен научен труд од оваа област во нашата држава.

Докторската дисертација, конципирана внимателно и прегледно, содржи 297 страници. Трудот има конзистентна структура која од него прави логична целина. За нејзина изработка консултирани се 63 библиографски единици, 42 документи, 106 списанија и публикации и 55 материјали од интернет. Аргументацијата е поткрепена со 260 фусноти. Покрај воведот, резултатите од спроведеното истражување, заклучокот, и консултираната библиографија, трудот го сочинуваат осум дела во кои се истражени најзначајните аспекти на организираниот криминал како современа невоена закана, нивото на влијание и неговите импликации врз безбедноста на земјите од регионот на Југоисточна Европа, компаративно преку десет држави вклучувајќи ја и Р. Македонија. Анализирани се и причините за неговото појавување и развој, како и неговите најчести појавни облици. Истовремено анализирани се и досегашните политики на земјите од ЈИЕ за начинот и употребата на методите за препознавање и спречување на организираниот криминал на национално, регионално и меѓународно ниво.

За целосна и јасна слика, како и прегледност во елаборирањето на предметот на истражувањето на оваа докторска дисертација, м-р Митиќ

текстуалната експликација ја поткрепува со 30 табели, 4 графички прикази и 6 карти.

Главните делови на докторската дисертација во која м-р Митиќ го изложува истражувањето се: 1. Безбедноста и потенцијалните современи закани за регионот на Југоисточна Европа; 2. Организиран криминал како невоена закана за земјите од ЈИЕ; 3. Типовите држави и нивната диспозиција во однос на организираниот криминал; 4. Структури на организираниот криминал; 5. Организираниот криминал во земјите од ЈИЕ кои се предмет на истражувањето; 6. Национални стратегии за спречување на организираниот криминал; 7. Р. Македонија и организираниот криминал; 8. Поим и модели на меѓународна соработка за спречување на организираниот криминал.

Во воведниот дел на докторската дисертација се формулира проблемот на истражувањето, а појдовната премиса на докторската теза која доследно провејува низ ова истражување се фокусира на организираниот криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа. Односно, ова истражување се фокусира на начинот на кој организираниот криминал како современа невоена закана ја загрозува безбедноста на државите и нивните граѓани, како и на нивните настојувања за негово спречување.

Во овој дел, м-р Митиќ укажува дека основната цел на секоја државна политика е опстанокот на државата и нејзиното општество, а услов за тој опстанок е нејзината безбедност.

Централната хипотеза на докторската дисертација е дека организираниот криминал како невоена закана, влијаејќи врз целокупниот општествено-политички и економски живот денес стана примарен облик на загрозување на безбедноста. Оттука, кохерентниот пристап, соодветната реакција, поврзувањето и координацијата на напорите на државите на национално и на регионално ниво во неговото спречување, придонесуваат и овозможуваат создавање поволни услови за спречување на организираниот криминал, како и развој и одржување на стабилноста и безбедноста на граѓаните и самите држави.

Првата глава терминолошки го определува поимот безбедност како еден од комплексните и повеќедимензионалните феномени на општествата во сите фази на нивниот развој. Во докторската дисертација теоретски е обработена државата како референтен објект на безбедноста и како субјект на меѓународната заедница, дефинирани се нејзините витални интереси кои се најчесто загрозени од повеќето внатрешни и надворешни чинители водени од различни мотиви.

Во вториот дел од оваа глава теоретски се обработени и прикажани изворите и облиците на загрозувања во државите, посебно на оние од регионот на Југоисточна Европа, а кои најчесто ги препознаваме како општествени и природни загрозувања и загрозувања од техничко-технолошка природа. Во дисертацијата, м-р Митиќ изворите на нестабилност ги препознава и како резултат на економската нестабилност предизвикана пред се од општата неразвиеност на овој регион, но и како резултат на одредени недоследности и неспособноста на надворешната политика на Европската унија во давање помош за благовремено решавање на проблемите кои се круцијални за овој регион.

Утврдени се и објектите на загрозување во овие држави, а во последниот дел од оваа глава се обработени и двата вида на закани-воени и невоени. Така, и покрај фактот што сè уште не е исчезната опасноста од воените закани, државите од регионот на Југоисточна Европа сè почесто се соочуваат со новиот вид на закани-невоените, кои не бараат традиционално воен одговор и кои се најмалку национално врамени.

Втората глава претставува проектната рамка на докторската дисертацијата, во која м-р Митиќ терминолошки ги определува и дефинира двете невоени закани кои отскокнуваат по својата опасност и жестина-организираниот криминал и тероризмот, а кои претставуваат сериозен атак врз економијата, политичката стабилност, социјалната хармонија, здравата животна средина, како и атак врз здравјето на граѓаните.

И покрај тоа што поимот организиран криминал претставува еден од најконтроверзните поими на денешницата базиран врз основа на различни пристапи, врз основа на голема спротивставеност на мислења за причините за неговата појава, постоење, развој и обем, како и неговите појавни облици, во докторската дисертација е направен обид за изнаоѓање на научно и општо прифатливо дефинирање на карактеристиките кои му ја даваат силината на главна невоена закана за безбедноста во регионот.

Во вториот дел од оваа глава, даден е приказ на тероризмот како втора по силина и опасност воена закана, а истовремено е обработена и неговата симбиоза со организираниот криминал, со посебен акцент на предвидувањата за нивните активности во наредниот период во регионот на Југоисточна Европа.

Во третиот дел од оваа глава, користејќи го историографскиот метод на истражување, м-р Митиќ ја обработува врската на организираниот криминал со безбедносните структури од државите од регионот на Југоисточна Европа, од доцните осумдесетти години од минатиот век па наваму, при што го потврдува фактот дека организираниот криминал во овој регион се развил меѓу другото и преку активната соработка со делови од безбедносниот сектор и институциите кои го спроведуваа законот.

Третата глава од докторската дисертација дава приказ на типовите држави и нивната диспозиција во однос на организираниот криминал, приказ на факторите кои придонесуваат за олеснување на активностите на организираниот криминал, како и за неговата политичка, економска и социјална димензија во државите од Југоисточна Европа.

Во продолжение, во трудот е објаснета и диспозицијата на државите кон организираниот криминал која се движи од една крајност каде што државата одлучно се спротивставува со сите сили и средства на неговите криминални активностите, преку колебливоста на државните структури и нивното премолчено одобрување за спроведување на криминалните активности на нејзина територија, до другата крајност, а тоа е воспоставување активен партнерски однос. Согласно со ова, во дисертацијата е даден приказ и на четири издиференцирани видови

држави, и тоа: домицилни држави, држави-домаќини, транзитни држави и услужни држави.

Во вториот дел од оваа глава објаснети се факторите кои ги олеснуваат активностите на организираниот криминал и кои им овозможуваат помош и поддршка на криминалните структури во остварување на нивните цели групирани како осум т.н. олеснувачки фактори. Во докторската дисертација тие се претставени преку глобализацијата, државните граници, злоупотребата на финансискиот сектор, техничко-технолошкиот фактор, злоупотребата на транспортниот сектор, измама со фалсификувани документи, транзицијата и миграциите на населението.

Во последниот дел од оваа глава, м-р Митиќ ги претставува корените на организиран криминал во државите од Југоисточна Европа кои ги наоѓа во карактерот на општествената, економската, социјалната и политичката структура на државата, во материјалните и духовните услови за живот, во отуѓеноста на луѓето и во личниот избор своите проблеми или потреби да ги решаваат или, пак, да ги задоволуваат на лесен или криминален начин.

Четвртата глава од докторската дисертација дава приказ на структурите на организираниот криминал во Југоисточна Европа, нивната организациона структура и нивните карактеристики. Од добиените резултати од истражувањето, овие структури на организиран криминал во државите од Југоисточна Европа се препознаени како структури од традиционален тип со јасно изразена хиерархиска пирамидална поставеност со главен шеф на врвот од таа пирамида, но и како неформални или лабави криминални мрежи. Овие структури претставуваат мултиетнички композити неоптоварени од етнички и верски предрасуди, без бирократски препреки, неоптоварени од политички разлики како и од различни општествено-политички уредувања на државите од регионот. Денес овие криминални структури се со видоизменета методологија на работа и во новосоздадените пазарни услови на стопанисување, функционираат слично како трговските друштва или како фирми. Резултатите од истражувањето во докторската дисертација укажуваат и на фактот дека во регионов криминалните структури најчесто се околу десеттина на број по држава, независни се една од друга и во нив обично членуваат по околу триесеттина криминалци. Во последниот дел од оваа глава, преку методот на компаративна анализа извршена е презентација на структурите на организиран криминал во државите од Југоисточна Европа, опфатени со ова емпириско истражување.

Главниот осврт во петтата глава од докторската дисертација м-р Митиќ го насочува на најчестите појавни облици на организиран криминал. Недозволената трговија со дрога, оружје, моторни возила, недозволената трговија со луѓе и криумчарењето мигранти, како и недозволената трговија со стока за широка потрошувачка, претставуваат највносни криминални активности во регионот. Високиот криминален профит, овие структури преку активностите на “перење пари” се обидуваат да го вметнат во банкарскиот и фискалниот систем на државите, или да ги финасираат активностите на одредени терористички

организации присутни во овој регион, со што во голема мера ја поткопуваат безбедноста, како и економската и социјалната стабилност на државите. Од добиените резултати од истражувањето стекнат е впечаток дека структурите на организиран криминал не би успеале да ги спроведат сите овие криминални активности и да ја постигнат посакуваната цел, доколку не ги користат методите на насилство и корумпирање на дел од владеачката елита, политичките структури на власт, а посебно со корумпирање на дел од безбедносните и правосудните институции.

Во првиот дел од шестата глава од докторската дисертација, преку методата на компаративна анализа, објаснети се сличностите и разликите на дејствување на организираниот криминал, како и мерките за неговото спречување. Во вториот дел од оваа глава, м-р Митиќ ја објаснува потребата од превенција која претставува еден од основните облици на спречување на криминалот. Целите дадени во докторската дисертација кои треба да се остварат преку превенцијата се намалување на криминалот и зголемување на степенот на безбедност на државите, безбедност на граѓаните и нивниот имот, зголемување на капацитетите на субјектите задолжени за превенција на криминалот, како и развој на тесна соработка помеѓу владините и невладините институции задолжени за превенција на криминалот.

На крајот од шестата глава даден е приказ и на националните стратегии и акционите планови за спречување на организираниот криминал на државите од регионот. Овие стратегии претставуваат основни документи кои се во функционална врска со останатите нивни национални стратегии, а кои се однесуваат на парцијалното спречување на различни облици на организиран криминал. Преку искористените секундарни извори на податоци: нормативни и правни акти (особено меѓународни документи) и извршената компаративана анализа на националните стратегии, м-р Митиќ дошол до сознание дека сите стратегии на државите од Југоисточна Европа се со скоро исти цели, исти мерки, исти правци и насоки, од причини што активностите на организираниот криминал во регионот се манифестираат преку слични појавни облици, при што криминалците работат со слична методологија на мал простор и со иста цел.

Во седмата глава од докторската дисертација, м-р Митиќ ја обработува актуелната состојба со организираниот криминал во Р. Македонија и неговите импликации врз нејзината безбедност. Користејќи го историографскиот метод, односно историографските пишани податоци, ги осознал и искористил искуствата од минатото, за периодот за кој постои научно-верификувана документација. Така, целокупната општествена состојба во Р. Македонија во периодот од 1991 година па наваму, се карактеризираше со одреден степен на безбедносна нестабилност. Глобализацијата, спориот процес на транзиција, нискиот општествен стандард на граѓаните, големата невработеност, сиромаштијата, корупцијата, недообликуваноста на државните нституции и нивната слабата контролна функција, нездравата политичка клима, спорото носење на закони компатибилни со европското законодавство и наследената инфраструктура од стариот систем,

претставуваа одлична подлога за појава и развој на организираниот криминал. Нему му погодуваше и процесот на приватизација, каде што недостатокот од свеж и чист капитал, организираниот криминал успешно го искористи за вложување на своите готови криминални пари. Корупцијата влијаеше за одвраќање на директните странски инвестиции кои се неопходни за економски развој на државата, заживување на индустријата и отворање на нови работни места.

Согласно со добиените резултати од истражувањето, организираниот криминал во Р. Македонија своите активности ги спроведува преку неколкуте познати облици, и тоа: „перење пари", извршување на кривични дела од областа на насилниот криминал, недозволена трговија со дрога и оружје, со украдени моторни возила, недозволена трговија со предмети од културно историско значење, недозволена трговија со луѓе, криумчарење мигранти, еколошки криминал и комјутерски криминал. Организираниот криминал во Р. Македонија не би можел да ги оствари своите цели и да опстане подолго време без поддршка, или во спрега со одделни службеници од јавната администрација, најчесто вработени во безбедносните структури, судовите, обвинителствата, видни бизнисмени и влијателни политичари од политичките партии.

Вториот дел од оваа глава дава приказ за улогата на институциите задолжени за спроведувањето на безбедносната политика, а воедно и за спречување на активностите на организираниот криминал во Р. Македонија - Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за одбрана, Агенцијата за разузнување, Јавното обвинителство, судовите и Државната комисија за спречување на корупција.

Од причини што спречувањето на организираниот криминал треба да претставува еден од врвните приоритети на Р. Македонија, а досега сè уште не е изготвена „Национална стратегија за спречување на организираниот криминал", во трудот м-р Митиќ ја поттикнува и ја објаснува иницијативата за изготвување и нејзина имплементација. Оваа стратегија треба да претставува основен документ и мора да биде во цврста концепциска и функционална врска со веќе донесените стратегии на Р. Македонија од оваа област.

Последниот дел од оваа глава ја објаснува потребата од сериозна национална и меѓународна координација и раководење за спречување на организираниот криминал. Се укажува на тоа дека координацијата на национално ниво, помеѓу институциите мора да биде задолжителна и обврзувачка, професионална, непосредна, усогласена и секојдневна, додека меѓународната координација на безбедносните институции мора да се остварува непосредно преку повеќето меѓународни полициски, финансиски и правосудни организации, институти и оперативни групи.

Во осмата глава од докторската дисертација, м-р Митиќ ги обработува поимот и моделите на меѓународната соработка во регионот на Југоисточна Европа. Организираниот криминал не е единствениот проблем во државите во Југоисточна Европа, но јасно е дека тој претставува голем проблем кој може да биде пречка во стабилизацијата, одржувањето безбедност и развојот на државите и регионот во целина.

Неговата меѓународната компонента е една од главните причини што современите држави одрекувајќи се од догмата за национален идентитет ја признаваат неопходноста од меѓународна соработка и создавање на меѓународни заштитни инстиуции за заеднички одговор.

Користејќи го историографскиот метод, м-р Митиќ укажува на фактот дека безбедносните структури од државите од Југоисточна Европа, во доцните осумдесетти и раните деведесетти години од минатиот век не само што не соработувале меѓу себе, туку едни на други си ги ускратувале информациите важни за откривање на организираниот криминал и неговите носители, пред се од политички причини, при што единствен бенефит стекнале само структурите на организираниот криминал.

Со цел создавање на сеопфатен одговор на активностите на организираниот криминал покрај државните институции, м-р Митиќ во докторската дисертација укажува и на неопходноста од вклучување и на невладините организации и медиумите од причина што тие се најблиску до реалноста на секојдневниот живот на граѓаните.

Во овој дел од дисертацијата даден е приказ на меѓународните полициски организации, меѓународните институции за правда и европски иницијативи, како и на неколку меѓународни невладини организации чии активности се во функција на спречување на организираниот криминал.

Користејќи ги секундарните извори на податоци, во докторската дисертација даден е и приказ на документите кои Р. Македонија ги има потпишано и ратфикувано, а се однесуваат на полициската соработка и на соработката на правосудните агенции кои го апсолвираат прашањето на спречување на организираниот криминал на регионално и меѓународно ниво.

Од причина што припадниците на меѓународниот организиран криминал истовремено се државјани на повеќе земји од регионот на Југоисточна Европа, а и заради постигнување поголема оперативност и поголема мобилност на безбедносните структури од овој регион, како и нивна непосредна соработка, во дисертацијата м-р Митиќ го наметнува и размислувањето за потребата од формирање на Регионален центар за спречување на организираниот криминал во Југоисточна Европа, со Потцентар за Балканот. Формирањето на овие две институции, според м-р Митиќ не е со намера или претензии за создавање ривалитет со веќе постојните меѓународни безбедносни институции, или за создавање дополнителни оптоварувања на државните ресурси и буџети, туку намерата е, преку надминување на бирократските бариери и со брзината на дејствување на добро обучените безбедносни структури, да се постигнат високи резултати на планот на спречување на организираниот криминал.

Согласно со досега искажаното, според м-р Кирил Митиќ, денес еден од доминантните облици на невоени закани претставува меѓународниот организиран криминал. Тој како нов облик на тоталитаризам покрај тоа што ја загрозува безбедноста на граѓаните, го загрозува и идентитетот на државата, политичката устроеност и обликот на владеење во државата, како и начинот на кој останатите земји ја

препознаваат и доживуваат таа држава во меѓународните односи. Од научен аспект, импликациите врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа кои ги предизвикува организираниот криминал, најчесто се огледаат преку загрозување на темелите на современата држава и негирање на начелата на нејзиното демократско и правно уредување, преку поткопување на нејзината моќ и претставуваат сериозна закана за развојот на демократијата, владење на правото и човековите права и слободи. Тој не претставува директна закана за територијалниот интегритет и суверенитет на државите, туку на индиректен начин ги загрозува економската, социјалната, политичката и внатрешната безбедност, како и нивната надворешна политика.

Ниту една држава не може да се бори самостојно против организираниот криминал, особено не со традиционалните репресивни средства. Аналогно на тоа и безбедносните структури не можат сами и одвоени од другите државни системи, граѓаните и општеството, ефикасно да се спротивставуваат на организираниот криминал. За негово спречување потребна е соработка на граѓаните со државата и соработка помеѓу државите.

Од причини што активностите на меѓународниот организиран криминал во наредниот период ќе се зголемуваат, според м-р Митиќ, прогнозата е дека препознавањето, превенирањето и неговото спречување во државите од регионот на Југоисточна Европа би оделе во неколку правци, и тоа: признавање на постоење организиран криминал од страна на државите, зголемување на свеста кај институциите и граѓаните за неговите импликации врз безбедноста и другите опасности кој тој ги носи, како и во правец на подобрување на законската регулатива која би била хармонизирана со европската регулатива. Согласно со ова, за во иднина, се налага и неопходната потреба од извршување на сериозни и темелни реформи на безбедносните и правосудните институции, како и соодветна проценка за заканите и последиците од организираниот криминал.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

По исцрпната анализа и евалуирање на предложената докторска дисертација со наслов „Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа", изработена од м-р Кирил Митиќ, Комисијата е едногласна во оценките дека станува збор за исклучителен пример на сериозен научен труд кој ги задоволува сите критериуми за успешно изработена докторска дисертација. Ова е научен труд кој на систематизиран и обемен начин обработува сложена и специфична материја. Ова истражување ќе има големо научно и општествено значење бидејќи добиените резултати ќе имаат своја примена во сферата на безбедносните науки за добивање на нови сознанија, од аспект на нудење нови предлози и решенија со пошироко

општествено значење за нивна примена во креирањето на нови меѓународни институции, национални стратегии и во надоградување на институционалните капацитети во земјите од Југоисточна Европа, за што поуспешно препознавање, превенирање и спречување на организираниот криминал на национално, регионално и на меѓународно ниво.

Комисијата констатира дека докторската дисертација е пишувана јасно, концизно и со едноставен и лесно достапен стил. Секоја глава се фокусира на основните проблеми, а следува и детална разработка на помошните тези. Потоа следува јасна експликација и детална анализа на посочените проблеми. Тоа овозможува да се осознаат сите проблемски аспекти на невоените закани, особено организираниот криминал, поставени интегрално во сите димензии што значи дека неговата проблемско-тематска анализа е поткрепена со релевантна литература.

Почнувајќи од добро идентификуваниот проблем на истражувањето, преку употребата на адекватна методологија, кандидатот донесува заклучоци кои се вредни и од научна и од практична гледна точка бидејќи упатуваат на јасна проекција дека денес активностите на организираниот криминал го чинат една од најсериозните невоени закани за безбедноста на државите од регионот од Југоисточна Европа, но и пошироко во светски размери.

Имајќи го сето ова предвид, Комисијата има чест и задоволство да заклучи дека севкупната оцена на поднесената докторска дисертација е позитивна. Затоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати позитивниот извештај за оцена на докторската дисертација со наслов "Организиран криминал и неговите импликации врз безбедноста на земјите од Југоисточна Европа" од м-р Кирил Митиќ и на тој начин да му овозможи на кандидатот да пристапи кон јавна одбрана на докторската дисертација.

**Комисија**

Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.
Проф. д-р Зоран Нацев, с.р.
Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.
Проф. д-р Синиша Даскаловски, с.р.
Проф. д-р Марина Митревска, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **„СТИЛОВИ НА РАЗРЕШУВАЊЕ НА БРАЧНИ КОНФЛИКТИ“**, ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ХАТИЏЕ ИСЛАМИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата **34.** редовна седница одржана на **23.1.2013** година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторскиот труд на м-р Хатиџе Ислами под наслов: **„Стилови на разрешување на брачни конфликти“**, во состав: проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Димитар Трајковски, проф. д-р Дивна Лакинска и доц. д-р Софија Георгиевска.

Комисијата ја проучи структурата и содржината на докторскиот труд и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот Факултет во Скопје да му го поднесе следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Докторскиот труд на м-р Хатиџе Ислами под наслов: **„Стилови на разрешување на брачни конфликти“** е презентиран на 188 страници, од кои 177 страници основен текст, 6 страници библиографија и 5 страници прилози.

Трудот, по воведот, е поделен во 3 поглавја. Во првото поглавје се обработени теоретските прашања во врска со основниот проблем на истражувањето, во второто поглавје се елаборирани релевантните истражувања на конфликтите, а, пак, во третото поглавје се преставени методологијата на истражување, истражувањето, резултатите од истражувањето и заклучоците.

Во воведот, кандидатката дава опис на содржината на трудот со краток осврт на содржината на секое поглавје. Истакнува дека конфликтите се очекувана појава, бидејќи луѓето се разликуваат по многу критериуми, психолошки карактеристики, вредности, тековни потреби, тековни напори, желби, религија, националност и др.притоа, оправдано, во истражувањето се фокусира на конфликтните ситуации на кои браачните партнери реагираат агресивно или се повлекуваат.

Во првото поглавје под наслов: **Поим, структура и функција на конфликтот**, наведени се дефиниции на конфликтот од повеќе автори, истакнувајќи притоа дека конфликтот настанува тогаш кога две или повеќе страни се убедени во тоа дека целите на нивните активности се

некомпатибилни и дека конфликтот е важен елемент на нашиот живот. Наведена е разликата помеѓу поимите спор и конфликт.Елаборирана е структурата на конфликтот.

Во посебно поглавје исцрпно се објаснети причините за настанување на конфликтот, истакнувајки дека конфликтите се нормална појава кои се јавува во сите односи. Конфликтот по себе не е ниту "добар", ниту "лош", а нашата цел е да се научиме како да ги решиме конфликтите на соодветен начин ( **Gordon 1983).**

Во делот класификација на конфликтите, кандидатката ги обработува различните видови конфликти (семејни, социјални, организациски, правни, етнички, верски, воени и мегудржавни конфликти).

Во следниот дел од ова поглавје содржано е прашањето за **бракот**, развојниот циклус, фазите низ кои минува бракот и односите во бракот. Посебно внимание кандидатката посветува на конфликтите во бракот, што е едно од основните прашања на докторскиот труд, потенцирајќи дека конфликтите во бракот се нормална и здрава појава. Појавата на конфликтите во брачниот живот е нешто нормално бидејќи тие доведуваат до зајакнување на односите со што бракот станува постабилен за разлика од порано. Она што во стварност ги нарушува брачните односи се нерешените брачни проблеми и употребата на несоодветни методи за нивно решавање. Низ плодна дискусија, кандидатката ги пренесува мислењата во врска со периодите на кризи во бракот, динамиката на конфликтот и начинот како брачните партнери се справуваат со конфликтот.

Следниот дел од трудот се однесува на *теориите за квалитетен брачен живот*. Анализирани се: теоријата на социјална размена, бихејвиоралната теорија, теоријата на афективно поврзување, теорија за бракот и семејната криза.

Во рамките на овој дел обработени се знаците по кои може да се препознае брачната криза и причините за настанување на кризата.

Петтото поглавје од првиот дел е посветено на *основните димензии и стилови на разрешување на конфликти*, како централно прашање на докторскиот труд. Концептот "стил" се користи во различни контексти. Во психологијата се зборува за личен, когнитивен, комуникативен, мотивационен, перцепционен, наставен и стил на однесување

Првиот поднаслов во овој дел се однесува на разрешувањето на брачните и семејните конфликти. Брачните партнери треба да научат како да не дојде до конфликти, односно како да ги подобрат интерперсоналните односи и како тие да станат помалку конфликтни. Конфликтот не може да се реши конструктивно без позитивна интеракција, затоа е потребно да се научат одредени вештини за полесно справување со нив. Меѓу основните вештини посебно се обработени *конструктивните социјални вештини*: внимателно слушање, јасно изразување на сопствени желби и потреби, разгледување на различни опции за решавање на одреден конфликт,

поседување на преговарачки вештини како и пристапите кон решавање на брачни конфликти.

Меѓу повеќето техники за разрешување на брачни конфликти, посебно е нагласена употребата на семејната терапија и брачното советување.

***Вториот дел*** од трудот под наслов: **Истражување на конфликтите** се однесува на раните фази од нивното проучување. Според одредени автори, она што го буди истражувачкиот интерес е поврзано со пребарување и откривање на позитивната функција на конфликтите. Затоа, суштината на учењето е потребно да се насочи не во потрагата по можности за нивно елиминирање, туку кон нивното управување. Голем број истражувања се однесуваат на соработката како стил на однесување. Се истражува и соработката како стремеж за реализирање на заеднички активности со другата страна за решавање на конфликтот, се бара решение, за двете страни, кое ќе ги задоволува нивните интереси. Подоцна се вклучуваат и прашањата поврзани со конфликтот меѓу активностите и средината.

Во следното поглавје од вториот дел се обработени теориските парадигми за изучување на конфликтот: теории кои го разгледуваат конфликтот како негативна појава; теории кои го разгледуваат конфликтот како неутрална појава; теории кои го разгледуваат конфликтот како позитивна појава. Резултатите од поновите истражувања денес ги отфрлаат сознанијата добиени од традиционалните теории. Испитувањата покажуваат дека партнери кои се задоволни од нивниот партнерски однос во поголема мера ги користат конструктивните стилови за разрешување на конфликти како компромис и отворена дискусија за нивните проблеми. Стиловите што брачните партнери ги користаат за разрешување на конфликти во голема мера ја откриваат природата на нивниот однос **(Canary и соработ., 1995.)**, што истовремено се како важен индикатор на задоволство од односите и времетраењето на односот **(Холмс и Мареј, 1996) .**

По широкото и квалитетно структурирање и обработка на **теоретските прашања релевантни за предметот на истражување,** следува **Истражувањето** на **стиловите за разрешување на брачните конфликти.**

Значајно е да се потенцира успешниот избор и квалитетниот приказ на релевантни истражувања на конфликтните односи и конфликтите во бракот.

*Проблем на истржувањето* е прашањето колку во секојдневниот живот брачните партнери се под влијание на конфликтни ситуации и кои модели на однесување ги користат за разрешување на конфликтите: оние што ги усвоиле досега или оние што се покажале како профитабилни во нивното лично искуство.

Во истражувањето ќе се користи тестот **„Стилови за решавање на конфликти"** за дијагностицирање на однесувањето во конфликтни ситуации (Томас, **1976).** Овој тест е наменет за дијагностицирање на степенот на предиспозиција кон конфликтно однесување. Се состои од 60 ставови (ајтеми) групирани во 30 парови, кои се дистрибуираат во 5-те скали: **ривалство, адаптација компромис, одбегнување и соработка**.

**Анкетниот прашалник,** специјално дизајниран за ова истражување, наменет е за собирање на податоци за општите и психолошките карактеристики на нашиот примерок. Анкетниот лист содржи 24 прашања.

За статистичка анализа на податоците се користи: SPSS-програмата (Satistical Program for Social Scienses), АНОВА, Пирсоновата корелација и Кендаловиот коефициент на корелација.

*Примерокот* го чинат 80 испитаници, односно 40 брачни парови регистрирани во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Тетово во периодот од 2010 до 2012 година, како партнери со нарушени брачни и семејни односи од различна возраст, пол, националност, образование, времетраење на брачната заедница.

*Хипотези.* Поаѓајќи од целта на истражувањето, кандидатката поставува една општа и неколку посебни хипотези. Општата хипотеза на истражувањето го содржи тврдењето: *Постојат значајни разлики во користењето на одредени стилови за разрешување на конфликти од страна на брачните партнери во зависност од: националната припадност, полот, времетраењето на бракот, начинот на кој е склопен бракот, степенот на завршено образование, начинот на комуникација помеѓу брачните партнери, постоењето/непостоењето на насилство во бракот.*

Во посебните хипотези се проверува користењето на одредени стилови за разрешување на конфликти меѓу брачните партнери во зависност од: националноста, полот, времетраењето на бракот, начинот на кој е склопен бракот, степенот на образование на брачните партнери, начинот на комуникација, како и од тоа дали постои насилство во бракот.

Во истражувањето на стиловите за разрешување на брачните конфликти, направена е компаративна анализа на разликите во користењето одредени стилови меѓу брачните партнери со различни социодемографски и други карактеристики.

Врз основа на резултатите од проверката на посебните хипотези, кандидатката заклучува дека не постојат статистички значајни разлики во користење на парираните стилови за разрешување на конфликти од страна на брачните партнери кај следниве стилови: *соработка и компромис, соработка и избегнување, соработка и приспособување, компромис и избегнување, компромис и приспособување и избегнување и приспособување,* додека статистички разлики постојат во користење на парираните стилови за разрешување на конфликти од страна на брачните партнери помеѓу следниве стилови; ривалство и соработка, ривалство и избегнување и стиловите ривалстви и компромис. Проверката на резултатите добиени на посебните

хипотези покажа дека општата хипотеза во која претпоставивме дека: *Постојат значајни разлики во користењето на оддредени стилови за разрешување на конфликти од страна на брачните партнери во зависност од: националната припадност, полот, времетраењето на бракот, начинот на кој е склопен бракот, степенот на завршено образование, начинот на комуникација помеѓу брачните партнери, постоењето/непостоењето на насилство во бракот,* ***е делумно потврдена.***

## ЗАКЛУЧОК

Докторскиот труд **„Стилови на разрешување на брачни конфликти“**, од м-р Хатице Ислами, претставува обид да се добијат релевантни сознанија за проблемот на брачните конфликти како основна и најчеста причина за распаѓање на брачната и/или семејната заедница и последиците по децата. Значајно е да истакнеме дека кандидатката подолго време се занимава со овој проблем истражувајќи го за потребите на работното место, како и за различни други истражувања од областа на конфликтите. Претходното долгогодишно искуство како советник во советовалиштето за брак и семејство и добрата теоретска подготвеност на кандидатката за разработка на релевантните прашања, како и користењето на богата литература, овозможи успешна реализација на истражувањето.

Резултатите добиени во трудот имаат теоретска, како и практична примена. Истражувачите на ова подрачје ќе можат да ги користат како основа на која ќе ги базираат своите истражувања, а практичарите, посебно практичарите во советовалиштата за брак, за поуспешна работа со семејства со нарушени брачни и семејни односи.

Имајќи го предвид претходното, Комисијата позитивно го оцени докторскиот труд на м-р Хатице Ислами, **„Стилови на разрешување на брачни конфликти“**, и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, со особено задоволство му предлага да го прифати овој извештај и да определи термин за одбрана.

**Комисија**

**Проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, с.р.**
**Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.**
**Проф. д-р Дивна Лакинска, с.р.**
**Доц. д-р Софија Георгиевска, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЕТНОЛОГИЈА И АНТРОПОЛОГИЈА - ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ, ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОЛОГИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА И КУЛТУРНАТА АНТРОПОЛОГИЈА НА ПМФ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр. 07-2467/3 од 7. 2. 2013 година, донесена на седницата одржана на 31.1.2013 г., избрани сме за рецензенти за избор на наставник во сите звања по група предмети од областа на етнологијата и социјалната и културната антропологија на Институтот за етнологија и антропологија при ПМФ. По разгледувањето на доставените документи од конкурсот објавен во весниците „Дневник" и „Коха" од 22. 12. 2012 година на кој се пријавија двајца кандидати, и тоа: 1) д-р Љупчо С. Ристески, вонреден професор при Институтот за етнологија и антропологија (ПМФ) и 2) д-р Викторија Момева Алтипармакова - етнолог, конзерватор-советник во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**1) РЕЛЕВАНТНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНА НА КАНДИДАТОТ Д-Р ЉУПЧО С. РИСТЕСКИ,** вонреден професор Институтот за етнологија и антропологија, Природно-математички факултет Универзитет, „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

**1970**
Роден е во Прилеп.
**1989/90**
Се запишал на Филозофскиот факултет во Белград (Одделение за етнологија и антропологија).
**1992/93**
Дипломирал, и се стекнал со стручно звање: дипломиран етнолог.
**1993/94**
Се запишал на интердисциплинарни постдипломски студии по социо-културна антропологија на истиот Факултет.
**1994**
Се вработил како асистент во Институтот за старословенска култура во Прилеп. Избран е во институтско соработничко звање - помлад истражувач.
**1995**
Избран е во институтско соработничко звање - помлад асистент.
**1996/97**
Одбранил магистерска теза: "Посмртниот обреден комплекс во традициската култура на Мариово" се стекнал научно академско звање - магистер по социо-културна антропологија.
**1998**

Извршена е нострификација на дипломата за завршен VII-2 степен на образование на ПМФ-Скопје и признат академски степен - магистер на етнолошки науки.

**1998**

Избран е во институтско соработничко звање - асистент - истражувач.

**1998**

Се вработил како асистент при Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**1999**

Прифатена тема за докторска дисертација под наслов: "Категориите простор и време во народната култура на Македонците" (ментор: проф. д-р Анета Светиева, Одлука на Наставно-научниот совет на ПМФ бр. 07-2168/5, од 3.3. 1999 г.).

**2002**

На 10.5.2002 година успешно јавно ја одбранил докторската дисертација и се стекнал со научно звање - доктор на етнолошки науки.

**2002**

Избран е во наставно-научно звање - доцент при Заводот за етнологија на Институтот за географија на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", за предметите: вовед во етнологија, општа етнологија, методологија на етнолошките истражувања и теренска етнологија 2.

**2007**

Избран е во наставно-научно звање - вонреден професор на Институтот за етнологија и антропологија на Природно-математичкиот факултет на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" за група предмети од етнологија и социо-културна антропологија.

**Наставни активности, додипломски студии**

**2002-**

Вовед во етнологија
Вовед во методологија на етнолошки истражувања
Историја на етнологијата во Македонија
Етнолошки и антрополошки теории
Теренска етнологија II
Етнолошки и антрополошки теории
Социјална антропологија
Културна антропологија
Методологија на етнолошки истражувања
Политичка и економска антропологија
Духовна култура на балкански народи и етнички заедници
Духовна култура на Македонци
Концептите за Времето и Просторот во народните култури

**Наставни активности, постдипломски студии**

**2002-**

Методологија на етнолошки истражувања

**2010**

Етнологија на Македонија

**Дипломски работи**

**2011**
Бошков Јован, *Техниката набљудување во етнолошките и антрополошките истражувања,* ментор.
**2010**
Стојчевски Петар, *Динамиката на идентитетите во Егејскиот дел на Македонија – историографија и сеќавања,* ментор.
**2009**
Величковски Владимир, *Набљудувањето како истражувачка техника во етнологијата и антропологијата,* ментор.
**2009**
Велевски Филип, *Црквата и нејзиното значење за националните односи во Македонија,* ментор.
**2009**
Милева Тања, *Свадбени обичаи во с. Дедино, Радовишко,* ментор.
**2009**
Ѓорѓиев Марјан, *Евтаназијата и народното сфаќање во Виничко,* член на Комисија за одбрана.
**2009**
Спасески Гоце, *Современа состојба и карактеристики на пентекосталната верска заедница во Македонија,* член на Комисија за одбрана.
**2008**
Арсовски Дејан, *Структурална анализа на две волшебни приказни собрани од Марко Цепенков,* ментор.
**2008**
Јованова Дунавка, *Состојбите со ромите во скопската населба Злокуќани (домување, образование, вработување),* ментор.
**2008**
Николова Емилија, *Идентитетот на унијатите-католици со источно-православен обред во Македонија,* ментор.
**2008**
Кутев Иван, *Општествениот статус на жената-бајачка во Македонија во минатото и денес,* ментор.
**2007**
Славе Цигулевски, *Политизација на идентитетот на Торбешите,* ментор.
**2007**
Иван Митков, *Религиозноста и религискиот идентитет во Македонија по 1991 година,* ментор.
**2007**
Оливера Џартовска, *Женските елементи и елементите на плодност во пролетниот циклус обичаи,* ментор.
**2007**
Дамјан Богдановски, *Современите навигациски системи во анализата и претставувањето на просторот во антрополошките истражувања,* ментор.
**2007**
Един Ајдарпашиќ, *Етнолошко и антрополошко проучување на влијанието на телевизиските реклами врз формирањето на ставовите кај потрошувачите во Република Македонија,* ментор.

**2007**
Грнчарството во село Драчево, ментор.

**Магистерски работи**

**2011**
Ивона Опетческа-Татарчевска, *Мијачките ора во традиционалниот живот и на сцена,* член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2011**
Милановска Билјана, *Прашањето за црквата во Македонија како проблем на националниот идентитет,* ментор и член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2011**
Донов Александар, *Етнолошко и антрополошко проучување на локалните културни политики и практики по примерот на Општина Неготино од 2000 до 2010 година,* ментор и член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2011**
Наковски Мартин, *Етнолошко и антрополошко проучување на идентитетот и на статусот на внатрешно раселените лица во Република Македонија,* ментор и член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2010**
Станимировиќ Жарко, *"Антрополошко и етнографско проучување на селото Пустец, Република Албанија",* ментор и член во комисии за подобност.
**2009**
Павковиќ Елизабета, *Семеен албум како извор за проучување на идентитетот кај Мијаците,* член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2009**
Димитриевски Вања, *Менување на општествените вредности низ културен активизам на граѓанските здруженија во Република Македонија,* член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2009**
Стојанова Мери, *Можности за културна и економска афирмација на Преспа врз основа на етнолошки и фолклорни вредности,* член во комисии за подобност, оценка и одбрана.
**2009**
Николов Гордан, *Грнчарството во Вранешница,* член во комисија за подобност на тема.
**2009**
Наумов Гоце, *Орнаментиката и телесноста во неолитската материјална култура од Република Македонија,* член во комисии за подобност, оценка и одбрана на Филозофскиот Факултет во Скопје, Институт за историја на уметност со археологија.
**2008**
Ана Ашталковска, *Озборувањето како механизам за социјална контрола во народната култура Струшки Дримкол,* член во комисии за подобност, оценка и одбрана.

**Докторски студии**

**2011**

*Avramoski Oliver, Construction of place-based Identities across scales: implications for ecosystem management*, Department of Environmental Sciences and Policy, SEU, Budapest, Member of the Committee.

**2011**

Димитриевски Вања, *„Етнолошките и антрополошките дискурси во креирањето политики за употребата на дроги во Република Македонија од 1991 до 2011 година“*, ментор и член на комисија за подобност на тема.

**2011**

Блажева Ана, *„Меланхолија и политика – меланхолија на маргинализираниот субјект и заедници во Р. Македонија“*, пријавена во Институт за општествени и хуманистички истражувања, ЕвроБалкан, ментор и член на комисија за научна издржаност.

**2011**

Милановска Билјана, *„Етнолошки и антрополошки проучувања на потрошувачката во Република Македонија. По примерот на Скопје“*, ментор и член на комисија за научна издржаност.

**2011**

Апталковска Ана, *Антропологија на интимноста во македонската народна култура,* член на комисија за оценка на подобност на тема, оценка на тема и јавна одбрана.

**2010**

Трпески Даворин, *Креирањето на културната политика во процесот на заштита на културното наследство во Република Македонија во периодот од 1991 до 2007 година“,*член во комисии за оценка и одбрана.

**2010**

Цветановска Јелена, *Институцијата село како суд во традиционалното народно право на Македонците,* член во комисија за јавна одбрана.

**2008**

Јакимовска Илина, *Телото во народната култура на Македонците,* ментор, одбранета докторска теза

**2009**

Наумов Гоце, *Неолитски антропоморфизам и хибридност (третманот на телото на Балканот од VII до V милениум пред н.е.),* член на комисија за одобрување тема за докторска дисертација.

**2008**

Стојанова Мери, *Влијанието на границата врз животот и народната култура на „Нашинците“ од македонско-албанското пограничје (1919-2009),* член на комисија за оценка на подобност на тема, за оценка и јавна одбрана.

## Професионални и други стручни активности

**2006-2009**

Координатор за ЕКТС на Институтот за етнологија и антропологија.

**2002-2010**

Уредник и оперативен менаџер на ЕтноАнтропоЗум – списание на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ.

**2010 -**

Главен и договорен уредник на ЕтноАнтропоЗум – списание на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ.

## БИБЛИОГРАФИЈА

**Приредувач**

**2007**
*Другоста во етнологијата.* Автор на предговор. Едиција хрестоматии: Теории на другоста, Менора и ЕвроБалкан Пресс, Скопје, 330.

**Објавени статии:**

2012
*Die Torbeshen in Makedonien,* vo. Religion & Gesellschaft in Ost und West, RGOW 4/2012, 22-24.
2011
*Митско-религиските и општествено-економските аспекти на културната топографија на традиционото село по примери од Скопско,* во. Етнографија и антрополошка топографија на Скопско во XX век, Ур. Анета Светиева, Музеј на град Скопје, 101-119.
2011
*Josef Obrebski's Anthropological Research on Macedonia,* in. Етноантрополошки проблеми год. 6, св. 4/2011, Одељење за етнологију и антропологију, Филозофски факултет, Универзитет у Београду, Београд, 837-858
2011
*Himalajsko, a naše. Postsocijalistička saga o makedonskom kraljevstvu na Himalaji,* **Horor, porno, ennui. Kulturne prakse postocijaliyma,** Ur. Ines Prica, Tea Škokič, Zagreb, 71-92.
2010
*Предговор на книгата на Илка Тисен,* **Чекајќи ја Македонија. Идентитет во свет кој се менува,** Табахон, 5-11.
2010
*Предговор на книгата на Кит Браун,* **Минатото под прашање. Модерна Македонија и неизвесностите на нацијата,** Евро Балкан прес и МЕД, xi-xxiii.
2010
*Phenomenology of Folk Religion. Examples from Macedonian Folk Tradition,* **Olvasó. Studies in Honour of Gábor Barna on His 60th Birthday,** Szeged, 724-733.
2010
*Essay on Festivities. Transformation of the Holiday Calendar in the Republic of Macedonia from 1991 until the Present,* ЕтноАнтропоЗум/EthnoAnthropoZoom
2009
*Признавањето на автокефалноста на Македонската православна црква (МПЦ) како прашање на македонскиот национален идентитет,* **ЕтноАнтропЗум/EthnoAnthropoZoom 4/2004,** Институт за етнологија и антропологија, ПМФ,УКИМ, Скопје 144-190.
2009
*Dynamika tożsamości Torbeszów w Republice Macedonii,* vo. Sąsiedztwo w obliczu konfliktu. Relacje społeczne i etniczne w zachodniej Macedonii, Red. Karolina Karolina Bielenin – Lenczowska, IEAK, Warszawa, 179-191.
2009

*Assaig sobre les festes: transformació del calendari festui a la República de Macedònia des del 1991 fins l'actualitat.* Во *Revista d'ethnologia de Catalunya,* No.34, Barcelona 34-43.
2008
*The Category of Linear (Historical) Time in the Traditional Culture of Macedonians,* Space and Time in Europe: East and West, Past and Present, Ljubljana, 199-212.
2008
*За истражувањето на народната култура,* Гласник Етнографског Института, САНУ, LVI, Књ.1, Београд, 71-86.
2007
*Живот на граница,* Голо Брдо - Живот на граница, Ур. Анета Светиева, IEA – МЕД Skopje, 2007, 26-34
2007
*Речник на народна терминологија од Голо Брдо,* Голо Брдо- Живот на граница, Ур. Анета Светиева, IEA – MED, Skopje, 2007, 134-146.
2007
*Ethnography of "Socially Marginalized Groups". Mapping and Community Based Research Study on Most At-Risk Adolescents to HIV/AIDS/STIs in Macedonia. Methodological Issues* во. **Antropologija postsocijalizma** : zbornik radova / uredio Vladimir Ribic – Beograd : Srpski genealoški centar : Odeljenje za etnologiju i antropologiju Filozofskog fakulteta, 172-200.
2007
*МИ-АНОВА Енциклопедија. Општа и македонска (во четири тома),* МИ-АН, Скопје, коавтор на 130 одредници од областа на етнологијата и антропологијата.

**Преводи од англиски на македонски јазик**
**Монографски публикации**
2010
**Илка Тисен,** *Чекајќи ја Македонија. Идентитет во свет кој се менува,* Табахон, 308.

**Стручни текстови**
**2009**
**Владан Јовановиќ (Белград, Србија),** *Псевдо-европски поглед помеѓу урнатините на Истокот: Градот Скопје во југословенската национална политика од 1918 до 1941 година,* ЕтноАнтропоЗум 5, 2009
Илка Тисен, (Канада), *Идентитет со цена: потрошувачката и политичката економија во Македонија,* ЕтноАнтропоЗум 5, 2009
**Инес Прица (Загреб, Хрватска),** *Политички работи на нивото на тривијалното. Опевање на политиката на хрватската транзиција,* ЕтноАнтропоЗум 5, 2009
**Илка Тисен, (Канада),** Идентитет со цена: потрошувачката и политичката економија во Македонија, ЕтноАнтропоЗум 5, 2009

**Преводи од словенечки на македонски јазик**
**2009**
**Сара Арко (Љубљана, Словенија),** *„Јас (не)сум Торбеш". Етничноста во едно западномакедонско село – конструкции и политизации,* **Етнолог бр. 12,** 2009.

**Проекти**
2006-2007
*Хрестоматија „Теории за другоста“*, Зборник текстови од областа на етнологијата и антропологијата. Приредувачи и стручна редакција: Љупчо С. Ристески и Илина Јакимовска. Издавач: Менора.
2009 -
*COST Action ISO 803 "Remarking Eastern Borders in Europe: A Network Exploring Social, Moral and Material Relocations of Europe's Eastern Peripheries"*, учесник како претставник на РМакедонија во Комитетот за менаџирање на проектот и учесник на акција.
2010-2012
*Обрасци и дилеми на етнолкултурните идентите помеѓу Европа и Азија. Етнографска анализа и споредби на претставите за просторот во Македонија и Словенија.* Главен истражувач на билатерален меѓународен истражувачки проект на ИЕА со Одделение за етнологија и културна антропологија на Универзитетот во Љубљана, Словенија.
2011-2013
*Стратегии на симболичкото градење на нациите во државите на Западен Балкан.* Научноистражувачки проект на Универзитетот во Осло. Главен истражувач: проф. д-р Пал Косто. Учесник од македонска страна.
2012-1014
Organised Labor and Migrant Workers - in search of supportive practices: A Comparative Analysis of Trade Union Responses to Migrant Labour in Slovenia, Austria, Italy, Croatia, Serbia and Macedonia (2012-2014).

**Студиски престои**

2007
Јагјелоњски универзитет. Институт за етнологија и антропологија. Гостин - професор во рамки на ЦЕЕПУС - програмата „Граници и гранични линии во студиите по антропологија“, 6-22 април 2007.
2008
Јагјелоњски универзитет. Институт за етнологија и антропологија. Гостин - професор во рамки на ЦЕЕПУС - програмата „Граници и гранични линии во студиите по антропологија“, 13-19 април 2008.
2010
Унверзитет во Гранада, Филозофски факултет, Одделение за социјална антропологија во рамки на програмата JoinEU-SEE, 1.3. до 2.4.2010 година.
2010
Универзитет во Загреб, Филозофски факултет, Одделение за етнологија и антропологија во рамки на програмата CEEPUS, 3.5.2010 до 30.5.2010 г.

**Учество на семинари, конференции, летни школи и предавања**

2012
17th Annual ASN World Convention: *The Wages of Nationhood: Conflicts, Compromises, and Costs,* Columbia University, NY Sponsored by the Harriman Institute, 19-21 April 2012, NY, USA, paper "Monuments and Urban Nationalism. Skopje 2014 Project".
2012

Меѓународен семинар на македонски јазик, литертура и култура, 22.06.2012. Курс: Етнологија на македонскиот народ

2012

Konisa, Summer School in Anthropology, Ethnography and Somparative Folklore of the Balkans. Konisa, Greece 27/7-9/8/2012

2011

*Phenomenology of Folk Religion. Examples from Macedonian Folk Tradition* International Balkan Annual Conference, Skopje, Macedonia, 9-13 May.

2011

*Remarking Borders,* International Conference, Catania, Sicily, 20-21 January 2011. Chair of the Panel 25 – Refashioning of the Balkans and Panel 16 – Translation, Education, Media.

2010

*Macedonian north border – politics and reflections. On the memorial center of anti-fascist assembly for the people's liberation of Macedonia (AAPLM) in Pelince, that marks Macedonian recent past,* COST Action ISO 803 "Remarking Eastern Borders in Europe: A Network Exploring Social, Moral and Material Relocations of Europe's Eastern Peripheries", Berlin 8-9. April 2010.

2009

*"We Just Put Off The Peasant Sandals, And Ethnologists Want To Take Them On Again". Status Of Ethnology In Macedonia During The Period Of Socialism,* Alignment with the regime of Communism – 20 years later

multidisciplinary conference, Sofia, 9-11 November 2009

2009

Предавање „*Методолошки пристапи и теренска работа со социјално маргинализирани и тешко достапни групи*". Универзитет во Љубљана, Одделение за етнологија и културна антропологија, 6.1.2009 година.

2009

*'Bulgarian Passports' – A Possibility for Greater Mobility of Macedonians and/or Manipulating Strategies of Identity,* COST Action ISO 803 "Remarking Eastern Borders in Europe: A Network Exploring Social, Moral and Material Relocations of Europe's Eastern Peripheries",Manchester, UK, 15-16. 05.2009.

2008

Летна школа по фолклор, етнологија, антропологија и компаративни студии во Коница, Грција, предавач. Курс: *Етнографија на општествено маргинилизирани групи,* јули-август 2008.

2008

International Conference "Folk Culture and Boundaries in the Balkan, Volos 7-8 June, Greece. Paper "*Symbols, Mythological And Religious Meanings Of The Village Space Among Balkan Slavic People*"

2008

Курс *Етнологија на Македонците*. Семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид, август.

2008

Предавање одржано во Етнографски Институт, САНУ. „*Terenski rad medju nepostojecim ljudima. Etnografija drustveno marginalizovanih grupa*". Белград, 10.11.2008 г.

2007

Rethinking Crossroads: Macedonia in a Global Context, 31 March 2007, Center for East European and Russian/Eurasian Studies, University of Chicago, USA.

**2) РЕЛЕВАНТНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОЦЕНА НА КАНДИДАТКАТА Д-Р ВИКТОРИЈА МОМЕВА АЛТИПАРМАКОВА** - етнолог, конзерватор - советник во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј – Битола.

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

**1959**

Родена е во Битола. Живее и работи во Битола.

**(без наведена година)**

Дипломирала на Катедрата за етнологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот во Белград.

**1985**

Се вработила во Завод и Музеј - Битола, на работното место етнолог-конзерватор.

**(без наведена година)**

Завршила постдипломски студии на Архитектонскиот факултет на Универзитетот во Белград, со тема од областа на проучувањето, заштитата и ревитализацијата.

**2012**

(Комисијата истакнува дека е доставена нотарска копија на диплома бр. 000134 - издадена на 5.6.2012 година, за стекнат степен на образование **доктор по етнографија**, заедно со превод на судски преведувач од бугарски на македонски јазик, <u>но не е доставена нострификација на издадената диплома од надлежните институции во Р. Македонија.)</u>

Според доставениот нотарски документ, кандидатката јавно одбранила докторска дисертација на Институтот за етнологија и фолклористика со Етнографски музеј при Бугарската академија на науките во Софија, со тема: „Менаџмент на културното наследство и антропологија на туризмот“, и се стекнала со научен степен на образование **доктор по етнографија**.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

**2012**

Семејната битолска фотографија, Зборник од научната средба „Битолските фотографи и фотоателеа“, Битола, март 2012.

**2009**

Bergtagen av Baba, Bzggnadskultur Nr.4-2009, Lund, 2009, 25-32.

**2008**

Старата битолска куќа дел од балканската архитектура, Зборник од симпозиумот „Битола низ вековите“, Битола, 2008.

**2007**

Народните обичаи и обичајното право дел од духовната култура на нашиот народ, Зборник од симпозиумот „Битола низ вековите“, Битола, 2007.

**2005**

Jedno selo - prenešeno sećanje, Zbornik radova simpozija Avtentičnost memorijalna mesta, Kumrovec 2005.

**1999**

Декорирање (орнаментирање) на куќите во село Маловишта – Битолско, Македонски фолклор, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, бр. 54, 258-265.

**1995**

Vernacular Architecture in RMacedonia, Futuropa, Rural Vernacular Heritage and Landscape in Europe, A Council of Europe Magazine, No.1/2008, 9.

The Protection Problems of Traditional Folk Houses in Bitola, Macedonia, Conservation training-needs and Ethics, Helsinki, 113-116

**1992-1994**

Етнолошко-архитектонско заштитно истражување на фолклорната архитектура во с. Суводол, Зборник на трудови на ЗМГ, бр. 12-13-14, 1992-1994, 77-83.

**1990-1991**

Етнолошко-архитектонска анализа на фолклорен објект на ул.С. Георгиев бр.40 во Битола, Зборник на трудови на ЗМГ, бр. 10-11, 1990-1991, 43-51.

Мариовска-приземна куќа, Зборник на трудови на ЗМГ, бр. 10-11, 1990-91, 52-65

**РАКОВОДЕЊЕ НА НАЦИОНАЛЕН И КООРДИНИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН НАУЧЕН ПРОЕКТ**

**2009-2010**

CITIES – Креативност и иновации при иницијативите за збратимување градови од Европа и ЈугоИсточна Европа, НВО ЕКОВАСТ, национална секција за Македонија (позиција: координатор).

**2005**

Истражување и документирање на традиционалната рурална архитектура во моштенскиот регион (позиција: раководител).

**2002-2004**

Истражување и документирање на традиционалната рурална архитектура во Мариовскиот крај (позиција: раководител).

**2002-2003**

Реевиденција н а културното наследство во селата на битолската околија (позиција: раководител).

**2002**

Традиционалните рурални градби во Долна Преспа. (позиција: раководител).

**1998- 2001**

Истражување и документирање на традиционалната рурална архитектура во Потпелистерскиот регион (позиција: раководител).

**УЧЕСТВО ВО НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАУЧНИ ПРОЕКТИ**

**2012**

Менаџмент на културното наследство, Ѓирокастро, Албанија.

**1997**

Заштитни истражувања на села загрозени од проширување на површинскиот коп на РЕК – Битола (Суводол, Билјаник).

**УЧЕСТВО НА НАУЧЕН/СТРУЧЕН СОБИР СО РЕФЕРАТ**

**2012**

Како старите и новите видови на енергија го обликуваат културниот предел во Битолскиот регион, Energyscape – how energy shapes our landscapes, Бон, Германија.

- Градителскиот занает во Југозападна Македонија, Меѓународна конференција „Старите занаети – минато, сегашност, иднина, Габрово, Бугарија

- Битолските фотографи и фотоателјеа, Научен Собир, Битола.

**2011**
Помовирање на екотуризмот, Меѓународна конференција People to People, Белгија.
**2010**
Етнолошкото недвижно културно наследство и неговиот третман, Симпозиум, МЕД, Штип.
**2007**
Народните обичаи и обичајното право дел од духовната култура на нашиот народ, Симпозиум „Битола низ вековите", Битола.
**2004**
The Conservation of the Vernacular Rural Heritage in the region of Pelister and Prespa – linking people, culture and nature, Konferencija, Japonija, Exime.
**2003**
Состојбата и проблемите во заштитата на традиционалната селска архитектура во Р.Македонија, Меѓународен симпозиум „Иднината на треадиционалните селски стопански објекти во контекст на општествените промени", Амерсфорт, Холандија.

- Едно село - пренесено сеќавање, Симпозиум „Меморијалните и историските места и нивната автентичност", Кумровец, Р. Хрватска .

**2001**
Руралното културно наследство како основа за развој на алтернативните видови туризам, Симпозиум на ДНУ од Битола.
**1996**
Некои видови јадења приготвувани во битолските анови, Симпозиум на Друштвото на етнолози на Македонија, одржан во Струмица.

- (Dis)Integration of the old and new in Bitola, Cultural Heritage – Utopia, Nostalgia, Reality (постер - презентација).

- Прелиминарни административни и истражувачки работи врs спомениците на културата во Битола, Documentation – preliminary work on Cultural Heritage, Лувен, Белгија (постер - презентација).

**1995**
The Protection Problems of Traditional Folk Houses in Bitola, Macedonia, Conservation training-needs and Ethics, Helsinki.

- Видови на украсување на куќите во село Маловишта, Меѓународен балкански симпозиум за проучување на фолклорот, Охрид.

Мариовската приземна куќа, Мариовско-мегленски средби во Прилеп.

**СТРУЧЕН СОРАБОТНИК И ОРГАНИЗАТОР НА ИЗЛОЖБИ ОД ОБЛАСТА НА АРХИТЕКТУРАТА И УРБАНИЗМОТ**

**2012**
Балкански погранични региони, изложба
**2011**
Традиционалната рурална архитектура во Потпелистериeто, Етнографски музеј - Белград, НМ во Пожаревац и музејот на отворено Старо Село, Кумровец, Хрватска, изложба.
**2008**

Старата битолска куќа, Тетово, изложба.
**2004**
Старавина, Традиционалната архитектура во Мариово, коавтор.
**2002**
По трагите на традиционалната архитектура во Долна Преспа, Ресен, самостојна изложба.
**1996**
1.The Vernacular Architecture in the World,Меѓународна изложба во Париз, Франција, под покровителство на UNESCO.

**СТРУЧНИ/ЕКСПЕРТСКИ АКТИВНОСТИ**
**2010**
Медијатор на работилница за културно наследство, CITIES, Дордрехт, Холандија.

*

## ОЦЕНА НА АКТИВНОСТИТЕ И КВАЛИТЕТОТ ВО НАСТАВНО-ПЕДАГОШКАТА, СТРУЧНАТА И НАУЧНАТА ДЕЈНОСТ НА ПРИЈАВЕНИТЕ КАНДИДАТИ

Рецензентската комисија со должно внимание ги разгледа доставените материјали за избор во сите наставно-научни звања на кандидатот д-р Љупчо С. Ристески, вонреден професор на ПМФ и на кандидатката д-р Викторија Момева Алтипармакова - етнолог, конзерватор - советник во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола. Активностите и квалитетот на пријавените кандидати ги вреднуваше по следниов редослед:

### 1) Оцена на активностите и квалитетот во наставно-педагошката и научната дејност на кандидатот д-р Љупчо С. Ристески, вонреден професор на ПМФ

Комисијата се увери дека кандидатот **д-р Љупчо С. Ристески** скрупулозно одел по академскиот пат и својата професионална кариера ја градел без заобиколувања на тешкотиите што се појавувале. Видливо е дека вложил огромна енергија во сите активности, почнувајќи од наставната и понатаму во општествената и научната дејност.

Обемот на ангажманот на кандидатот во наставната дејност одговара на ангажманот на најмалку тројца наставници на приближно исто ниво, кои, за жал, недостигале поради ограничувањата во кадровската политика. Сите наведени предмети што ги предавал д-р Љупчо Ристески во изборниот период спаѓаат во базични од областа на етнологијата, социјалната и културната антропологија, како на пример: вовед во етнологија; вовед во методологија на етнолошки истражувања; историја на етнологијата во Македонија и сите други наведени во тој дел. Паралелно со предметите на додипломските студии, кандидатот предавал два важни базични предмета на постдипломските студии: методологија на етнолошки истражувања и етнологија на Македонија.
Во делот поврзан со наставната дејност спаѓаат и редица други неопходни активности кои кандидатот сукцесивно ги извршувал, како што се реализацијата на дипломските и магистерските работи и докторските студии. Тука спаѓа неговиот ангажман во оформувањето на дипломските работи,

бидејќи тоа е првиот и најчувствителниот чекор на студентот во струката и науката што ја одбрал. Во изборниот период кандидатот бил ментор на дваесет и четири (24) дипломски работи меѓу кои има и многу амбициозни теми водени од сигурната рака на менторот, како на пример: „Динамиката на идентитетите во Егејскиот дел на Македонија - историографија и сеќавања“ и други. Истовремено, кандидатот бил ментор на четири (4) магистерски работи и член во комисија за подобност на тема, оценка и јавна одбрана на седум (7) други магистерски работи. Комисијата посебно го вреднува ангажманот на кандидатот во доменот на докторските студии каде што четири (4) пати се појавува како ментор и седум (7) пати како член на комисија за оценка на подобност на тема, оценка и јавна одбрана. Како придонес на кандидатот во овој дел спаѓа и неговиот ангажман како координатор за ЕКТС на Институтот за етнологија и антропологија, како и неговиот посебен придонес во иницијативите за издавањето на списанието на Институтот за етнологија и антропологија на ПМФ - „ЕтноАнтропоЗум“, најпрво како уредник и оперативен менаџер во 2002 година, а од 2010 година како главен и одговорен уредник.

Оригиналните авторски текстови на д-р Љупчо Ристески наведени во библиографијата (што го прават поголемиот дел од вкупно 18 библиографски единици), можат да се следат во три насоки на научниот интерес:

- Оригинални авторски текстови од доменот на феноменологијата на народната религија. Овој научен интерес може да се следи уште од првите објавени текстови на авторот. Во оваа смисла, сите досега објавени текстови, како и последните објавени во изборниот период, се темелат на сериозни теориски проучувања и богати емпириски материјали на авторот. Во емпирискиот и делумно во теорискиот дел, текстовите поврзани со оваа тема главно се однесуваат на просторот на Македонија и поширокиот Балкан, а цитираната литература како теориска поддршка се темели на пригодни делови од монографии и статии на голем број автори од разни делови на светот.

- Оригинални авторски текстови од доменот на институционалната религија. Овој научен фокус се појавува паралелно со истражувањето на етнографските и антрополошките појави на современото македонско општество. Во таа смисла, објавените статии со тема „македонска православна црква“ се однесуваат на просторот на Македонија и поширокиот Балкан, а цитираната литература како теориска поддршка, се темели на пригодни делови од монографии и статии на голем број автори од разни делови на светот. Во текстовите од доменот на институционалната религија се индиректно опфатени актуелни општествени процеси на релација политика - власт - институционална религија - нација.

- Третата група текстови се однесуваат најдиректно на општествените процеси поврзани со интервалите на преструктурирање на македонското општество во зависност од идеологијата на актуелната власт и регионалната политичка и општествена реалност. Конкретни теми на оваа група текстови претставуваат опседнатоста со националниот идентитет што се поттикнува вештачки заради одредени потреби на власта, или се поттикнува поради непознавање на механизмите на менаџирање на националниот идентитет, или поради националните митови во непосредното окружување кои се наметнуваат како оружје во борбата „кој е постар на територијата“ што треба да покаже и „чија е таа територија“, или, поради долгорочното негирање на македонскиот народ и нација од страна на соседите, или, конечно, поради препуштањето на овие

деликатни теми на лаици, наместо на стручни лица. Типичен текст од оваа група текстови, што на оригинален начин на едно место ги покрива сите претходно наведени можности и причини за постанок и одржување на оваа тензија, претставува обемната статија *„Himalajsko, a naše" (2011)*. Текстот е оформен инспиративно при што вешто обединува неколку методи: биографски, есеистички, рефлексивен, етнографски, историски, херменевтички и други - што сè заедно, во методолошка смисла, претставува промоција на слободата на авторот да користи „свој метод" што произлегува од неговото суштинско познавање на работите.

Во наведениот приказ, Комисијата ги истакнува и останатите постигања на кандидатот д-р Љупчо С. Ристески и во таа смисла ги упатува заинтересираните лица да се запознаат со деловите: Преводи од англиски на македонски јазик и преводи од словенечки на македонски јазик; Проекти; Студиски престои и Учество на семинари, конференции, летни школи, предавања.

Делот кој што се однесува на преводите, покрај вредноста и користа сама по себе, ја покажува и амбицијата на кандидатот постојано да биде во контакт со англискиот јазик со оглед на можноста за секојдневна комуникација, на тој начин да ја одржува јазичната кондиција. Во делот „Проекти" може да се констатира дека во најголем дел станува збор за меѓународни проекти, во кои, покрај научната, важна организациска позиција држи д-р Љупчо С. Ристески. Такви се проектите „Повторно обележување на границите на Источна Европа", „Стратегии на симболичкото градење на нациите во државите на Западен Балкан" и сите други наведени во материјалите. Студиските престои на кандидатот претставуваат посебно важна дејност бидејќи кандидатот настапувал како гостин-професор, како на пример на Јагјелоњскиот Универзитет, или вршел истражувања, како на пример на Универзитетот во Гранада или универзитетот во Загреб. Кандидатот бил исклучително активен во учеството на семинари, конференции, летни школи и предавања, од кои поголемиот број во странство. Во изборниот период реализирал тринаесет активности од овој вид, и тоа три (5) во поблиското и подалечното соседство (Србија-1, Словенија-1, Бугарија-1, Грција-2), во Македонија, две (2), во САД две (2), и по едно (1) во Британија, Германија и Сицилија. Станува збор за спремност на д-р Љупчо С. Ристески да држи чекор со сите класични и современи теми од неговата научна област поврзани со Балканот и светот, кои ги провоцираат научниците да размислуваат, да ги изнесуваат своите гледишта и да дискутираат. Такви се, на пример, темите: „Поново размислување за крстопатите - Македонија во глобален контекст", „Етнографија на општествено маргинализираните групи", „Регулирањето во режимот на комунизмот - 20 години подоцна", „Поново обележување на границите", „Цената на националното уредување: конфликт, компромис и цена", итн.

Рецензентската комисија смета дека со наведениот приказ се опфатени најсуштинските оценки за квалитетот и квантитетот на работата на кандидатот во изборниот период. Податоците недвосмислено покажуваат дека д-р Љупчо Ристески е солидно образован научник кој постојано ги надополнува своите знаења консултирајќи соодветна литература од најразлична провиниенција и соработувајќи со повеќе светски образовни и научни институции. Во тој однос кандидатот е несекојдневно динамичен и подготвен да се натпреварува и споредува со секој од неговата потесна научна област - етнологијата,

социјалната и културна антропологија, на светската научна сцена. Таа констатација се потврдува и со бројот на поените во (Анекс 2), 338,5, во изборниот период од 2007 до 2012 година.

**2) Оцена на активностите и квалитетот на стручната и научната работа на кандидатката д-р Викторија Момева Алтипармакова - етнолог, конзерватор-советник во НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Битола**

Комисијата се увери дека кандидатката д-р Виктоија Момева Алтипармакова - како дипломиран етнолог, магистер по архитектура и од скоро доктор по етнографија (2012), во својот работен век не се занимавала со наставно-педагошка дејност од областа на етнологијата. Доколку посакувала академска кариера, кадровската ситуација на студиите по етнологија била спротивна на нејзините желби, бидејќи групата доцна била обновена и почнала да работи дури во 80-тите години, кога кандидатката веќе се вработила во Завод и Музеј - Битола. Во таа институција како етнолог можела да работи на ограничен број работни места, односно била принудена да комбинира повеќе стручни и научни области - во случајот народно градителство со елементи од конзерваторската дејност и воопшто со елементи од областа на заштитата на културното наследство. Во прилог на тој факт оди и нејзината магистерска работа на тема од областа на проучувањето, заштитата и ревитализацијата на културно-историското наследство, како и најновата „комбинирана" стручна насока во докторската теза на тема: „Менаџмент на културното наследство и антропологија на туризмот".
Факт е дека работата што интензивно се работи во текот на работниот век ги профилира луѓето на начин што со тек на време постануваат стручни лица или експерти во дејности кои се темелат на секојдневните работни задачи. Во таа смисла, може да се следи и стручната и научната дејност на кандидатката д-р Виктоија Момева Алтипармакова. Комисијата согледа дека најголемиот број на стручни и научни прилози помалку или повеќе се однесуваат на руралната и урбаната архитектура главно во Република Македонија, нешто помалку на Балканот и пошироко во Европа. Одредени теми во објавените статии се темелат на основниот стручен профил на кандидатката - дипломиран етнолог, што покажува дека таа постојано се обидувала да го задржи стручниот и научниот интересот во таа насока. Од тој вид се на пример статиите: „Битолските фотографи и фото-ателјеа", „Семејната битолска фотографија", „Народните обичаи и обичајното право - дел од духовната култура на нашиот народ", „Некои видови јадења приготвувани во битолските анови" итн. Сепак, тоа се изолирани примери во рамките на прикажаната стручно-научна дејност на кандидатката каде што јасно се издвојува и доминира корпусот на објавени статии и други активности од областа на народната архитектура и заштитата на тој вид културно наследство, вклучувајќи ги тука и изложби на таа тема. Доколку кандидатката не била ограничена да се движи во таа насока, односно условена од профилот на нејзиното работно место (етнолог - конзерватор), секако можела да ја „гледа" народната архитектура повеќе од аспект на етнологијата и антропологијата, бидејќи оваа област од народниот живот нуди изобилство на занимливи содржини и претставува релативно често тема на етнолошки и антрополошки студии и други прилози. Фактот дека кандидатката била тесно ориентирана кон една стручна област придонел таа да се развива во зависнот од дадените услови. Во таа зададена рамка, таа

